**УНИВЕРЗИТЕТ „КИРИЛ И МЕТОДИЈ”**
**ВО СКОПЈЕ**

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ”**
**ВО СКОПЈЕ**

**димитар, бранка спасевски**

# АНАЛИЗА НА РАЗВОЈОТ НА ПРАВНАТА РЕГУЛАТИВА ЗА БЕГАЛЦИ И НА БЕГАЛСКИТЕ КРИЗИ ОД ПОНОВАТА ИСТОРИЈА

**докторски труд**

**скопје, 2025**

УНИВЕРЗИТЕТ „КИРИЛ И МЕТОДИЈ” ВО СКОПЈЕ

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ” ВО СКОПЈЕ

историја на правото

димитар, бранка спасевски

# АНАЛИЗА НА РАЗВОЈОТ НА ПРАВНАТА РЕГУЛАТИВА ЗА БЕГАЛЦИ И НА БЕГАЛСКИТЕ КРИЗИ ОД ПОНОВАТА ИСТОРИЈА

докторски труд

скопје, 2025

Докторанд:
ДИМИТАР, БРАНКА СПАСЕВСКИ

Тема:
АНАЛИЗА НА РАЗВОЈОТ НА ПРАВНАТА РЕГУЛАТИВА ЗА БЕГАЛЦИ И НА БЕГАЛСКИТЕ КРИЗИ ОД ПОНОВАТА ИСТОРИЈА

Ментор:
Проф.д-р Билјана Поповска,
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ

Комисија за одбрана:
Проф.д-р Иванка Василевска Редовен професор (претседател)
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ, УНИВЕРЗИТЕТ „КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ

Проф.д-р Билјана Поповска, Редовен професор
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ, УНИВЕРЗИТЕТ „КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ

Проф.д-р Мелина Гризо, Редовен професор
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ, УНИВЕРЗИТЕТ „КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ

Проф.д-р Елена Михајлова Стратилати, Редовен професор
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ, УНИВЕРЗИТЕТ „КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ

Проф.д-р Сами Мехмети, Вонреден професор
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

Научна област:
ИСТОРИЈА НА ПРАВОТО

Датум на одбрана:

**Димитар Бранка Спасевски**

# АНАЛИЗА НА РАЗВОЈОТ НА ПРАВНАТА РЕГУЛАТИВА ЗА БЕГАЛЦИ И НА БЕГАЛСКИТЕ КРИЗИ ОД ПОНОВАТА ИСТОРИЈА

## – АПСТРАКТ –

Овој докторски труд се занимава со анализа на правната регулатива за бегалци односно главниот фокус на овој докторски труд е темелното проучување на меѓународниот режим за бегалците како и на Заедничкиот систем за азил на Европската Унија. Всушност овој докторски труд се обидува преку една историска анализа пред се да го долови развојот на меѓународниот режим за бегалците како и на Заедничкиот систем за азил на Европската Унија. Покрај тоа овој докторски труд се занимава и со анализа на бегалските кризи кои оставиле трага во поновата светска и европска историја како и во македонската историја. Она што ќе се обиде овој докторски труд да одгатне е тоа дали правната регулатива за бегалци којашто во моментов е важеча треба да биде променета односно да претрпи одредени измени или ревидирање а се со цел истата да биде подобра и да понуди една подобра и поефикасна заштита за бегалската популација. Воедно исто така една од примарните цели на овој докторски труд ќе биде да ги утврди причинителите коишто доведуваат до појава на бегалци и на бегалски кризи и воедно ќе се потруди да го анализира справувањето или управувањето на државите со овие појави. Ќе биде употребена мешовита методологија меѓутоа акцент ќе биде ставен примарно на историскиот метод на истражување со оглед на самата природа на конкретната тематика. Имено станува збор за тема која е историска па поради тоа имаме потреба од користење примарно на историскиот метод. Сепак покрај користењето на историскиот метод ќе бидат употребени и мноштво на други методи. Во трудот своја примена ќе најде и компартивниот метод како и методите на квантитативно како и методите на квалитативно истражување. Во овој труд ќе биде употребена дескриптивна анализа и ќе имаме студија на случај.

**Клучни зборови:** Бегалец, Азил, Миграција, Европска Унија, Обединети Нации.

**Dimitar Branka Spasevski**

## ANALYSIS OF THE DEVELOPMENT OF THE LEGAL REGULATION FOR REFUGEES AND OF THE REFUGEE CRISES OF RECENT HISTORY

### – ABSTRACT–

This doctoral thesis deals with the analysis of the legal regulation for refugees, or more precisely the main focus of this doctoral thesis is the thorough study of the international regime for refugees as well as the Common Asylum System of the European Union. In fact, this doctoral thesis attempts, through a historical analysis, primarily to capture the development of the international regime for refugees as well as the Common Asylum System of the European Union. In addition, this doctoral thesis also deals with the analysis of the refugee crises that have left their mark in recent world and European history as well as in Macedonian history. What this doctoral thesis will try to figure out is whether the legal regulation on refugees that is currently in force should be changed or undergo certain changes or revisions, all in order to make it better and offer better and more effective protection for the refugee population. At the same time, one of the primary goals of this doctoral thesis will be to determine the causes that lead to the emergence of refugees and refugee crises and will also try to analyze the handling or management of these phenomena by countries. A mixed methodology will be used, however, the emphasis will be placed primarily on the historical research method given the very nature of the specific topic. Namely, this is a topic that is historical, so we need to use primarily the historical method. However, in addition to using the historical method, a variety of other methods will be used. The doctoral thesis will also use the comparative method, as well as the methods of quantitative and qualitative research. This doctoral thesis will use descriptive analysis and will have a case study.

Keywords: Refugee, Asylum, Migration, European Union, United Nations.

## БЛАГОДАРНОСТ

За изработката на оваа докторска дисертација пред се сакам да се заблагодарам на мојата менторка проф. д-р Билјана Поповска, за нејзината ангажираност како и за дадените насоки и идеи во насока на подобрување на трудот.

Изјавувам дека докторскиот труд го изработив самостојно, дека уредно ги цитирам сите користени извори и литература и дека трудот не е користен во рамките на други универзитетски студии или за стекнување на друго звање.

с.р.

________________________________

М-р Димитар Спасевски

Изјавувам дека електронската верзија на докторскиот труд е идентична со отпечатениот докторски труд.

с.р.

________________________________

М-р Димитар Спасевски

СОДРЖИНА

1. ЛИСТА НА КРАТЕНКИ.....................................................................................10

2. ВОВЕД.....................................................................................................11

3. I ДЕЛ ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ОСНОВНИТЕ ПОИМИ И АНАЛИЗА НА МИГРАЦИЈАТА, МИГРАНТИТЕ И БЕГАЛЦИТЕ

3.1 Детална анализа и определување на поимот бегалец........................................16

3.2 Детална анализа и определување на поимите миграција и мигрант........................52

4. II ДЕЛ ЗАЕДНИЧКИ СИСТЕМ ЗА АЗИЛ НА ЕВРОПСКА УНИЈА

4.1 Создавање на заедничкиот систем за азил на европската унија...........................79

4.2 Развој на заедничкиот систем за азил на европската унија..................................91

4.3 Предизвици на заедничкиот систем за азил на европската унија..........................102

4.3 Реформа на заедничкиот систем за азил на европската унија...............................115

5. III ДЕЛ МЕЃУНАРОДНИОТ РЕЖИМ ЗА ПРАВО НА БЕГАЛЦИ

5.1 Структура на меѓународниот режим за право на бегалци.....................................139

5.2 Историски развој на меѓународниот режим за бегалци.........................................141

5.3 Предизвици на меѓународниот режим за бегалци................................................142

5.4 Високиот комесаријат за бегалци на обединетите нации – унхцр..........................143

6. IV ДЕЛ АНАЛИЗА НА БЕГАЛСКИТЕ КРИЗИ ОД ПОНОВАТА ИСТОРИЈА

6.1 Косовскиот конфликт од 1998 и 1999 година и косовската бегалска криза..................147

6.2 Историска ретроспектива на косовскиот конфликт од 1998 и 1999 година..................147

6.3 Историска и правна анализа на воената интервенција на нато алијансата врз сојузна република југославија..............................................................................150

6.4 Историска и правна анализа на косовската бегалска криза...................................152

7. ЗАКЛУЧОК.............................................................................................156

8. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА........................................................................166

9. БИОГРАФИЈА..........................................................................................211

10. АВТОРЕЗИМЕ........................................................................................213

**Листа на кратенки**

ЕУ – Европска Унија

ЕК – Европска Комисија

ЕС – Европски Совет

ЕП – Европски Парламент

ОН- Обединети Нации

УНХЦР- Висок Комесаријат за Белаци на Обединетите нации

САД – Соединетите Американски Држави

СССР – Советски сојуз

# ВОВЕД

Миграциските и бегалските движења се исклучително битно прашање и воедно истите преставуваат еден од најголемите предизвици кои што можеме да ги сретнеме во поновата историја. Овој докторски труд ќе се занимава токму со анализа на бегалските движења но притоа ќе обрне особено внимание и на правниот одговор. За да се даде соодветен одговор на овие појави неопходен е пред се еден адекватен правен одговор. Имено за да ги лоцираме слабостите како и недоследностите на правниот механизам за заштита на бегалците првенствено е неопходно да го согледаме развојот на правото за бегалци односно неопходно е да направиме една детална историска анализа што ќе ни помогне да направиме идентификација во кои сфери од правната регулатива за бегалците е неопходен напор за подобрување или усовршување а се со цел и во насока на тоа да се креира еден систем за заштита на бегалците што ќе овозможи една добра и навремена заштита односно којшто ќе биде на висина на задачата и ќе биде способен да одговори на предизвиците што ги носат модерните времиња. Регулативата којашто во најголем дел беше креирана во изминатиот век на своевиден начин не успева да одговори на модерното време и токму затоа на истата и е неопходно надоградување а се со цел да може успешно да се справи со сето она што со себе го носи 21 век. Најпрвин неопходно е да се започне со анализа на клучните меѓународните документи како Конвенцијата за статусот на бегалци и нејзиниот придружен протокол кои што беа донесени во изминатиот век и кои што преставуваат основниот постулат на заштитата на бегалците. Имено тие меѓународни документи иако креираат солидна рамка за заштита на бегалците истите имаат потреба од усовршување а се со цел да се добие една комплетна и соодветна заштита на бегалците коишто преставуваат една категорија којашто е исклучително ранлива и којашто е неопходно да биде заштитена. Заштитата на бегалците преставува суштинска вредност на современиот демократски поредок во кој што денес живееме односно на општествениот поредок на современите демократски држави па токму затоа е исклучително важно да постои правна рамка која ќе понуди ефикасна заштита. Во оваа насока исто така неопходно е да се направат напори за носењето на подобри законски норми или решенија коишто ќе дадат придонес за ефикасно справување со сите прашања поврзани со бегалските бранови и миграциските текови. Во овој труд покрај правниот сегмент на заштитата на бегалците особено внимание ќе биде посветено и на бегалските кризи кои што имаат оставено голема трага во историјата. Со една темелна анализа на овие кризи ќе се откријат или на површината ќе испливаат токму слабостите во управувањето и координирањето на миграционите и бегалските движења а сето тоа би требало да помогне во насока на тоа да се изнајде еден соодветен модел којшто ќе биде подобар во сите аспекти и којшто ќе им помогне на сите засегнати страни да се корегираат во сите сегменти коишто им преставуваат слаба страна. Предизвиците кои што произлегуваат од миграциските текови и бегалските движења им задаваат потешкотии на огромен број на држави па дури и на најразвиените држави во светот а на Македонската историја исто така и е позната оваа проблематика односно истата е проткајана со голем број на бегалски и миграциони движења кои што преставуваа значаен предизвик за нашата држава. Во овој контекст дополнителен мотив за детално да се истражи ова прашање е токму тоа да се проучи како нашата држава

ги има раководено овие процеси а се со цел и во насока на тоа да се извлече поука каде истата може и е неопходно да се подобри. Решението на предизвиците коишто со себе ги носат миграциските текови и бегалските движења не е едноставно и истото бара голема пожртвуваност од сите инволвирани страни коишто се засегнати од овие појави. Имено се со цел да се изнајде адекватен модел или систем којшто во иднина подобро и поефикасно ќе се справува со предизвици коишто со себе ги носат бегалските бранови неопходна е упорност и усогласување на ставовите на сите засегнати страни односно на државите коишто е неопходно да најдат еден заеднички јазик во насока на изнаоѓање на едно долготрајно решение на проблематиката поврзана со миграцијата и бегалците. Денес оваа проблематика преставува една мошне сензитивен феномен и голем проблем за современата политика поради тоа што истата ја тангира стабилноста и безбедноста на државите. Во таа насока неопходно е што поскоро да се отпочне процес на градење заедништво како и неопходна е една силна посветеност на сите актери во процесот. Всушност солидарноста е единствената алатка за да се надминат сите потешкотии и за да се креира еден систем за заштита на бегалците којшто ќе биде во состојба да одговори на сите предизвици коишто се испречуваат пред државите. Токму затоа секој обид на државите за локално решавање на проблемите поврзани со миграционите и бегалските текови нема да го даде посакуваниот резултат. Всушност неопходно е едно здружување на глобално ниво и создавање на прецизен долгорочен план за решавање на оваа комплексна проблематика која што слободно може да се каже дека преставува еден од најкомплцираните проблеми што модерните времиња ги познаваат. Истражување на овој докторски труд ќе биде фокусирано на правната регулатива за заштита на бегалците односно на меѓународниот систем за заштита на бегалците и посебно на Заедничкиот систем за азил на ЕУ односно овој труд ќе биде фокусиран на една темелна анализа на развојот на истата оваа регулатива. Исто така истражувањето ќе биде фокусирано на миграционите и бегалските движења во Европа од поновата историја а кои што оставиле трага во европската како и во македонската историја. Главна цел на овој докторски труд ќе биде да се утврди дали е неопходно постоечката правна регулатива за бегалците да претрпи одредени измени односно дали е неопходно истата да се ревидира за да биде поефективна како и да понуди подобра заштита. Покрај оваа цел една од клучните цели на овој докторски труд ќе биде и тоа да се утврдат сите индикатори кои што допринесуваат за повторната појава на бегалски кризи како и да се утврдат слабостите со коишто државите се соочуваат во управувањето на овие кризи. Во овој докторски труд ќе бидат применети повеќе методи на истражување. Имено изработката на овој труд ќе се потпира пред се на историскиот метод на истражување со оглед на тоа што станува збор за една класична историска тема која што бара пред се една длабинска историска анализа но покрај овој метод овој докторски труд ќе се потпре и на компаративниот метод односно на компаративната анализа. Имено ќе биде употребена мешовита методологија или поточно методот на квантитативно истражување или уште поконкретно ќе биде користена дескриптивна анализа бидејќи истото тоа го налага самиот каратер на ова истражување. Исто така ќе бидат применет и квалитативниот метод на истражување односно ќе биде направена студија на случај. Исто така истражувањето ќе се потпира на употреба на секундарни извори коишто детално ја

обработуваат проблематиката која што се анализира. Актуелноста на прашањето за бегалците и миграцијата е всушност главната причина за мојот избор на оваа тема за анализа. Оваа тематика има големо значење за правната фела и истата несомнено преставува голем предизвик за анализа за секој правник со посебен интерес за историско-правната проблематика. Од суштинска важност е да се направи едно детално проучување на комплетната проблематика поврзана со бегалците и миграцијата како еден од најголемите проблеми со кои што светот денес се соочува. Во фокусот на овој труд ќе биде целокупниот правен режим за бегалците односно примарно фокусот ќе биде ставен на Меѓународниот правен режим за бегалците како и на Заедничкиот систем за азил на Европската Унија. Воедно внимание ќе биде посветено и на движењата на бегалците во изминатите децении како и на кризните ситуации кои што оставиле своја трага во историјата. Имено бегалските кризи ќе бидат едно од централните прашања на кои што ова истражување ќе биде насочено. Овој труд со помош на една историска, ретроспективна и хронолошка анализа на клучните историски моменти всушност ќе се обиде да ја отслика сликата на теренот. Во овој труд всушност ќе биде направен обид да се даде еден детален и прецизен одговор на поголем број на истражувачки прашања и ќе се направи обид да се докажат наведените хипотези. Во таа насока односно за истата таа цел ќе бидат применети поголем број на методи односно ќе биде користена мешовита методологија. Проблематиката на истражувањето односно темата на овој докторски труд бара еден навистина сериозен и крајно претпазлив пристап а целокупниот процес на истражување е од таква природа која што наложува еден подолг временски период за спроведување на едно коренито истражување коешто длабински ќе продре во тематиката и ќе направи подробна анализа на голем број на прашања. Прашањето за бегалците несомнено ќе биде присутно и ќе биде преокупација на научната заедница уште еден подолг временски период што пред се се должи на неговата комплексност и неможноста да се изнајде еден брз и едноставен одговор на сите предизвици коишто произлегуваат од него. Низ процесот на анализа очекувам да се откријат слабостите во правната регулатива за бегалците како и слабостите во одговорот на државите на предизвиците коишто произлегуваат од бегалските бранови. Заклучоците на овој докторски труд очекувам да понудат ефикасни решенија за подобро управување со бегалските бранови како и насоки за темелни промени во правната регулатива кои што ќе овозможат една подобра и поефикасна заштита на бегалците и кои што ќе дадат значаен придонес за правната наука. Научната оправданост односно оправданоста за истражување лежи пред се во актуелноста на самата тема како и во комплексноста на самата проблематиката што се обработува којашто слободно може да се каже дека преставува еден од најкомплексните предизвици што историјата ги познава. Имено проблематиката поврзана со бегалците преставува еден од најделикатните предизвици коишто можат да се сретнат во поновата историја а сето тоа наметнува потреба од посебно внимание и исцрпна анализа на конкретната проблематика. Воедно темата на истражување на овој докторски труд опфаќа проблематика што денес преставува еден мошне актуелен проблем со кој што државите се соочени а што се должи пред се на порастот на бројноста на бегалската популација во глобалните рамки како и на се позачестените бегалски кризи на коишто сите ние сме сведоци. Големите бегалски бранови што се одлика

на современиот свет се нешто што ја засега безбедноста и стабилноста на државите па оттука и произлегува огромниот интерес кон оваа проблематика. Всушност постојат бројни причини поради коишто е корисно да се пишува односно да се истражува на оваа тема. Една од главните причини што го оправдува истражувањето е потребата од градење на една правен систем што ќе биде во состојба да понуди една подобра и поефикасна заштита на бегалците коишто всушност преставуваат една ранлива категорија на којашто е од особена важност да и се пружи соодветна помош и ефикасна заштита. Во таа насока пред се е неопходно да се направи една темелна анализа на тековните правни решенија коишто ја регулираат оваа проблематика. Следна причина што во голема мера го оправдува истражувањето на оваа тема е потребата од детектирање на слабостите односно на аномалиите во одговорот на државите на бегалски бранови односно на бегалски кризи а се со цел и во насока на изнаоѓање на решенија за поефикасен одговор односно за подобро или поуспешно справување со бегалските кризи. Слично на тоа и во овој контекст следна причина што се надоврзува и што го оправдува истражувањето е потребата да се лоцираат односно прецизно да се утврдат сите предизвици што произлегуваат од бегалските движења а се со цел и во насока на тоа да се понуди соодветен одговор на истите тие предизвици. Оваа тематика многу пати досега била предмет на истражување односно била мошне интересна за бројни истражувачи. Имено бројот на истражувачки кои што во минатото се занимавале со истражување на оваа проблематика во светски рамки е навистина импозантен. Но и покрај импозантната бројка и фактот дека оваа тематика е многу пати досега истражувана односно дека истата до сега била предмет на анализа на бројни истражувачи ширум светот она што е оригинално или ново во овој докторски труд е токму обидот преку една длабинска анализа на целокупниот правен режим за бегалци тргнувајќи од Меѓународниот режим за право на бегалци како и преку една посебна анализа на Заедничкиот систем за азил на Европската Унија да се лоцираат сите слабостите во правниот одговор се со цел да се дадат препораки за подобрување како и да се даде придонес во натамошниот развој на правната регулатива за бегалци. Дополнително она што е оригинално е тоа што овој докторски труд опфаќа различни аспекти односно истиот прави анализа не само на правната регулатива туку воедно прави и една подробна анализа на бегалските кризи односно дава една детална историска ретроспектива на бегалските движења во изминатите децении на Европско тло со посебен акцент на Балканот и на Република Северна Македонија. Анализата на бегалските движења односно на бегалските кризи од изминатите децении ќе даде една јасна слика за тоа како се раководени сите процеси односно за начинот на управување што пак би требало да помогне за да се утврдат силните страни но и слабостите во справувањето со бегалските кризи а во насока на подобрување на самото управување. Истражувањата во овој труд ќе дадат голем придонес за правната фела и за правната наука. Истражувањата во овој труд всушност треба да помогнат да се детектираат слабостите или поточно да се пронајдат недостатоците во правната регулатива за бегалци како и недостатоците или пропустите во одговорот на државите на бегалските бранови односно на бегалските кризи. Имено овој труд ќе понуди насоки за подобрување на правниот режим за бегалци како и ќе даде насоки за подобрување на одговорот на државите на бегалски бранови а се со се цел и во

насока на поуспешно справување со бегалските кризи во иднина или пак со други зборови ќе понуди ефикасни решенија во насока на подобро управување со бегалските кризи како и во насока на градење на една подобра правна регулатива што ќе им понуди подобра и поефикасна заштита на бегалците што пак ќе даде особено значаен придонес за правната наука, за самата наша држава но и пошироко. За изработка на овој докторски труд ќе бидат искористени повеќе методи на истражување. Имено истражувањето ќе биде засновано на различни методи како историскиот метод, компаративниот метод, методот на анализа на содржина, квантитативниот метод на истражување како и квалитативниот метод на истражување. Всушност станува збор за тематика што изискува пред се примена на историскиот метод што се должи на фактот дека станува збор за типична историска тема што изискува една подробна анализа на историските аспекти но исто така не помалку важен за истражувањата во овој докторски труд е и компаративниот метод. Имено за оваа тематика е особено значајно да се примени компаративниот метод односно да се направи една компаративна анализа. Покрај историскиот метод како и компаративниот метод истражувањето на тематиката на овој докторски труд бара примена и на други методи како квантитативниот метод и квалитативниот метод односно всушност самата тематика изискува примена на мешовита методологија. Имено во овој труд ќе биде примарно применет квантитативниот метод или поточно ќе биде користена дескриптивна анализа со оглед на фактот дека тоа го бара самата природа на овој докторски труд но покрај квантитативниот метод дополнително ќе биде применет и квалитативниот метод на истражување. Воедно во овој докторски труд ќе има примена и на студија на случај. За потребите на овој докторски труд ќе бидат употребени секундарни извори кои што нудат детална анализа на конкретната проблематика. Исто така методот на анализа на содржина ќе ја заземе една од централните позиции во истражувањето што ќе биде направено во рамките на овој докторски труд. Во овој докторски труд всушност ќе се применат бројни методи кои што всушност треба да помогнат да се докажат или пак отфрлат наведените хипотези. Овој докторски труд преку една исцрпна анализа ќе даде слика за состојбите со беглаците во минатото како и денес со што ќе може да се увиди развојот на состојбите и да се увиди како прогредира ситуацијата на теренот. Темата за беглаците и правото на азил е тема од суштествена важност токму затоа овој докторски труд преку една темелна и мошне внимателна анализа ќе се обиде да даде одговори на бројни прашања и на крајот да излезе со препораки за подобрување на сите слабости или недостатоци коишто ќе бидат детектирани.

## I ДЕЛ ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ОСНОВНИТЕ ПОИМИ И АНАЛИЗА НА МИГРАЦИЈАТА, МИГРАНТИТЕ И БЕГАЛЦИТЕ

### 1. детална анализа и определување на поимот бегалец

Кога говориме за бегалците примарно мошне значајно е да го осознаеме потеклото на самиот збор или на терминот бегалец. Ако погледнеме во историјата патот ќе не однесе до мигрантите во Франција. Имено мигрантите во Франција во тоа време практично барале начин за бегство од монархот католички којшто владеел со Франција во тој период и се обидувале да најдат засолниште во некоја друга држава на Европскиот континент којашто во тоа време не била католичка. Практично терминот бегалец своите корени ги влече од зборот réfugié што преставува збор со француско потекло кој се користел за да се означат протестанските мигранти во тој период кои биле реформирани и опфаќале една позначајна бројка од десетина илјади. Истите тие мигранти го носеле името Хугеноти. [1] Поимењето за бегалец како некој којшто е приморан да го напушти сопственото родно огниште и своето ново безбедно засолниште да го најде во рамки на границите на друга држава е практично поимење или модерно сваќање за она што значат бегалците коешто практично не постоело се до создавањето на концептот на национални држави коишто во рамките на сопствените граници уживаат сувренитет којшто практично е лимитиран односно се простира во рамките на тие граници.[2] Практично модерното сваќање или поимење на тоа што значи или претставува бегалец во голема мера е врзано со појавата на националните држави. Како резултат на појавата на бројни бегалци и лица кои биле раселени по завршетокот на една од најголемите војни во историјата на човештвото а тоа е Првата светска војна се појавува вољата односно се појавува иницијатива за изнаоѓање на системски одоговор на прашањата поврзани со бегалците.[3] Првата светска војна практично ја фрла во преден план потребата од регулација на материјата поврзана со бегалците и бегалските движења. Војната и прогонувањето како и насилството се еден од клучните детерминанти во дефиницијата на лицата кои се идентификуваат како бегалци според Високиот комесаријат за бегалци на Обединетите нации УНХЦР. Практично како резулат на погоре наведените причини лицата кои искусиле некоја од погоренаведените појави кои се едни од детерминантите за утврдување на категоријата бегалци немаат друг избор освен да го напушат домот и да заминат.[4] Светот за жал одсекогаш бил место во кое војните биле присутни а истите тие војни

---

[1] Baak, Melanie. "ONCE A REFUGEE, ALWAYS A REFUGEE?: The Haunting of the Refugee Label in Resettlement." Refugee Journeys: Histories of Resettlement, Representation and Resistance, edited by JORDANA SILVERSTEIN and RACHEL STEVENS, 1st ed., ANU Press, 2021, pp. 51–70. (Str.56)

[2] Bakara, Hadji. "Time, Sovereignty, and Refugee Writing." PMLA/Publications of the Modern Language Association of America, Volume 137, Issue 3, 2022, pp. 442 – 457. (Str. 442)

[3] HOUSDEN, MARTYN. "White Russians Crossing the Black Sea: Fridtjof Nansen, Constantinople and the First Modern Repatriation of Refugees Displaced by Civil Conflict, 1922-23." The Slavonic and East European Review, vol. 88, no. 3, 2010, pp. 495–524. (Str. 496)

[4] d'Haenens, Leen, and Willem Joris. "Images of Immigrants and Refugees in Western Europe: Media Representations, Public Opinion, and Refugees' Experiences." Images of Immigrants and Refugees in Western Europe: Media Representations, Public Opinion and Refugees' Experiences, edited by Leen d'Haenens &Willem Joris, and François Heinderyckx, Leuven University Press, 2019, pp. 7–18. (Str.8)

се едни од главните креатори на бегалската популација. Имено како резултат на бројните војни ширум светот огромен број на лица биле приморани да побегнат од своите матични држави и да побараат спас во некоја друга држава. Кога се говори за бегалците неминовно е да се спомене Високиот комесаријат за бегалци на Обединетите нации како и неговата улога која е поприлично значајна. Задачите кои спаѓаат во опусот на ингеренции на Високиот Комесаријат за Бегалци на Обединетите Нации се грижата за бегалците која опфаќа обезбедување на безбедно засолниште како и примарно на осоновните есенцијални егзистенционални потреби на лицата кои спаѓаат во оваа категорија како храна и вода и сето тоа е во рамки на хуманта мисија да им се обезбеди хуманитарна помош на истите тие лица. На таа помош се придодава и обезбедувањето на образование. Практично УНХЦР има мандат да ги штити бегалците и тој мандат опфаќа социјална и физичка грижа како и политичка заштита. Воедно во овој сегмент важно е да се истакне дека еден од клучните детерминанти според кои се утврдува дали едно лице е бегалец или не е преминот на националната граница кој е мотивиран од стравот кој треба да се темели на цврст основ. Имено истите тие лица основано стравуваат од прогон што ги натерало да ја преминат националната граница.[5] Практично при дефинирањето или детерминирањето на тоа кое лице е бегалец постои една клучна детерминанта која се зема во предвид а тоа е присуството на прогон или поточно основан страв од прогон на лицата кои побаруваат азил односно признавање на статусот на бегалец. Невладините како и меѓународните организации како што е Високиот комесаријат за бегалци на обединетите нации УНХЦР го имаат приматот кога е во прашање заштитата на бегалците но истата оваа заштита се обезбедува и билатерално или преку меѓувладино ниво. [6] Прогонот е всушност суштинскиот елемент којшто е нужен при детерминирањето на тоа дали едно лице го исполнува критериумот за добивање на статус на бегалец имено неопходно е да имаме основан страв кај лицето од прогон за да добие меѓународна заштита односно да му биде признаен статусот на бегалец.[7] Без постоење на основан страв од прогон не може на едно лице да му се прифати барањето за азил и да му се признае статусот на бегалец бидејќи тоа е во суштината на тоа кое лице може да биде бегалец согласно она што е регулирано во меѓународното право односно во регулативата за бегалци којашто ја регулира оваа материја. Новото огниште бегалците не го посакуваат туку напротив истите се приморани да заминат од своите родни огништа и матични држави против нивната лична волја. [8] Со други зборови бегалците едноставно немаат избор освен да заминат од своите родни огништа и да најдат засолниште во некоја друга држава. Промените што настапуваат за бегалците не се ниту малку лесни. Промената на местото на живеење не е ниту малку лесна тие се практично приморани да го напуштат единствениот дом и опкружувањето коешто им било

[5] Dryden-Peterson, Sarah. “Refugee Education: The Crossroads of Globalization.” Educational Researcher, vol. 45, no. 9, 2016, pp. 473–482. (Str. 474)
[6] Jacobsen, Karen. “Can Refugees Benefit the State? Refugee Resources and African Statebuilding.” The Journal of Modern African Studies, Volume 40, Issue 4, 2002, pp. 577 – 596. (Str. 580)
[7] Turkoglu, Oguzhan. “Supporting rebels and hosting refugees: Explaining the variation in refugee flows in civil conflicts” Journal of Peace Research, Volume 59, Issue 2, 2022, pp. 136-149. (Str. 138)
[8] Bariagaber, Assefaw. “States, International Organisations and the Refugee: Reflections on the Complexity of Managing the Refugee Crisis in the Horn of Africa.” The Journal of Modern African Studies, Volume 37, Issue 4, 1999, pp. 597 - 619. (Str. 603)

својствено за сопственото поимење.[9] Бегалците се соочуваат со мноштво на предизвици на својот пат но секако едно најголемите предизвици којшто им се испречува на патот е адаптацијата на новата средина и вклопувањето во истата. Постојат условно кажано различни ставови за тоа што значи да се добие статусот на бегалец односно што им носи добивањето на тој статус на самите бегалци. Имено имаме негативни ставови за тоа што практично значи да се добие овој статус. Според овие негативни ставови да се биде лице кое ќе го добие статусот на бегалец практично значи да се стане еден беспомошен член кој подлежи на контрола од другите и припаѓа на една групација која е анонимна. Наспроти ваквите негативни ставови имаме и позитивни ставови коишто говорат за тоа дека добивањето на самиот статус на бегалец може практично да придонесе за сочувување на животот на самите бегалци.[10] Постојат различни гледишта во контекст на статусот на бегалец како и различни ставови во контекст на бегалците но не смее да се заборави дека тоа е една поприлично фрагилна категорија којашто е особено важно и значајно да биде заштитена. Постоењето на опасност или загрозување на безбедноста е есенцијален елемент од дефиницијата за бегалец. При определувањето на статусот на бегалец ова е практично еден од клучните детерминанти.[11] Опасноста или основаниот страв од прогон е нешто што е суштински сегмент од дефиницијата за бегалец токму затоа при постапување по барањата за детерминирање на статусот на бегалец тоа е едно од првите нешта на што се обрнува вниамение. Друга детерминанта која е клучна при детерменирањето на статусот на бегалец е почитувањето или непочитувањето на човековите права. Па така во отсуство на почитување и заштита на претходно споменатите права имаме исполнување на критериумите или условите за добивање на статусот на бегалец.[12] Имено кршењето на човековите права е исто така еден од суштествените аспекти кои се разгледуваат при детереминирањето на тоа кое лице ги исполнува критериумите за азил или за добивање на статус на бегалец. Најважниот испит за современиот демократски поредок и за државите денес е токму грижата за бегалците и почитувањето на човековите права. Впрочем непочитувањето на човековите права е една од примарните причини поради кои голем број на бегалци се приморани да ги напуштат родните огништа и да побараат средина во кои тие ќе бидат безбедни и заштитени. Сето ова говори за тоа колку почитувањето на човековите права е суштински сегмент во детерминирањето на тоа кое лице потпаѓа во категоријата на бегалец.[13] За да едно општество да може да се нарекува демократско од суштинска важност е истото во целост и комплетно да ги почитува човековите права вклучително и правата на бегалците. Практично секое потфрлање во тој дел значи и потфрлање и демократсконазадување. Финалниот епилог или цел е заштита од опасноста со која се соочуваат бегалците. Имено тие можат да

---

[9] Ibid (Str. 604)
[10] Sachs, Albie. “From Refugee to Judge of Refugee Law.” Critical Issues in International Refugee Law: Strategies toward Interpretative Harmony. Ed. James C. Simeon. Cambridge: Cambridge University Press, 2010. 40–58. Print. (Str. 45)
[11] Casey-Maslen, Stuart. “Refugees.” The Right to Life under International Law: An Interpretative Manual. Cambridge: Cambridge University Press, 2021. 601–608. Print. (Str. 601)
[12] Brock, Gillian. “Refugees.” Justice for People on the Move: Migration in Challenging Times. Cambridge: Cambridge University Press, 2020. 111–137. Print. (Str. 112)
[13] Ibid (Str. 111)

поднесат барање за азил доколку ги исполнуваат критериумите содржани во дефницијата за бегалец. А гарантирањето на правото на азил практично значи и нивна заштита од опасноста што ги демне како и нивно згрижување на безбеден терен и пружање на соодветна помош.[14] Белаците мора да бидат заштитени во целост и во ниту еден случај не би смеело да бидат вратени назад на она место кадешто истите би се соочиле со прогон. Тоа практично е етаблирана меѓународна обврска за државите прокламирана со меѓународното право од која државите не смеат да отстапат. Моментот во кој бегалците се во можност да обрнат внимание на пошироката слика и да се фокусиираат на нивните потреби е дури откако ќе го пронајдат своето ново огниште. Имено новиот дом за бегалците е само првиот иницијален чекор и преставува само симболика за завршеток на патот но и увертира кон натамошна реализација на нивните права.[15] Пронаоѓањето на нов дом каде бегалците ќе бидат целосно заштитени е само првото делче од сложувалката. Практично дури откако тоа ќе се случи настапува многу посложен процес а тоа е процесот на интеграција во државата домаќин којшто воопшто не е лесен ниту пак едноставен. Примарна или клучната улога кога е во прашање меѓународната заштита на бегалците можеме да ја лоцираме кај Обединетите нации уште по завршетокот на една од најголемите војни од 20-тиот век односно на Втората светска војна. Всушност токму Обединетите нации коишто се еден од главните творци на меѓународното право одиграа клучна улога во креацијата на правниот режим за бегалците.[16] Се верува дека ужасите и хоророт од втората светска војна заедно во комбинација со ситуацијата во пост воена Европа е нешто што го запали алармот кај Обединетите Нации и ја наметна потребата за креација на еден меѓународен режим за бегалци. Со други зборови креацијата на режимот за бегалци е продукт на настаните од тоа време што створија потреба од еден систем на меѓународно ниво со кој ќе биде дефинирано кој преставува бегалец, какви права истиот има и како може да ги реализира односно оствари. Кога говориме за режимот за бегалци или за правото кое ја регулира оваа проблематика важано да се посочи дека истото тоа има повеќе слојна функција односно од попредвидливи проекции за истата и неутрализирање како и санирање на негативните реперкусии кои проследно доаѓаат со недоброволната миграција до фокусирање на коренито решавање на проблемот преку делување на факторите кои ја предизвикуваат присилната миграција доколку тоа е возможно.[17] При креацијата на модерното право за бегалци се водело сметка примарно за исправање на една историска неправда што се случила по Втората светска војна кога им била нанесена една сериозна неправда на бегалците припадници на еврејската заедница коишто не биле прифаќани односно кои државите одбивале да ги примат и ги отфрлале. Имено при

[14] Casey-Maslen, Stuart. “Refugees.” The Right to Life under International Law: An Interpretative Manual. Cambridge: Cambridge University Press, 2021. 601–608. Print. (Str. 601)
[15] MULVEY, GARETH. “Refugee Integration Policy: The Effects of UK Policy-Making on Refugees in Scotland.” Journal of Social Policy, Volume 44, Issue 2, 2015, pp. 357 – 375. (Str. 362)
[16] Erder, Sema. “Preliminary Thoughts on the Syrian Refugee Movement.” New Perspectives on Turkey, Volume 54: Special Issue on Precarious Lives and Syrian Refugees in Turkey, 2016, pp. 119 – 130. (Str. 120)
[17] Sachs, Albie. “From Refugee to Judge of Refugee Law.” Critical Issues in International Refugee Law: Strategies toward Interpretative Harmony. Ed. James C. Simeon. Cambridge: Cambridge University Press, 2010. 40–58. (Str. 47, 48)

креацијата на правниот режим целта била никогаш да не се повторат истите неправди што се случиле по Втората светска војна и државите никогаш повторно да не ги повторат истите постапки и да го имаат истото поведение.[18] Практично целта на креацијата на меѓународниот режим за бегалците во 50-тите години од минатиот век била да се заштитат бегалците и никогаш повторно да не се повторат сликите од завршетокот на втората светска војна каде голем број на бегалци биле оставени на цедило и без заштита а државите миеле раце од одговорност. Годината 1951 година е донесена Конвенцијата за статусот на бегалците која практично го гарантира правото на азил на оние лица кои се соочуваат со прогон. Меѓутоа исклучително важно е да се напомене дека контурите на правниот режим за бегалци поточно на правото на азил всушност првично се поставени со Универзалната декларација за човекови права од 1948 година. Оваа декларација како меко право практично овзможуваше да се побара азил како и истата овозможуваше уживање на правото на азил меѓутоа истата не пропишуваше загарантирано добивање на истото тоа право доколку едно лице се соочува со прогон. Поради таа причина следи носењето на најзначајниот акт кога е во прашање материјата на бегалците а тоа Конвенцијата за статусот на бегалци од 1951 година.[19] Таа конвенција и ден денес останува камен темелник и најзначјниот акт кога е во прашање регулацијата на правата на бегалците и истата слободно може да се каже дека е една од најголемите победи за целиот човечки род бидејќи со истата заштитата на бегалците како една поприлично ранлива и фрагилна категорија станува задолжителна односно станува меѓународна обврска за државите. Постулатите на режимот односно Високиот Комесаријат за бегалци УНХЦР како и конвенцијата за статусот на бегалците од 1951 година остануваат основата на која се темели заштитата на бегалците и ден денес. Улогата на комесаријатот е да ја надгледува усогласеноста со конвенцијата за статусот на бегалците додека со конвенцијата на еден јасен и прецизен начин се дефинира кој е бегалец и какви права истиот поседува. Всушност во практиката ништо не е променето од 50-тите години на минатиот век кога практично и е креиран режимот за бегалци којшто ние денес го познаваме. [20] Конвенцијата за статусот на бегалците од 1951 во комбинација со придружиот протокол на конвенцијата се основата и примарната регулатива која ја уредува проблематиката поврзана со азилот и бегалците додека пак УНХЦР е најзначјаната организација во сегментот на азилот и миграцијата. Всушност целиот систем којшто е изграден во минатиот век е во голема мера ист и истиот денес нема некои позначајни промени. Практично системот изграден во минатиот век успеа поприлично долго време да остане ист и да не претрпи поголеми турбулеции и промени. Обврските за државите кога се во прашање бегалците се дволиниски. Па така на првата линија е обврската на сите држави да им се обезбеди или пружи заштита на бегалците од секаков облик односно поконкретно на споделената одговорност или заедничко справување со предизвиците од страна на државите кога се во прашање бегалците и правото на

[18] Grey, Colin. “Refugee Law and Its Corruptions.” Canadian Journal of Law & Jurisprudence, Volume 30, Issue 2, 2017, pp. 339 – 362. (Str. 343, 344)
[19] Casey-Maslen, Stuart. “Refugees.” The Right to Life under International Law: An Interpretative Manual. Cambridge: Cambridge University Press, 2021. 601–608. Print. (Str. 602)
[20] Betts, Alexander. “Refugees.” Why Govern?: Rethinking Demand and Progress in Global Governance. Ed. Amitav Acharya. Cambridge: Cambridge University Press, 2016. 211–229. Print. (Str. 211)

азил. Всушност режимот на бегалците почива токму на заедничката одговорност на државите кога е во прашање обезбедувањето на заштита на бегалците. Додека на втората линија е обезбедувањето на правото на азил за бегалците како една од клучните обврски кои ја имаат државите кон бегалците кои патот ги донел до нивната територија.[21] Всушност сите држави колективно се должни да дадат заеднички одговор на прашањата поврзани со азилот и бегалците и да обезбедат соодветна помош за бегалската популација а воедно истите имаат и индивидуална обврска да ја превземат грижата или да се погрижат за оние бегалци коишто ќе пристигнат во нивните држави. Либералните западни вредности се всушност суштински сегмент од режимот за бегалци. Имено самиот режим е плод на едно поинакво време кое има биполарен карактер и во кое клучната или најзначјната улога ја имаат Соединетите Американски држави.[22] Практично вредностите на современиот демократски либерален свет на кои предводник се токму САД подразбираат комплетна грижа за бегалската популација како и целосно почитување на човековите права. Клучно кога се во прашања барањата на бегалците е тоа кој етнитет ја носи одлуката. Всушност дали ќе биде одговорено позитивно или негативно на барањето на азил во голема мера зависи од етнитетот што ја носи одлуката што пак преставува еден алармантен феномен. Во таа насока е креиран и меѓународниот режим за бегалци на кој една од примарните цели му е да го лимитира дискреционото право коешто го имаат државите кога се во прашање бегалците. Но и покрај сите напори што се направени во таа насока евидентно е дека одлуките во голема мера се произволни. [23] Имено креацијата на меѓународниот режим за бегалците е во насока на тоа да се избегне произволно постапување и да се воведе еден унифициран пристап како и да се хармонизираат правилата и процедурите во делот на азилот и бегалците. Правото на азил може да се бара само во различна држава односно не е возможно да се бара во матичната држава. Една од клучните детерминанти при определувањето на статусот на бегалец е токму тоа лицето кое го поднесува барањето за азил да не биде во матичната држава или пак да има промена на вообичаеното живеалиште ако истото лице нема никакво државјанство или нема матична држава. Сето тоа е во согласност со Женевската конвенција од 1951 година.[24] Практично еден од примарните критериуми при оределување или утврдување на правото на азил и признавање на статусот на бегалец е преминување на државните или националните граници на матичната држава на бегалците или во случајот на лицата без државјанство примарен критериум е напуштање на вообичаеното живеалиште и негова замена со друго во друга држава. Мошне важно е да се нагласи дека имаме проширување на мандатот на Високиот комесаријат за бегалци на Обединетите нации УНХЦР на кој практично му е проширен мандатот се со цел да ги опфати и лицата кои се

[21] Betts, Alexander. “The Normative Terrain of the Global Refugee Regime.” Ethics & International Affairs, Volume 29, Issue 4, 2015, pp. 363 – 375. (Str. 363)
[22] Betts, Alexander. “Refugees.” Why Govern?: Rethinking Demand and Progress in Global Governance. Ed. Amitav Acharya. Cambridge: Cambridge University Press, 2016. 211–229. Print. (Str. 214)
[23] Grey, Colin. “Refugee Law and Its Corruptions.” Canadian Journal of Law & Jurisprudence, Volume 30, Issue 2, 2017, pp. 339 – 362. (Str. 340)
[24] Shevel, Oxana. “Refugees and Refugee Politics in Postcommunist States.” Migration, Refugee Policy, and State Building in Postcommunist Europe. Cambridge: Cambridge University Press, 2011, pp. 19–72. Print. (Str. 31).

обидуваат да избегнат насилство кое е генерализирано како и да избегнат вооружен конфликт. Воедно во овој сегмент мошне важно е да нагласиме дека за разлика од примарниот правен иструмент за бегалците а тоа е конвенцијата од 1951 година имаме и бројни регионални инструменти кои нудат дури и поширока дефиницијa од онаа којашто ја имаме во примарниот правен инструмент. Но она што е најважно да се нагласи дека сите инструменти и примарниот како и регионалните се фокусирани да понудат заштита на оние кои бегаат како последица на насилство кое е генерализирано.[25] Она што се покажа како предизвик е заштитата на оние бегалци кои може да бидат потенцијални жртви на вооружен внатрешен конфликт поради што ги напуштаат матичните држави. Имено кај најголем број од државите кои ја имаат ратификувано конвенцијата за статусот на бегалците од 1951 година во своите законодавни домови се покажа како проблематично да ја прошират заштитата што им се нуди на бегалците.[26] Се зависи од тоа како се применуваат правните инструменти. Имено бегалците може да бидат активни учесници во општеството и во едно хумано добрососедство а не лица кои ќе бидат сожалувани и само со една правилна апликација на законите кои треба да бидат конфигурирани на еден правилен начин тоа може да се постигне.[27] Она што им задава главоболки на бегалците е сложеноста на правните системи и процедурите во државите во кои бараат азил. Всушност бегалците имаат поприлично тешка задача да обезбедат докази со кои ќе бидат утврдени фактите. За ова во науката се говори нашироко и постои едногласие за истиот овој проблем. Имено во теоријата истражувачите на проблематиката со бегалците говорат за криза при утврдување на фактите и обезбедувањето на докази за докажување на статусот на бегалец.[28] Во оваа насока се погласни се повиците за ревидирање на правната регулатива која ја регулира материјата на бегалците и миграцијата. Всушност имаме потфрлања на тековната регулатива кои се од структурен карактер.[29] Повиците за реформи обично не се фокусираат на пошироката слика и на поширока реформа и најчесто се сведуваат на барања или повици за проширување на дефиницијата за бегалец каде што примарно се сугерира да бидат вклучени и климатските бегалци како и сите лица кои се соочуваат со кршење на нивните човекови права. Таквиот условно кажано површен пристап и аверзијата кон промени се должи на стравот и тоа што досега е постигнато да не биде загубено односно дури и таа заштита која денеска им се обезбедува на бегалците да не биде загубена.[30] Периодот по втората светска војна и во текот на траењето на истата дефинитивно го има приматот за период во кој бројот на бегалци ги руши и најголемите рекорди. Имено само за паралела по Втората

[25] Harper, Andrew. "Iraq's Refugees: Ignored and Unwanted." International Review of the Red Cross, Volume 90, Issue 869: Conflict in Iraq II, March 2008, pp. 169 – 190. (Str. 176)
[26] Olbourne, Ben. "Refugees and Internal Armed Conflicts." The Cambridge Law Journal, Volume 60, Issue 3, 2001, pp. 446 – 449. (Str. 446)
[27] Sachs, Albie. "From Refugee to Judge of Refugee Law." Critical Issues in International Refugee Law: Strategies toward Interpretative Harmony. Ed. James C. Simeon. Cambridge: Cambridge University Press, 2010. 40–58. Print. (Str. 47)
[28] Hamilton Byrne, William, and Gammeltoft-Hansen, Thomas, "Digital Evidence in Refugee Status Determination." AJIL Unbound, Volume 118, 2024, pp. 62 – 66. (Str. 63)
[29] Ramji-Nogales, Jaya. "Moving Beyond the Refugee Law Paradigm." AJIL Unbound, Volume 111, 2017, pp. 8 – 12. (Str. 9)
[30] Ibid (Str. 8)

светска војна имаме бројка на бегалци од приближно 60 милиони луѓе која е дури за 10 пати поголема од бројот на бегалци по завршетокот на Првата светска војна која исто така е една од најголемите војни од 20-тиот век. Конфликтите главно од етнички предзнак како и геноцидите беа одлика за тоа време во Европа. Тоа се дефинитивно едни од најтурбулентните времиња што европскиот континент ги памети и коишто практично ги создадоа едни од најголемите бегалски движења во историјата. Всушност бегалците се симбол за тоа тажно време.[31] Меѓународната организација за бегалци и Агенцијата за помош и реконструкција на Обединетите нации беа креирани во тоа време и тоа токму во насока на санирање на последиците од Втората светска војна и особено со цел да се изнајде решение на проблемот со бегалците и бројните раселени лица во тој период. Една од примарните цели била да им се обезбеди помош и подршка на оние кои не можеле да се вратат во нивните родни татковини. Всушност 1945-тата година е година на огромен број на раселени лица што го крена алармот за адресирање на проблемите поврзани со бегалците.[32] Важно е да се напомене дека на креирањето на режимот за бегалци му претходат два неуспешни обиди. Всушност креирањето на режимот за бегалци или поточно првите два обиди за негова креација биле практично неуспешни што се должело на ривалството што постоело поради студената војна или поедноставно кажано истите пропаднале токму поради тоа ривалство што изискало потреба од нов возобновен обид за креација на режимот за бегалци.[33] Практично во повоена Европа беше донесен односно создаден меѓународниот режим за бегалците кој доби еден стандарден облик токму по завршетокот на Втората светска војна.[34] Бегалците практично станаа нов тип на субјект односно еден привремен жител чија иднина лежеше во тоа да се трансформира во иден граѓанин. Практично бегалците беа продукт на тоа време или поинаку кажано истите беа продукт на двесетиот век или уште поконкретно на средината на истиот тој век кога практично и изникна една комплетно нова категорија на луѓе наречени бегалци.[35] Несомнено е дека кога говориме за глобализацијата и пост-колонијализмот на глобалниот поредок дека мора да ја споменеме и категоријата на бегалци како и на мигрантите. Тоа е така бидејќи истите преставуваат еден од најголемите симболи за погоренаведените појави поради што се од исклучително значење од социолошки но и од антрополошки аспект.[36] Диференцијата помеѓу бегалците и мигрантите лежи во причините поради кои истите се решаваат да го напуштат своето матично огниште. Имено кај мигрантите може да имаме прични како барање посветла иднина односно подобри можности за работа и живот но воедно може причина да биде и реунификација со семејството или пак образување. Кај бегалците за разлика од

[31] Frank, Matthew, and Jessica Reinisch. “Introduction: Refugees and the Nation-State in Europe, 1919-59.” Journal of Contemporary History, vol. 49, no. 3, 2014, pp. 477–490. (Str. 477, 478)
[32] Braithwaite, Alex & Salehyan, Idean, & Savun, Burcu, “Refugees, forced migration, and conflict: Introduction to the special issue”, Journal of Peace Research, Volume 56, Issue 1, 2019, pp. 5-11. (Str. 6)
[33] Ibid (Str. 6)
[34] Williams, Christian A. “African Refugee History.” African Studies Review, Volume 63, Issue 3, 2020, pp. 560 – 567. (Str. 562)
[35] Bakara, Hadji. “Time, Sovereignty, and Refugee Writing.” PMLA/Publications of the Modern Language Association of America, Volume 137, Issue 3, 2022, pp. 442 – 457. (Str. 446)
[36] Beneduce, Roberto, “Undocumented bodies, burned identities: refugees, sans papiers, harraga — when things fall apart”, Social Science Information, Volume 47, Issue 4, 2008, pp. 505-527. (Str. 516)

мигрантите постои опасносност да останат во својата матична држава или како што потенцира Високиот комесаријат за бегалци на ОН нивното враќање во матичната држава не би било безбедно и а не гарантирањето на правото на азил би можело практично да им го загрози животот.[37] Кога говориме за разликите важно е примарно да ја направиме разликата помеѓу доброволната и присилната миграција. Факторите кои доведуваат до едната и до другата се навистина различни. Така на пример она што ја поттикнува присилната миграција се непочитувањето на граѓанските права зад што има политички предзнак или пак катастрофите поради природни непогоди како и секако конфликтите кои се вооружени. Кај доброволната миграција имаме различни фактори кои главно се од економска природа или пак истите се должат на политиките за миграција како и на вмрежување. Наједноставно кажано имаме различни причинители кои ги притискаат бегалците и економските мигранти и ги повлекуваат да мигрираат. [38] Воедно кога се во прашање разликите помеѓу овие две категории важно е да е напомене дека бегалците практично се условно кажано подкатегорија на мигрантите која има свои специфични карактеристики и обележја. Исто така мотивите за миграција кај овие категории се разликуваат.[39] Кога е во прашање правната дистинкција треба да се нагласи дека разликата лежи кај дефиницијата и разбирањето за прогонот и тоа што истиот претставува. Практично во тој дел се повлекува линијата помеѓу бегалците и мигрантите и евидентна е разликата.[40] Матерјалната состојба или можностите на индивидуите кои потпаѓаат во категоријата на бегалец не играат никаква улога. Имено бегалец може да биде и едно богато лице исто како што може да биде и сиромашно лице.[41] Во практиката мошне често се случува да настапи условно кажано конфузија и да не се прави јасна дистинкција помеѓу категоријата бегалец и мигрант и бегалците да се сведат на подкатегорија на мигрантите. Во теоријата всушност може да се забележи дека значително повеќе внимание е посветено на испитување на категоријата на мигранти додека многу помалку внимание е посветено на системско проучување на категоријата на бегалци.[42] Она што детерминира дали ќе се даде поддршка од страна на политиката зависи од тоа за која категорија станува збор односно дали станува збор за економски мигранти или пак бегалци. Всушност зависно од тоа за која категорија станува збор имаме различни сваќање во однос на тоа кој заслужува да добие поддршка односно поддршката примарно се врзува со одредени морални аспекти. Воедно во овој сегмент важно е да се истакне дека имаме се повеќе оспорување на разликите што

[37] Goldman, Jonas Philip. "A New Deal for Refugees: How Land Restoration and Infrastructure Modernization Can Help Solve the Refugee Crisis." Consilience, no. 18, 2017, pp. 60–83. (Str. 64)
[38] Schober, Thomas & Zocher, Katrin "Health-Care Utilization of Refugees: Evidence from Austria" International Migration Review, Volume 56, Issue 3, 2022, pp. 810-842. (Str. 812)
[39] MASTERSON, DANIEL, and YASENOV, VASIL, "Does Halting Refugee Resettlement Reduce Crime? Evidence from the US Refugee Ban." American Political Science Review, Volume 115, Issue 3, 2021, pp. 1066 – 1073. (Str. 1067)
[40] Kasimis, Demetra, "Medea the Refugee." The Review of Politics, Volume 82, Issue 3, 2020, pp. 393 – 415. (Str. 397)
[41] Shevel, Oxana. "Refugees and Refugee Politics in Postcommunist States." Migration, Refugee Policy, and State Building in Postcommunist Europe. Cambridge: Cambridge University Press, 2011, pp. 19–72. Print. (Str. 37)
[42] Abdelaaty, Lamis, & Steele, Liza G., "Explaining Attitudes Toward Refugees and Immigrants in Europe", Political Studies, Volume 70, Issue 1, 2022, pp. 110-130. (Str.110)

постојат помеѓу категоријата на бегалец и мигрант.[43] Секое време си има свои обележја и симболи па така дефинитивно може да се каже дека симбол на 21-век се бегалците како една посебна антрополошка фигура. За разлика од нив мигрантите беа историски симбол за минатиот век.[44] Што се однесува до трајноста на статусот на бегалец важно да се нагласи дека статусот подлежи на ревидирање па така истиот може да биде повлечен доколку се процени дека државата од каде потекнува бегалецот дека е безбедна и дека истиот може да се врати во неа. Во овој сегмент важно е да се нагласи дека во мноштво од случаевите кога е одлучено дека матичната држава на бегалците е безбедна подоцна се покажало дека таа проценка е погрешна. Она што е особено важно да се нагласи е тоа дека условно кажано статусот на бегалец скоро во сите случаеви е од привремен карактер.[45] Еден од најкршените принципи е дефинитивно принципот на non-réfoulement кој прокламира забрана за враќање. Истиот овој принцип практично е прокламиран со конвенцијата за бегалците од 1951 година и всушност гарантира дека секое она лице кое бара азил и утврдување на статусот на бегалец дека не смее да биде вратено назад.[46] Со женевската конвенција за бегалците од 1951 година практично се изродува правото за азил кое практично тогаш станува интегрален дел од меѓународното право.[47] Конвенцијата за статусот на бегалците од 1951-та година практично го забетонира сваќањето за поимот бегалец што не беше случај се до нејзиното усвојување кога постоеа различни сваќања за тоа што е бегалец.[48] Кога говориме за обврските за бегалците примарно мора да ја истакнеме обврската за невраќање која е една од најзначајните обврски што државите ја имаат кон бегалци и која генерално и широко е усвоена од целиот либерален свет како воедно и од некои држави кои не се составен дел од тој либерален свет. Практично државите се должни да го примат бегалецот и таа должност е од морален карактер и истата е глобално прифатена. Имено државите треба да ги примат бегалците и не смеаат да ги вратат назад каде истите би можеле да бидат изложени на опасност.[49] Практично принципот на невраќање е jus cogens норма според ставот и мислењето на бројни експерти. Воедно истиот се смета и како составен дел од меѓународното обичајно право. Всушност истиот овој принцип е предвиден со членот 33 од Женевската конвенција за бегалците од 1951 година. Според истиот тој принцип бегалците не смеат да бидат вратени онаму кадешто нивниот живот како и нивната слобода би биле доведени во опасност а поради нивната национална припадност, политички став и мислење, членување во одредена група, припадност на одредена религија

[43] Kontowski, Daniel & Leitsberger, Madelaine “Hospitable universities and integration of refugees: First responses from Austria and Poland”, European Educational Research Journal, Volume 17, Issue 2, 2018, pp. 248-270. (Str. 250)
[44] Beneduce, Roberto, “Undocumented bodies, burned identities: refugees, sans papiers, harraga — when things fall apart”, Social Science Information, Volume 47, Issue 4, 2008, pp. 505-527. (Str. 517)
[45] Hintjens, Helen, and Ali Bilgic. “The EU’s Proxy War on Refugees.” State Crime Journal, vol. 8, no. 1, 2019, pp. 80–103. (Str.88)
[46] Ibid (Str. 96)
[47] JONES, WILL & TEYTELBOYM, ALEXANDER & ROHAC, DALIBOR “Europe’s Refugee Crisis: PRESSURE POINTS AND SOLUTIONS” American Enterprise Institute, 2017. (Str.5)
[48] Lanphier, C. Michael. “Canada’s Response to Refugees.” The International Migration Review, vol. 15, no. 1/2, 1981, pp. 113–130. (Str. 113)
[49] LISTER, MATTHEW. “WHO ARE REFUGEES?” Law and Philosophy, vol. 32, no. 5, 2013, pp. 645–671. (Str.647, 648)

итн. Сите држави кои ја имаат ратификувано погоренаведената конвенција мораат задолжително да се придржуваат до погорепосочениот принцип.[50] Мора јасно да се стави до знаење дека повреда на Конвенцијата за статусот на бегалците како и на Конвенцијата против тортура се недозволиви. Практично бруталното повредување на овие конвенции треба да биде најстрого забрането и треба да им се укаже на оние кои што се задолжени за создавање на политиките истите да ги почитуваат во целост. Воедно мора да се изнајде начин како да се реши проблемот на депортирање на бегалци чиешто барање за азил е основано и легитимно.[51] Бројките се навистина големи на оние кои својот спас го гледаат во страна држава. Имено станува збор за милионски број на луѓе коишто се приморани да бараат засолниште во некоја друга држава. Истите тие луѓе се обидуваат да избегнат прогон или пак да побегнат од војна или пак од други форми на превирања во општеството.[52] Кога говориме за поддршката за бегалците важно е да истакнеме дека истата опфаќа повеќе елементи односно истата е разноврсна. Па така примарно им се обезбедува засолниште и храна но исто така на истите им се нудат и правна, детска и здравствена заштита. Воедно им се нуди и едукација. Всушност важно е да се истакне дека фокусот на помошта или поддршката за бегалците е насочен кон задоволување примарните есенцијални потреби кои тие ги имааат.[53] Воедно мошне значајно е да се обезбеди и протекција и сочувување на културното надследство коешто го имаат бегалците.[54] Преку грижата за културното наследство на бегалците практично се грижиме да се продолжи негувањето на културата на цела една популација и нација. Практично силината или интензитетот на бегалските бранови може да биде од тектонски размери и да биде толку голема што од суштинско значење е да се обезбеди заштита на културното наследство а со тоа практично и да се заштитат дигнитетот и достоинството на еден народ како и неговите идентитетски карактеристики додека во нивната држава беснеат конфликти. Заштитата е практично неопходна додека траат тие конфликти како и по завршетокот на истите. Да сумираме една од најесенцијалните форми за заштита која треба да им биде обезбедена на бегалците е и протекцијата и зачувувањето на нивното културно наследство.[55] Клучниот камен темелникот кога е во прашање протекцијата на бегалците беше и остана Конвенцијата за статусот на бегалците. Истата датира од минатиот век поточно од 51-та година кога во обид да се разреши хуманитарната криза со која се соочува светот во тоа време а која е поврзана со раселените лица од страна на Обединетите нации се носи Конвенцијата за статусот на бегалците. Всушност конвенцијата е плод или глобален одговор на меѓународната заедница на кризата која настапила во

[50] MAHASETH, Harsh, and BANUSEKAR, Samyuktha “Living in the Shadows: Rohingya Refugees in Malaysia.” Asian Journal of International Law, Volume 12, Issue 2, 2022, pp. 259 – 266. (Str. 260)
[51] Tabak, Shana. “Refugee Detention as a Violation of International Law.” Proceedings of the ASIL Annual Meeting, Volume 110, 2016, pp. 215 – 218. (Str. 218)
[52] Wehrle, Katja & Kira, Mari & Klehe, Ute-Christine & Hertel, Guido “Scorched Earth: Employers’ Breached Trust in Refugees’ Labor Market Integration” Business & Society, Volume 63, Issue 1, 2024, pp. 60-107. (Str. 61)
[53] Serafeimidi, Dimitra & Marcos, Lorena Vilchez & Puri, Shivani “Bridging the Gap: Reparations in Refugee Camps.” Israel Law Review, Volume 57, Issue 1, 2024, pp. 63 – 101. (Str. 79)
[54] Al Shallah, Sherine. “Refugee Protection through Safeguarding Intangible Cultural Heritage of the Home Country and Refugee Journey.” International Journal of Cultural Property, First View, 2024, pp. 1 – 18. (Str. 1)
[55] Ibid (Str. 2)

тоа време.[56] Времетраењето на заштитата на бегалците може да биде од траен или привремен карактер. Но есенцијалната обврска која ја имаат сите оние држави кои се потписници на Конвенцијата за статусот на бегалците е забраната за враќање на бегалците онаму каде истите би се соочиле со опасност од прогон.[57] Она што се обезбеди со конвенцијата е утврдување на дефиниција со која јасно се прецизира кој претставува бегалец и се обезбеди еден индивидуализиран пристап како замена за генералниот или групинот пристап кој посотел во минатото. Всушност практично со конвенцијата целокупната меѓународна заедница на прашањата поврзани со бегалците започна да одговара на еден поинаков начин и со истата практично беа направени значителни промени во начинот на кој се дефинираат бегалците.[58] Освен кога имаме законска поткованост низ соодветна процедура и кога е во прашање безбедноста на нацијата и јавниот ред и мир согласно конвенцијата за статусот на бегалците од 1951 година на државите потипснички им е забранeто да протераат бегалец. Имено тоа е јасно прокламирано со членот 32 од конвенцијата. Во членот 31 пак на еден мошне јасен и недвосмислен начин е предвидена забрана за државите потписнички да ги санкционираат бегалците кои ќе стасаат на нивното тло. Конвенцијата всушност на детален начин го уредува постапувањето со бегалците и истата е клучниот меѓународен договор со кој се уредува проблематиката поврзана со бегалците.[59] Под влијание на различни реторики кои имаат една различна политиколошка и културолошка позадина се смени и начинот на кој се перцепираат бегалците. Имено поширoката јавност денес гледа низ друга призма на проблемот со бегалците и на бегалската популација и тоа е особено забележливо кај оние држави кои се афектирани со таа проблематика.[60] Прашањата поврзани со миграцијата и со бегалците се искачија високо на скалилото што пред се се должи на зголемената силина и интензитет кои ги имаа овие појави. Сето тоа ги позиционира мошне високо кога е во прашање анализата на овие феномени од страна на светските историчари кои се занимаваат со анализа на модерните феномени. [61]Ако се направи анализа ќе се увиди дека имаме многу повеќе негативно одколку позитивно портретирање во јавноста на бегалците од страна на медиумите. Тоа особено е евидентно во првата половина од втората деценија на 21 век. Всушност медиумите во голема мера ги отсликуваат ставовите на владеачките структури во однос на конкретната проблематика и се насочени кон анализа на негативните аспекти односно на проблемите поврзани со бегалците и

[56] Ormsby, Eric A. “The Refugee Crisis as Civil Liberties Crisis.” Columbia Law Review, vol. 117, no. 5, 2017, pp. 1191–1229. (Str.1192)
[57] Warbrick, Colin. “Refugees.” The International and Comparative Law Quarterly, vol. 36, no. 4, 1987, pp. 924–929. (Str.925)
[58] Akram, Susan M. “Palestinian Refugees and Their Legal Status: Rights, Politics, and Implications for a Just Solution.” *Journal of Palestine Studies*, vol. 31, no. 3, 2002, pp. 36–51. (str.36)
[59] Barnes, Richard. “Refugee Law At Sea.” International and Comparative Law Quarterly, Volume 53, Issue 1, 2004, pp. 47 – 77. (Str. 62)
[60] Baak, Melanie. “ONCE A REFUGEE, ALWAYS A REFUGEE?: The Haunting of the Refugee Label in Resettlement.” Refugee Journeys: Histories of Resettlement, Representation and Resistance, edited by JORDANA SILVERSTEIN and RACHEL STEVENS, 1st ed., ANU Press, 2021, pp. 51–70. (Str.56)
[61] Frank, Matthew, and Jessica Reinisch. “Introduction: Refugees and the Nation-State in Europe, 1919-59.” Journal of Contemporary History, vol. 49, no. 3, 2014, pp. 477–490. (Str.478)

миграцијата.[62] Кога говориме за негативните портретирања на бегалската популација важно е да споменеме дека постои обид истите да се прикажат како лица чија единствена цел е да користат социјални бенефиции во државата каде бараат заштита. Таквото портретирање креираше една негативна слика за бегалците што пак креира недоверба кај пошироката популација кон бегалците. Споре Charles Watters важно е да се направи паралела помеѓу легитимните и нелегитимните бегалци. Според него легитимни се оние кои навистина во права смисла на зборот заслужуваат да добијат заштита додека нелегитимните таквата заштита не ја заслужуваат. Според Watters легитимноста или оценувањето на истата во голема мера е под влијание на медиумското портретирање.[63] Профилирањето на бегалците како економски мигранти чие барања не се вистинити од страна на медиумите всушност во голема мера доведува до негативна перцепција и конфузија кај целокупната јавност.[64] Ако се направи компарација ќе се увиди дека има евидентна разлика во подготвеноста на бегалците и економските мигранти да се интегрираат во земјата домаќин. Имено за разлика од економски мигранти чија стартна позиција е подобра бегалците се наоѓаат во полоша ситуација што се должи примарно на јазичната бариера и отсуството на вештини. Сето тоа резултира со помала вработливост на бегалците и полоши стартни работни позиции кои се помалку платени. Миграцијата на бегалците во најголем број од случаите е неочекувана и истата е присилна. Еден од мноштвото тригери за истата е опасноста од прогон на бегалската популација. Воедно влијание на истата имаат и можностите за бегство кои ги имаат бегалците.[65] Но она што го покажуваат студиите е дека иако постои некоја иницијална нееднквост или полоша стартна позиција на бегалците со текот на време имаме изедначување во шансите и можностите на пазарот на труд.[66] Она што ја усложнува ситуацијата и го отежнува процесот на интегрирање на бегалците се токму траумтичните искуства кои се една од пропратните последици со кои се соочуваат бегалците во нивните матични држави како и низ процесот на мигрирање.[67] Ако го погледнеме начинот на кој медиумите ја портретираа ситуацијата со бегалците во изминатите години и известуваат за истата оваа проблематика ќе забележиме дека има евидентна разлика. Па така од негативните портрети кои главно беа пристуни во државите како Италија, Германија, Шпанија и

[62] De Cock, Rozane & Sundin, Ebba & Mistiaen, Valériane "The Refugee Situation as Portrayed in News Media: A Content Analysis of Belgian and Swedish Newspapers – 2015-2017." Images of Immigrants and Refugees in Western Europe: Media Representations, Public Opinion and Refugees' Experiences, edited by Leen d'Haenens & Willem Joris, and François Heinderyckx, Leuven University Press, 2019, pp. 39–56. (Str. 40)
[63] Watters, Charles "Refugees at Europe's Borders: The Moral Economy of Care", Transcultural Psychiatry, Volume 44, Issue 3, 2007, pp. 394-417. (Str. 396)
[64] THORSON, EMILY, and LAMIS ABDELAATY. "Misperceptions about Refugee Policy." American Political Science Review, Volume 117, Issue 3, 2023, pp. 1123 – 1129. (Str. 1124)
[65] Brell, Courtney & Dustmann, Christian & Preston, Ian "The Labor Market Integration of Refugee Migrants in High-Income Countries." The Journal of Economic Perspectives, vol. 34, no. 1, 2020, pp. 94–121. (Str.94)
[66] Allen, Ryan. "Benefit or Burden? Social Capital, Gender, and the Economic Adaptation of Refugees." *The International Migration Review*, vol. 43, no. 2, 2009, pp. 332–365. (str.335)
[67] Brell, Courtney& Dustmann, Christian & Preston, Ian "The Labor Market Integration of Refugee Migrants in High-Income Countries." The Journal of Economic Perspectives, vol. 34, no. 1, 2020, pp. 94–121. (Str.94)

Велика Британија имаме и позитивно портретирање како она во Шведска. За сето ова јасно се говори во извештаите на Високиот Комесаријат за Бегалци кој ја анализира оваа проблематика и се фокусира на известувањето за бегалците во државите членки на ЕУ.[68] Она што дефинитивно може да се каже е дека бегалците во своите родни огништа поминуваат низ мноштво на трауматични настани често пропратени со насилство. Всушност таков е случајот со мноштво на бегалци и она што е важно да се нагласи е дека бројката на бегалци во светски рамки или бројката на лица кои се приморани да мигрираат се проценува дека е некаде над 79,5 милиони луѓе.[69] Одговорот на масовните бегалски движења во соодветно време се покажа како поприлично тешка мисија за остварување. Воедно поприлично тешко е и да се утврди вкупниот број на бегалци како и да се направи соодветна категоризација. Она што се покажа е дека тешко дури да се дефинира појавата на масовни бегалски бранови и масовна миграција.[70] Ако ја погледнеме структурата на апликанти за статус на бегалец ќе увидиме дека главниот извор на бегалци се државите каде имаме граѓански војни. Всушност структурата на оние бегалци кои прибежиште бараат во некоја од државите членки на Европската Унија се луѓе кои бегаат како резултат на војна како и поради прогон во сопствените држави. Најчесто истите овие луѓе пристигнуваат од јужните краеви и причините за нивната миграција се од политичка природа. Во изминативе години навистина големите бројки на бегалци ја променија перцепцијата и начинот на набљудување на бегалците и миграцијата.[71] Она што упаѓа во очи кога потемелно и сериозно ќе се направи анализа на структурата на лицата со статус на бегалец денес се различните етнички припадности како и верската структура на истите тие лица. Всушност тоа е една од неколкуте повпечатливи промени во изминатите години кога се во прашање бегалците и миграцијата која се надоврзува на појавата на зголемен број на бегалци во изминатите години.[72] Сликата на теренот денес е променета така на пример денес имаме над 5 милиони бегалци од Украина кои како резултат на Руско-Украинскиот конфликт кој започна во месец февруари 2022 година својот спас го побараа во државите кои граничат со Украина. Оваа бројка на бегалци се придодава на 30,9 милиони бегалци и баратели на азил ширум светот кои беа забележани во

[68] De Cock, Rozane, & Sundin, Ebba & Mistiaen, Valériane "The Refugee Situation as Portrayed in News Media: A Content Analysis of Belgian and Swedish Newspapers – 2015-2017." Images of Immigrants and Refugees in Western Europe: Media Representations, Public Opinion and Refugees' Experiences, edited by Leen d'Haenens & Willem Joris, and François Heinderyckx., Leuven University Press, 2019, pp. 39–56. (str. 40)

[69] Damaschke-Deitrick, Lisa, and Alexander W. Wiseman. "Migration, Refugees, and Education: Challenges and Opportunities." International Perspectives on School Settings, Education Policy and Digital Strategies: A Transatlantic Discourse in Education Research, edited by Annika Wilmers and Sieglinde Jornitz, 1st ed., Verlag Barbara Budrich, 2021, pp. 95–109. (Str. 96)

[70] Granick, Jaclyn. "Refugee: Solutions without Resolution." International Jewish Humanitarianism in the Age of the Great War. Cambridge: Cambridge University Press, 2021. 109–149. Print. Human Rights in History. (Str. 109)

[71] d'Haenens, Leen, and Willem Joris. "Images of Immigrants and Refugees in Western Europe: Media Representations, Public Opinion, and Refugees' Experiences." Images of Immigrants and Refugees in Western Europe: Media Representations, Public Opinion and Refugees' Experiences, edited by Leen d'Haenens & Willem Joris, and François Heinderyckx, Leuven University Press, 2019, pp. 7–18. (Str.7)

[72] FERRIS, ELIZABETH, and KEMAL KIRIŞCI. "Syrian Refugees: Challenges to Host Countries and the International Community." The Consequences of Chaos: Syria's Humanitarian Crisis and the Failure to Protect, Brookings Institution Press, 2016, pp. 33–70. (Str.36)

статистиките од јуни 2021 година.[73] Бегалците се соочуваат со низа предизвици. Имено тие се исправени или соочени со повеќе проблеми од правните постапки кои што им претстојат па до соочување со загуба на нивниот статус, загубата на родното огниште како и ресурсите со кои располагале. Поедноставано кажано тие се исправени пред клучниот предизвик да одговорат на сите негативни реперкусии кои со себе ги носи миграцијата од присилен карактер. Всушност бегалците и барателите на азил се условно кажано жртви кои доживеале мноштво трауми како последица на војна или пак трговија на луѓе и сето тоа остава врз нив последица.[74] Од ситуацијата на теренот може да се увиди дека имаме економски мигранти кои пристигнуваат на Европското тло но и бегалци кои бегаат од вистинската опасност која демне во областите од кои тие доаѓаат. Всушност миграциските бранови се испрплетуваат па така имаме и економски мигранти но и бегалци.[75] Една од најзначајните обврски прокламирани со Повелбата за основните права и Конвенцијата за стаусот на бегалците од 1951 година заедно со нејзиниот придружен протокол од 1967 година е токму заштитата и грижата за децата бегалци. Ова е една од најзначајните обврски кои ја имаат државите на Европскиот континент како и државите членки на Европската Унија. Во една од најкритичните години кога се во прашање бегалците во 2015 година кога имаме бројки на бегалци од 1,3 милиони луѓе бројот на децата бегалци изнесува приближно 100 илјади што навстина е алармантно и загрижувачко.[76] За жал проценките се дека постојат мноштво бегалци жртви на насилство, експлатација од сексуална приода кои се соочуваат со поприлично голем притисок и кои денес живеат во државите на ЕУ. Исто така се проценува дека има 170 илјади ако не и повеќе бегалци кои се деца кои се разделени од своите родители и немаат никаква придружба.[77] Она што се забележува и е евидентно е заострување на политиките и нова казнена полтитика во насока на одговор на бегалските бранови. Имено она што е евидентно кога се во прашање политките кон бегалците кои во изминатите децении се спроведувани е обид да се превенира бегалците да дојдат до територијата на државите кои подоцна би имале правни обврски кон нив и не би смееле да ги вратат. [78] Загриженостите или грижите кај политичарите и кај локалното население велчат корени одтаму што бегалците за разлика од другите мигранти во најголем број од случаите се помалку активни на пазарот на труд и истите во голема мера се корисници на низа на бенефиции. Всушност загриженоста дека приемот на бегалци може сериозно да ја афектира благосостојбата и да има лоши реперкусии е всушност главната причина

[73] Valsecchi, Giulia, Berent, Jacques, Borinca, Islam, Green, Eva G. T., & Falomir-Pichastor, Juan M. “Inclusive social norms and nationals’ positive intergroup orientations toward refugees: The moderating role of initial prejudice and intergroup contact” Group Processes & Intergroup Relations, Volume 27, Issue 2, 2024, pp. 322-347. (Str. 322)
[74] ter Heide, F. Jackie June, and Smid, Geert E., “Difficult to Treat? A Comparison of the Effectiveness of Treatment as Usual in Refugees and Non-Refugees.” BJPsych Bulletin, Volume 39, Issue 4, 2015, pp. 182 – 186. (Str. 182, 183)
[75] Goldman, Jonas Philip. “A New Deal for Refugees: How Land Restoration and Infrastructure Modernization Can Help Solve the Refugee Crisis.” Consilience, no. 18, 2017, pp. 60–83. (Str.64)
[76] Chak, Farhan Mujahid. “Europe’s Dystopia: The Exploitation of Unaccompanied and Separated Child Refugees.” Policy Perspectives, vol. 15, no. 3, 2018, pp. 7–28. (str.7)
[77] Ibid (Str.8)
[78] Ormsby, Eric A. “The Refugee Crisis as Civil Liberties Crisis.” Columbia Law Review, vol. 117, no. 5, 2017, pp. 1191–1229. (Str.1191)

за отпорот кон прием на бегалци кој е повеќе од евидентен ширум Европа. Всушност оваа хипотеза е потврдена со повеќе студии кои се занимаваат со анализа на причините за отпорот кон приемот на бегалците кај јавноста.[79] Постои условно кажано портретирање на бегалците од југот како закана од безбедносен аспект која воедно може и сериозно да ја афектира благосостојбата на северниот свет.[80] Коренот на проблемот за негативната перцепција на бегалците според Luca Mavelli можеме да го лоцираме во стравот кој постои кај европјаните од бегалците со исламска вероисповест. Според него постои негативна перцепција за таа конкретна религија и поврзување на истата со насилство и тероризам. Според него истата се перцепира како нерационална и заостаната. Според него токму ова ја комплицира ситуацијата на теренот и креира загриженост кај европјаните кои стравуваат поради широката застапеност на бегалците со муслиманска вероисповест кои доаѓаат на нивно тло и бараат заштита.[81] Она што е евидентно во развиениот свет е обид да се лимитира и сопре доаѓањето на бегалците и нивно натамошно остварување на правото на азил во државата во која бараат заштита. Всушност иницијалната солидарност со бегалците и емпатија со нивното страдање и ситуација се трансформира во скептицизам кон бегалската популација и отфрлање на истата. Во оваа насока се и обидите да се делува на бегалските кризи и на движењето на населението во тие држави. Всушност имаме приоретизирање на безбедноста на државите особено по нападот од 11 Септември во Соединетите Американски Држави меѓутоа тоа е востановена пракса односно случај уште од самиот завршеток на студентата војна од кога поголем акцент се става на безбедноста од колку на човековите права.[82] Недовербата кон бегалската популација стана своевидна одлика на модерната политика. Всушност имаме клима на недоверба на едно институционализирано ниво.[83] Раздвижување и реакција на десницата пропратена заедно со тензии и конфликти од социјален и политички карактер се всушност одлика на изминатите години кога се во прашање миграцијата и бегалците.[84] Миграцијата и бегалците на некој начин ги вратија во живот партиите во Европа и САД кои припаѓаат на десницата. Имено токму овие прашања беа клучни за добивање на поени и беа користени како главно оружје во натпреварот со

[79] Ruist, Joakim. "The Fiscal Cost of Refugee Immigration: The Example of Sweden." Population and Development Review, vol. 41, no. 4, 2015, pp. 567–581. (Str. 567)
[80] Turner, Lewis. "'#Refugees Can Be Entrepreneurs Too!' Humanitarianism, Race, and the Marketing of Syrian Refugees." Review of International Studies, Volume 46, Issue 1, 2020, pp. 137 – 155. (Str. 142)
[81] Mavelli, Luca. "Governing Populations through the Humanitarian Government of Refugees: Biopolitical Care and Racism in the European Refugee Crisis." Review of International Studies, Volume 43, Issue 5, 2017, pp. 809 – 832. (Str. 818)
[82] SANYAL, ROMOLA. "Refugees: The Work of Exile: Protracted Refugee Situations and the New Palestinian Normal." The Post-Conflict Environment: Investigation and Critique, edited by Daniel Bertrand Monk and Jacob Mundy, University of Michigan Press, 2014, pp. 135–157. (Str. 137)
[83] Hamilton Byrne, William, and Gammeltoft-Hansen, Thomas, "Digital Evidence in Refugee Status Determination." AJIL Unbound, Volume 118, 2024, pp. 62 – 66. (Str. 65)
[84] LEHMANN, M. CHRISTIAN, and MASTERSON, DANIEL T. R., "Does Aid Reduce Anti-Refugee Violence? Evidence from Syrian Refugees in Lebanon." American Political Science Review, Volume 114, Issue 4, 2020, pp. 1335 – 1342. (Str. 1335)

политичките противници во текот на кампањите.[85] Се забележува дека за разлика од десничарските партии за кои се карактеристични конзервативните политики кон бегалците кај партиите кои се лево ориентирани и кај подемократските партии евидентни се полиберални политики во однос на оваа проблематика.[86] Либералните политики исто така се одлика за државите каде немаме некоја висока стапка на бегалци и мигранти. Имено кај овие држави усвојувањето на едни полиберални политки не наидува на еден голем отпор особено поради тоа што бројот на бегалци на кои треба да им се обезбеди заштита е релативно мал.[87] Постои условно кажано чувство на загрозеност на националниот поредок кој според перцепциите кои постојат е загорзен токму од бегалската популација. Ова примарно се должи на преставувањето и профилирањето на бегалите како категорија која преставувава своевидна опасност поради тоа што прави да се неутрализираат националните граници како и да се загуби онаа разлика која постои помеѓу припадниците на нацијата и оние кои не се нејзини припадници.[88] Неопходни се напори од страна на државите а во кореалција со обврските кои ги превзеле на меѓународен план за заштита на бегалците кои ќе бидат во насока на солидаризирање и емпатија со бегалците и барателите на азил и кои ќе ги сузбијат популистичките политики вообичаено од партиите од десницата во различните свери и сектори кои се обидуваат да ги потиснат бегалците и други слични категории на лица.[89] Во насока на поткрепа на државите домаќини се кројат долгорочни стратегии кои имаат за цел да ја засилат истрајноста и отпорноста на истите тие држави и да се поттикне нивниот развој. Целта на оваа поткрепа е фокусот да не биде единствено на краткорочен рок и само во насока на поткрепа на бегалската популација. Всушност со доаѓањето на бегалската популација се активираат низа на проблеми. Па така присуството на бегалската популација може да ја бранува религиозната рамнотежа како и да ја демонстрира нееднаквата развиеност на регионите во конкретната држава што исто така само по себе претставува проблем.[90] Денес кога станува збор за бегалците и кога се говори за нив во политичките кругови еден од клучните аспекти којшто се анализира е оној за безбедноста.[91] Кога говориме за конфликтите и вијанието на бегалската популација врз истите бегалците се поврзуваат со тензии со домородното население. Имено одредени истражувања кои се бават со анализа на конфликтите и нивната поврзаност со бегалската популација говорат токму за овие тензии кои не секогаш се поврзани со државниот етнитет односно не секогаш

---

[85] MASTERSON, DANIEL, and YASENOV, VASIL, "Does Halting Refugee Resettlement Reduce Crime? Evidence from the US Refugee Ban." American Political Science Review, Volume 115, Issue 3, 2021, pp. 1066 – 1073. (Str. 1066)
[86] HAMMOUD-GALLEGO, OMAR, and FREIER, LUISA FELINE, "Symbolic Refugee Protection: Explaining Latin America's Liberal Refugee Laws." American Political Science Review, Volume 117, Issue 2, 2023, pp. 454 – 473. (Str. 457)
[87] Ibid (Str. 457)
[88] Beneduce, Roberto, "Undocumented bodies, burned identities: refugees, sans papiers, harraga — when things fall apart", Social Science Information, Volume 47, Issue 4, 2008, pp. 505-527. (Str. 509)
[89] Kuykendall, Greg. "Defending Those Who Protect Refugees." Proceedings of the ASIL Annual Meeting, Volume 114, 2020, pp. 113 – 116. (Str. 113)
[90] HAVLOVÁ, RADKA, and KRISTÝNA TAMCHYNOVÁ. "The Uncertain Role of the EU Countries in the Syrian Refugee Crisis." Insight Turkey, vol. 18, no. 2, 2016, pp. 85–106. (Str.95)
[91] JONES, WILL & TEYTELBOYM, ALEXANDER & ROHAC, DALIBOR Europe's Refugee Crisis: PRESSURE POINTS AND SOLUTIONS. American Enterprise Institute, 2017. (Str.1)

се насочени кон политиките на владата. Во оваа насока се правени бројни истражувања од кои дел исто така говорат дека приемот на бегалците условно кажано потенцијално може да го зголеми ризикот од конфликт на домашен терен односно потенцијално може да го зголеми ризикот од граѓанска војна.[92] Она што го покажуваат одредени истражувања е тоа дека бегалците и бегалските текови можат во одредени ситуации да бидат иницијална каписла за конфликти во самите држави како и помеѓу државите. Всушност бегалските бранови или миграцијата на бегалците се поврзува со реперкусии од безбедносна природа.[93] Одредени истражувања одат дури дотаму што го поврзуваат присуството на бегалската популација со појавата на граѓански војни. Овие истражувања се на линија на тоа дека самите бегалци може да предизвикаат негативни реперкусии кај државите кои ги восприемаат. Всушност според одредени истражувања имаме зголемување на ризикот од граѓански војни кај државите кои граничат со оние држави кои продуцираат бегалци.[94] Сепак статистиките не одат во прилог на претходно наведените тврдења. Имено мошне ретко се случува присуството на бегалска популација да доведе до насилство од вооружан каратер. Всушност статистиките и истражувањата всушност покажуваат дека во најголем број од случаите бегалците всушност се жртви на насилство. Меѓутоа и покрај овие статистики анализи и истражувања мошне важно и значајно е да се нагласи дека сепак во одредени ситуации бегалската популација може да биде потикнувач на конфликти иако притоа исто така мошне значајно е да се нагласи дека најчесто тоа не се случува односно поприлично ретки се случаите на насилство од политички калибар кое е извршено од страна на бегалците.[95] Нестабилноста или потеницијалот од нестабилност или отсуството на сигурност што произлегува од престојот на бегалци на нивната територија се всушност примарните причини поради кои мноштво на држави буквално кажано не прифаќаат позитивно да одговорат на приливот на бегалци и истите да ги примат.[96] Овие стравувања идат рака подрака со етничката структура на популацијата. Имено нестабилноста се поврзува со потенцијаната промена на етничката структура во државата која ги прима и им го гарантира правото на азил која може да биде предизвикана од страна на бегалците.[97] Антимиграционите политики или негативнити политики во однос на миграцијата се одлика односно типична карактеристика за оние држави каде имаме локално населени и бегалци кои во голема мера имаат различни карактеристики. Всушност во овие типови на држави има поголеми шанси да усвојат такви едни политики. Имено таквите политики се повеќе евидентни кога државата во која бегалците бараат азил се со различна религија, зборуваат различен јазик или пак имаат други карактеристики кои во голема мера отстапуваат од оние кои се присутни кај

---

[92] Böhmelt, Tobias & Bove, Vincenzo, & Gleditsch, Kristian Skrede, “Blame the victims? Refugees, state capacity, and non-state actor violence”, Journal of Peace Research, Volume 56, Issue 1, 2019, pp. 73-87. (Str.73)

[93] Salehyan, Idean, and Gleditsch, Kristian Skrede “Refugees and the Spread of Civil War.” International Organization, Volume 60, Issue 2, 2006, pp. 335 – 366. (Str. 338)

[94] Ibid (Str. 338)

[95] Ibid (Str. 339)

[96] Rüegger, Seraina “Refugees, ethnic power relations, and civil conflict in the country of asylum” Journal of Peace Research, Volume 56, Issue 1, 2019, pp. 42-57. (Str. 42)

[97] Ibid (Str. 42)

локалната популација. Овие политики одат во корелација со стравувањата кај државите домаќини од присуство на поголем број на бегалци што во најголем број од случаите се поврзува со несигурност и нестабилност односно со негативни реперкусии.[98] Всушност имаме одредени стравувања кај локалната популација кога се во прашање бегалците. Имено нивните стравувања најчесто се однесуваат на безбедноста но имаме и стравувања за тоа како бегалците би можеле да влијаат и да го афектираат ничинот на кој тие живеат.[99] Се забележува отсуство на трпение кај локалното население да го согледа позитивниот економски импакт кој може да го имаат бегалците. Имено условно кажано локалното население избрзува во носењето на заклучоците и истото се фокусира единствено на негативните реперкусии од приемот на бегалците.[100] Во отсуство на една јасна перспектива за судбината на бегалците и за траењето на нивниот престој во државата домаќин државите кои ги згрижуваат се соочуваат со зголемен притисок. Но она што е особено важно да се нагласи е дека кај бегалците постои силна желба да дадат свој придонес кон државата и популацијата која ги згрижува. Тој придонес може да биде од економска и од социјална природа.[101] Негативните перцепции во однос на бегалската популација се позастапени и поизразени во кризни времиња. Па така во услови на кризи кои можат да бидат од различен карактер како на пример безбедносни или пак економски имаме присуство на еден негативен став во однос на бегалците од страна на пошироката јавност.[102] Во овој сегмент исто така важно е да се истакне дека кога имаме присуство на поголем број на бегалци кај една држава домаќин поголеми се и стравувањата и грижите кај локалната популација. Всушност во таква една ситуација имаме ненадејно зголемување на загриженоста која е во корелација со заштитата и згрижувањето на таа бегалска популација која е во поголем број.[103] Бегалците на државите домаќини им носат низа на придобивки и тоа примарно економски всушност преку протокот на средства, човечкиот капитал и меѓународната хуманитарната помош тие на позитивен начин влијаат на државите домаќини. Всушност иако бегалците повлекуваат одредени побарувања од економска, еколошка или пак безбедносна природа за државите кои се нивни домаќини тие не преставуваат само товар условно кажано за државите домаќини туку истите им носат и одреден бенефит на истите тие држави.[104] Правилниот менаџмент на ресурсите кои со себе ги носат бегалците е клучен бидејќи токму со правилно менаџирање на овие ресурси може да се допринесе за развој на државата

[98] Ibid (Str. 42)
[99] Schaub, Max & Gereke, Johanna, & Baldassarri, Delia "Strangers in Hostile Lands: Exposure to Refugees and Right-Wing Support in Germany's Eastern Regions" Comparative Political Studies, Volume 54, Issue 3-4, 2021, pp. 686-717. (Str. 687)
[100] Spohnholz, Jesse. "Refugees." John Calvin in Context. Ed. R. Ward Holder. Cambridge: Cambridge University Press, 2019. 147–154. Print. (Str. 152)
[101] Sullivan, Denis J., and Allyson Hawkins. "Migrants and Refugees: Crisis Responses from the Middle East, the Balkans, and the EU." Horizons: Journal of International Relations and Sustainable Development, no. 13, 2019, pp. 240–249. (Str.242)
[102] Braithwaite, Alex & Frith, Michael & Savun, Burcu & Ghosn, Faten "Government Targeting of Refugees in the Midst of Epidemics." Perspectives on Politics, Volume 20, Issue 2: Special Issue: Pandemic Politics, 2022, pp. 490 – 506. (Str. 491)
[103] Ibid (Str. 494)
[104] Jacobsen, Karen. "Can Refugees Benefit the State? Refugee Resources and African Statebuilding." The Journal of Modern African Studies, Volume 40, Issue 4, 2002, pp. 577 – 596. (Str. 577)

како и за подобрување на целокупната благосостојба на граѓаните.[105] Се со цел да се елеминира ризикот од инфилтрација на радикални стуктури неопходни се ригорозни и темелни безбедносни контроли односно детална проверка на сите оние лица кои бараат признавање на статусот на бегалец. Всушност потребата од детална проверка на барателите на азил се наметнува условно кажано како неопходност за политичките структури се со цел да се елеминираат ризиците од радикални структури и појави на тероризам. Во овој контекст важно е да се напомене дека постојат одредени стравување од инфилтрација на борци на ИСИС помеѓу бегалската популација. Како и да е без оглед дали овие стравувања се легитимни или пак не се потребата од детална порверка се наметна  условно кажано како насушна потреба за политичките структури.[106] Кога говориме за бегалците не можеме а да не го споменеме УНХЦР и улогата која истиот тој ја има. Имено истиот од неговото основање со женевската конвенција во 1951 година има улога да ги штити глобално сите оние лица кои спаѓаат во категоријата бегалци и баратели на азил.[107] Доколку направиме анализа на бегалците и нивното потекло ќе увидиме дека истите тие потекнуваат од поприлчно различни места како на пример од места каде имаме активни војни или на пример места каде имаме природни катастрофи. Всушност бегалците можат да бидат со поприлично различно потекло и истите да доаѓаат од држави кои некогаш и со децении или пак со векови биле разурнувани од конфликт. Исто така истите може да доаѓаат од средина со поприлично различна политичка и социјална позадина и карактеристики. [108] Лицата за кои се грижи Високиот комесаријат за бегалци на Обединетите Нации – УНХЦР се поприлично бројни. Па така истиот се грижи за дури 86,5 милиони лица од кои 43,5 милиони се внатрешно раселени, 20,4 милиони бегалци, 5,7 милиони повратници, 4,2 милиони лица кои немаат државјанство и 4,1 милиони лица се лица кои бараат признавање на правото на азил односно баратели на азил.[109] Всушност иницијално Високиот комесаријат за бегалци на Обединетите нации УНХЦР бил создаден за да помогне во решавањето на проблемот со раселените бегалци во Европа по Втората светска војна. Тоа всушност била неговата примарна функција и мисија.[110] Бегалците всушност мораа да докажат дека нивниот страв од прогон е навистина основан како што е прокламирано со Конвенцијата од 1951 година. Воедно во овој дел мошне важно е да се истакне дека во услови кога светот е соочен со студената војна примарната улога за заштита на бегалците им припадна примарно на Меѓународната организација за бегалци а потоа на Високиот комесаријат за бегалци

---

[105] Jacobsen, Karen. “Can Refugees Benefit the State? Refugee Resources and African Statebuilding.” The Journal of Modern African Studies, Volume 40, Issue 4, 2002, pp. 577 – 596. (Str. 578)
[106] JONES, WILL & TEYTELBOYM, ALEXANDER & ROHAC, DALIBOR Europe’s Refugee Crisis: PRESSURE POINTS AND SOLUTIONS. American Enterprise Institute, 2017. (Str.3)
[107] Erder, Sema. “Preliminary Thoughts on the Syrian Refugee Movement.” New Perspectives on Turkey, Volume 54: Special Issue on Precarious Lives and Syrian Refugees in Turkey, 2016, pp. 119 – 130. (Str. 120)
[108] Bhui, Kamaldeep. “A Refugee Rose of Competencies and Capabilities for Mental Healthcare of Refugees.” BJPsych Open, Volume 8, Issue 2, 2022. e45.  (Str. 1)
[109] Ibid (Str. 1)
[110] SANYAL, ROMOLA. “Refugees: The Work of Exile: Protracted Refugee Situations and the New Palestinian Normal.” The Post-Conflict Environment: Investigation and Critique, edited by Daniel Bertrand Monk and Jacob Mundy, University of Michigan Press, 2014, pp. 135–157. (Str. 136)

УНХЦР како наследник на меѓународната организација за бегалците.[111] Мандатот на Високиот комесаријат на бегалци УНХЦР бележи тренд на проширување. Имено ако направиме историска анализа и погледнеме назад во историјата ќе увидиме дека мандатот на УНХЦР примарно е фокусиран на бегалците и барателите на азил но тоа се менува во 80-тите години од минатиот век кога на листата на лица за кои УНХЦР води грижа се придодаваат и внатершно раселените лица. Во овој контекст исто така поприлично значајно е да се истакне дека УНХЦР во повеќе категории ги сместува лицата кои ги смета за „загрижувачка популација“.[112] Она што е јасно прокламирна мисија на Високиот комесаријат на бегалците на ОН е дека истиот без разлика на тоа кој пол се бегалците какво политичко мислење имаат истите или пак на која религија и раса припаѓаат истиот ќе им обезбеди заштита односно ќе ги штити нивните права и ќе води сметка за нивната благосостојба.[113] Кога е во прашање регионалната заштита и стандардите кои постојат за заштита на бегалците на регионално ниво важно е да се истакне и нагласи дека имаме недостаток на регионална институција која ќе биде на едно наднационално ниво и ќе има моќ да ги обликува политиките за бегалците и истите да им ги наметне на државите. Овој вакум простор или недостаток го пополнува Високиот Комесаријат за бегалци на Обединетите Нации УНХЦР чија улога се идентификува како суштинска во воспоставувањето на регионалните стандарди кои ќе бидат задолжителни за државите и кои истите ќе ги доследно почитуваат.[114] Државите и Високиот комесаријат за бегалци на Обединетите нации имаат заедничка соработка кога е во прашање заштитата на бегалците. Имено комесаријатот им помага на државите на тој начин што помага во толкувањето на договорите за бегалците и истиот интервенира во постапките кои се одвиваат во државите а кои се во корелација со оваа проблематика а воедно и им нуди асистенција на терен. УНХЦР има условно кажано една улога која донекаде и не е баш традиционална имено истиот има обезбедно значајна правна положба во делот на надзорот на имплементацијата на правната регулатива за бегалци како и во делот на толкувањето и донесувањето на истата.[115] Сепак она што мора да се запази е почитувањето на националата држава. Всушност во ниеден момент не смее да се дозволи работењето и функционирањето на меѓународните организации да ја загрозат националната држава на начин што ќе влијаат радикално врз начинот на кој се управува со бегалските текови притоа не

[111] Banko, Lauren & Nowak, Katarzyna & Gatrell, Peter “What Is Refugee History, Now?” Journal of Global History, Volume 17, Issue 1, 2022, pp. 1 - 19. (Str. 6)
[112] Lassailly-Jacob, Véronique. “Forced Migration in Africa: A New but Overlooked Category of Refugees.” Migration in A Globalised World: New Research Issues and Prospects, edited by Cédric Audebert and Mohamed Kamel Doraï, Amsterdam University Press, 2010, pp. 191–202. (Str.193)
[113] HOUSDEN, MARTYN. “White Russians Crossing the Black Sea: Fridtjof Nansen, Constantinople and the First Modern Repatriation of Refugees Displaced by Civil Conflict, 1922-23.” The Slavonic and East European Review, vol. 88, no. 3, 2010, pp. 495–524. (Str. 524)
[114] HAMMOUD-GALLEGO, OMAR, and FREIER, LUISA FELINE, “Symbolic Refugee Protection: Explaining Latin America’s Liberal Refugee Laws.” American Political Science Review, Volume 117, Issue 2, 2023, pp. 454 – 473, (Str. 456)
[115] Goodwin-Gill, Guy S. “THE OFFICE OF THE UNITED NATIONS HIGH COMMISSIONER FOR REFUGEES AND THE SOURCES OF INTERNATIONAL REFUGEE LAW.” International and Comparative Law Quarterly, Volume 69, Issue 1, 2020, pp. 1 – 41. (Str. 2)

внимавајќи на воспоставените национални рамки и практики.[116] Всушност во корпусот на фунцкии на Високиот комесаријат за бегалци една од примарните функции е функцијата на посредник помеѓу државите и нивните служби и бегалците и лицата кои бараат признавање на правото на азил и стекнување на статус на бегалец.[117] Друга од улогите којашто ја има УНХЦР е таа да им обезбеди заштита на бегалците што примарно се однесува на обезбедување на здравствена, социјална помош како и задоволување на есенцијалните потреби тргнувајќи од обезбедувањето на храна. Воедно во рамките на оваа заштита спаѓа и овозможувањето на пристап до образование. Но тука е важно да се нагласи дека примарно УНХЦР е задолжен за регистрација на бегалците што пак е прв иницијален чекор во процесот на обезбедување заштита. Во овој сегмент исто така мора да нагласи и дека улогата на комесаријатот или поточно на УНХЦР варира и се разликува од една до друга држава домаќин а истиот случај е и со статусот кој го ужива во секоја од државите.[118] Улогата на УНХЦР или на Високиот комесаријат за бегалци на Обединетите нации е да соработува со државите во изнаоѓањето на решение на сите оние предизвици кои се поврзани со бегалците. Сепак најзначајната улога ја играат и одсекогаш ја играле токму државите или националните власти кои сносат одговорност кога се во прашање бегалците и обезбедувањето на правото на азил.[119] Она што мошне често наидува на критика е концептот или начинот на кој им се обезбедува заштита на бегалците. Всушност постојат една цела серија или плеада на критки за бегалските кампови кои мошне често знаат да бидат места кои не нудат хумани и достоинствени услови и места каде се кршат човековите права и гази врз достоинството на бегалците. Некои одат дури дотаму што овие бегалски кампови ги споредуваат со концентрациони логори. Токму затоа како противтежа на овој начин или концепт на заштита на бегалците во бегалски кампови Високиот комесаријат за бегалци на Обединетите нации го промовираше концептот на урбанистичка политика. Имено според УНХЦР овој концепт би требало да ја олесни интеграцијата на бегалската популација во урбаните средини како и да им овозможи уживање на низа на права. Овој концепт е во насока на обезбедување на вистинска заштита на бегалците а не заштита која привидна или само на хартија а се со цел и во насока на нивна успешна интеграција.[120] Кога говориме за концептите или начинот на кој се обезбедува заштита на бегалците важно е да се нагласи дека историски погледнато бегалските кампови биле создадени поради различни причини. Така една од клучните причини

[116] Owens, Patricia, "Reclaiming 'Bare Life'?: Against Agamben on Refugees", International Relations, Volume 23, Issue 4, 2009, pp. 567-582. (Str. 571)
[117] Goodwin-Gill, Guy S. "THE OFFICE OF THE UNITED NATIONS HIGH COMMISSIONER FOR REFUGEES AND THE SOURCES OF INTERNATIONAL REFUGEE LAW." International and Comparative Law Quarterly, Volume 69, Issue 1, 2020, pp. 1 – 41. (Str. 6)
[118] FERRIS, ELIZABETH, and KEMAL KIRIŞCI. "Syrian Refugees: Challenges to Host Countries and the International Community." The Consequences of Chaos: Syria's Humanitarian Crisis and the Failure to Protect, Brookings Institution Press, 2016, pp. 33–70. (Str.35)
[119] Martin, Susan F. & Davis, Rochelle & Benton, Grace & Waliany, Zoya "International Responsibility-Sharing for Refugees: Perspectives from the MENA Region." Geopolitics, History, and International Relations, vol. 11, no. 1, 2019, pp. 59–91. (Str. 61)
[120] Khan, Fatima & Mbatani, Siphokazi, & Marais, Charlotte, "Trusting Democracy: The Law Can Work for Refugees, but what the System Needs Is an 'Injection of Humanity", Journal of Asian and African Studies, Volume 56, Issue 1, pp. 48-63. (Str. 51)

за нивната креација е фактот што истите биле погодни за надзор, менаџирање и администрирање како и фактот дека истите претставувале условно кажано места кои се безбедни и каде се обезедувува заштита за бегалците која најчесто е промовирана од страна на властите како заштита од привремен карактер. Поради сите овие причини бегалските кампови како концепт на заштита се еден широко распостранет феномен или појава.[121] Оваа форма на заштита во минатото во повеќе случаи се покажа како проблематична. Имено некои од истражувањата покажуваат дека оваа форма или концепт на заштита може да има негативни реперкусии и да влијае на тој начин да трауматичните искуства на бегалците условно кажано да продолжат како и негативните ефекти од истите да се зголемуваат или продлабочуваат. Исто така оваа форма на заштита може да има и негативен импакт на самостојноста или независноста на самите бегалци што се должи на хуманитарната асистенција или помош која се испорачува согласно шаблонот по кој функционираат бегалските кампови. Сепак и покрај бројните недостатоци и негативни ефекти кои ги има оваа форма на заштита примарната цел на овие кампови е да им понудат заштита и помош на бегалците кои се обидуваат да избегнат прогон.[122] Едно од првите права што се крши во бегалските кампови е правото на приватност. Всушност во истите овие кампови условно кажано бегалците знаат да се чувствуваат небезбедно и на истите им е оневозможено во многу од случаите да ги уживаат нивните основни права. Друг класичен пример којшто го илустираат тоа е невклучувањето на бегалската популација во активности кои би им обезбедиле самостојност. Така на пример нешто што би им помогнало да стекнат чувство на самостојност би било поседувањето на земја. Во контекст на негативните аспекти на бегалските кампови важно е да се напомене дека денес истите знаат да бидат поприлично големи и со истите најчесто се менаџира на начин кој доведува до кршење и повреда на основните права на бегалската популација и повреда на нивното достоинство.[123] Појавите на инциденти во кои е евидентно асоцијално однесување на бегалската популација во голема мера може да се должи на средината во која престојуваат. Имено бегалските кампови или пак сиромашните урбани средини во кои престојуваат бегалците можат да имаат негативен импакт на нивното здравје и да доведат до бројни психолошки нарушувања или нарушувања на менталното здравје на бегалската популација. Истите всушност може да допринесат за појава на депресија или пак растројство кое се јавува како пострауматска последица. Исто така истите овие средини може да допринесат и до појава на социјално незадоволство кај бегалската популација.[124] Концептот на урбанизам не е многу популарен кај политичките чинители. Имено истите го

[121] Banko, Lauren & Nowak, Katarzyna & Gatrell, Peter "What Is Refugee History, Now?" Journal of Global History, Volume 17, Issue 1, 2022, pp. 1 - 19. (Str. 11)
[122] Serafeimidi, Dimitra & Marcos, Lorena Vilchez & Puri, Shivani "Bridging the Gap: Reparations in Refugee Camps." Israel Law Review, Volume 57, Issue 1, 2024, pp. 63 – 101. (Str. 71)
[123] Khan, Fatima, and Cecile Sackeyfio. "Situating the Global Compact on Refugees in Africa: Will It Make a Difference to the Lives of Refugees 'Languishing in Camps'?" Journal of African Law, Volume 65, Supplement S1: Refugees, Returnees and Internally Displaced Persons in Africa, 2021, pp. 35 – 57. (Str. 38)
[124] MASTERSON, DANIEL, and YASENOV, VASIL, "Does Halting Refugee Resettlement Reduce Crime? Evidence from the US Refugee Ban." American Political Science Review, Volume 115, Issue 3, 2021, pp. 1066 – 1073. (Str. 1067)

сметаат условно кажано за несоодветна форма на заштита која нема компатибилност со нивниот статус. Всушност кај истите овие чинители како и кај меѓународните организации кои се бават со оваа тематика има условно кажано претпочитање на бегалските кампови како форма на заштита што се должи главно на политички причини но и на практични причини.[125] Всушност зад претпочитувањето на бегалските кампови и градењето на привремени засолништа за бегалците кои се наоѓаат далеку од клучните населени места се крие стравување од интеракцијата на граѓаните на државата домаќин и бегалската популација. Имено државите домаќини на бегалците стравуваат дека истите тие интеракции може да влијаат негативно односно да доведат до контаминација која ќе биде политичка но и морална. [126] Сликата на терен покажува дека богатите држави не се оние коишто примаат најголем број бегалци напротив тоа не се богатите држави туку оние држави кои се соседи со државите каде се случува конфликт. Всушност најголем дел од државите кои практично и го примаат најголемиот број на бегалци се држави каде имаме низок и среден степен на приход. Она што детерминира беглците каде ќе одат најчесто е сплет на несреќни околности и е во корелација со географските предиспозиции.[127] Сепак постојат одредени места или држави кои бегалците ги избегнуваат. Еден таков еклатантен пример се арапските држави од Персискиот залив од кои ниту една не е потписничка на конвенцијата за бегалците на Обединетите нации од 1951 година. Всушност овие држави кои се и дел од Советот за соработка на Персискиот залив имаат поприлично строги правила за стенување на државјанство кое вообичаено е врзано со сродство. Во овие региони немаме активни движења на бегалската популација. [128] Всушност државите во развој кои граничат со државите каде бегалците се соочуваат со прогон се домаќини на најголемиот број од бегалците. Имено бројката на тие бегалци се проценува на 25,4 милиони лица.[129] Тие бројки изразени во проценти изнесуваат 86 проценти на бегалци кои бегајќи од нивните држави каде се случува конфликт своето прибежиште го нашле во држави кои се соседи или граничат со државите каде имаме конфликт. [130] По прецизно ако ги анализираме статистиките ќе увидиме различни проценти. Па така на пример според некои од статистиките процентот на бегалци кои живеат во држави со ниски приходи или држави во развој е 85 проценти во светски рамки.[131] Еден таков класичен пример за држава со ниски приходи која

---

[125] Totah, Faedah M. "Palestinian Refugees between the City and the Camp." International Journal of Middle East Studies, Volume 52, Issue 4, 2020, pp. 607 – 621. (Str. 608)
[126] Ibid (Str. 608)
[127] Martin, Susan F. & Davis, Rochelle & Benton, Grace & Waliany, Zoya "International Responsibility-Sharing for Refugees: Perspectives from the MENA Region." Geopolitics, History, and International Relations, vol. 11, no. 1, 2019, pp. 59–91. (Str.59)
[128] Sullivan, Denis J., and Allyson Hawkins. "Migrants and Refugees: Crisis Responses from the Middle East, the Balkans, and the EU." Horizons: Journal of International Relations and Sustainable Development, no. 13, 2019, pp. 240–249. (Str.242)
[129] Fee, Molly, & Arar, Rawan, "What Happens When the United States Stops Taking in Refugees?" Contexts, Volume 18, Issue 2, 2019, pp. 18-23. (Str. 19)
[130] Dryden-Peterson, Sarah. "Refugee Education: The Crossroads of Globalization." Educational Researcher, vol. 45, no. 9, 2016, pp. 473–482. (Str. 474)
[131] Braithwaite, Alex & Frith, Michael & Savun, Burcu & Ghosn, Faten "Government Targeting of Refugees in the Midst of Epidemics." Perspectives on Politics, Volume 20, Issue 2: Special Issue: Pandemic Politics, 2022, pp. 490 – 506. (Str. 494)

е домаќин на голем број бегалци е Пакистан каде заклучно со 2016 година биле евидентирани дури 1,5 милиони бегалци од Авганистан.[132] Бегалската популација која потекнува од Авганистан е една од најбројните во светот. Се проценува дека бегалец е секој четврти Авганистанец. Всушност во светски рамки авганистанските бегалци го заземаат едно од највисоките места по бројноста на бегалци.[133] Пакистан исто така го зазема едно од највисоките места кога е во прашање згрижувањето на бегалците и земји домаќини на истите. Имено според некои проценки се проценува дека бројот на бегалци кои се под пакистанска заштита изнесува 21 процент од светската бегалска популација. Што се однесува пак до авганистанските бегалци во Пакистан важно е да се истакне дека првата поголема група на бегалци која доаѓа во Пакистан е онаа во 1979 година по инвазијата од советските сили на Авганистан.[134] Сепак со грижа за дури 3,4 милиони бегалци и баратели на азил епитетот на држава која е најголем згрижувач на бегалци во светот и припаѓа на Турција.[135] Она што се поставува како прашање е колку Турција навистина претставува безбедна дестинација или држава за бегалците. Всушност тоа прашање се испитува од експертите кои се занимаваат со оваа проблематика и од невалдините организации кои ситуацијата во Турција ја опишуваат како несигурна. Она што е евидентно во Турција е појавата на негативни емоции и социјални тензии кои кулминираат со насилство врз бегалците кое посебно е евидентно во областите каде имаме поголем процент на бегалци[136]. Меѓу клучните предизвици за државите во развој се финансиите, лошта инфраструктура и слабата способност на тие држави да се справат со големиот број на бегалци. Всушност негативните ефекти од присилната миграција најсилно се чуствуваат во државите во развој кадешто всушност и живее односно е згрижен најголем дел од светската бегалска популација.[137] Она што се јавува како дилема е дали бегалците би добиле подобра грижа и заштита во некој од западните држави наместо во државите во развој. Исто така евидентно е дека во државите во развој имаме пораст на бројките на бегалци но воедно и зголемување на различноста кога е во прашање структурата на бегалската популација.[138] Бегалците и миграцијата успејаа да си обезбедат место многу високо на политичката сцена и да бидат на радарот на политичарите. Всушност бегалците прераснаа од хуманитарно прашање условно кажано во едно од најзначајните политички прашања.[139] Едно од клучните прашања на политичката

---

[132] Dryden-Peterson, Sarah. “Refugee Education: The Crossroads of Globalization.” Educational Researcher, vol. 45, no. 9, 2016, pp. 473–482. (Str. 474)
[133] Khan, Amina. “Protracted Afghan Refugee Situation: Policy Options for Pakistan.” Strategic Studies, vol. 37, no. 1, 2017, pp. 42–65. (Str. 43)
[134] Ibid (Str. 44)
[135] Vammen, Ida Marie, and Hans Lucht. REFUGEES IN TURKEY STRUGGLE AS BORDER WALLS GROW HIGHER. Danish Institute for International Studies, 2017.
[136] Ibid
[137] Alrababah, Ala & Masterson, Daniel & Casalis, Marine & Hangartner, Dominik & Weinstein, Jeremy “The Dynamics of Refugee Return: Syrian Refugees and Their Migration Intentions.” British Journal of Political Science, Volume 53, Issue 4, 2023, pp. 1108 – 1131. (Str. 1108)
[138] Lanphier, C. Michael. “Canada’s Response to Refugees.” The International Migration Review, vol. 15, no. 1/2, 1981, pp. 113–130. (Str.130)
[139] Granick, Jaclyn. “Refugee: Solutions without Resolution.” International Jewish Humanitarianism in the Age of the Great War. Cambridge: Cambridge University Press, 2021. 109–149. Print. Human Rights in History. (Str. 109)

сцена особено за државите од западот беше како да обезбедат успешна интеграција на бегалците во нивната нова држава и како да го решат прашањето со вработувањето на бегалската популација. Овие прашања се појавија како резултат на зголемените бројки или проценти на бегалци кои бараат признавање на статусот на бегалец или на правото на азил во некоја од државите кои се дел од западниот свет.[140] Ако се анализира вработувањето на бегалците ќе увидиме дека истите вообичаено се вработуваат на секундарни работни позиции или на “секундарниот пазар на труд” односно најголем процент од бегалците и барателите на азил не успеваат да најдат работна позиција која спаѓа во категоријата на високопрофилни работни позиции односно позиции за кои се бараат високи квалификации.[141] Еден од најголемите проблеми кои се појавуваат на патот на бегалците се оние поврзани со вработувањето. Имено истите мошне често се соочуваат со невработеност како и непризнавање на нивните предходно стекнати професионални квалификации. Всушност по нивното мигрирање голем дел од бегалците со соочуваат со намалување на нивните шанси и можности за вработување.[142] Бегалците доаѓаат во ситуација нивните вештини да бидат обезвредните во една средина која за нив претставува страна териоторија и место и средина која мошне често знае да има и едно непријателско расположение кон нив. Всушност тоа се практично само еден мал дел од проблемите со кои бегалците се соочуваат. Друго горливо прашање и проблем е тоа што при миграцијата бегалците ја губат својата матерјална егзистенција што пак наметнува потреба за државата домаќин да им обезбеди заштита односно да им обезбеди финансиска поддршка се со цел истите да бидат во состојба повторно да застанат на нозе и да можат самите да се издржуваат и грижат за себе.[143] Сите актери кои се клучни кога е во прашање вработувањето на бегалската популација мора да соработуваат заедно. Тоа всушност подразбира соработка помеѓу властите, работодавачите како и сите други инволвирани актери со бегалците. Успешната интеграција всушност е во тесна корелација со интеграцијата на пазарот на труд на бегалската популација.[144] Државите условно кажано имаат обврска да ги информираат бегалците за можностите на пазарот на труд по нивното мигрирање. Оваа обврска произлегува од резолоциите на Обединетите нации кои им ја наметнуваат таа обврска на државите потписнички на

[140] Kosyakova, Yuliya, & Laible, Marie-Christine, “Importance of Personality Traits for Destination-Language Acquisition: Evidence for Refugees in Germany”, International Migration Review, Volume 58, Issue 1, 2024, pp. 347-385. (Str. 348)
[141] Schenner, Johanna K. & Neergaard, Anders “Asylum-seekers and refugees within Europe and labour market integration” Transfer: European Review of Labour and Research, Volume 25, Issue 1, 2019, pp. 13-24. (Str. 15)
[142] Yakushko, Oksana & Backhaus, Autumn & Watson, Megan & Ngaruiya, Katherine & Gonzalez, Jaime “Career Development Concerns of Recent Immigrants and Refugees” Journal of Career Development, Volume 34, Issue 4, 2008, pp. 362-396. (Str. 364)
[143] Zaman, Tahir & Collyer, Michael & Sabates-Wheeler, Rachel & Szyp, Carolina “Beyond rights-based social protection for refugees.” Global Social Policy, Volume 23, Issue 2, 2023, pp. 224-246. (Str. 227)
[144] Wehrle, Katja & Kira, Mari & Klehe, Ute-Christine & Hertel, Guido “Scorched Earth: Employers’ Breached Trust in Refugees’ Labor Market Integration” Business & Society, Volume 63, Issue 1, 2024, pp. 60-107. (Str. 60)

договорите поврзани со бегалците.[145] Она што се случува во практиката е различно од она што е пропишано во теоријата. Имено иако условно кажано третманот на бегалците треба да биде изедначен со оној на домородното население во државата домаќин на бегалците односно истите по правило би требало да ги уживаат истите права сепак кога е во прашање вработувањето во практиката тоа не е случај односно третманот на бегалците и домордното население кога е во прашање вработувањето не е на исто рамниште односно колку истите добиваат ист третман е дискутабилно.[146] За да имаме еднаквост мора да имаме еднаков третман односно само тогаш кога бегалците ќе имаат бенефит од можностите кои за сите ќе бидат еднакви како и кога истите ќе можат во целост да ги остварат своите права и обврски исто како и домородното население ќе имаме успешна интеграција.[147] Според Gareth Mulvey во насока на успешната интеграција треба примарно да се тргне од обезбедувањето на домување, здравствена заштита и образование за бегалците. Воедно иститот истакнува дека интеграцијата на бегалците дека треба да заземе висока позиција на политичката агенда односно дека истата треба да биде посебно концепирано поле на политиката кое ќе биде трансверзално и полицентрично.[148] Она што дефинитивно не придонесува за успешно интегрирање на бегалците се ставовите на јавноста кон бегалската популација кои знаат да бидат негативни како и отсуството на политики кои ќе бидат насочени кон ефективна интеграција на бегалската популација. Од друга страна пак за позитивен исход кога е во прашање интеграцијата на бегалците меѓуостантото неопходно е како што и претходно веќе споменавме и подетално елаборираме обезбедување на домување, вработување, обрзование како и социјален капитал.[149] Исто така во насока на интеграција на бегалската популација мошне значајни се и обуките за јазик како и за развивање на одредени други вештини. Всушност постојат бројни иницијативи коишто се поддржани финансиски од одредени фондови кои ја нагалсуваат важноста за успешна интеграција на бегалската популација и кои го промовираат меѓукултурниот дијалог како и учењето на јазик и развојот на одредени вештини од страна на бегалската популација. Такви фондови се на пример Европскиот фонд за бегалци и Фондот за влијанието на мигрантите.[150] Интеракцијата помеѓу бегалската популација и домородното население останува лимитирана и покрај политиките на инклузија. Овие политики се почесто се практикуваат и особено се карактеристични за западните држави но за жал истите не вродуваат со плод

[145] Yakushko, Oksana & Backhaus, Autumn & Watson, Megan & Ngaruiya, Katherine & Gonzalez, Jaime "Career Development Concerns of Recent Immigrants and Refugees" Journal of Career Development, Volume 34, Issue 4, 2008, pp. 362-396. (Str. 363)

[146] Schenner, Johanna K. & Neergaard, Anders "Asylum-seekers and refugees within Europe and labour market integration" Transfer: European Review of Labour and Research, Volume 25, Issue 1, 2019, pp. 13-24. (Str. 19, 20)

[147] Kontowski, Daniel & Leitsberger, Madelaine "Hospitable universities and integration of refugees: First responses from Austria and Poland", European Educational Research Journal, Volume 17, Issue 2, 2018, pp. 248-270. (Str. 251)

[148] MULVEY, GARETH. "Refugee Integration Policy: The Effects of UK Policy-Making on Refugees in Scotland." Journal of Social Policy, Volume 44, Issue 2, 2015, pp. 357 – 375. (Str. 363)

[149] PHILLIMORE, JENNY. "Refugees, Acculturation Strategies, Stress and Integration." Journal of Social Policy, Volume 40, Issue 3, 2011, pp. 575 – 593. (Str. 577)

[150] Ibid (Str. 576)

односно немаат голем ефект во практиката.[151] За разлика од економските мигранти кои што имаат многу повеќе можности за интеракција со локалната популација бегалците се во поинаква позиција. Имено послабите изгледи за интеграција кои во одредени ситуации дури изгледаат како комплетно невозможни имаат влијание и на можноста за интеракција на бегалската популација со локалното население.[152] Една од најголемите пречки ако не и најголемата кога е во прашање интегрирањето на бегалската популација секако е непознавањето на јазикот кој се зборува во државата домаќин.[153] Најголем дел од бегалците или воопшто не го знаат јазикот кој што се зборува во државата кој е нивен домаќин или пак истите мошне малку го познаваат јазикот. Сето тоа во голема мера се должи на фактот што тие во голема мера не биле подготвени да мигрираат и на фактот што станува збор за присилна миграција.[154] Истото е случај и со вештините и квалификациите кои ги поседуваат кои во голема мера не се соодветни со потребите на пазарот на труд во државата домаќин. Всушност истите немаат прилика да се подготват подобро за миграција односно војната и опасноста од прогон не им оставаат простор да се подготват за нивната миграција.[155] Покрај непознавањето на јазикот што е еден од најголемите пречки за бегалците и проблеми со кои се соочуваат поприлично крупни прашања се и културолошките бариери и недостигот на релевантни информации.[156] Гарантирањето на правата на бегалците е само првиот иницијален чекор кон нивна целосна заштита. Имено тие се поприлично ранлива и фрагилна категорија која е обесправена и на која и е неопходна дополнителна помош и поткрепа.[157] Во обезбедувањето на заштитата на бегалците многу значајно место заземаат и невладините организации кои во голема мера се подржани од Европската Унија но и од Високиот комесаријат за бегалци на Обединетите Нации (УНХЦР) кои поддржуваат проекти кои се во насока на обезбедување и подобрување на заштитата на бегалците. Персоналот на истите овие невладини организации примарно се грижи за задоволување на основните потреби на бегалците како и истиот во голема мера им нудат психосоцијална помош на бегалците.[158] Во насока

[151] Valsecchi, Giulia, Berent, Jacques, Borinca, Islam, Green, Eva G. T., & Falomir-Pichastor, Juan M. “Inclusive social norms and nationals’ positive intergroup orientations toward refugees: The moderating role of initial prejudice and intergroup contact” Group Processes & Intergroup Relations, Volume 27, Issue 2, 2024, pp. 322-347. (Str. 323)
[152] Ibid (Str. 323)
[153] Kontowski, Daniel & Leitsberger, Madelaine “Hospitable universities and integration of refugees: First responses from Austria and Poland”, European Educational Research Journal, Volume 17, Issue 2, 2018, pp. 248-270. (Str. 251)
[154] Kosyakova, Yuliya, & Laible, Marie-Christine, “Importance of Personality Traits for Destination-Language Acquisition: Evidence for Refugees in Germany”, International Migration Review, Volume 58, Issue 1, 2024, pp. 347-385. (Str. 350)
[155] Ibid (Str. 352)
[156] Nisanci, Aslihan & Kahraman, Rumeysa & Alcelik, Yusuf, & Kiris, Ulviyenur “Working with refugees during COVID-19: Social worker voices from Turkey” International Social Work, Volume 63, Issue 5, 2020, pp. 685-690. (Str. 688)
[157] Kontowski, Daniel & Leitsberger, Madelaine “Hospitable universities and integration of refugees: First responses from Austria and Poland”, European Educational Research Journal, Volume 17, Issue 2, 2018, pp. 248-270. (Str. 265)
[158] Nisanci, Aslihan & Kahraman, Rumeysa & Alcelik, Yusuf, & Kiris, Ulviyenur “Working with refugees during COVID-19: Social worker voices from Turkey” International Social Work, Volume 63, Issue 5, 2020, pp. 685-690. (Str. 686)

на одбивање на бранот на бегалци можевме да посведочиме на усвојувањето на рестриктивни политки во однос на бегалската популација. Еден еклатантен пример е Данска која преку воведувањето на една далеку порестриктивна политика во однос на бегалците и миграција се обидуваше да ги одврати бегалците. Овие политки меѓуостанатото вклучуваа помали бенефици за бегалската популација, прологирање на траењето на реуинификацијата со фамилиите на бегалската популација како и одземање на вредните предмети во поседство на бегалците. Всушност третманот кон бегалците и овие политки карактеристични за државите од западот заземаа едно од централните теми во медиумскиот простор кој се занимаваше со судибините на овие бегалци.[159] Она на што можевме исто така да посведочиме е на крирање на отпор кон бегалската популација дури и во држави кои генерално се благонаклони кон истите и каде бегалците наидуваат на раширени врати. Пример за една таква држава е Шведска каде во изминатите години беа забележани поголем број на бегалци што се должеше пред се на војни коишто беснеат на блискиот Исток како и конфликтите од североисточниот дел на Африка. Сепак важно е да се нагласи дека Шведска е една од државите која прими и прифати најголем број на бегалци во изминатите години.[160] Кога ги анализираме западните држави и нивниот однос кон бегалците и нивната корелација со бегалската популација не можеме а да не ги споменеме Соединетите Американски Држави. Имено во целата концепција на т.н. Американски сон централна категорија се токму бегалците и сонот за слобода. Клучен сегменет од овој американски сон е токму бегањето од опасноста од прогон со кој е соочена бегалската популација. Приказната за Америка не би била комплетна доколку во неа не се споменат бегалците кои играат една мошне значајна улога.[161] Историски погледнато САД условно кажано ги користеше бегалците како своевидно средство за делегитимирање на спротивната страна односно за прикажување на комунистичкиот режим во еден негативен контекст. Во насока на таа агенда САД во периодот на Студената Војна нарпавија процесот на стекнување на азил и стекнувањето на статус на бегалец да биде полесен за оние лица кои бегаат од комунистичкиот режим.[162] Она што во овој контекст е важно да се нагаласи е дека добивањето на статус на бегалец во периодот на Студената војна во голема мера беше фокусирано и гарантирано исклучиво на оние бегалци кои доаѓаат од некоја држава со комунистичко уредување на општествениот систем.[163] Во насока на докажување на тоа дека во комунистичките системи постои условно кажано репресија на државите од северот во прилог им беше да ги прифатат бегалците.

---

[159] Abdelaaty, Lamis, & Steele, Liza G., “Explaining Attitudes Toward Refugees and Immigrants in Europe”, Political Studies, Volume 70, Issue 1, 2022, pp. 110-130. (Str.110)
[160] Batsleer, Janet, Andersson, Björn, Liljeholm Hansson, Susanne, Lütgens, Jessica, Mengilli, Yağmur, Pais, Alexandre, Pohl, Axel, & Wissö, Therése, “Non-formal spaces of socio-cultural accompaniment: Responding to young unaccompanied refugees – reflections from the Partispace project”, European Educational Research Journal, Volume 17, Issue 2, 2018, pp. 305-322. (Str. 309, 310.)
[161] Fee, Molly, & Arar, Rawan, “What Happens When the United States Stops Taking in Refugees?” Contexts, Volume 18, Issue 2, 2019, pp. 18-23. (Str.20)
[162] Turkoglu, Oguzhan. “Supporting rebels and hosting refugees: Explaining the variation in refugee flows in civil conflicts” Journal of Peace Research, Volume 59, Issue 2, 2022, pp. 136-149. (Str. 138)
[163] Shiff, Talia. “Reconfiguring the Deserving Refugee: Cultural Categories of Worth and the Making of Refugee Policy.” Law & Society Review, Volume 54, Issue 1, 2020, pp. 102 – 132. (Str. 110)

Всушност таков еден потег се сметаше условно кажано за корисен од политички аспект. Она што е типично за периодот на Студената војна е токму бегството на голем број на бегалци од државите со комунистички тип на уредување.[164] Времето покажува промена на некои трендови па така ако во минатото некои држави предничеле кога е во прашање приемот на бегалци денес истите не се лидери во тоа поле. Таков еклатантен пример е случајот со Соединетите Американски држави кои во изминатите години примили далеку помал број односно двојно помал број на бегалци во споредба со остатокот од државите. Овие трендови се особено евидентни во изминатите неколку години. Доколку се погледне пак во минатото ќе се увиди дека истата оваа држава беше условно кажано лидер во приемот на бегалци. Имено истата оваа држава беше лидер во приемот на бегалци особено во втората половина на минатиот век.[165] Промена во курсот или во политката кон бегалците можеме да ја забележиме во времето на претседателот Трамп. Имено во времето кога со Соединетите Американски Држави раководи претседателот Трамп САД ја губат лидерската позиција кога е во прашање приемот на бегалци. За илустрација во минатото САД предничеле во однос на ова прашање и имале лидерска позиција и биле подобро рангирани од сите останати држави меѓу кои и од некои скандинавски држави како и од Австралија и Канада.[166] Она што сепак е важно да се нагласи е дека во последниве години евидентна е измена на политиката во однос на бегалците којашто ја имаат Соединетите Американски Држави. Имено претседателот Бајден изрази подготвеност да го зголеми приемот на бегалци. За разлика од него политиката на неговиот претходник претседателот Доналд Трамп беше дијаметрално спротивна. Една од работите по кои ќе остане запаметен овој претседател е дефинитивно забраната за влез со неопределен временски карактер од јануари 2017 година за Сириците како и забраната за влез на сите други бегалци во времетраење од 120 дена. Овие забрани беа дискутабилни и покренаа лавина на реакции. Воедно истите тие забрани беа пропратени со големи правни предизвици. Во овој дел исто така мошне важно да се нагласи е дека кога станува збор за САД важно е да се потенцира дека во изминативе години прашањето поврзано со бегалците и миграцијата е едно од најдискутираните и токму по однос на оваа прашање се кршеа копјата на креаторите на политиките во државата.[167] Кога говориме за тертамнот и пристапот кон бегалците на Соединетите Американски Држави треба исто така треба да се потенцира дека имаме условно кажано парадокс помеѓу реалноста обоена во боите на национализмот односно на суверената национална држава и на аспирациите во поглед на универзалните човекови слободи и права. Овој парадокс се пресликува во пристапот и третманот којшто го имаат

[164] Turner, Lewis. "'#Refugees Can Be Entrepreneurs Too!' Humanitarianism, Race, and the Marketing of Syrian Refugees." Review of International Studies, Volume 46, Issue 1, 2020, pp. 137 – 155. (Str. 141)
[165] Tran, Van C., and Francisco Lara-García. "A New Beginning: Early Refugee Integration in the United States." RSF: The Russell Sage Foundation Journal of the Social Sciences, vol. 6, no. 3, 2020, pp. 117–149. (Str.118)
[166] Fee, Molly, & Arar, Rawan, "What Happens When the United States Stops Taking in Refugees?" Contexts, Volume 18, Issue 2, 2019, pp. 18-23. (Str. 19)
[167] THORSON, EMILY, and LAMIS ABDELAATY. "Misperceptions about Refugee Policy." American Political Science Review, Volume 117, Issue 3, 2023, pp. 1123 – 1129. (Str. 1123)

САД кон бегалската популација.[168] Ако се погледне соодносот на примени мигранити и бегалци во Соединетите Американски Држави ќе се забележи дека имаме поголем број на примени мигранти од колку на бегалци. Всушност тие бројки одат во корелација со трендот на помал прием на бегалци кој е карактеристичен денес за САД. Падот во однос на приемот е особено евидентен ако се увидат бројки од 80-тите години на минатиот век кога САД практично го забележуваат највисокиот прием на бегалци во нивната историја.[169] Бегалците за жал се соочуваат со дискриминација во САД. Воедно голем проблем за истите или едни од најголемите пречки со кои истите се соочуваат се непознавањето на англискиот јазик, неписменоста, немањето на образование како и немањето вештини барани на модерниот пазар на труд и во модерната економија.[170] Економијата и безбедноста се прашања кои го проблематизираат приемот на бегалците. Всушност на расположението и ставовите за прием на бегалци големо влијание има економската состојба во државата на прием како и стравувањата поврзани со безбедноста на државата. Исто така големо влијание имаат и меѓукултурните интеракции кои исто така го обликуваат јавниот став и мислење во однос на ова прашање. Она што се забележува како тренд се обвинувања на сметка на бегалците од страна на локалната популација за проблемите со кои се соочува нивната држава. Во корелација со овие обвинувања имаме и се поголем број на напади врз бегалската популација. Всушност ако погледнеме подлабински и направиме историска анализа ќе забележиме промена на ставовите кон бегалската популација и појава на тренд на намалување на поддршката за приемот на бегалците во голем број на држави.[171] Отпорот или негативниот став на јавноста кон приемот на бегалци исто така се должи и на зголемениот квантум и интензитет на принудната миграција. Како резултат на ова зголемување имаме и драматично зголемување на бројот на бегалци што претставува огромен предизвик за државите.[172] На начинот на перцепирање на бегалците во голема мера влијае и начинот на кој истите тие се портретирани во медиумскиот простор. Начинот на кој се прикажани бегалците во медиумскиот простор во голема мера варира од држава до држава. Така на пример држави каде беше типичен еден помек пристап на медиумите во однос на прашањето на бегалците и миграцијата беа Велика Британија и Канада каде беше евидентна поголема емпатија и отвореност кон бегалската популација. Типичен контраст беа американските медиуми односно медиумите во САД кои бегалците ги прикажуваа како своевидна опасност. Овој негативен став кон бегалската популација одеше во кореалција со усвојувањето на нацрт закон со кој се воведува забрана за прием на бегалци од одредени држави во Соединетите

---

[168] Tabak, Shana. “Refugee Detention as a Violation of International Law.” Proceedings of the ASIL Annual Meeting, Volume 110, 2016, pp. 215 – 218. (Str. 216)

[169] Allen, Ryan. “Benefit or Burden? Social Capital, Gender, and the Economic Adaptation of Refugees.” *The International Migration Review*, vol. 43, no. 2, 2009, pp. 332–365. (str.333)

[170] Rowe Jimmy & APR Paterson Jeff “Culturally Competent Communication With Refugees” Home Health Care Management & Practice, Volume 22, Issue 5, 2010, pp. 334-338. (Str. 334)

[171] Ghosn, Faten & Braithwaite, Alex, & Chu, Tiffany S., “Violence, displacement, contact, and attitudes toward hosting refugees”, Journal of Peace Research, Volume 56, Issue 1, 2019, pp. 118-133. (Str. 118)

[172] Rosenzweig, Leah R., & Zhou, Yang-Yang “Team and Nation: Sports, Nationalism, and Attitudes Toward Refugees” Comparative Political Studies, Volume 54, Issue 12, 2021, pp. 2123-2154. (Str. 2124)

Американски Држави. [173] Во изминатиот период се посветува големо внимание на подобрување на расположението за прием на бегалци односно во насока на елеминирање на растечката резистентност кога е во прашање приемот на бегалците. Всушност сведоци сме на драматичен пад на поддршката за прием на бегалци во повеќето држави ширум светот.[174] Постои отсуство на волја кај политичарите кога е во прашање приемот на бегалци. Тоа во голема мера се должи на префрлањето на вината на бегалците односно на обвинувањата на политичарите дека имаме губење на работните места како и економски реперкусии поради миграцијата и приемот на бегалци. Овие обвинувања се типични во побогатите држави и се во насока на мобилизација на гласачкото тело од страна на политичките елити во тие држави.[175] Неопходно е да се гледаат и позитивните и негативните страни кога е во прашање приемот на бегалците. Имено паричката има две лица. Всушност бегалците не се само товар за државите домаќини односно иако истите со себе носат предизвици кои се поврзани со бројни економски, еколошки и безбедносни аспекти истите имаат и позитивен импакт на тој начин што со себе носат ресурси и капитал од кој бенефит може да има државата домаќин.[176] Општеството домаќин може да има една цела серија или плејада на бенефити со приемот на бегалците. Всушност тие ја раздвижуваат економијата со својата економска активност и може да имаат позитивен импакт врз економскиот стандард во државата домаќин. Исто така преку меѓународната помош која е насочена кон бегалците може да има значаен прилив на средства во државата домаќин. Имено истите може мошне позитивно да вилијаат на целокупната благосостојба во општеството домаќин.[177] Сепак во овој сегмент мошне значајно е да се спомене дека на бегалците им е неопходна асистенција за истите да станат самостојни и целосно да се интегрираат. Всушност за разлика од економските мигранти бегалците изискуваат поголема интервенција на државата домаќин која опфаќа помош и асистенција по нивниот процес на миграција а се со цел да има една успешна адаптација и интеграција во нивната нова држава. Таа помош опфаќа повеќе аспекти од примана медицинска помош до финансиска помош како и помош при вработувањето и поддршка во изучувањето на јазикот на државата домаќин.[178] Клучна алатка којашто може да им помогне односно да им го олесни процесот на интегрирање на бегалците е образованието. Всушност преку образованието младите бегалци можат полесно да се вклучат во социјалниот живот на државата домаќин што е од особена важност за целосна интеграција во државата домаќин. Преку образованието кое треба да нуди многу повеќе од академска едукација се очекува процесот на интегрирање да тече без никакви проблеми и

---

[173] Alhayek, Katty. “Syrian Refugees in the Media.” *Middle East Report*, no. 278, 2016, pp. 10–11. (str.10)
[174] Ghosn, Faten & Braithwaite, Alex, & Chu, Tiffany S., “Violence, displacement, contact, and attitudes toward hosting refugees”, Journal of Peace Research, Volume 56, Issue 1, 2019, pp. 118-133. (Str. 122)
[175] Gerver, Mollie. “Helping Refugees Where They Are.” Ethics & International Affairs, Volume 35, Issue 4, 2021, pp. 563 – 580. (Str. 564)
[176] Jacobsen, Karen. “Can Refugees Benefit the State? Refugee Resources and African Statebuilding.” The Journal of Modern African Studies, vol. 40, no. 4, 2002, pp. 577–596. (Str. 577)
[177] Ibid (Str. 580)
[178] Tran, Van C., and Francisco Lara-García. “A New Beginning: Early Refugee Integration in the United States.” RSF: The Russell Sage Foundation Journal of the Social Sciences, vol. 6, no. 3, 2020, pp. 117–149. (Str.118)

непречено.[179] Постојат одредени проблеми на кои посочуваат Обединетите нации. Така еден од клучните е немањето на едно јасно разграничување помеѓу тоа какви разлики може да има помеѓу лицата што мигрирале и граѓаните на државата домаќин што пак во голема мера се должи на фактот што регулативата за човекови права не утврдува на еден јасен и прецизен начин кои обврски се од обврзувачки карактер за државите и какви мерки истите тие држави треба да превземат. Всушност за сето оваа односно за оваа проблематика подробно се говори токму во специјалниот извештај на Обединетите Нации којшто се однесува на правото на образование на бегалците, барателите на азил и мигрантите.[180] За бегалците на масата се две опции. Првата опција е натурализација во некоја друга држава додека пак втората опција е.да се вратат во своето родно огниште.[181] Ситуацијата на бегалците може да се оконча на тој начин што истите ќе се вратат во сопствената држава и тоа на доброволна основа. Ова е по познато во теоријата под терминот доброволна репатријација или доброволно враќање и едно од трите прокламирани решенија за ситуацијата на бегалската популација.[182] Ова окончување на ситуацијата на бегалците или поточно ова прокламирано решение е дефинитивно омилено за државите. Всушност истото тоа е и едно од решенијата кое е омилен избор на Високиот Комесаријат за Бегалци на Обединетите Нации УНХЦР.[183] За да имаме репатријација или враќање назад кое е легитимно мора да се исполнат неколку критериуми. Прво истото треба да биде спроведено на еден достоинствен и безбеден начин и истото треба да е извршено на доброволна основа и да претставува личен избор на бегалецот. Всушност само со исполнување на овие погоре прокламирани меѓународни стандарди целокупниот процес ќе биде легитимен.[184] Целокупниот процес мора да се води крајно внимателно и да не се остави простор за ризик. Имено пред финализирањето на одлуката за враќање на бегалците треба да им биде помогнато да ја донесат исправната одлука. Државите домаќини всушност треба да им помогнат на тој начин што ќе им дадат одобрение на бегалците пред финализирањето на одлуката да можат да ја посетат државата од која истите потекнуваат и потоа да можат да одлучат. Воедно во оваа насока мора да бидат спроведени серија на истражувања во државата од кадешто бегалците потекнуваат од страна на релевантните актери како што се организациите коишто се занимаваат со оваа проблематика. Всушност ништо не смее да биде оставено на случајот туку напротив бегалците мора да бидат снабдени со сите релевантни и неопходни информации од страна на Обеденинетите нации и релевантните организации се со цел да бидат свесни за секој можен потенцијален ризик што го

---

[179] Damaschke-Deitrick, Lisa, and Alexander W. Wiseman. "Migration, Refugees, and Education: Challenges and Opportunities." International Perspectives on School Settings, Education Policy and Digital Strategies: A Transatlantic Discourse in Education Research, edited by Annika Wilmers and Sieglinde Jornitz, 1st ed., Verlag Barbara Budrich, 2021, pp. 95–109. (Str. 95)

[180] Willems, Kurt, & Vernimmen, Jonas "The fundamental human right to education for refugees: Some legal remarks" European Educational Research Journal, Volume 17, Issue 2, 2018, pp. 219-232. (Str. 220)

[181] Owens, Patricia, "Reclaiming 'Bare Life'?: Against Agamben on Refugees", International Relations, Volume 23, Issue 4, 2009, pp. 567-582. (Str. 571)

[182] McCONNACHIE, KIRSTEN. "Refugee Policy as Border Governance: Refugee Return, Peacebuilding, and Myanmar's Politics of Transition." Modern Asian Studies, Volume 56, Special Issue 2: Border Governance in Myanmar, 2022, pp. 661 – 690. (Str. 669)

[183] Ibid (Str. 669)

[184] Ibid (Str. 669)

носи нивното враќање а со тоа да можат да донесат и соодветна односно исправна одлука.[185] Во ниеден случај не смее да биде дозволено бегалците да бидат загрозени односно нивната безбедност и слобода да биде доведена во прашање. Исто така во ниеден случај не смее да се дозволи спротивно на нивните лични преференции и на нивната волја да бидат приморани да ја донесат одлуката да се вратат во државата од каде потекнуваат. Прв клучен суштински критериум кој никако не смее да биде оставен не испочитуван е тоа одлуката на бегалците за нивното враќање во државата од каде истите тие потекнуваат да биде базирана на нивна лична одлука и на подготвеност за тој чекор. За оваа подготвеност се говори во релевантните конвенции кои ја уредуваат оваа материја а за истата говори и Високиот Комесаријат за Бегалци на Обединетите Нации УНХЦР според кој подготвеноста од страна на бегалците е од клучно значење.[186] Состојба на безизлез е неретко сценарио во кое голем број на бегалци се наоѓаат. Имено голем број на бегалци може да бидат доведени во ситуација на безизлез. Така на пример истите не се посакувани во државата домаќин која нивниот престој смета дека не треба да биде на неопределено време поради што таму не можат да останат трајно воедно истите не се посакувани ни во некоја друга држава која би се нафатила да ги прими истите и да им понуди престој на долгорочна основа. Исто така истите не се ни во позиција да се вратат назад односно да се вратат во државата од каде истите тие потекнуваат поради тоа што нивната слобода и безбедност на тој начин би биле доведени во прашање односно би биле загрозени.[187] Бегалците се условно кажано во една лимбо позиција. Имено истите ниту можат да најдат ново огниште во некоја друга држава ниту пак истите имаат можности да се интегрираат во државата која е нивен моментален домаќин. Сето оваа е во корелација со намерите на властите во мноштвото од државите домаќини на бегалска популација чија примарна цел е да ги поттикнат бегалците да се вратат назад во државите од кои истите тие потекнуваат. Тоа го прават на тој начин што им го отежнуваат процесот на интеграција како и ги лимитираат правата кои истите тие можат да ги ползуваат.[188] Обидот на бегалците да започнат нов живот и успешно да се интегрираат во нивното ново општество е условно кажано жртва на негативната реторика насочена кон бегалците како и на политиките кои имаат за цел да ја отежнат интеграцијата на бегалската популација.[189] Бегалците условно кажано се обидуваат да го пронајдат своето место под сонцето. Всушност истите го бараат своето место во нивното ново општество кое всушност истите ги исклучува додека тече односно додека се одвива процедурата за азил. Всушност откако ќе се ослободат од стегите со кои е

[185] Gerver, Mollie. “Refugee Repatriation and the Problem of Consent.” British Journal of Political Science, Volume 48, Issue 4, 2018, pp. 855 – 875. (Str. 855)
[186] Lassailly-Jacob, Véronique. “Forced Migration in Africa: A New but Overlooked Category of Refugees.” Migration in A Globalised World: New Research Issues and Prospects, edited by Cédric Audebert and Mohamed Kamel Doraï, Amsterdam University Press, 2010, pp. 191–202. (Str.193)
[187] Ghufran, Nasreen. “Afghans in Pakistan: A ‘Protracted Refugee Situation.’” Policy Perspectives, vol. 5, no. 2, 2008, pp. 117–129. (Str. 118)
[188] Alrababah, Ala & Masterson, Daniel & Casalis, Marine & Hangartner, Dominik & Weinstein, Jeremy “The Dynamics of Refugee Return: Syrian Refugees and Their Migration Intentions.” British Journal of Political Science, Volume 53, Issue 4, 2023, pp. 1108 – 1131. (Str. 1109)
[189] MULVEY, GARETH. “Refugee Integration Policy: The Effects of UK Policy-Making on Refugees in Scotland.” Journal of Social Policy, Volume 44, Issue 2, 2015, pp. 357 – 375. (Str. 357)

пропратена самата процедура на признавање на правото на азил и стекнувањето на статус на бегалец бегалците се исправаат пред нов предизвик а тоа е како да најдат начин да се вклопат во нивниот нов дом односно во нивното ново општество.[190] Меѓу предизвиците со кои бегалците константно се соочуваат е првенствено оспорувањето на нивниот легитимитет како и константното испитување на моралниот интегритет којшто истите го поседуваат како и на тоа каква вредност истите тие имаат за општеството од економски аспект. Тоа всушност се само дел од предизвиците пред кој се исправени бегалците при нивното интегрирање во нивната нова држава односно во општеството домаќин.[191] Благостостојбата на бегалците дефинитивно е афектирана по нивната миграција. Покрај благосостојбата сериозно страда и целокупното здравје на бегалската популација. Процесот на нивно прилагодување во нивниот нов дом односно во нивното ново општество навистина е тежок и предизвикувачки.[192] Кога се во прашање бегалците едно од примарните прашања кој се поставува или дилема која се јавува е испитување на способноста на државата домаќин да апсорбира бегалци особено кога станува збор за еден поголем број. Покрај таа дилема од суштинска важност е и прашањето за тоа на кој треба да му се гарантира правото на азил односно во практиката се појавуваат одредени правни дилеми во процесот на стекнување на статус на бегалец. Овие дилеми или прашања се всушност двете клучни категории на проблеми кои се појавуваат кога се во прашање бегалците, правото на азил и миграцијата. [193] Државите кои се во развој имаат најголема мака да се справат со предизвиците кои се поврзани со бегалците. Тоа е особено случај кога овие држави треба да се справат со голем бегалски бран. Бегалците можат условно кажано да предизвикаат политички и економски земјотрес во државите кои треба да бидат нивни домаќини поради што некои држави одбиваат да примат бегалци. Тоа најчесто се случува кога нивниот број е навистина голем.[194] Одговорноста во однос на бегалците е споделена. Имено не се само оние држави кои се директно афектирани со оваа проблематика одговорни за решавање на проблемот туку одговорноста паѓа и на сите оние држави кои не се директно засегнати. Всушност станува збор за еден глобален универзален пролем кој бара светски напор за да биде соодветно адресиран. [195] Климатски бегалци или како што некаде се нарекуваат бегалци од климатските промени се нов етнитет кој се појавува во науката за бегалците. Всушност настанувањето на овие бегалци се должи на сериозните климатски промени со кои светот денес е соочен. Негативните последици од климатските промени се толку многу големи што како резултат на истите голем број

[190] Bernhard, Stefan "Reaching in: Meaning-making, receiving context and inequalities in refugees' support networks", The Sociological Review, Volume 69, Issue 1, 2021, pp. 72-89. (Str. 77)
[191] Ibid (Str. 79)
[192] Rowe Jimmy & APR Paterson Jeff "Culturally Competent Communication With Refugees" Home Health Care Management & Practice, Volume 22, Issue 5, 2010, pp. 334-338. (Str. 334)
[193] Warbrick, Colin. "Refugees." The International and Comparative Law Quarterly, vol. 36, no. 4, 1987, pp. 924–929. (Str.924)
[194] Bariagaber, Assefaw. "States, International Organisations and the Refugee: Reflections on the Complexity of Managing the Refugee Crisis in the Horn of Africa." The Journal of Modern African Studies, Volume 37, Issue 4, 1999, pp. 597 – 619. (Str. 603)
[195] Akram, Susan M. "Palestinian Refugees and Their Legal Status: Rights, Politics, and Implications for a Just Solution." *Journal of Palestine Studies*, vol. 31, no. 3, 2002, pp. 36–51. (str.36)

на луѓе се принудени да мигрираат и да ги напуштат сопствените домови.[196] Во меѓународното право не постои таква категорија како климатски бегалци односно истото не ја утврдува оваа категорија додека пак според оксфордскиот речник климатски бегалци се оние лица кои се приморани да мигрираат како последица на климатските промени. Терминот климатски бегалец е и пошироко прифатен и усвоен во медиумскиот простор и во јавноста.[197] Причините за миграција на климатските бегалци се од еколошка природа и се резултат на климатски фактори. Поради тие причини нивната матична држава не е во состојба да одговори на барањата и потребите на сопствените граѓани. Климатските бегалци се всушност подкатегорија на бегалци чија миграција се должи на причинители кои се од една деликатна и уникатна природа.[198] Еден од факторите што неминовно има влијание на присилната миграција секако се и климатските промени. Всушност истите знаат да бидат причинители на бројни негативни ефекти кои може да имаат поприлично негативен реперкусии за афектираните држави. Дел од тие реперкусии се зголемување на случаите на кршење на човековите права, нарушување на мирот, влошување на економската ситуација и продлабочување на сиромаштијата. Всушност како последица на климатските промени и глобалното затоплување настануваат бројни кризи кои се испреплетуваат меѓусебно и истите со себе пропратно носат негативни реперкусии кои имаат импакт на присилната миграција.[199] Внатрешното раселување го има приматот кога е во прашање миграцијата предизвикана како последица на климатските промени меѓутоа мошне чести се и случаите кога имаме и миграција надвор од границите на државата а која се должи на последиците предизвикани од климатските промени. Причинители за оваа миграција се бројните природни катастрофи кои станаа почести односно бројните земјотреси, поплави, урагани и одрони чија силина исто така е со еден поголем волумен.[200] За добивање на статус на бегалци не се квалификуваат оние лица чија миграција е последица на климатските промени или на еколошките катастрофи. Истите за жал не подлежат на меѓународна заштита.[201] Конвенцијата за бегалците од 1951 година условно кажано не ги валидира овие бегалци. Имено согласно истата конвенција на оние лица кои мигрираат како последица на климатските промени не им се гарантира статусот на бегалец. Поради таа причина постојат бројни дилеми поврзани со правниот статус на погоренаведените бегалци. Во овој дел исто така важно е да се нагалси дека не постои унифицирана дефиниција која е широко прифатена за тоа што е климатски бегалец и за тоа што претставува климатска миграција.[202] Сепак важно е да се напомене и нагалси дека кога имаме прогон или пак насилство односно зголемен ризик од истите како последица на климатските промени постои и квалификување за статусот на бегалец согласно Конвенцијата од 1951 година која ја уредуваа оваа материја. Меѓутоа кога

[196] Mascia, Raphaella. “Complications of the Climate Change Narrative within the Lives of Climate Refugees: Slow Causality and Apocalyptic Themes.” Consilience, no. 22, 2020, pp. 31–38. (Str.31)
[197] Ibid (Str.31, 32)
[198] Buxton, Rebecca. “Reparative Justice for Climate Refugees.” Philosophy, Volume 94, Issue 2, 2019, pp. 193 – 219, (Str. 195)
[199] https://www.unhcr.org/what-we-do/build-better-futures/climate-change-and-displacement
[200] https://www.un.org/en/global-issues/refugees
[201] https://education.nationalgeographic.org/resource/environmental-refugee/
[202] https://weblog.iom.int/defining-climate-migrants-beyond-semantics

миграцијата се должи исклучиво на климатските промени и еколошки катастрофи даденото лице не може да се квалификува како бегалец според посочената конвенција. [203] Сепак ако направиме темелна анализа ќе увидиме дека климатските промени не се главниот двигател на присилната миграција. Имено анализите покажуваат дека бегалците во најголем дел доаѓаат од само пет држави кои заедно сочинуваат 73 проценти од случаите на бегалци за кој се грижи УНХЦР а клучниот двигател за нивната миграција се конфликтите кои практично се главната причина за големите бегалски бранови.[204] Според статистиките од средината на 2023 година имаме пет држави кои предничат по бројот на бегалци. Имено најголемиот број бегалци потекнуваат од Сирија, Авганистан, Украина, Венецуела и Јужен Судан. Сириците се најбројни со бројка од 6,5 милиони веднаш зад нив се Авганистанците со бројка од 6,1 милиони. Нешто малку помалку се Украинците со 6 милиони и Венецуела со 5,6 милиони. Последното место на оваа листа го зазема Јужен Судан со 2,2 милиони.[205] Рекорди постојано се рушат кога е во прашање бројот на бегалци во светски рамки па така само до средината на 2023 година беа регистрирани 30,51 милиони бегалци. Според податоците со кои располага Високиот Комесаријат за Бегалци на Обединетите Нации во 2022 година 1,2 проценти од светската популација била приморана да ја напушти својата матична држава. Бројките кои се двојно зголемени и необјасниво високи всушност говорат за една бегалска криза од глобални размери.[206]

### 1.1 детална анализа и определување на поимите миграција и мигрант

Мноштво на причини предизвикуваат односно допринесуваат или пак допринесувале луѓето да мигрираат. Впрочем миграцијата не е нов феномен туку напротив истата влече корени од многу одамна. Имено историјата говори дека уште од дамнешни времиња луѓето биле во постојано движење. Всушност човечката мобилност ја среќаваме постојано низ историјата. Причини за миграција се најразлични. Така на пример дел од нив се резултат на виша сила како што се природните непогодни како и глобалните проблеми поврзани со климатските промени и глобалното затоплување додека пак дел од причинителите се конфликтите што беснеат во светот и повредата на човековите права. Исто така друг дел од причните опфаќаат желба за подобра економска состојба и животен стандард, стекнување образование надвор од сопствената држава или пак реунификција со сопствената фамилијата којашто има мигрирано во друга држава.[207] Миграцијата е типична карактеристика на човекот и истата е евидентна уште од дамнешни времиња а причинителите за истата може да бидат од најразлична природа. Всушност ако направиме анализа ќе увидиме дека во историјата миграцијата постојано била присутна и постоела.[208] Историјата сведочи за постојано мигрирање на луѓето односно миграцијата не е одлика само на новото

---

[203] https://www.unhcr.org/news/stories/climate-change-and-displacement-myths-and-facts
[204] https://www.concern.net/news/global-refugee-crisis-explained
[205] https://www.un.org/en/global-issues/refugees
[206] https://www.concern.net/news/largest-refugee-crises
[207] https://www.un.org/en/global-issues/migration
[208] Goodman, Adam. “Nation of Migrants, Historians of Migration.” Journal of American Ethnic History, vol. 34, no. 4, 2015, pp. 7–16. (Str. 9)

време туку напротив уште во далечното минато луѓето биле приморани да мигрираат. Всушност постојат таканаречени фактори на влечење и туркање коишто преставуваат тригери за миграцијата. Овие тригери или фактори можат да бидат најразлични па така еден од тригерите се војните ширум светот, катастрофите што настануваат како резултат на природни непогоди, и подобрите економски или пак социјални прилики. Сите тие фактори како и повеќе други ги привлекуваат или поттикнуваат луѓето да мигрираат.[209] Се разбира секоја една индивидуа мигрира поради различни причини а факторите за миграција се многубројни. Доколку направиме една историска анализа ќе увидиме односно ќе осознаеме дека едни од првите луѓе коишто мигрирале биле луѓето од Африка коишто мигрирале од Африка во Азија. Имено првите мигранти биле античките луѓе коишто потекнувале од континентот Африка. Истите тие луѓе понатаму својот пат го продолжувале од југоистокот на Азија и во Австралија како и во Америка и Европа. Всушност историјата говори дека патот на првите мигранти поминувал од територијата на денешен Јемен и синајскиот полуосторов или поточно преку теснецот којшто е лоциран измеѓу Рогот на Африка и денешен Јемен. [210] Афричкиот континент е практично местото каде се забележуваат првите миграциони движења. Ако направиме една историска ретроспектива ќе видиме дека уште од најстарите исторски епохи постоело истржување за миграцијата како феномен. Всушност истата одсекогаш била еден од примарните фокуси на истерес на истражувачите како една општествена појава којашто има глобален карактер и значење.[211] Имено миграцијата е појава која одсекогаш побудувала интерес и истата е тематика која била и сеуште е предизвик за голем број на научни истражувачи кои ја анализираат во подробност. Меѓутоа она што е важно да се истакне според историчарите е дека феноменот на миграција претрпел одредени промени низ времето. Исто така историчарите нагласуваат дека миграцијата може да се јави во различни форми коишто имаат посебни карактеристики.[212] Во оваа насока едно од полињата кое побудува посебен интерес кај истражувачите кои се занимаваат со оваа проблематика е токму одгатнување или детектирање на промените кои настапуваат кога е во прашање миграцијата. Најзначајните промени коишто настапиле во миграциската историја всушност се промените коишто доаѓаат или настапуваат на завршетокот на 19-тиот век кога всушност настапува подемот на националните држави што пак придонело кон тоа државите да ги земат уздите во свои раце и да ја превземат контролата на сопствените граници. Тоа воедно значело и контрола на миграцијата преку имплементација на пасошите како и посебните квоти за државјанства. Во практика тоа значело обид за контрола на меѓународните граници а со самото тоа и на миграцијата.[213] Појавата на националните држави е всушност пресвртница во полето на миграцијата практично тоа е оној пресуден момент во кој

[209] Veeramoothoo, S. (Chakrika). "Social Justice and the Portrayal of Migrants in International Organization for Migration's World Migration Reports" Journal of Technical Writing and Communication, Volume 52, Issue 1, 2022, pp.57-93. (Str. 63)
[210] https://www.nationalgeographic.com/culture/article/migration
[211] Buettner, Elizabeth. "Migration and European History's Global Turn." Annales. Histoire, Sciences Sociales, English Edition, First View, 2022, pp. 1 - 20. (Str. 1)
[212] Goodman, Adam. "Nation of Migrants, Historians of Migration." Journal of American Ethnic History, vol. 34, no. 4, 2015, pp. 7–16. (Str. 9)
[213] Ibid (Str. 9)

некои нешта почнуваат да се менуваат. Сепак не може да се говори за миграцијата без притоа да се дефинира што точно истата претставува. Од суштинско значење е да се разбере што точно меѓународното право подразбира под поимот миграција. Воедно во поглед на оваа тематика и проблематика од клучно значење е да се определи и дефинира поимот мигрант односно да се осознае што точно означува и претставува мигрантот. Движењето или промената на местото од страна на индивидуите е појавата којашто меѓународното право ја дефинира како миграција. Овој концепт подразбира промена или заминување од матичната држава во друга држава од страна на индивидуи или пак група. [214] Наједноставно кажано миграцијата подразбира движење во просторот. Воедно во овој дел важно е да се истакне дека миграцијата можно е да се случува и во границите на самата држава а не само со преминување на границите на државата.[215] Што се однесува пак до тоа кој и што преставува мигрант одговорот ни го даваат Обединетите нации коишто даваат своја дефиниција за овој поим и мигрантот го дефинираат како некој што дванаесет месеци или пак подолг временски период од дванаесет месеци престојува во друга држава.[216] За тоа што е мигрант своја дефиниција дава и меѓународната организација за миграција. Имено според меѓународната организација за миграција меѓународното право не дава една јасна и прецизна дефиниција за поимот мигрант што пак остава еден вакум простор за произволно толкување и сваќање на овој поим. Според истата организација вообиечаено под поимот мигрант се подразбира некој што прави промена на местото каде што живее вообичаено. Воедно истата организација нагласува дека таа промена може да биде најразлична односно истата може да биде од привремен или пак траен карактер како и во рамки на државата или пак надвор од националните граници. [217] Кога говориме за миграцијата исто така од исклучително значење е и да се запознаеме со работата на Меѓународната организација за миграција како една организација која се занимава со проблематиката поврзана со мигрантите и бегалците и која има голема важност. Воедно во овој контекст важно да ја согледаме и историјата на оваа организација а се со цел и во насока на тоа да можеме да ја осознаеме нејзината значајна улога. Меѓународната организација за миграција всушност е една мошне значајна организација или тело. Имено истата е водечка организација кога е во прашање полето на миграцијата. Нејзиното основање датира од 1957 година кога истата била креирана се со цел да се изнајде решение на проблемот со луѓето во Европа коишто биле раселени по завршувањето на Втората светска војна. Имено оваа организација всушност е оперативна логистичка меѓувладина агенција која успеа да се позиционира како главно тело во полето на миграцијата чии надлежности и обем низ текот на годините станува се позначајни и поголеми.[218] Кога меѓународната организација за миграција била основана броела само 16 членки или држави за денес истата да брои дури 175 членки или држави после некаде 70 години. Денес

[214] Saito, Natsu Taylor. “Race, Indigeneity, and Migration.” AJIL Unbound, Volume 117, 2023, pp. 43 - 48. (Str. 43)
[215] Hollen Lees, Lynn. “Studying Migration on a Global Scale.” International Review of Social History, Volume 62, Issue 3, 2017, pp. 501 - 508. (Str. 506)
[216] Adamson, Fiona B. “Crossing Borders: International Migration and National Security.” International Security, vol. 31, no. 1, 2006, pp. 165–199. (Str. 170)
[217] https://www.iom.int/about-migration
[218] Ibid

таа преставува една од најголемите организации што постојат во светот. Меѓународната организација за миграција всушност била креирана со еден лимитиран мандат со точно превидена временска рамка којшто тесно бил поврзан со менаџирањето на миграцијата во разурнатата Европа во повоениот период. Како основач на меѓународната организација за миграција се јавуваат Обединетите нации.[219] Проблемите поврзани со миграцијата во повоена западна Европа меѓународната организација за миграција се обидувала да ги реши со промоција на преку океанската миграција на раселените лица во Европа со тоа што истата правела истата да биде многу поедноставна односно ја олеснувала или го правела поедноставен процесот на миграција.[220] За да ја разбереме миграцијата мораме примарно да сватиме што точно лежи во јадрото или коренот на истата. Всушност во срштa на миграцијата е мобилноста односно доколку направиме анализа ќе осознаеме дека миграцијата е мошне значајно прашање коешто подлежи на контрола на самите држави што пред се се доложи на фактот што истата опфаќа проаѓање на интернационалните граници.[221] Кога говориме за миграцијата и нејзиното правно дефинирање и уредување неминовно мораме да ја споменеме и универзалната декларација за човековите права кое ја уредува оваа проблематика. Со членот 13 од универзалната декларација за човекови права всушност за првпат правото на миграција беше воведено и етаблирано на меѓународната сцена. Она што е забележливо е тоа што со овој член не се пропишува дека секоја индивидуа има право да влезе во одредена друга држава меѓутоа истиот овој член пропишува дека секоја индивидуа има право да замине или да ја напушти сопствената држава или било која друга држава како и да се врати назад во матичната држава. [222] Важно е да се нагласи и спомене дека постојат различни типови на миграција односно истата може да се јави во различен облик или форма. Кога говориме за миграцијата мора да бидеме свесни за облиците или формите во кои истата се јавува. Имено од суштинско значење е да се прави јасна дистинкција помеѓу интернационалната и внатрешната како и доброволната и присилната миграција. Првенствено од суштествено значење е да направиме разлика помеѓу доброволната и присилната миграција. Имено како што и самото име кажува доброволната миграција е од доброволен карактер и истата најчесто настапува кога индивидуите мигрираат во потрага по подобар живот или економски перспективи. Присилната пак миграција исто така како што кажува и самото нејзино име има присилен карактер односно луѓето се присилени да мигрираат а една од најчестите причини поради која луѓето се присилени да мигрираат е поради војна или конфликт. Внатрешната и интернационалната миграција се исто така два различни типа на миграција. Имено внатрешната миграција се случува кога индивидуите или пак цели фамилии ја менуваат областа во рамките на својата матична држава додека пак кај интернационалната миграција имаме премин на државните граници и заминување

[219] Bradley, Megan, Cathryn Costello, and Angela Sherwood, editors. IOM Unbound?: Obligations and Accountability of the International Organization for Migration in an Era of Expansion. Cambridge: Cambridge University Press, 2023. Print. (Str. 1)
[220] Ibid (Str. 5)
[221] Andrikopoulos, A., & Duyvendak, J. W. “Migration, mobility and the dynamics of kinship: New barriers, new assemblages.” Ethnography, Volume 21, Issue 3, 2020, pp. 299-318. (Str. 301)
[222] Chamie, Joseph. “International Migration.” Great Decisions, 2016, pp. 35–50. (Str. 36)

во друга држава. [223] Она што вреди да се спомене и важно е да се истакне дека прислната миграција е онаа која го носи епитетот за најкомплексен тип на миграција како и тип на миграција што има мноштво на ефекти кои не би можеле да се оквалификуваат како добри или позитивни. Кога станува збор за миграцијата од присилен карактер важно е да се истакне дека истата може да има низа на негативни ефекти или последици. Имено истата може да допринесе за депопулација во државите од каде што луѓето мигрираат што пак има негативен импакт врз богаството на конкретната држава и остава последици што пред се се должи на губењето на голем број на квалификувани и неквалификувани работници.[224] Пристапот кога е во прашање присилната миграција неминовно е различен од тоа кога е во прашање доброволната миграција. Имено присилната миграција се разликува од доброволната миграција како во однос на динамиката така и во однос на причинителите поради што изискува еден пристап што е пoделикатен.[225] Всушност присилната и доброволната миграција се разлукуваат по многу нешта но прво и основно тоа се причините за настапување или настанување на истите. Токму поради тие евидентни разлики има и во однос на начинот на кој истите се третираат од страна на државите. Најголемо влијание за миграција кога е во прашање присилната миграција или миграцијата во случаи на конфликт најчесто е чувството на загрозеност или физичка закана односно луѓето кои се под закана од физички карактер поради можност да бидат повредени и да станат жртви на насилство се принудени да мигрираат.[226] Можноста од прогон и евидентната опасност или загрозеност на лицата се во епицентарот на причини поради кои лицата се приморани да мигрираат а токму таа приморaност е она што ја прави таа миграција да биде од присилен карактер. Практично истите тие лица на некој начин се приморани да мигрираат за да се спасат себе си и да ги избеганат потенцијалните опасности коишто сериозно може да ги загрозат. Доколку направиме анализа ќе увидиме дека еден од главните причинители за миграција кога е во прашање присилната миграција или миграцијата продуцирана како резултат на конфликт е насилството. Имено насилството може да има директен и индиректен ефект. Индиректниот ефект лежи во намалувањето на економските можности на популацијата засегната од конкретен конфликт односно како последица на насилството при даден конфликт голем број луѓе се економски засегнати и како резултат на тоа тие се принудени да мигрираат додека пак директниот ефект лежи во перцепцијата на засегнатите индивидуи или лица коишто не се подготвени да се соочат со закана од таков калибар и како резултат на тоа мигрираат.[227] Воедно важно е да се нагласи дека зависно од своето времетраење миграцијата може да биде од различен карактер. Неопходно е да знаеме дека на миграцијата влијаат факторите на притискање и повлекување како и дека истата се јавува во различни форми односно дека истата може да има различен карактер. Така на пример може да има

[223] https://www.britannica.com/topic/human-migration
[224] Delgado Wise, R. "Forced Migration and US Imperialism: The Dialectic of Migration and Development" Critical Sociology, Volume 35, Issue 6, 2009, pp. 767-784. (Str. 770)
[225] Asis, Maruja M. B., and Nicola Piper. "Researching International Labor Migration in Asia." The Sociological Quarterly, vol. 49, no. 3, 2008, pp. 423–444. (Str. 424)
[226] Schon, J. "Motivation and opportunity for conflict-induced migration: An analysis of Syrian migration timing." Journal of Peace Research, Volume 56, Issue 1, 2019, pp.12-27. (Str. 13)
[227] Ibid (Str. 14)

сезонски, привремен или пак траен карактер. Причинителите се најразлични односно нивниот карактер може да биде најразличен односно имаме политички причинители, причинители од економска или социјлана природа како и причинители од еколошки карактер.[228] Всушност временскиот интервал е клучниот индикатор според кој се прави поделбата на трајна, привремена или пак сезонска миграција. Најпросто кажано во зависност од времетрањето на дадената миграција истата може да биде трајна, сезонска или пак истата може да биде привремена што практично во буквална смисла на зборот значи миграција што привремено трае односно истата можно да трае со месеци или пак години. Што се однесува до трајната миграција како што кажува и самото име истата е од траен каркатер. Кога е во прашање трајната миграција постојат уште две подкатегории а тоа се неинтенционалната и неволната трајна миграција. Што се однесува до неволната трајна миграција истата како што кажува и самото нејзино име настапува спротивно на вољата на лицето или индивидуата. На пример таков тип на миграција имаме кога одредено лице е прогонето од државата од којашто доаѓа и поради тоа истото не може да се врати назад. За најдобро да се разбере пак неинтенционалната и трајната миграција неопходно е да се даде пример. Еден еклатантен пример за оваа подкатегорија се патници кои и покрај тоа што немале интенција да останат во одредена конкретна дестинација сепак останале како резултат на дадени услови. Такви се случаите на пример кога настапила смрт во конкретната дестинација. [229] Според Dirk Hoerder кога е во прашање пак дестинацијата или пак правецот на миграцијата имаме друг тип на поделба. Имено зависно од правецот и дестинацијата истата можно е да биде повеќенасочна или пак еднонасочна и истата може да се случува во кружни движења или пак да биде поделена во фази.[230] Има разлика помеѓу луѓето кои што мигрираат. Така на пример едни мигрираат во обид да избегнат одредена криза додека пак други мигрираат се со цел да пронајдат подобри економски и социјални услови и перспективи. [231] Имено во зависност од причините поради кои мигрираат лицата понатму ја правиме поделбата на економски мигранти и бегалци. Всушност кога ги анализираме причинителите за миграција и мигрирање ќе увидиме дека истите може да бидат најразлични. Така на пример истите може да бидат политички, економски или пак да содржат и политички но и економски елементи. Всушност мошне често се случува да настапи мешање на факторите од политички и економски каратер. Воедно во овој дел исто така важно е да се истакне дека кога клучниот причинител е од економски карактер тоа вообичаено значи потрага по подобри економски перспективи и пронаѓање на работа. Кога пак клучниот причинител има политичка природа тоа вообичаено значи бегство од војна или пак прогон од политички карактер.[232] Практично во зависност од факторите коишто дониринеле за миграцијата може да се детерминира за каков тип на миграција станува збор а факторите може да бидат многубројни и од различен тип. Доколку нурнеме малку подлабински во теоријата ќе наидеме на

[228] https://www.internetgeography.net/topics/what-is-migration/

[229] Hoerder, Dirk. "From Immigration to Migration Systems: New Concepts in Migration History." OAH Magazine of History, vol. 14, no. 1, 1999, pp. 5–11. (Str. 5)

[230] Ibid (Str. 5)

[231] https://www.unfpa.org/migration

[232] Adamson, Fiona B. "Crossing Borders: International Migration and National Security." International Security, vol. 31, no. 1, 2006, pp. 165–199. (Str.172)

неокласичните економски модели коишто на миграцијата гледаат на еден специфичен начин односно со едни поинакви очила. Всушност истите се мета на критика за нивното гледиште коешто денес во голема мера се смета за застарено. Впрочем денес истото во голема мера ја има изгубено својата популарност. Исто така дел од критиките се насочени кон фокусирањето на индивидуата што го прават токму овие неокласичните економски модели. Имено истите сметаат дека миграцијата во својата суштина е базирана на одлуката на поединецот да мигрира а според нив истата таа одлука е мотивирана од одредени придобивки. [233] Според истите тие модели на крајот на тунелот има односно постои одредена привлечна сила која ги привлекува лицата да мигрираат односно да донесат одлука за миграција. Сепак важно е да се спомене дека миграцијата е феномен којшто претрпува одредени измени како што одминува времето односно кога се говори за миграцијата важно е да се нагласи дека истата е во голема мера променета низ текот на годините и отстапува од онаа миграција што постоела во минатото. Кога е во прашање интензитетот и големината како и причинителите за миграцијата како и последиците од миграцијата важно е да се истакне дека истите имаат претрпено сериозни промени односно истите во голема мера се разликуваат од минатото. Всушност важно е да се истакне дека меѓународната миграција без разлика на тоа дали е таа од присилен или пак од доброволен карактер е евидентна појава низ вековите и со текот на времето истата претрпува промени.[234] Еден од сегментите или полињата кадешто е забележлива најзначајна промена е обемот на миграцијата односно бројот на мигрантите во светски рамки или глобално. Бројките говорат за тоа дека меѓународната миграција е значително зголемена. Имено разликите се фрапантни. Така на пример ако во 70-тите години од минатиот век бројката на меѓународни мигранти изнесувала 82 милиони истата денес изнесува повеќе од 200 милиони луѓе што е еден драстичен и драматичен скок. Во овој дел мошне значјано е да осознаеме и што е тоа меѓународна миграција односно како истата се дефинира или што претставува. Под меѓународна миграција всушност можеме да подразберме мигрирање на луѓе коишто го менуваат своето живеалиште во одредена друга држава односно заминуваат од својата матична држава во одредена друга држава и во истата престојуваат најмалку 2 години. Во овој сегмент исто така важно е да се истакне дека меѓународната миграција има огромно влијание на секое едно општество а истото тоа влијание можеме да го согледаме пред се во економијата но исто така и во политиката на конкретното општество. [235] Меѓународната миграција на некој начин излегува од контрола односно истата во голема мера ги надминува пропроциите коишто биле карактеристика за истата во минатото. Имено интензитетот на истата денес ги надминува сите пропорции и димензии коишто биле карактеристика во минатото. Впрочем фактите говорат за тоа дека денес во светот имаме еден меѓународен мигрант на секои триесет и пет луѓе. Всушност бројките и фактите говорат за тоа дека модерната меѓународна

[233] Andrikopoulos, A., & Duyvendak, J. W. “Migration, mobility and the dynamics of kinship: New barriers, new assemblages.” Ethnography, Volume 21, Issue 3, 2020, pp. 299-318. (Str. 302)
[234] Chamie, J. “International Migration amid a World in Crisis.” Journal on Migration and Human Security, Volume 8, Issue 3, 2020, pp. 230-245. (Str.231)
[235] Betts, Alexander. “The International Politics of Migration.” St Antony’s International Review, vol. 6, no. 2, 2011, pp. 134–150. (Str.134)

миграција има еден глобален карактер и истата бележи рекорди.[236] Анализите покажуваат дека бројката на меѓународни мигранsocite се движи во рамките на 3 проценти од светската популација меѓутоа во текот на децениите што сега веќе се зад нас драматично и драстично се зголемија бројките. Всушност денес во светот може да се забележат поголем број на мигранти од било кога досега.[237] Светот никогаш не бил соочен со толкав број на мигранти а големиот интензитет на миграционите движења станува типична карактеристика на модерното време. Економската глобализација практично беше проследена со масовната миграција. Имено пропратно со економската глобализација светот сведочеше и за една масовна миграција којашто иако не го афектираше секој дел од светот поеднакво сепак истата се случуваше буквално насекаде односно секое едно ќоше од светот сведочеше за една масовна миграција и истата имаше мошне слична организација насекаде.[238] Практично глобализацијата на економски план е еден од главните причинители или виновници за порастот на миграционите движења во светски рамки. Двигатели на меѓународната миграција се конфликтите што беснеат ширум светот меѓутоа исто така двигател или клучна улога за порастот на меѓународната миграција имаат и големите разлики коишто постојат кога се во прашање приходите на луѓето односно разликите во животниот стандард а воедно клучна улога играат и пазарите на труд кадешто постојат разлики во побарувачката. Да сублимираме клучните дигатели се од економска или од политичка природа.[239] Наједноставно кажано причинителите за миграцијата може да бидат во различен облик и истите тие причинители може да се поделат на две клучни групации односно на оние од економски облик и на оние од политички облик. Клучните причинители за миграцијата биле и остануваат да бидат војните и конфликтите како и борбата за подобра и посветла економска иднина. Во овој дел исто така мошне важно е да истакнеме дека глобализацијата имаше поприлично големо и значајно влијание во трансформирањето на светот односно истата имаше значаен удел во трансформирањето на културата, економијата и политиката во светски рамки но кога говориме за глобализација несмееме да пропуштиме да ја споменеме и меѓународната миграција бидејќи истата е нејзин пропратен сегмент што исто така имаше и тоа како важна револуционерна улога во трансформирањето на светот и во обликувањето на светскиот поредок што денес го познаваме. [240] Доколку го анализираме однесувањето на државите кога е во прашање меѓународната миграција ќе забележиме една уникатна појава. Имено денес државите условно кажано бијат битка или водат натпревар за да ги привлечат оние мигранти коишто тие ги сметаат за посакувани но исто така таа битака има уште една друга димензија односно истите покрај тоа што бијат битка да ги привлечат посакуваните мигранти

[236] Koser, Khalid. "Introduction: International Migration and Global Governance." Global Governance, vol. 16, no. 3, 2010, pp. 301–315. (Str.301)
[237] Ibid (Str. 303)
[238] McKeown, Adam. "Regionalizing World Migration." International Review of Social History, Volume 52, Issue 1, 2007, pp. 134 - 142. (Str. 141)
[239] de Haas, Hein & Czaika, Mathias & Flahaux, Marie-Laurence & Mahendra, Edo & Natter, Katharina & Vezzoli, Simona & Villares-Varela, María "International Migration: Trends, Determinants, and Policy Effects." Population and Development Review, vol. 45, no. 4, 2019, pp. 885–922. (Str.885)
[240] Munck, Ronaldo. "Globalisation, Governance and Migration: An Introduction." Third World Quarterly, vol. 29, no. 7, 2008, pp. 1227–1246. (Str.1229)

бијат и битка да ги исклучат оние мигранти што тие ги сметаат условно кажано за непосакувани. Всушност кога е во прашање миграцијата и односот на државите кон истата постојат повеќе делчиња од мозаикот но најважните се токму економски интереси како и безбедноста на конкретната држава.[241] Практично на државите им се повеќе од неопходни одредени мигранти па поради тоа истите се трудат истите да ги привлечат но има и такви кои не им се неопходни туку напротив сосема спротивно на тоа истите не се посакувани и се трудат истите да ги одврат назад односно да ги предомислат или спречат да мигрираат во нивната држава. На линија на оваа уникатна појава се политиките коишто се практикуваат од страна на државите. Истите тие политики се на линија на тоа да донесат економски бенефит за конкретната држава односно државата домаќин па така на пример истите се трудат да привлечат мигранти коишто поседуваат одредени вештини. Всушност факт е дека при креирањето на политиките за миграција најголем примат има интересот што го има конкретната држава или државата домаќин и нејзиното население. Во овој дел исто така важно е да се истакне дека дел од политиките се и во насока на реунификација на фамилиите што пак е во интерес на одредени поединци.[242] Имено на одредени држави им се повеќе од неопходни квалификувани мигранти коишто ќе ја пополнат празнината или вакумот во нивната економија. Практично државите во голема мера се водат по една чиста економска логика односно зад нивната миграциона политика или зад параванот се крие една чиста економска логика. За да добиеме една појасна слика и претстава за меѓународната миграција клучно е да ги погледнеме статистиките односно статистичките податоци. Имено доколку направиме една анализа на статистичките податоци ќе дојдеме до сознание дека 3,6 проценти од светската популација се вбројува во категоријата меѓународен мигрант што е еквавилент на 281 милиони луѓе во светот коишто практично потпаѓаат во категоријата на меѓународни мигранти.[243] Тој број всушност говори дека огромен број на лица се мигранти и дека постои експанзија на меѓународната миграција. Кога се говори за меѓународната миграција повеќе од неопходно е да се спомене дека има една точка на пресвртница или еден момент од кој перцепцијата за миграцијата се менува а со самото тоа се менува и пристапот кон истата. Тој момент практично е големиот тереористички напад на САД од кој момент прашањето на миграцијата добива една друга малку поинаква димензија. Датум што има поприлично важно значење кога е во прашање важноста и перцепцијата на миграцијата е 11 септември 2001 година или поточно тоа е датумот кога практично на миграцијата започна да се гледа со едни други очи. Имено од тој датум па натаму еден од клучните сегменти коишто се анализираа кога е во прашање миграцијата беше токму безбедноста и ризиците од безбедносен карактер коишто ги носи истата. Од тој датум па наваму миграцијата стана една од најбитните но воедно и најспорните теми околу кои се кршеа копјата. Од тој датум па наваму миграцијата практично се позиционираше мошне високо на

[241] Betts, Alexander. “The International Politics of Migration.” St Antony’s International Review, vol. 6, no. 2, 2011, pp. 134–150. (Str. 134)
[242] Hatton, Timothy J. “Asylum Migration to the Developed World: Persecution, Incentives, and Policy.” The Journal of Economic Perspectives, vol. 34, no. 1, 2020, pp. 75–93. (Str.75)
[243] Cheema, A. R., Rafique, N., & Abbas, F. “Migration Governance in Pakistan: Institutional Challenges and Data Gaps.” International Migration Review, OnlineFirst Volume 0, Issue 0, 2023, pp. 1-13. (Str.2)

меѓународната сцена и стана една од најзначајните проблематики за оние што ги креираат политиките како и за академската фела која со особено внимание почна да ја проучува оваа проблематика.[244] Од терористичкиот напад во Соединетите Американски Држави во 2001-вата година миграцијата започна да се гледа во светло на безбедносните ризици и опасности односно од аспект на ризиците од безбедносен аспект коишто доаѓаат со истата. Всушност не постои цврст доказ дека безбедноста има импакт на миграцијата како и за тоа дека миграцијата на било каков начин дека претставува закана од безбедносен карактер меѓутоа сепак академската фела којашто со особено внимание го истражува феноменот на миграција говори дека сепак постои одредена поврзаност помеѓу овие два феномена.[245] Всушност во научните кругови миграцијата и нејзините безбедносни ефкети се тематика со која мноштво на научници се занимаваат и постојат разни мислења на научната фела кога е во прашање вилјанието односно ефектот на миграцијата врз безбедноста. Покрај влијанието на миграцијата врз безбедноста она што е во фокусот на научната фела и што е предмет на истражување е точното и прецизно дефинирање односно определување на тоа што значи или претставува меѓународната миграција. Во овој дел исто така важно е да споменеме дека одредени автори не се согласуваат со начинот на којшто се дефинира меѓународната миграција. Таков е примерот со Jan и Leo Lucassen според кои дефинирањето на миграцијата како феномен кој опфаќа луѓе коишто ја преминуваат националната граница и трајно се населуваат надвор од таа граница и како феномен кој опфаќа долги растојанија на кои луѓето се движат е премногу тесен и не ја отсликува целокупната слика.[246] Имено дефиницијата која што ни ја даваат Jan и Leo Lucassen е динстинктивна и поширока. Според нив миграцијата или поконкретно дефеницијата за миграција исто така треба да ги опфати и работниците кои привремено заминуваат или мигрираат поради работа, миграцијата од село во град, промената на зони како и други типови на движење на луѓето или со други зборови дефиницијата за миграција според нив треба да биде многу пообемна. Всушност истите потенцираат дека поимот миграција не е есенцијално врзан само со напуштање или пак премин на националните граници. [247] Поедноставено кажано според одредени автори дефиницијата за миграција треба да биде поширока и да опфати уште многу повеќе други различни категории. Миграцијата е нешто што е прокламирано и утврдено како човеково право во рамки на меѓународното право. Имено истото ова право примарно е уредено во Универзалната декларација за човековите права. Со членот 13(1) од Универзалната декларација за човекови права е пропишано дека едно од основните човекови слободи и права е токму слободното движење во рамки на границите на државата. Современите демократски држави или модерниот либерален демократски свет во голема мера обрнува внимание на истата таа слобода и ја почитува. Воедно во сршта на системот за мигрирање треба да биде пресликана и можноста на индивидуите да се преселат а во полза на

[244] Ullah, A. A., Hasan, N. H., Mohamad, S. M., & Chattoraj, D. “Migration and Security: Implications for Minority Migrant Groups.” India Quarterly, Volume 76, Issue 1, 2020, pp.136-153. (Str.136, 137)
[245] Ibid (Str.137)
[246] Lucassen, Jan, and Leo Lucassen. “Globalising Migration History: A Discussion Dossier.” International Review of Social History, Volume 62, Issue 3, 2017, pp. 479 - 480. (Str.479)
[247] Ibid (Str.479)

нивните цели и амбиции.[248] Ако се вратиме назад во историјата ќе забележиме една појава односно тренд или поточно ќе утврдиме дека подемот на миграцијата оди рака под рака со подемот на националните држави. Во периодот кога националните држави го достигнуваат својот врв односно кога блеснуваат во полн сјај тие својата енергија започнуваат да ја насочуваат кон миграцијата и миграциските движења а во обид истите да ги регулираат и лимтираат. Миграцијата практично е продукт на поствоениот свет. Воедно важно е да се истакне дека во овој период миграцијата и миграционите движења заземаат високо место на хиеарерхијата кога е во прашање истражувањето на одерени феномени во полето на општествените науки. [249] Кога говориме за миграцијата важно е да спомenеме дека истата низ историјата има допринесено или со себе донела бројни политички, социјални, културолошки како и економски последици. Имено истата била еден суштински и мошне значаен сегмент од универзалната историјаграфија и од европската историографија и истата преку своето влијание на бројни сегменти оставила силен печат во историјата.[250] Практично влијанието на миграцијата и нејзиниот значаен ефект се неспорни и тие се евидентни низ историјата. Миграцијата е особено проткајна во европската историја. А за истото најдобро говори бројот на мигранти. Всушност бројот на луѓе коишто мигрирале во Европа од останатите континенти е различен во различни историски периоди меѓутоа истиот низ текот на годините бележи пораст. Така на пример во период од 51-та година од минатиот век до 2000 – та година во Европа мигрирале скоро 25 милиони луѓе додека во периодот што му претходи или поточно од 1901-та до 1950-тата година таа бројка изнесувала само околу 3,1 милион луѓе.[251] Несомнено миграцијата е проткајана во европската историографија и Европскиот континент бил и сеуште е еден од најпривлечните континенти за мигрантите. Имено истите во поприлично големи бројки мигрираа во Европа во минатото како што е случајот и денес и тој број е во константен пораст и подем. Во зависност од временскиот период во којшто се одвивала миграцијата била перцепирана на различен начин односно истата била гледана или перцепирана со едни различни очи. Всушност во минатото перцепцијата за миграцијата била позитивна. Таа позитивна перцепција се должела примарно на фактот што миграцијата имала значаен бенефит за економија на државата домаќин како и за нејзиното население. Меѓутоа миграцијата се сметала и за позитивна работа примарно поради тоа што самите мигранти истата ја посакувале. Воедно популарноста на миграцијата во тој период се должела и на фактот што истата имала позитивни ефекти во подобрувањето на ситуацијата на тие што останувале. [252] Со други зборови ставот по однос на миграцијата е различен во зависност од конкретниот временски период. Имено негативниот став кон миграцијата и мигрантите не бил одсекогаш случај туку напротив ако нурнеме малку подлабински и потемелно ја истражиме

[248] Straehle, Christine. “Justice in Migration.” Canadian Journal of Philosophy Volume 48, Issue 2, 2018, pp. 245 - 265. (Str.255)
[249] WIMMER, ANDREAS, and NINA GLICK SCHILLER. “Methodological Nationalism and the Study of Migration.” European Journal of Sociology, Volume 43, Issue 2, August 2002, pp. 217 – 240. (Str.230)
[250] Buettner, Elizabeth. “Migration and European History’s Global Turn.” Annales. Histoire, Sciences Sociales, English Edition, First View, 2022, pp. 1 - 20. (Str.3)
[251] Ibid (Str.11)
[252] Emmer, Pieter. “Migration and Selection.”, European Review, Volume 16, Issue 4, October 2008, pp. 499 - 504. (Str.500)

тематиката поврзана со миграцијата ќе дојдеме до сознание односно ќе откриеме дека сентименот или чуствата кон миграцијата во минатото биле со позитивен предзнак нешто што денес не би можело да се каже дека е случај. Кога ќе направиме една историска анализа ќе увидиме дека од појавата на патните исправи со коишто практично се идентификувале индивидуите и политиките кон миграцијата добиле еден полимитирачки карактер што во праксата означувало поголема селекција. Во тој период како засебна категорија на површината испливуваат бегалците коишто преставуваат една посебна дистинктивна категорија. Историјата говори за тоа дека пристапот кон миграцијата практично се менува или добива еден друг малку поинаков облик веднаш по завршувањето на првата светска војна.[253] Практично во историографијата на миграцијата има две клучни точки или сегменти или поточно точки на пресвртница едната од нив се појавата на патните исправи а другата е промената која настапува со крајот на првата светска војна. При анализа на политиките за миграција исто така поприлично важно и значајно е да се истакне дека без навлегување во суштината на проблемите или без изнаоѓање на изворот на истите или поточно на причинителите кои ја креираат миграцијата истата не би можела соодветно да се менаџира како и да се превенира. За да политиките во областа на миграцијата коишто ги спроведуваат државите вродат со плод неопходно е да се таргетира коренот на проблемите или изворот којшто практично ја создава миграцијата. Впрочем без директно таргетирање на коренот на проблемите сите мерки или политики ќе останат без ефект и истите нема да ги дадат посакуваните резултати. Така на пример рестрикциите коишто ги воспоставуваат државите во поглед на преминот на границите нема да го дадат посакуваниот ефект. Исто така без да се адресира проблемот со сиромаштијата кај сиромашните држави нема да биде можно да се спречи миграцијата во побогатите држави бидејќи мотивот на мигрантите за мигрирање изворно лежи во нивната амбиција да обезбедат подобар живот лично за нив но и за нивните фамилии.[254] Што се однесува пак до ставот во контекст на мигрантите којшто го поседува локалното население важно е да се нагласи дека влијание имаат мноштво на фактори но еден од факторите кои има поприлично големо влијание е вработеноста или невработеноста кај припадниците на локалното население. Големо влијание на перцепцијата на миграцијата е статус на вработеност на домородното население или поточно дали припадниците на домородното население имаат загарантиран и стабилен приход. Имено оние коишто се вработени и имаат условно кажано загарантирани приходи имаат еден по позитивен поглед на миграцијата и истата не ја перцепираат условно кажано како закана. Всушност на тоа како домородното население реагира или ја перцепира миграцијата огромно влијание има статусот на вработеност или невработеност којшто го имаат припадниците на домородното население.[255] Со оглед дека побогатите држави апсорбираат мигранти од посиромашните држави штетни последици трпат посиромашните држави кадешто човечкиот капитал и неговиот

[253] Hatton, Timothy J. “Asylum Migration to the Developed World: Persecution, Incentives, and Policy.” The Journal of Economic Perspectives, vol. 34, no. 1, 2020, pp. 75–93. (Str.81)

[254] Bermeo, Sarah Blodgett, and David Leblang. “Migration and Foreign Aid.” International Organization, Volume 69, Issue 3, 2015, pp. 627 - 657. (Str.630)

[255] Bakaki, Z., Böhmelt, T., & Bove, V. “Attitudes Toward Migration and Associational Activity: Evidence From Germany.” Political Studies Review, Volume 22, Issue 1, 2024, pp. 77-92. (Str.83)

развој бележи негативен тренд. Всушност еден од клучните фактори за неразвиеноста или за бавниот развој на посиромашните држави е токму губењето на високо квалификувана работна сила со што практично истите тие држави ги губат најталентираните мозоци. Практично во теоријата или во литературата од 70-тите години на минатиот век па наваму одливот на високо квалификувана работа сила во голема мера се критикува и се смета дека истиот има исклучително негативен ефект врз посиромашните држави.[256] На крајот оние што се најоштетени во случајот се секако државите од каде мигрантите потекнуваат и доаѓаат и на крајот токму нивната економија е онаа којашто ги трпи најштетните последици од миграцијата преку губењето на кадар којштo поседува квалификации кои се поприлично значајни за целокупната економија на државата и за нејзиниот раст и развој. Во контекст на миграцијата исто така важно е да се напомене дека ако ги анализираме тригерите или причинителите што допринесуваат за истата ќе наидеме и на некои мали нелогичности односно она што навидум на прв поглед изгледа очигледно и не е баш случај во реалноста или во практиката. Она што е дискутабилно е тоа каков импакт има самата економија и нејзиниот раст односно каков импакт имаат економските перспективи врз миграцијата. Реалноста говори дека подобрите економски перспективи во матичните држави дефакто ја зголемуваат миграцијата наспроти очекувањата дека подобрата економска состојба во матичните земји на мигрантите дефакти би значела и помала миграција или дека подобрите економски перспективи и прилики би ги задржале и демотивирале мигрантите да мигрираат. Сетоа тоа во голема мера се должи на фактот што процесот на мигрирање е релативно скап процес и за истиот да можат да си го дозволат мигрантите неопходно е да располагаат со соодветни ресурси. Меѓутоа овие гледишта во голема мера и неуспеваат да бидат релевантни и да ја насликаат или дадат поширокатa слика бидејќи истите во голема мера ги исклучуваат политичките фактори коишто се еден од причинителите за миграција.[257] Практично прашањето за тригерите или причинителите на миграцијата е малку покомплексно од тоа што навидум изгледа. Имено миграцијата најчесто е предизвикана од фактори кои не се чисто економски или поточно односно поконкретно истата најчесто е предизвикана или е продукт на микс на фактори од кои дел може да бидат економски додека пак дел се од политичка природа. При анализа на миграцијата а во контекст на целосно осознавање и разбирање на оваа општествена појава од голема важност или значение е и да ги согледаме трендовите односно варијацијата на бројот на мигрантите низ историјата. Она што е забележливо е постојано зголемување на бројките а таа појава на константно зголемување е нешто што е карактеристика еден подолг временски период. Ако се навратиме и направиме анализа на бројката на мигранти во поновата историја ќе увидиме дека таа бројка варира и истата бележи пораст во изминатите децении. Така на пример бројот на мигрантите во 70-тите години од минатиот век е дури 3 пати помал од оној во 2020-тата година кога беа забележани рекорден број на мигранти или поточно 281 милион мигранти. За оваа варијација и константно бележење на раст говорат и

[256] Azarnert, Leonid V. “MIGRATION, CONGESTION, AND GROWTH.” Macroeconomic Dynamics, Volume 23, Issue 8, 2019, pp. 3035 - 3064. (Str.3038)
[257] Whitaker, Beth Elise. “Migration within Africa and Beyond.”, African Studies Review, Volume 60, Issue 2, 2017, pp. 209 – 220. (Str.212)

бројките на мигратни од 90-тите години на минатиот век кога се забележува разлика од дури 128 милиони мигранти помалку споредебено со 2020-тата година. Во овој контекст важно е да се напомене дека во речиси сите истражувања во ова поле кога се говори за миграција неминовно е да се споменат и бројките бидејќи истите се еден од најважните параметри при анализата на оваа појава или феномен.[258] Она што преставува своевидно изенадување е тоа што бројот на мигранти во светски рамки и покрај пандемијата со којашто беше соочен целиот свет во 2020-тата година и сите рестрикции коишто постоеа во тој период бележеше нагорен тренд. Имено процентот на мигранти во 2020-тата година изнесувал 3,6 проценти според Меѓународната организација за миграција. Тоа значи дека дури 3,6 проценти од светската популација согласно податоците на Меѓународната организација за миграција не живееле во матичната држава или во онаа држава во којашто истите биле родени.[259] Овие бројки и овие проценти се навистина фрапантни и истите говорат за сериозноста на целокупната ситуација а она што најмногу загрижува е подемот на нелегалната миграција. Во овој сегмент мошне важно да се истакне дека нерегуларната или илегалната миграција односно миграцијата на оние мигранти коишто не поседуваат документи бележи најголем раст според податоците презентирани од Обединетите нации.[260] Кога говориме за илегалната миграција всушност треба да потенцираме дека државите се обидуваат преку криминализација на конкретни типови на миграција да дадат одоговор на грижите коишто се јавуваат кај припадниците на општеството како и кај политичките фактори коишто се загрижени каков импакт тие типови на миграција би имале врз политичкиот поредок односно како истите ќе го траснформираат општествениот и политичкиот поредок. Она што е мошне важно е да се напомене е дека илегалната миграција е спротивна на правото и нормите.[261] Нелегалната миграција дефинитивно е нешто што го вознемирува локалното населене кое стравува од потенцијални негативни ефекти и реперкусии од таквиот тип на миграција. Илегалната миграција не е нова појава практично таа е појава или концепт којшто е утврден или дефиниран во третата деценија од 20-тиот век од страна на Британците. Историски погледната уште во 30-тите години на минатиот век условно кажано со цел да ја спречат миграцијата на еврејската популација во Палестина и истата да ја осудат владеачките структури во Велика Британија го воведе односно имплементирале концептот на нерегуларна или илегална миграција. Имено историјата говори дека тие се практично оние првите коишто го употребиле и етаблирале тој концепт.[262] Кога говориме за бројот на мигранти важно е да се напомене дека очекувањата одат во таа насока дека истите ќе продолжат да бележат еден нагорен тренд. Всушност проекциите за иднината делуваат поприлчно страшно кога е во прашање миграцијата.[263] Со други зборови

[258] https://worldmigrationreport.iom.int/wmr-2022-interactive/
[259] https://www.pewresearch.org/short-reads/2022/12/16/key-facts-about-recent-trends-in-global-migration/
[260] Düvell, F. “Clandestine migration in Europe”, Social Science Information, Volume 47, Issue 4, 2008, pp. 479-497. (Str.482)
[261] Ibid (Str.490)
[262] Ibid (Str.480)
[263] Kerwin, D. “International Migration and Work: Charting an Ethical Approach to the Future.” Journal on Migration and Human Security, Volume 8, Issue 2, 2020, pp.111-133. (Str.111)

прогнозите за миграцијата и за насоката во која истата ќе се движи не се во еден позитивен предзнак туку напротив истите се негативни што предизвикува голема загриженост кај стручната јавност. Меѓутоа сепак не е се така црно сепак постојат и одредени позитивни аспекти коишто се поврзани со миграцијата и коишто доаѓаат со истата. Миграцијата има и свои позитивни карактеристики. Така на пример една од најзначајните придобивки или позитивни каркатеристики на миграцијата е нејзиниот позитивен импакт на економиите на матичните држави од кадешто доаѓаат мигрантите. Имено мигрантите кои дел од своите средства ги трансферираат на своите семејства или блиски во своите матични држави играат мошне важна улога во економиите на тие држави и ги поткрепуваат членовите на нивните семејства како и нивните блиски. Миграцијата всушост има позитивен импакт на бројни области а еден од клучните е развојот на економиите.[264] Практично дотациите од странство кои се слеваат во државите од каде мигрантите потекнуваат ја размрдуваат домашната економија на тие држави и воедно истите тие дотации се од огромно значење и за самите приматели на истите. Меѓутоа исто како што има свои придобивки истата може да има и негативни ефекти доколку не е менаџирана на правилен начин. Воедно кога станува збор пак за позитивните ефекти коишто ги носи миграцијата особено значајно е да се истакне дека покрај матичните држави на мигрантите позитивен ефект од миграцијата имаат примарно и самите мигранти како и државите коишто се нивни домаќини.[265] Економиите на државите во кои се интегрираат мигрантите секако имаат и серија на придобивки коишто доаѓаат од истите но не помалку бенефит имаат и самите мигранти кои секако имаат одредени придобивки од самото мигрирање. Секако за да има позитивен импакт неопходно е правилно раководење на миграцијата. Правилното раководење на миграцијата е мошне значајно поради тоа што истата афектира повеќе чинители кои во голема мера имаат влијание од миграцијата. Миграцијата изискува инволвираност на сите релевантни актери кои се засеганати од истата. Всушност истата има импакт не само на владеачките структури туку и на самите индивидуи, општините како и на приватниот сектор. Токму затоа неопходен е заеднички напор од страна на сите афектирани страни за нејзино успешно менаџирање.[266] Еден од клучните актери кои играат особено значајна улога во контекст на менаџирање односно раководење на миграцијата се општините или локалната власт. Кога е во прашање менаџирањето на миграцијата што опфаќа меѓуостантатото интегрирање на мигрантите како и обезбедување на здравствени услуги и образование за истите како и обезбедување на други неопходни услуги за мигрантите еден од играчите којшто го има главниот збор се локалните власти. Истите исто така се и клучен фактор кога се во прашање политиките во однос на миграцијата.[267] Во стручните кругови дебатата околу миграцијата во голема мера е фокусирана на тоа каков импакт истата може да има на сите засегнати страни. Влијанието на една појава како што е миграцијата може да биде најразлично

[264] https://ourworldindata.org/migration
[265] https://refugeesmigrants.un.org/migration-compact
[266] Ibi Appleby, J. K. "Implementation of the Global Compact on Safe, Orderly, and Regular Migration: A Whole-of-Society Approach." Journal on Migration and Human Security, Volume 8, Issue 2, 2020, pp. 214-229. (Str.215)
[267] Ibid (Str.220)

односно да поприми различен облик. Имено ефектот од истата во голема мера има широк спектар односно миграцијата беше причинител за една поширока дебата и истата беше една од клучните теми за носителите на власта и за креаторите на политиките и законските решенија како и на организациите коишто се занимаваат со конкретната тематика. Воедно зависно од тоа за кој конкретен регион станува збор влијанието на миграцијата беше различно. Истата таа имаше голем импакт врз развојот на економски и социјален план кај државите.[268] Во фокусот на вниманието се и предизвиците коишто произлегуваат од миграцијата и начинот на којшто истите би можеле ефективно и соодветно да се адресираат. Кога говориме за миграцијата особено важно е да истакнеме дека истата со себе носи и цела една серија или плеада на проблеми за кои е неопходно решение. Таков на пример е проблемот да се дојде до точни и проверени информациии кои пак имаат суштинска важност кога е во прашања создавањето на нови политики во полето на миграцијата од кој бенефит ќе имаат мигрантите но и државите. Имено миграцијата е мошне значајно прашање и според спроведените анализи движењето на луѓето или нивното мигрирање има мошне значајно влијание на бројни свери во општеството како што е економијата, социјалата, политиката итн.[269] Менаџирањето на појава како што е миграцијата се прави со разни таргетирани политики кои што на индиректен или пак на директен начин даваат импакт или имаат ефект на менаџирањето на процесот или на појавата на миграција.[270] Тие политики знаат да се разликуваат во зависност од самата држава. Исто така постојат разлики и во однос на тоа каков пристап имаат самите држави во контекст на миграцијата. Повеќе од евидентни се различните пристапи и различните политики коишто ги спроведуваат државите кога е во прашање миграцијата. Една од најевидентните разлики којашто може да се забележи кога е во прашање пристапот кон миграцијата и мигрантите е дали истиот е либерален или пак конзервативен. Така на пример еден класичен еклатантен пример за либералниот пристап кој може да се забележи се напорите за интеграција на мигрантите или пак политиките во областа на интегрирањето на мигрантите коишто се применуваат во бројни европски држави и имаат еден либерален карактер а еден типичен еклатантен пример за поконзервативен пристап кој може да се забележи се поригорозните критериуми за премин на границите ширум европскиот континент. Впрочем постои разлика во ставовите во однос на тоа како треба да се адресираат прашањата коишто произлегуваат од миграцијата а владејачките структури стојат исправени пред предизвикот да ги употребаат соодветните инструменти за да ги адресираат прашањата коишто произлегуваат од самата миграција.[271] На некој начин дел од државите одат во една крајност додека пак друг дел од државите одат во друга крајност додека пак некои се на средината од двата екстрема. Па така имаме држави кои имаат поприлично конзервативни политики и ставови како и држави со поприлично либерални ставови и политики во контекст на миграцијата а секако има

[268] Chamie, J. “International Migration amid a World in Crisis.” Journal on Migration and Human Security, Volume 8, Issue 3, 2020, pp. 230-245. (Str.231)
[269] Cheema, A. R., Rafique, N., & Abbas, F. “Migration Governance in Pakistan: Institutional Challenges and Data Gaps.” International Migration Review, OnlineFirst Volume 0, Issue 0, 2023, pp. 1-13. (Str.4)
[270] Czaika, M., Bohnet, H., & Zardo, F. “Categorical and spatial interlinkages within the European migration policy mix” European Union Politics, OnlineFirst Volume 0 Issue 0, 2023, pp. 1-24. (Str.179)
[271] Ibid (Str.174)

и такви кои имаат прифатено некој средишен или умерен пристап. Во зависност од тоа како се адресираат прашањата поврзани со миграцијата зависи дали истата ќе има позитивен или пак негативен ефект. Доколку истите не се адресираат на соодветен начин секако дека истите ќе имаат негативен ефект и реперкусии. Она што исто така е мошне значајно да се нагласи во овој сегмент е дека во зависност од бројни фактори како што се на пример економските текови или пак социјалните што се случуваат во државите кои преставуваат потенцијални домаќини зависи како ќе се одвива целокупниот процес на миграција. Всушност кога ја анализираме миграцијата неопходно е да направиме анализа за конекцијата или поврзаноста што постои помеѓу развојот и миграцијата бидејќи токму таа конекција е мошне важна и има огромно влијание и исто така од особена важност е да се гледа малку пошироката слика односо да не се гледа само низ призмата на бенефитот или позитивниот ефект којшто постои или пак ја очекува државата домаќин на мигрантите.[272] Практично за да државите имаат бенефит од миграцијата истата мора правилно да ја управуваат. Имено само со правилно управување на истата може да се добијат позитивни ефекти. Од друга страна пак секое потфрлање на државите во сегментот на управување практично значи и негативни реперкусии за самата држава. Всушност доколку направиме една подлабинска анализа ќе ги увидиме и осознаеме и придобивките или позитивните ефекти од миграцијата коишто ги имаат самите мигранти. Имено миграцијата може да има бројни позитивни ефекти и за самите мигранти така што истата ќе влијае позитивно на нивната економска состојба.[273] Иако навидум во фокусот се генерално негативните ефекти од миграцијата исто така и позитивните ефекти се многубројни како за државите така и за лицата кои мигрираат. Практично тоа е една ситуација во која и двете страни многу добиваат и имаат позитивни ефекти од самата миграција. При објаснувањето за миграцијата неизбежно е и повеќе од неопходно е да ги спомeнеме како и да ги елабoрираме факторите кои ги привлекуваат како и коишто ги притискаат мигрантите да се решат односно да донесат одлука да мигрираат. Всушност постојат т.н. фактори кои ги привлекуваат и фактори кои ги притискаат мигрантите да мигрираат. Разликата помеѓу овие два типа на фактори се состои во тоа дали истите ги принудуваат или пак привлекуваат мигрантите да мигрираат. Како резултат на едните мигрантите се принудени да ја напуштат сопствената земја додека кај другите станува збор за личен избор и желба да го променат своето живеалиште како резултат на одредено нешто што ги влече или пак привлекува тоа да го направат.[274] Кога се во прашање факторите што ги привлекуваат и факторите што ги принудуваат или притискаат мигрантите да мигрираат важно да се истакне дека факторите на привлекување се поврзуваат со миграцијата од траен карактер додоека пак факторите коишто ги притискаат мигрантите да мигрираат се поврзуваат со миграцијата од привремен карактер. Така на пример немањето на економски перспективи во матичната држава е класичен еклатантен пример за факторот на притисок којшто ги притиска мигрантите да мигрираат и најчесто оваа

[272] https://www.iom.int/migration-sustainable-development-and-2030-agenda
[273] Sengupta, Anindita. "Migration, Poverty and Vulnerability in the Informal Labour Market in India." The Bangladesh Development Studies, vol. 36, no. 4, 2013, pp. 99–116. (Str. 101)
[274] https://www.europarl.europa.eu/topics/en/article/20200624STO81906/exploring-migration-causes-why-people-migrate

миграцијата е од привремен карактер додека пак еден од факторите коишто ги привлекуваа мигрантите да трајно мигрираат се на пример подобрите кариерни можности и подобрите приходи или можности за заработка. [275] Клучниот причинител што ги принудува луѓето да ја напуштат матичната држава се секако војните и постоечките конфликти. Исто така кога постои ризик од прогон по основи коишто можат да бидат од најразлична природа голем број на луѓе се одлучуваат да заминат од сопствената матична држава.[276] За жал токму војните и прогонот се еден од клучните причинители за миграцијата која во теоријата исто така се нарекува и принудна миграција. Една од клучните нешта кои влијаат на привлекување на мигрантите се токму подобрите економски перспективи почнувајќи од подобри работни места кои нудат подобра компензација за трудот како и поголема вработливост и шансите за работа што им се нудат на мигрантите како и генерално подобриот стандард за живеење што постои во државите домаќини на мигрантите. Всушност коренот на проблемот е генерално во економската неразвиеност што со себе носи лоши перспективи за вработување и градење на кариера што пак ја поттикнува економската миграција или миграцијата мотивирана од економски причинители.[277] Токму отсуството на перспектива во матичната држава е еден од главните двигатели на миграцијата. Имено отсуството на перспектива на економски план е нешто што одсекогаш ги поттикнувало луѓето да мигрираат. Всушност луѓето се во потрага по подобра иднина по подобро утро за себе и за своите блиски и фамилија. Практично немањето изгледи за можност за подобра иднина во својата матична држава е нешто што ги поттикнува луѓето да мигрираат. Како резултат на миграцијата се создава ситуација државата на потекло на мигрантите поради одлив на квалификуван кадар да биде во ситуација да се потпира на средствата кои мигрантите ги испраќаат и истата станува зависна од гранки како што е туризмот како и извозот на суровини или агро-минерали. Впрочем како резултат на миграцијата и одливот на мозоци државите од каде што потекнуваат мигрантите ги губат своите најдобри кадри што пак е една од клучните детерминанти за развојот на една успешна економија која има добра индустрија и којашто нуди бројни услуги.[278] На крајот на денот најголемиот губитник во случајот е државата од кадешто луѓето мигрираат и која ги губи и најголемите капацитети што пак има негативен импакт врз економијата на конкретната држава. Проекцијата за иднината кога е во прашање миграцијата покажува дека е можен еден позитивен епилог или развој на настаните или во пракса тоа би значело секоја страна да го добие она што и е неопходно односно оние држави кои се соочуваат со недостиг на работна сила а имаат наталитет кој опаќа и население кое што во голема мера старее преку миграцијата ќе ја добијат неопходната работна сила додека пак мигрантите од државите кои се во развој ќе успеат да го решат прашањето на нивниот работен ангажман преку пронаѓање работа токму во овие држави на кои им недостига работна сила. Практично тоа би значело нивелирање на вишокот на работна сила со

[275] Sengupta, Anindita. “Migration, Poverty and Vulnerability in the Informal Labour Market in India.” The Bangladesh Development Studies, vol. 36, no. 4, 2013, pp. 99–116. (Str.102)

[276] https://www.europarl.europa.eu/topics/en/article/20200624STO81906/exploring-migration-causes-why-people-migrate

[277] Ibid

[278] Delgado Wise, R. “Forced Migration and US Imperialism: The Dialectic of Migration and Development” Critical Sociology, Volume 35, Issue 6, 2009, pp. 767-784. (Str.778)

недостигот од истата. Проекциите всушност покажуваат дека во иднина масовните миграциони бранови ќе бидат поттикнати и стимулирани токму од промените коишто ќе се случуваат или настапуваат на глобалниот пазар на работна сила. [279] Практично државите недостатокот на кадар ќе го компензираат токму со увоз на работна сила односно со мигранти коишто ќе го пополнат тој недостаток или празен простор а сето тоа би имало значаен бенефит за економијата на државата домаќин додека пак од друга страна за мигрантите би имало значаен економски просперитет и бенефит. Ако обрнеме внимание на деталите ќе увидиме дека разликата што постои во однос на примањата е една од главните причини што ја стимулира миграцијата. Тој условнокажано јаз во однос на приходите којшто може да се забележи само се продлабочува и практично ја генерира миграцијата. Една од најевидентните нееднаквости е токму нееднаквоста во делот на примањата во рамките на државата од кадешто мигрантите потекнуваат и кадешто не има високи примања. Воедно анализите покажуваат дека примањата можат значително да варираат од држава во држава и таа разлика особено е нагласена помеѓу одредени држави кадешто имаме доста високи примања и одредени држави кадешто примањата се на едно ниско ниво и истиот тој јаз се забележува кај професиите што бараат повисоки квалификации како и кај професиите што не бараат толку високи квалификации. [280] Разликите во животниот стандард се практично клучни при носењето на одлука за миграција. Имено подобриот животен стандард којшто е карактеристичен за развиените држави е оној фактор на привлекување што истите ги привлекува да мигрираат во таа држава. Пониският животен стандард што постои во нивните матични држави всушност е нешто што ги фустрира граѓаните на таа држава и ги мотивира да мигрираат се со цел да го подобрат својот животен стандард. Кога говориме за проекциите за иднината во однос на миграцијата неминовно треба да ја споменеме миграцијата предизвикана како резултат на климатските промени. Всушност се проценува дека дури 216 милиони луѓе би мигрирале токму како резултат на овие климатски промени. Еден од клучните фактори кои ќе влијаат на оваа нивна одлука се водата и морето. Впрочем се очекува да има недостаток на вода во иднина како и морето и неговото ниво да бидат значително зголемени. Сето тоа ќе примора голем број на луѓе да се решат да мигрираат. Воедно ранливите групи на луѓе согласно проекциите би биле најафектирани од погоренаведените појави.[281] Секако еден од клучните проблеми на модерната ера е проблемот кој настапува со климатските промени. Практично еден од клучните предизвици кои доаѓа пропратно со климатските промени е миграцијата. Очекувањата се на линија на тоа како се влошува состојбата со климатските промени и какошто проблемот станува поалармантен да има и подем на самата миграција. Таквиот подем пак ќе донесе серија на предизвици на одредени држави коишто ќе бидат соочени со поголеми стапки на мигранти. Веќе постојат и обиди категоријата на еколошки мигранти да се дефинира. Еден од најзначајните обиди во тој сегмент е обидот на Меѓународната организација за миграција која овој тип на мигранти и миграција го врзува со одредини неочекувани

[279] Kerwin, D. “International Migration and Work: Charting an Ethical Approach to the Future.” Journal on Migration and Human Security, Volume 8, Issue 2, 2020, pp.111-133. (Str.113)
[280] https://www.worldbank.org/en/topic/migration/overview
[281] Ibid

настани или појави во средината кои често се и со прогресирачки карактер и коишто имаат негативен импакт и последици врз живот на мигрантите и прават истити тие да бидат приморани да го напуштат својот дом или огниште и да мигрираат. Тоа напуштање може да биде од привремен или пак од траен карактер и истото може да се случи во рамките на нивната матична држава или пак надвор од истата. Всушност денес имаме појава на една нова категорија на мигранти т.н еколошки мигранти.[282] Еколошките мигранти би можело да се каже дека се еден од проблемите на модерната ера. Воедно тоа е проблем со којшто државите во иднината ќе мора мошне сериозно да се занимаваат и соодветно да го адресираат. Иако точниот број на еколошки мигранти е мошне тешко да се предвиди со голема прецизност извештаите на светски релеванти организации и институции како што е на пример Светската Банка говорат за тоа дека клучниот причинител за миграцијата од одредени региони како што е Јужна Америка, Јужна Азија и суб-сахарска Африка ќе биде токму резултат на еколошки причини односно на климатските промени. Исто така важно е да се истакне дека оваа миграција се очекува да биде примарно внатрешна.[283] Одредени региони се поподложни условнокажано на ризик од потенцијални негативни ефекти од климатските промени и се очекува истите да бидат сериозно афектирани што во пракса би значело големо ниво на миграција предизвикана како резултат на штетните или негативните ефекти од климатските промени. Во однос на тоа каков импакт ќе имаат климатските промени кога е во прашање миграцијата важно е да се истакне дека очекувањата се импактот да варира од еден регион до друг. Имено очекувањата одат во насока на тоа во одредени региони да имаме популација којашто е афектирана да биде условно кажано заробена додека во други региони се очекува да имаме миграција во голем обем и во поголеми бранови. Она што е особено важано во овој контекст да се потенцира е тоа дека конекцијата што постои помеѓу движењето на луѓето и климатските промени не е ниту малку едноставна.[284] Практично климатските промени и нивниот ефект врз миграцијата е една од веројатно најголемите и најзначјните теми на денешницата со која научната фела се занимава во моментов а ќе се занимава и во иднина. Очекувањата одат во насока на тоа бројот на мигранти да бележи нагорен тренд како што ќе се зголемува и бројот на природни непогоди кои настануваат како резултат на климатските промени. Имено во иднина се очекува природните непогоди да бележат нагорен тренд и последиците од истите да се зголемат што само по себе ќе биде двигател на миграцијата која се очекува да достигне поголеми бројки односно се поголем број на луѓе да бидат приморани да ги напуштат своите огништа. [285] Практично очекувањата се на линија на тоа во иднина да дојде практично до кулминација на негативните ефекти од климатските промени што пак само по себе значително ќе

[282] Martin, Susan. “Climate Change, Migration, and Governance.” *Global Governance*, vol. 16, no. 3, 2010, pp. 397–414. (Str.398)

[283] Borderon, Marion, & Sakdapolrak, Patrick & Muttarak, Raya & Kebede, Endale & Pagogna, Raffaella & Sporer, Eva “Migration Influenced by Environmental Change in Africa: A Systematic Review of Empirical Evidence.” *Demographic Research*, vol. 41, 2019, pp. 491–544. (Str.493)

[284] David, Anda, and Frédéric Docquier. “Special Issue on Climate Migration.” Journal of Demographic Economics, Volume 87, Special Issue 3: Climate Migration, 2021, pp. 289 - 291. (Str.289)

[285] Francis, Ama. “CLIMATE-INDUCED MIGRATION & FREE MOVEMENT AGREEMENTS.” *Journal of International Affairs*, vol. 73, no. 1, 2019, pp. 123–134. (Str.123)

ги зголеми пропорциите на миграцијата. Она што е повеќе од јасно и што може кристално чисто да се види е дека во скоро време миграцијата од интернационален карактер како и онаа во рамки на матичната држава на мигрантите ќе оди во нагорна линија а клучен фактор за тоа ќе бидат токму климатските промени.[286] Впрочем најголем процент од проекциите за миграцијата и трендовите по кои истата ќе се движи упатуваат на тоа дека во иднина истата само ќе се зголемува па токму затоа сите афектирани актери треба да бидат добро подготвени за тоа и соодветно и навремено да реагираат. Како резултат на проекциите за ефектите од климатските промени кои со себе носат капацитет да приморaат бројка од дури 216 милиони луѓе да мигрираат Независниот комитет за работници мигранти на Обединетите нации упати апел до релевантните актери односно до државите соодветно да ги адресираат предизвиците кои произлегуваат од климатските промени кои што несомнено имаат ефект врз миграцијата.[287] Без соодветен одговор на кризата која настапува со климатските промени државите ќе се соочат со проблеми на повеќе фронтови па токму затоа е потребно екипирање и соодветно менаџирање на проблематиката поврзана со климатските промени а се со цел и во насока на тоа да не дојде до ескалација на состојбите. Проекциите одат во насока на зголемување на бројките на мигранти коишто мигрираат како резултат на климатските промени. Па така се очекува бројката на овие мигранти во државите на ОЕЦД до 2100 година да порасне за дури 7,2 проценти додека во 2040 година се очекува таа бројка да порасне за 4,6 проценти. Овој пораст на бројките се очекува да биде од траен карактер. Меѓутоа она што е евидентно е тоа дека во првата половина од овој век импактот на климатските промени врз миграцијата не беше толку голем а кога се во прашање ефектите на климатските промени кои се случуваат перманентно во еден подолг рок важно да се истакне дека истите имаат влијание врз миграцијата од Југ кон Север но истото тоа влијание има лимитирачки карактер додека кога е во прашање миграцијата од Југ кон Југ односно кај државите чии клими не се во голема мера разликуваат тука немаме некој поголем импакт од страна на климатските промени.[288] Ако се погледнат проекциите ќе се увиди дека ситуацијата е повеќе од алармантна затоа треба навремено да се превземат соодветни мерки во насока на превенција како и во насока на градење соодветни капацитети за справување со поголеми мигрантски бранови што е евидентно дека ќе биде одлика на иднината. Во овој сегмент ако ја анализираме правната регулатива ќе увидиме дека кога се во прашање еколошките мигранти или оние лица коишто мигрираат како резултат на климатските промени и еколошките катастрофи меѓународното право не нуди соодветен механизам којшто ќе ги штити овие луѓе, Имено истото тоа меѓународно право кое ја регулира оваа материја обезбедува заштита на оние луѓе кои мигрираат како резултат на конфликт но не нуди заштита за оние кои мигрираат како резултат на климатските промени. Имено на оваа посебна категорија на мигранти согласно постоечкиот правен режим и регулатива не им е

[286] Martin, Susan. “Climate Change, Migration, and Governance.” *Global Governance*, vol. 16, no. 3, 2010, pp. 397–414. (Str.397)

[287] https://news.un.org/en/story/2023/12/1144897

[288] Burzyński, Michał, Frédéric Docquier, and Hendrik Scheewel. “The Geography of Climate Migration.” Journal of Demographic Economics, Volume 87, Special Issue 3, 2021, pp.345–381. (Str.347)

обезбедена заштита.[289] Со други зборови тековната регулатива која ја уредува материјата за миграција испушта некои важни аспекти како што е миграцијата којашто произлегува или настанува како резултат на климатските промени а сето тоа во иднина ќе мора да се адресира и промени. Кога е во прашање миграцијата треба да се истакне дека веројатно истата е една од најневралгичните точки односно истата е една од најсензитивните проблематки и истата изискува мноштво емоции.[290] Темата за миграцијата е нешто околу што се кршат копјата и таа тема е една од клучните ако ни е пресудните кои детерминираат кој ќе ја добие политичката битка токму затоа што дури и со самото споменување на зборот миграција кај населението или електоратот како и политичките елити доаѓа до бура на емоции. Она што е евидентно и што може да се примети се рестриктивните политики и рестриктивниот пристап кои државите ги применуваат односно го имаат кога е во прашање миграцијата. Всушност тој рестриктивен пристап не е нешто ново односно истиот беше карактеристика и во минатото односно во првите две децении од 21 век.[291] Практично реката на негативни емоции поврзани со миграцијата е главниот придонесувачки фактор за воведувањето и имплементацијата на рестрективните политики коишто за жал во изминатите години имаа голем подем и беа имплементирани во повеќе држави. Постојат стравувања кога е во прашање миграцијата кај државите коишто се развиени односно кои поседуваат развиена индустрија. Тие стравувања се присутни и без разлика на тоа што доказите од одредени истражувања покажуваат дека истата може да има позитивен економски импакт за оние држави коишто се домаќини.[292] Практично имплементацијата на рестриктивни мерки во голема мера се должи на грижите коишто се присутни кај домородното население а коишто се во корелација со економскиот импакт којшто ќе го има миграцијата односно произлегуваат од стравувањата за потенцијални негативни економски реперкусии коишто би дошле како резултат или последица на миграцијата. Ако се анализираат трендовите ќе се дојде до заклучок дека богатите држави се магнет за мигрантите кои доаѓаат од државите кои се посиромашни. Имено тоа е случај и со побогатите региони во рамките на една држава кои ги привлекуваат луѓето од посиромашните региони. Овие трендови генерално се забележуваат на секаде низ светот.[293] Сиромаштијата може да се каже дека е причина или фактор кој на некој начин ги приморува луѓето да мигрираат. Тие на некој начин немаат друг излез освен да мигрираат односно практично миграцијата им е единствениот излез од незавидната ситуација во која се наоѓаат. Постојат стравувања кај домородното население кај побогатите држави дека како резултат на миграцијата јавните финансии ќе бидат алоцирани нерамномерно и на поинаков начин што во превод ќе значи реалоцирање на средствата за обезбедување услуги од јавен карактер односно реалоцирање на

[289] Francis, Ama. “CLIMATE-INDUCED MIGRATION & FREE MOVEMENT AGREEMENTS.” *Journal of International Affairs*, vol. 73, no. 1, 2019, pp. 123–134. (Str.123)
[290] Ullah, A. A., Hasan, N. H., Mohamad, S. M., & Chattoraj, D. “Migration and Security: Implications for Minority Migrant Groups.” India Quarterly, Volume 76, Issue 1, 2020, pp.136-153. (Str.137)
[291] Bermeo, Sarah Blodgett, and David Leblang. “Migration and Foreign Aid.” International Organization, Volume 69, Issue 3, 2015, pp. 627 - 657. (Str.629)
[292] Ibid (Str.630)
[293] Azarnert, Leonid V. “MIGRATION, CONGESTION, AND GROWTH.” Macroeconomic Dynamics, Volume 23, Issue 8, 2019, pp. 3035 - 3064. (Str.3035)

средствата за други намени. Воедно истите стравуваат дека ќе биде загрозена нивната работа односно дека ќе се намали бројот на работни позиции коишто му се достапни на домородното населени како и дека висината на нивниот приход ќе претрпи штета со доаѓањето на еден поголем број на мигранти. Сите овие стравувања само дополнително ја усложнуваат целокупната ситуација и го прават далеку посложен проблемот со миграцијата.[294] Практично локалната популација стравува од губење на состојбата на благодет која постои во нивната држава. Практично за истите миграцијата е условнокажано закана за нивниот животен стандард како и за влошување на економските состојби особено во делот на можностите за вработување. Она што се спори кога е во прашање миграцијата е ефикасноста на политиките кои имаат за интенција да ја регулираат. Имено може да се забележи дека овие политики во голема мера не вродуваат со плод односно не ја исполнуваат својата примарна задача а тоа е да ја регулираат миграцијата односно условно кажано да ја сопрат. Во овој контекст исто така важно е да се истакне дека е евидентно дека богатите држави бараат начини и модалитети да ја контролираат миграцијата што пак во голема мера се должи на ставот дека соодветно треба да биде адресирани прашањата кои произлегуваат од истата а особено се бара адресирање на прашањето поврзано со мигрантите со ниски квалификации и барателите на азил кои се сметаат за проблематични категории.[295] Сето тоа говори дека е потребно да се работи на градење на едни политки за миграција кои ќе бидат далеку поефикасни и коишто ќе го дадат посакуваниот ефект односно кои ќе овозможат подобра регулација на самата миграција. Миграцијата меѓуостантото ја моделира и модерната политика односно истата не може да се набљудуваа единствено само како процес од економски карактер којшто има влијание од пазарот. Во овој сегмент исто така важно е да нагласиме дека постојат условно кажано стравувања особено кај западните држави кога е во прашање миграцијата од јужните држави или од други области што се должат на непознавањето на културата на луѓето кои мигрираат. Воедно имаме и стравување од можноста да мигрираат луѓе коишто потекнуваат од одредени области кадешто имаме насилство.[296] Со други зборови стравувањата или грижите во однос на миграцијата имаат далеку подлабоки корени од тоа што навидум изгледа и истите опфаќаат многу повеќе сегменти кои побудуваат грижа кај државите кои се домаќини на мигрантите. Практично грижите во контекст на миграцијата не се однесуваат само на тоа каков ефект или влијание истата ќе има на економијата на самата држава туку истите се многу поголеми и опфаќаат и некои други грижи кои се однесуваат на повеќе аспекти поврзани со општественото живеење. Ако се погледнат ставовите во однос на миграцијата ќе може да се забележи дека постојат извесни разлики зависно од идеолошките гледишта или припадности на поединците. Така она што е типично за индивидуите на кои поблиска им е конзервативната идеологија е негативната перцепција и негативните ставови за миграцијата. Впрочем зависно од

[294] Trachtman, Joel P. "Is Migration a Coherent Field of International Law? The Example of Labor Migration." AJIL Unbound, Volume 111, 2017, pp. 481 - 486. (Str.482)
[295] de Haas, Hein, & Czaika, Mathias & Flahaux, Marie-Laurence & Mahendra, Edo & Natter, Katharina & Vezzoli, Simona & Villares-Varela, María "International Migration: Trends, Determinants, and Policy Effects." *Population and Development Review*, vol. 45, no. 4, 2019, pp. 885–922. (Str.885)
[296] Munck, Ronaldo. "Globalisation, Governance and Migration: An Introduction." *Third World Quarterly*, vol. 29, no. 7, 2008, pp. 1227–1246. (Str.1231)

блискоста на индивидуите до одредена конкретна идеологија како на пример левичарската или пак десничарската идеологија може да се дадат детално прецизни проекции за ставот на конкретната индивидуа во однос на прашањето на миграцијата.[297] Практично во зависност од тоа каква иделолгија одредено лице застапува може да се одреди или пак детерминира каков би бил неговиот став во однос на миграцијата. Имено постојат одредени теории кои конзервативната идеологија ја врзуваат со негативни ставови во контекст на миграцијата додека пак либералната идеологија ја врзуваат со позитивни ставови во однос на миграцијата. Како резултат на стравувањата коишто постојат а кои се поврзани со културолошките и социјалните аспекти коишто доаѓаат како пропратни елементи на миграцијата кај оние индивидуи на кои им е блиска конзервативната идеологија во голем мера има желба да се стави стоп на миграцијата.[298] Кај конзервативниот пристап или кај идеологијата којашто има конзервативен карактер практично се забележува обид да се сопре миграцијата а тоа во голема мера е продукт на грижите кои се во корелација со миграцијата или поточно со ефектот којшто истата го има. Всушност постои обид мигрантите да бидат презентирани во негативно светло и како своевидна опасност од страна на одредени структури а сетоа тоа оди во насока на злоупотреба на стравувањата кај популацијата кои се поврзани со миграцијата. Исто така се презентира слика од истите тие структури дека не е обезбедена соодветна заштита по прашањето на миграцијата од структурите владеачки кои тие ги сметаат за корумпирани. Имено прашањето на миграцијата се злоупотребува условно кажано од популистичките структури и движења согласно извешатаите на генералниот секретар на Советот на Европа.[299] Тоа што го прават одредени политички структури или елити е практична инструментализација и политизација на проблематиката поврзана со миграцијата што во голема мера се должи на желбата за печалење на политички поени по однос на ова прашање кое дефинитивно е едно од прашањата што во голема мера може да ја детерминира судбината на политичките структури. Теоријата и емпириските истражувања говорат за тоа дека има поврзаност помеѓу потфрлањата демократски и популизмот како и помеѓу ригидниот пристап кон миграцијата и популизмот односно истото тоа го покажува анализата на врската помеѓу популизмот и демокрактските трендови како и миграционите политки.[300] За жал светот во изминатите години беше сведок на демократски назадувања а тие демократски назадувања одеа рака под рака со порастот на популизмот од страна на политичките елити коишто условнокажано го злоупотребуваа прашањето за миграцијата. Истите овие структури во насока на зголемување на својата популарност промовираа реструктивни миграциони политики и заземаа еден многу по ригиден став во контекст на миграцијата. Оправдувањето за ригидниот пристап и за рестриктивните политики од страна на политичките елити најчесто се прави со презентирање на одредени безбедносни

---

[297] Bakaki, Z., Böhmelt, T., & Bove, V. “Attitudes Toward Migration and Associational Activity: Evidence From Germany.” Political Studies Review, Volume 22, Issue 1, 2024, pp. 77-92. (Str.81)
[298] Jaynes, Gerald D. “MIGRATION AND SOCIAL STRATIFICATION: Bipluralism and the Western Democratic State.” Du Bois Review: Social Science Research on Race Volume 4, Issue 1, 2007, pp. 5 - 17. (Str.15)
[299] Stoyanova, Vladislava, and Stijn Smet, editors. Migrants’ Rights, Populism and Legal Resilience in Europe. Cambridge: Cambridge University Press, page 2, 2022. Print. (Str.2)
[300] Ibid, page 6. (Str.6)

закани односно со презентирање на закани по безбедноста на државата. Постои промена во односот кон миграцијата односно во пристапот кон ова прашање и постои нејзино набљудување главно од безбедносна призма по терористичкиот напад од 11.09 во САД. Впрочем безбедноста се корисити како своевидно оправдување за политиките што се спроведуваат во оваа област. За ова говори и лимитрањето или рестриктивниот пристап во однос на миграцијата од страна на претседателот на САД Доналд Трамп којшто миграцијата ја поврзуваше со тероризмот. Она што е евидентно е тоа дека миграцијата се перцепира на еден негативен начин особено на запад а како особена закана се сметаат токму мигрантие чијашто вероисповесест е муслиманска.[301] Практично од почетокот на 21-виот век со нападите коишто се случија во САД светот започна да гледа на миграцијата со едни поинакви очи. Нападите коишто се случија всушност создадоа грижа кај популацијата на државите кои се домаќини на мигрантите истите стравуваа од потенцијални негативни ефекти и безбедносни реперкусии кои би настапиле како резултат на миграцијата. Според одредени авотори како Marc Helbling и Daniel Meierrieks може да се превенира тероризмот или да се влијае на стапката на терористички напади преку еден поригиден пристап кон миграцијата што всушност би довело да помал број на терористички напади и помала активност на терористите.[302] Всушност одредени експерти опасноста ја гледаат или лоцираат во масата на мигранти. Истите веруваат дека постои можност да се кријат или да се инфилтрирани и одредени опасни индивидуи па поради тоа предлагаат порестрикитвни мерки во контекст на миграцијата и еден поригиден пристап. Проблемот се јавува и настапува како резултат на ексклузивното право коешто го имаат државите да им го ограничат пристапот на оние кои не се граѓани на државата всушност токму тоа ја проблематизира поставеноста на меѓународното право во контекстот на миграцијата или моблиноста на луѓето и истата ја прави неефикасна. Всушност анализите говорат дека условно кажано несоодветниот третман на мигрантите и хаосот кога е во прашање миграцијата во голема мера се должат на несоодветното адресирање на меѓународното право кое е важечко во моментов на оваа конкретна појава.[303] Практично постојат бројни критики во однос на тоа како ова прашање е регулирано со меѓународноото право кое ја регулираат оваа материја. Имено бројни се ставовите дека правната регулатива во овој дел не врши добра работа и не е на висина на задачата. Извонредно комплексно е кога станува збор за миграцијата истата во целост да ја одвоиме од одредени други области. Така на пример истата во голема мера е поврзана со бројни други области како што се основните правата на човекот, безбедноста, областа на здравството итн. Меѓутоа клучно е да нагласиме дека миграцијата е примарно област на меѓународното право во чиј епицентар се луѓето односно индивидуите коишто знаат да бидат комплексни суштества коишто имаат различни потреби.[304]Анализите покажуваат дека меѓународно право коешто има обрзувачки карактер и кое ја регулира областа на

[301] Helbling, Marc, and Meierrieks, Daniel. “Terrorism and Migration: An Overview.” British Journal of Political Science, Volume 52, Issue 2, April 2022, pp. 977 - 996. (Str.978)
[302] Ibid (Str.985)
[303] Achiume, E. Tendayi. “Reimagining International Law for Global Migration: Migration as Decolonization?” AJIL Unbound, Volume 111, 2017, pp. 142 – 146. (Str.142)
[304] Trachtman, Joel P. “Is Migration a Coherent Field of International Law? The Example of Labor Migration.” AJIL Unbound, Volume 111, 2017, pp. 481 - 486. (Str.481)

миграцијата дефакто и непостои односно единствено обичајно меѓународно право кое ја регулира оваа материја и кое има еден обврзувачки карактер е принципот на невраќање.[305] Кога говориме за регулирањето на миграцијата важно е да се напомене дека за истата да се регулира е создадена една поширока правна рамка која ќе ги адресира прашањата кои произлегуваат од миграцијата и кои се бројни. Меѓутоа во овој дел важно е да се истакне дека голем дел од тие прашања всушност и не се директно поврзани со миграцијата така на пример таа рамка ги опфаќа и релациите помеѓу државите и одговорностите што секоја држава засебно ги носи или има како и воедно и регулацијата на некои права кои се индивидуални односно истата има поопширен дијафазон и генерален опсег. Всушност не постои еден унифициран правен акт кој ја регулира материјата на миграција односно создадена е една поширока правна рамка која има повеќе елементи кои потекнуваат од обичајното право, договорите помеѓу државите кои имаат необврзувачки карактер како и од глобални правни инструменти и регионални правни инструменти со обврзувачки карактер.[306] Она што е неизбежно е тесната соработка и кординација на државите. Имено тоа го изискува феноменот на миграцијата кој е поприлично комплексен. Се поголемиот проток на мигранти и темпото со кој истиот тој проток се одвива едноставно ги принудува државите да колабарираат. Имено во голема мера е невозможно да се локално решава истото прашање и да нема импакт од сите актери на меѓународната сцена.[307] Практично не е возможно локално решение на проблем којшто е глобален а таков глобален проблем е токму миграцијата која е поле на кое државите мораат заеднички да работат. Со оглед дека денес миграцијата преставува еден од клучните предизвици неопходна е подобра соработка од државните етнитети и од сите афектирани со проблематиката поврзана со миграцијата. Денес миграцијата е далеку покомплексна од тоа што некогаш била. Всушност имаме промени како во делот на опфатот кој го има истата така и во делот на интензитетот на истата.[308] Пропорциите на миграцијата кои ги имаме денес во голема мера ги надминуваат пропорциите кои некогаш истата ги имала а сето тоа го става овој проблем високо на агендата и го издигнува на едно уште повисоко ниво. Кога е во прашање миграцијата и нејзиното регулирање во натамошниот период важно е да се истакне дека еден од најзначајните инструменти во изминативе години беше Агендата за одржлив развој донесена во 2015 година во која јасно беа зацртани приоритетите за еден 15 годишен период. Всушност дискусиите околу регулацијата на миграцијата и нејзиниот развој почнуваат од поодамна односно уште во 2006-тата година кога државите кои се дел од Обединетите нации започнаа разговори околу оваа проблематика. Истите тие

---

[305] Spiro, Peter J. "The Possibilities of Global Migration Law." AJIL Unbound, Volume 111, 2017, pp. 3 – 7. (Str.5)

[306] Koser, Khalid. "Introduction: International Migration and Global Governance." *Global Governance*, vol. 16, no. 3, 2010, pp. 301–315. (Str.301)

[307] Spiro, Peter J. "The Possibilities of Global Migration Law." AJIL Unbound, Volume 111, 2017, pp. 3 – 7. (Str.4)

[308] Asis, Maruja M. B., and Nicola Piper. "Researching International Labor Migration in Asia." *The Sociological Quarterly*, vol. 49, no. 3, 2008, pp. 423–444. (Str.423)

разговори резултираа токму со Агендата за одржлив развој.[309] За да државите имаат бенефит од самата миграција неопходна е една тесна соработка која ќе почива на почитување на човековите права и делење на одговорноста помеѓу сите актери а на сето тоа се придодава и почитувањето на суверенитетот на секоја една конкретна држава како и водењето сметка за почитувањето на принципот на недискриминација. Всушност на сите овие погоренаведени начела се заснова и договорот постигнат помеѓу државите кои се дел од Обединетите нации во поглед на регулација на проблематиката поврзана со миграцијата.[310] Имено соработката во делот на миграцијата е нешто што е неизбежно за да се извлечат позитивните аспекти од истата практично нужно е сите инволвирани или афектирани актери во процесот да соработуваат. Најдоброто орудие за подобрување на кооперацијата помеѓу сите актери афектирани од процесот на миграција е токму глобалниот договор постигнат од државите кои се дел од Обединетите нации. Ова го потенцира и истакнува и господинот Гутереш генералниот секретар на Обединетите нации. Имено истиот потенцира дека регулацијата на миграцијата може најдобро да биде направена токму преку овој инструмент кој има за цел да ја подобри регулацијата на миграцијата токму преку градење на мост на соработка помеѓу државите од кои се очекуваа да имаат поголема кооперација во ова поле односно во контекст на оваа проблематика.[311] Сето тоа говори во голема мера за значајноста на Обединетите нации кои се простор и место каде е можно сите оние кои се засегнати со појави како што е миграцијата да можат да се договорат за начинот на кој ќе ја регулираат или менаџираат истата оваа проблематика. Всушност кога говориме за глобалниот договор помеѓу државите членки на Обединетите нации со кој се регулира прашањето на миграцијата мошне важно е да истакнеме дека истиот тој им остава простор односно им дава дискреционо право на државите како суверени етнитети или актери да решат кој е оној којшто ќе има право на пристап на нивната територија и кој би можел да остане на истата. Воедно во овој контекст мошне значајно е да се истакне дека глобалниот договор за миграција помеѓу државите членки на Обединетите нации е меѓувладин договор кој има необврзрувачки карактер и истиот е донесен под покровителство на самата организација и со него се регулирани сите аспекти кои произлегуваат од миграцијата.[312]

---

[309] Bloom, Tendayi. “When Migration Policy Isn’t about Migration: Considerations for Implementation of the Global Compact for Migration.” Ethics & International Affairs, Volume 33, Issue 4, 2019, pp. 481 - 497. (Str.481)

[310] https://refugeesmigrants.un.org/migration-compact

[311] https://news.un.org/en/story/2023/12/1144897

[312] https://www.iom.int/global-compact-migration

## II ДЕЛ ЗАЕДНИЧКИ СИСТЕМ ЗА АЗИЛ НА ЕВРОПСКА УНИЈА

### **2. создавање на заедничкиот систем за азил на европската унија**

Она што го одликуваше системот за азил на Европската Унија пред договорот од Мастрих беа трансферирање на моќта на земјите членки од страна на Европската комисија, парламент кој поседува ингеренции кои се лимитирани и Европски совет кој своите одлуки ги носи едногласно. Генерално иституциите на ЕУ имаа лимитирана улога во делот на азилот и миграцијата. Но таа ситација набргу ќе се промени со договорот од Мастрих и неговото стапување во сила кон крајот на 1993-тата година односно во месец ноември истата година. Имено иако во голема мера истиот овој договор е доследен на претходниот аранжман тоа што го прави овој договор мошне значаен во полето на азилот и миграцијата е тоа што истиот им дава формална улога на институциите на ЕУ во однос на прашањата поврзани со азилот и миграцијата. Всушност пред стапувањето на сила на истиот овој договор институциите на унијата доколку се исклучат неколку прашања поврзани со визите немаа никаква формална улога во делот на азилот и миграцијата. Меѓутоа сето тоа се менува со Договорот од Мастрих кој прашањето на азилот и миграцијата го опсервира како прашање од „заеднички интерес“. [313] Имено Договорот од Мастрих има условнокажано трансформирачка улога особено кога е во прашање менацирањето на прашањата поврзани со азилот и миграцијата. Трансформативниот ефект на истиот овој договор лежи токму во доделувањето на ингеренции на институциите на Европската Унија во делот на азилот и прашањата поврзани со бегалците и миграцијата. Значењето на договорот од Мастрих во однос на прашањето за азил и мигирација лежи меѓуостанато во издигнувањето на одредени прашања поврзани со азилот и миграцијата на ниво на зедницата. Истиот овој договор прашањето на азилот, критериумите за премин на надворешните граници ги смета за прашања од заеднички интерес. Воедно договорот од Мастрих во голема мера инсистира на носење на политики на ниво на Заедницата.[314] Практично договорот од Мастрих прашањата на азилот и миграцијата ги поставува на едно повисоко ниво и истите ги сместува во корпусот на прашања за кои одлучува заедницата односно унијата. Третиот столб од трите столбови коишто ги има Договорот од Мастрих е всушност фундаментот од кој Европската Унија ја црпи зајакнатата улога во делот на управувањето со миграциските прашања.[315] Ако направиме една анализа и доколку погледнеме рестроспективно ќе увидиме дека постојат условнокажано два временски периоди или години коишто се од суштинско значење и важност во развојот и креацијата односно во создавањето на Заедничкиот систем за азил на Европската Унија. Една од годините што се особено значајни кога е во прашање заедничкиот систем за азил на ЕУ се 1999 година и 2005 година. Всушност 2005 година е годината во која после еден долготраен процес на

[313] Andersson, Hans E. “Liberal Intergovernmentalism, Spillover and Supranational Immigration Policy.” Cooperation and Conflict, vol. 51, no. 1, 2016, pp. 38–54. (Str. 44)
[314] Freeman, Gary P. “Migration Policy and Politics in the Receiving States.” The International Migration Review, vol. 26, no. 4, 1992, pp. 1144–1167 (Str. 1161)
[315] Martin, Philip, and Teitelbaum, Michael. “Economic Integration and Migration: Austria, the Slovak Republic and the EU.” The International Migration Review, vol. 39, no. 4, 2005, pp. 953–961. (Str. 955, 956)

преговори беше усвоена правна регулатива во однос на азилот која и ден денес се применува во државите членки на Европската унија а со тоа Европската унија ја исполни својата мисија во делот на азилот. Впрочем између 2000 и 2005 година државите си поставија за цел да креираат еден процес за азил кој ќе биде унифициран. Всушност уште во 1999 година државите членки на Европската Унија решија да креираат правна рамка во однос на азилот. Имено државите се решија да ја креираат оваа правна рамка свесни за тоа дека за вистинско трасформирање на Унијата во областите на слободата, правдата како и на безбедноста од клучно и суштинско значење е политиката на азилот и миграцијата.[316] Покрај меѓународните договори кои веќе беа имплементирани во законодавствата на државите членки на Европската Унија унијата имаше и одредени свои стандарди во однос на азилот и на бегалците и нивната заштита кои беа од универзален карактер. Сепак законодавната рамка во ЕУ во однос на азилот и бегалците се воспоставува во 1999 година кога практично се воспоставува и Заедничкиот систем за азил на Европската Унија. [317] Кога говориме за Заедничкиот систем за азил на ЕУ неминовно е да споменеме одредени директиви кои практично се од огромно значење и се поприлично значаен дел од мозаикот на правила кои се во насока на заштита на бегалската популација. Постојат одредени директиви коишто се од суштинска важност за Заедничкиот систем за азил на Европската Унија. Имено клучни директиви кои се од едно суштествено значење се директивата за обединување на семејството која воедно се аплицира и на лицата бегалци, директивата за привремена заштита од 2001 година којашто всушност на унијата и дава мехнизми да одговори во оние ситуации кога имаме прилив од масовен карактер односно масовен прилив на раселени лица кои не би можело да се вратат назад во државата од која потекнуваат. Всушност во овој дел мошне важно е и да нагласиме дека во периодот од 1999-тата година до 2005-тата година беа донесени серија на мерки во делот на легислативата кои беа во насока на усогласувањето на минималните стандарди за азил. Покрај носењето на овие мерки од огромно значење беше и градењето на финансиската солидарност во контекст на азилот и бегалците а токму во оваа насока беше и креацијата на Европскиот фонд за бегалци.[318] Императивот по кој се води Заедничкиот систем на азил на ЕУ е обезбедување на гаранција во делот на стандардите за меѓународна заштита кои треба да бидат високи и на едно завидно ниво. Заедничкиот систем за азил на ЕУ е базиран на меѓународните договори кои ја уредуваат материјата на азилот. Со Зеаедничкиот систем за азил се детерминираат минималните стандарди и воедно се уредуваат процедурите за доделување на конкретен статус на лица од трети држави кои побаруваат меѓународна заштита. Во овој дел мошне значајно е да се нагласи и дека правото на азил е втемелено и се признава во Повелбата за основните права на Европската

[316] Fullerton, Maryellen. “REFUGEES AND THE PRIMACY OF EUROPEAN HUMAN RIGHTS LAW.” UCLA Journal of International Law and Foreign Affairs, vol. 21, no. 1, 2017, pp. 45–69. (Str. 52)
[317] JONES, WILL & TEYTELBOYM, ALEXANDER and ROHAC, DALIBOR. Europe’s Refugee Crisis: PRESSURE POINTS AND SOLUTIONS. American Enterprise Institute, 2017. (Str. 6)
[318] https://www.moi.gov.cy/moi/asylum/asylumservice.nsf/asylumservice13_en/asylumservice13_en?OpenDocument

Унија и едно од основните права.[319] Усогласувањето или хармонизацијата на политиките во делот на азилот на европско ниво е еден постепен процес кој се одвива од крајот на 90-тите години на минатиот век. Имено во насока на хармонизацијата во делот на политиките за азил беа усвоени неколку договори од крајот на 90-тите години па наваму.[320] Всушност во овој дел треба да се нагласи дека развојот на целокупниот систем за азил на Европската Унија е проект кој бара ангажман на долгорочен план. Имено целокупниот развој се одвива етапно и е предмет на постојана еволуција и адаптација односно модификација а се со цел и во насока на тоа истиот да биде ефикасен и на висина на задачата. Особено значаен сегмент кој е нешто незаобиколиво кога се говори за Заедничкиот систем за азил на Европската Унија е Даблинската регулатива која веројатно е една од најзначајните алки во системот па токму затоа неопходно е на истата да и се посвети малку повеќе внимание. Во насока на спречување на нерегулираното движење во Шенген зоната на лицата кои побаруваат азил и признавање на статусот на бегалец како и се со цел да се спречи истите тие лица да поднесуваат не едно туку повеќе барања за азил во различни држави членки на Европската Унија беше донесена Даблинската конвенција во 1990-тата година. Даблинската конвенција стапи на сила во 1997 година и беше усвоена од страна на државите членки на Европската Унија но и од страна на некои држави кои не се нејзини членки како што е тоа Норвешка или како што е тоа Исланд. Во 2003-тата и во 2013-тата година беа донесени Регулативите Даблин II и Даблин III кое се наследнички на даблинската конвенција од 1990-тата година. Овие регулативи исто така се во насока на исполнување на погоренаведената мисија.[321] Идејата позади Заедничкиот систем за азил на Европската Унија е унифицирање и хармонизирање на политиките и легислативата за азил. Всушност заложбите за формирање на ваков еден систем можеме да ги лоцираме на крајот од 90-тите години од минатиот век или поточно во 1999-тата година кога Европскиот Совет како своја заложба имаше формирање на еден ваков систем. Имено за Европската Унија стана повеќе од евидентно дека е неопходно да се формира ваков еден систем односно дека е неопходен систем на заедничко менаџирање на прашањата поврзани со азилот. Впрочем 90-тите години или поточно нивниот почеток го одбележа распадот на СССР што пак со себе донесе огромен број на раселени лица како резултат на што се наметна потребата од формирање на еден заеднички систем за азил на ниво на Унијата.[322] Практично Заедничкиот систем за азил на ЕУ е плод на едни драматични времиња за Европскиот континент и неговата креација се наметна како една насушна потреба и беше соодветен одговор на предизвиците со кои се соочуваа државите членки на ЕУ во тоа време. Во коренот на Заедничкиот систем за азил на Европската Унија се

---

319 Anagnostaras, Georgios. “The Common European Asylum System: Balancing Mutual Trust Against Fundamental Rights Protection.” German Law Journal, Volume 21, Issue 6, 2020, pp. 1180 – 1197. (Str. 1180, 1181)

320 Kulu-Glasgow, Işık. “Quality of Asylum Decisions: Uses and Limitations of Surveys of Asylum Case Files.” International Migration in Europe: New Trends and New Methods of Analysis, edited by Corrado Bonifazi, Marek Okólski, Jeannette Schoorl, and Patrick Simon, Amsterdam University Press, 2008, pp. 313–330. (Str. 313)

321 JONES, WILL & TEYTELBOYM, ALEXANDER and ROHAC, DALIBOR. Europe’s Refugee Crisis: PRESSURE POINTS AND SOLUTIONS. American Enterprise Institute, 2017. (Str. 6)

322 https://www.europeanmovement.ie/what-is-the-eus-common-european-asylum-system/

наоѓа Женевската конвенција. Примарна мисија на истата оваа конвенција и на Заедничкиот систем за азил на Европската Унија е ниту едно лице да не биде вратено на место каде ќе биде подложно на прогон. Воедно еден од клучните императиви на ЕУ и на неговите држави членки е апсолутното почитување на правото на азил а овој императив и заложба на унијата ја потврдува и Европскиот Совет.[323] Како што споменавме и претходно Заедничкиот систем за азил на ЕУ е во една постојана еволуција и развој односно истиот повеќе пати беше предмет на реформа. Реформскиот процес е нешто што беше одлика на Зедничкиот систем за азил на ЕУ. Всушност од креацијата на истиот овој систем истиот е во постојан развој.[324] Целта за креирање на еден Заеднички систем или режим за азил на ниво на целата унија лежи токму во мисијата на ЕУ на бегалската популација да и обезбеди максимална заштита како и еден еднаков и унифициран третман на сите баратели на азил без оглед на тоа во која држава истите аплицирале за добивање на азил односно за стекнување на статус на бегалец. Крајната интенција на креацијата на еден заеднички систем за азил на ниво на Европската Унија не е ништо друго туку усогласување и нудење на еден еднаков третман на оние лица кои побаруваат азил односно кои имаат потреба од меѓународна заштита на ниво на Европската Унија. Всушност клучниот сегмент е изедначување односно нивелирање во делот на критериумите за заштита како и на прием во ЕУ на барателите на азил. Имено Заедничкиот систем за азил на унијата кој постои од 1999-тата година е нешто на што Европската Унија во континуитет работи. Впрочем од 1999-тата година па наваму беа усвоени серија на правни инструменти во однос на азилот и бегалците кои и ден денес се камен темелник на кој се базира заштитата на бегалците во рамките на Европската Унија и кој претставува основа за солидарност помеѓу државите членки.[325] Една од главните преокупации на политичките елити во Европската Унија во текот на 90-тите години на минатиот век беше токму приемот и начинот на третирање на барателите на азил. Всушност тоа беше една од клучните правни и политички преокупации на политичките елити во тоа време кои мораа да водат грижа за тоа прашање како прашање од суштинско значење.[326] Не е неопходно да се вратиме премногу назад во минатото за да ги лоцираме корените на Заедничкиот систем за азил на ЕУ. Имено ако се вратиме само неколку децении наназад ќе увидиме дека коренот на Заедничкиот систем за азил односно никулецот од кој истиот изникнува односно се изродува е договорот од Амстердам на Европската Унија. Ако ја анализираме историјата на создавањето на Заедничкиот систем за азил на ЕУ патот ќе не донесе до договорот од Амстердам. Имено врз основа на клаузулите содржани во договорот од Амстердам од 1997 година државите членки на Европската Унија постигнаа договор заеднички да работат на воспоставување на заедничкиот систем на азил на Европската унија. Всушност во октомври 1999 -тата година на состанок во Тампере на Европскиот совет државите членки на Европската Унија која во тој момент броеше 15 држави членки се

[323] https://www.epc.eu/content/publications/7_CEAS.pdf
[324] https://www.europeanmovement.ie/what-is-the-eus-common-european-asylum-system/
[325] https://www.bamf.de/EN/Themen/AsylFluechtlingsschutz/EuropaeischerKontext/GEAS/geas-node.html
[326] Guild, Elspeth. “Between Persecution and Protection: Refugees and the New European Asylum Policy.” Cambridge Yearbook of European Legal Studies, Volume 3, 2000, pp. 169 – 197. (Str. 169)

договорија да создадат Европска Унија која ќе биде област во која ќе владее слободата, правдата и безбедноста. Во насока на креирањето на една таква унија беше и создавањето на Заедничкиот систем за азил на Европската унија.[327] Договорот од Амстердам го има епитетот за еден од најзначајните договори кога е во прашање регулацијата на проблематиката поврзана со бегалците и азилот на ниво на унијата. Она што и ги одврза рацете на Европската Унија во делот на азилот и креацијата на политиките од тоа поле беше условно кажано Договорот од Амстердам кој беше донесен во 1997 година. Всушност овој договор е особено значаен поради тоа што прави промена во однос на надлежностите на Европската унија во делот на азилот. Имено со овој договор Европската Унија стекнува надлежност по прв пат да усвои обврзувачко право во делот на азилот на ниво на ЕУ. Сето тоа е во насока на креацијата на еден заеднички систем за азил на ниво на Европската Унија.[328] Во овој дел важно е да се нагласи дека материјата поврзана со азилот и бегалците на ниво на Европската Унија не секогаш била регулирана на еден ист начин односно истата е во принцип регулирана на еден поразличен начин пред стапувањето во сила на договорот од Амстердам. Интересно е прашањето за тоа како беше регулирана оваа материја пред стапувањето во сила на Договорот од Амстердам и пред креацијата на Заедничкиот систем за азил на Европската Унија. Имено важно е да се нагласи дека прашањата поврзани со азилот и бегалците беа предмет на меѓуваладина соработка на ниво на Европската унија еден подолг временски преиод и прашањето на азилот беше едно од прашањата кои беа сегмент од Шенген системот на Европската Унија. Воедно Унијата го имаше воспоставено и Даблинскиот систем кој ја детерминираше одговорноста во делот на обработка и процесирањето на барањата за азил. Исто така уште неколку резолуции од необврзувачки карактер во контекст на азилот беа усвоени пред стапувањето во сила на договорот од Амстердам и пред создавањето на Заедничкиот систем за азил на Европската Унија.[329] Природата на Заедничкиот систем за азил на ЕУ е различна во различните фаза на развој кои ги има истиот. Имено може да се каже дека во првиот стадиум на развој истиот е помалку ригиден но како истиот еволуира станува малку поригиден. Системот за азил на европската унија на почетокот се одликува со една поголема фелксибилност, одредени исклучоци како одредби од изборен карактер во делот на процедурите за азил. Меѓутоа како што истиот се развива почнува да воспоставува и поцврсти норми. Таквите норми се одлика на втората фаза од воспоставувањето на Зедничкиот систем за азил на Европската Унија која се одвива со една постепена динамика во преиод од пет години. Всушност врз основа на одредбите од договорот од Амстердам беше креиран еден систем за азил базиран на заштита на основните права.[330] Имено постојат повеќе стадиуми на развој на заедничкиот систем за азил односно истиот се развива во

[327] Lambert, Hélène. “Transnational Judicial Dialogue, Harmonization and the Common European Asylum System.” The International and Comparative Law Quarterly, vol. 58, no. 3, 2009, pp. 519–543. (Str. 522)
[328] https://migrationobservatory.ox.ac.uk/resources/primers/the-uk-the-common-european-asylum-system-and-eu-immigration-law/
[329] Ibid
[330] Byrne, Rosemary & Noll, Gregor & Vedsted-Hansen, Jens. “Understanding the Crisis of Refugee Law: Legal Scholarship and the EU Asylum System.” Leiden Journal of International Law, Volume 33, Issue 4, 2020, pp. 871 – 892. (Str. 884)

неколку фази. Развојот на Заедничкиот систем за азил на Европската Унија се одвива во три фази односно има и трета фаза која е во насока на подобрување на целокупниот систем а на оваа трета фаза и претходеа две главни фази.[331] Секоја од овие фази се одвива во различен временски период и секоја од овие фази опфаќа различни чекори и аспекти кои се дел од целокупната сложувалка односно дел од мозаикот наречен Заеднички систем за азил на ЕУ. Критериумите во делот на тоа кој може да биде бегалец во ЕУ, правните процедури заеднички за сите држави членки, минималните стандарди за прием на лицата кои побаруваат азил како и детерминирањето на одоговорностите на државите во контекст на процедурите за азил беа опфатени со правата фаза од развојот на системот која се одвиваше во периодот од 1999-тата година до 2004-тата година.[332] Зацврстена соработка и создавање на едно чувство на единство помеѓу државите кои членуваат во Европската Унија беа плод на одредени измени и иновации кои беа карактеристика на втората фаза на креацијата на Заедничкиот систем за азил на Европската Унија која се одвива во периодот од 2004-тата година до 2010-тата година и е токму во насока на продлабочување на соработката помеѓу државите членки и креација на едно единство.[333] Како што нагласивме и претходно од огромно значење е Договорот од Амстердам кога е во прашање градењето на Заедничкиот систем за азил на ЕУ. Тоа се должи пред се на фактот што со овој договор се уредуваат мошне значајни прашања во полето на азилот. Она што се уредуваа со договорот на Амстердам во делот на азилот и бегалците е една поширока палета на критериуми. Во овие критериуми спаѓаат односно влегуваат минималните критериуми кои ги уредуваат процедуралните аспекти на доделувањето и на одземањето на статусот на оние лица кои се бегалци, минималните критериуми кои се главни детерминанти за квлаификување за бегалци на државјани од трети држави, минималните стандарди кои ја детерминираат државата која ја носи одговорноста да го испита барањето за азил како и стандардите коишто ги утврдуваат критериумите за прием на бегалците. Всушност договорот од Амстердам врши трансферирање на добар дел од клучните детрминанти поврзани со азилот во Договорот за Европската Заедница или Унија. Почетоците пак во градењето на зедничка политика во делот на азилот го карактеризираа меѓувладините мерки на државите членки.[334] Потребата да се даде адекватен одговор на појавувањето на нови миграциски движења ја натера Европската Унија сериозно да размисли во делот на политиките за азил и миграција и да превземе чекори во насока на префрлање на надлежностите во тој дел на ниво на Европската Унија. Овие чекори беа во насока на подобрување на одговорот на миграциските текови а поради тоа што дотогашниот меѓувладин пристап кон оваа материја и област се покажа како неефикасен во практиката. [335] Практично

[331] Hosli, Madeleine O. “Collaboration between the EU and the UN: Migration and Child Protection Mechanisms.” The European Union and the United Nations in Global Governance, 1st ed., Bristol University Press, 2022, pp. 90–99. (Str. 92)
[332] Ibid (Str. 92, 93)
[333] Ibid (Str. 93)
[334] Guild, Elspeth. “Between Persecution and Protection: Refugees and the New European Asylum Policy.” Cambridge Yearbook of European Legal Studies, Volume 3, 2000, pp. 169 – 197. (Str. 169)
[335] Heschl, Lisa. “The External Dimension of the European Migration and Asylum Policy.” Protecting the Rights of Refugees Beyond European Borders: Establishing Extraterritorial Legal Responsibilities. Intersentia, 2018. pp. 13–46. (Str. 18)

пристапот на Европската Унија во минатото не вродуваше со плод па поради тоа унијата беше условнокажано приморана да пристапи кон промена на моделот којшто постоеше дотогаш а се со цел прашањата поврзани со азилот, бегалците и миграцијата соодветно да ги адресира. Може да се каже дека заокружувањето на процесот на креација на Заедничкиот систем за азил на Европската унија беше комплетиран во јуни 2013-тата година а низ процесот на креација беа имплементирани и донесени серија на легиставни инструменти, беа покренати серија на иницијативи како и беа формирани Европската канцеларија за поддршка на азилот и Европскиот фонд за бегалци. Всушност идејата зад сето ова е креација на систем за азил на едно наднационално ниво кое во целот ќе го замени меѓувладиниот пристап во делот на азилот. На оваа цел Европската Унија работи од 1999-тата година па наваму.[336] Сето ова говори дека на унијата и беа потребни повеќе години односно еден подолг временски период за да го заокружи процесот на креација на Заедничкиот систем за азил на унијата. Беше неопходна една макотрпна работа и едно подолго време за целокупниот тој процес на креација да се заокружи односно комплетира во целост. Доколку го анализираме потеклото на Заедничкиот систем за азил на ЕУ патиштата ќе не одведат до една точка која може да се оквлификува како иницијална написла од каде се започнува. Токму таму можеме да ги лоцираме и контурите врз основа на кои понатаму се гради и создава Заедничкиот систем за азил на ЕУ. Столбовите на кои се градеше зедничката политика во делот на азилот и миграцијата можеме да ги лоцираме во договорот од Тампере. Имено истата таа политика почива врз четири постулати кои се од суштинско значење. Тие постулати опфаќаат партнерски релации со државите на потекло, еден третман на лицата кои се државјани на трети држави кој ќе биде фер, менаџирање на миграциските движења и заедничкиот европски систем за азил.[337] Всушност ако нурнеме малку подлабоко и навлеземе малку подлабински во материјата ќе можеме и временски точно да ги лоцираме сите чекори коишто се направени во насока на создавање на еден единствен унифициран систем или режим за азил на ниво на ЕУ. Практично клучниот временски интервал за Заедничкиот систем за азил на ЕУ може да биде лоциран во 90-тите години од минатиот век. Годината која го носи епитетот на една од најамбициозните години во делот на азилот и миграцијата во рамки на Унијата е 1999-тата кога државите членки се заложија да изградат еден Заеднички систем за азил на Европската Унија. Пред оваа заложба и почетокот на градење на овој систем постоеја и некое други инструменти кои веќе беа имплементирани а кои регулираа сегменти од прашањата поврзани со азилот. Тоа всушност беа Даблинската конвенција и договорот од Шенген. И двата инструменти носат големо значење. Имено со Даблинската конвенција се уредува субјектот кој е одговорен за оценување на барањето за азил додека пак со Шенгенскиот договор беа елеминирани внатрешните граници коишто

[336] Tolay, Juliette. "The EU and Turkey's Asylum Policy in Light of the Syrian Crisis." Global Turkey in Europe II: Energy, Migration, Civil Society and Citizenship Issues in Turkey-EU Relations, edited by Aydın-Düzgit, Senem & Huber, Daniela & Müftüler-Baç, Meltem & Keyman, E. Fuat & Tasci, Jan & Tocci, Nathalie, Istituto Affari Internazionali (IAI), 2014, pp. 123–138. (Str. 124)
[337] Geddes, Andrew. "The European Union's International-Migration Relations towards Middle Eastern and North African Countries." Migration from the Middle East and North Africa to Europe: Past Developments, Current Status, and Future Potentials, edited by Michael Bommes & Heinz Fassmann and Wiebke Sievers., Amsterdam University Press, 2014, pp. 139–158. (Str. 149)

постоеа помеѓу државите членки на унијата а се со цел и во насока на тоа да се создаде зона каде ќе имаме слободно движење. Всушност обидите за хармонизација на регулативата, политиката и процедурите во делот на азилот започнуваат уште со договорот од Мастрих од 1993-тата година кога миграцијата беше дефинирана како област од заеднички интерес. [338] Практично на некој начин се започнува со договорот од Мастрих а клучни сегменти кои се неизоставен дел од целокупната сложувалка се даблинската регулатива и шенгенскиот договор. Во однос на правниот режим односно на регулативата за азил и бегалци на унијата и нејзините членки важно е да се нагласи дека сите држави на унијата се потписнички на меѓународните инструменти со кои е уредена оваа материја. Воедно истите тие држави ги почитуваат истите принципи во делот на азилот и миграцијата а еден особено значаен е принципот на взаемна доверба. Државите членки на европската унија сите до една без исклучок во своето законодавство ја имаат имплементирано Конвенцијата за бегалците од 1951 година и истите партиципираат во Заедничкиот систем за азил на Европската Унија. Токму затоа се влече заклучок во самата Даблинска конвенција дека сите овие држави се безбедни држави и можат да добиваат барања за азил. Всушност постои принцип на взаемна доворба којшто е евидентен во Даблинската регулатива.[339] Принципот на взаемна доверба всушност почива на претпоставката дека државите членки на Европската унија се држави кадешто почитувањето на правото на унијата како и на соодветното меѓународно право се императив а заедничкиот систем за азил на Европската Унија се темели токму на овој принцип односно на целосно почитување на меѓународните инструменти како и на европската регулатива која ја регулира материјата поврзана со азилот. [340] Правилата во делот на одговорноста за испитување на апликацијата за азил на барателите за азил кои се уредени и дефинирани со Даблинската регулатива се поприлично ригорозни и истите предвидуваат еден остар одговор за оние кои истите ќе ги прекршат односно кои нема да ги почитуваат. Она што следи за сите оние лица кои аплицираат за азил во држава членка на Европската Унија која всушност и не е првата држава кадешто истите тие влегле е депортација. Имено согласно даблинската регулатива односно согласно сите нејзини верзии или првата верзија од 1990, втората од 2003 и третата од 2013-тата година одговорноста за испитување на барањето паѓа на првата држава членка во која барателот стапнал. [341] Меѓутоа важно е да се нагласи дека од секое правило понекогаш има и исклучок. Па така има и одредени исклучоци и кога се во прашање правилата пропишани со даблинската регулатива. Таков еден исклучок е предвиден во членот 3 ставот 2 од истата таа регулатива. Сепак согласно член 3(2) од истоимената регулатива

[338] MICINSKI, NICHOLAS R. “Collaboration in EU Migration Management.” Delegating Responsibility: International Cooperation on Migration in the European Union, University of Michigan Press, 2022, pp. 49–78. (Str. 60, 61)
[339] Linden-Retek, Paul. “The Refugees We Are: Solidarity, Asylum, and Critique in the European Constitutional Imagination.” German Law Journal, Volume 22, Issue 4, 2021, pp. 506 – 533. (Str. 520)
[340] Nanopoulos, Eva. “TRUST ISSUES AND THE EUROPEAN COMMON ASYLUM SYSTEM: FINDING THE RIGHT BALANCE.” The Cambridge Law Journal, Volume 72, Issue 2, 2013, pp. 276 – 280. (Str. 278)
[341] Almustafa, Maissaa “Reframing refugee crisis: A “European crisis of migration” or a “crisis of protection”?”, Environment and Planning C: Politics and Space, Volume 40, Issue 5, 2022, pp. 1064-1082. (Str. 1076)

државата членка можно е да одлучи да оцени барање за азил кое и не е должна да го оцени односно кое не е нејзина одговорност. Додека членот 3(1) пропишува дека одговорноста за оценување на барањето за азил се утврдува според стандардите пропишани во истоимента регулатива кои детерминираат една држава членка која ќе биде одговорна за барањето.[342] Во 1999-тата година беа поставени и определени приоритети врз основа на кои треба да се изгради и темели системот или режимот за азил на Европската Унија. Приоритетите на коишто почива политиката за азил на Европската унија беа детерминирани односно поставени уште со програмата од Тампере којашто беше донесена односно усвоена на 15 и 16ти октомври 1999-тата година. Всушност со истата оваа програма беа предвидени четири клучни приципи или приоритети.[343] Правата во делот на азилот се во целост во рамките на европското, домашното и меѓународното право кое ја утврдува оваа материја и кои се важечки. Всушност европската комисија по Договорот од Амстердам она што се обиде да го направи е трансферирање на прашањето за азилот и негово инкорпорирање во една поширока рамка која ги опфаќа безбедноста на гранците, надворешните односи и миграцијата. Сето тоа беше во рамките на пет годишниот план за развивање на Заедничкиот систем за азил на Европската Унија којшто го пропиша договорот од Амстердам.[344] Договорот од Амстердам е практично еден од најзначајните елементи кога е во прашање градењето или создавањето на Заеднички систем за азил на ЕУ. Кога зборуваме за договорите, Европската Унија, азилот и бегалците еден од најзначајните договори е и договорот помеѓу ЕУ и Турција. Кога е во прашање политиката на азил и правните инструменти неминовно е да го споменеме и договорот помеѓу Европската Унија и Турција којшто беше окончан во месец март 2016-тата година. Овој договор практично даде можност лица кои потекнуваат од трети држави да бидат депортирани надвор од граничната линија на Европа. Покрај овој договор беа имплементирани и серија на други механизми. Тука мошне значајно е да се спомене Фронтекс и Еуродак. Имено фокусот беше ставен на подобрување на безбедноста на границите како и создавање на една подобра технологија во насока на подобро менаџирање на миграцијата и нејзино зауздување. Всушност токму во оваа насока беше креацијата на Фронтекст кој требаше да донесе побезбедни гранци како и Еуродак тело одговорно за базите на податоци кое се очекува да донесе иновации на технолошки план. Сите овие правни механизми се пропратен дел од континуираното градење на заедничкиот систем за азил на ЕУ од 1999-тата година па наваму и усогласување на политиките за азил.[345] За да се изгради заедничкиот систем за азил на ЕУ практично првично беше неопходно да се поставаат постулатите односно да постои една плодна почва каде ќе може семето да се засади за да подоцна да се очекува да се развие плодот. Таа

[342] Nanopoulos, Eva. “TRUST ISSUES AND THE EUROPEAN COMMON ASYLUM SYSTEM: FINDING THE RIGHT BALANCE.” The Cambridge Law Journal, Volume 72, Issue 2, 2013, pp. 276 – 280. (Str. 277)

[343] Kostakopoulou, Dora. “The Evolving Area of Freedom, Security and Justice: Taking Stock and Thinking Ahead.” European Immigrations: Trends, Structures and Policy Implications, edited by Marek Okólski, Amsterdam University Press, 2012, pp. 259–268. (Str. 266)

[344] Shepherd, Harold. “Towards a Common European Asylum System: Asylum, Human Rights, and European Values.” Refuge: Canada’s Journal on Refugees, vol. 22, no. 1, 2004, pp. 96–107. (Str. 96)

[345] Bosworth, Mary, & Vannier, Marion “Blurred lines: Detaining asylum seekers in Britain and France” Journal of Sociology, Volume 56, Issue 1, 2020, pp. 53-68. (Str. 57)

плодна почва е условно односно фигуративно кажано шенгенскиот договор кој креира терен за развој на еден унифициран систем односно режим за азил на ниво на целата унија. Всушност основата на заедничкиот систем за азил на Европската Унија лежи во Шенгенските договори. Имено договорите од Шенген од 1985-тата година како и од 1990-тата година или попознати како Шенген I и Шенген II ја изградија основата за креирање на една заедничка миграциона политика. Шенегенскиот договор е исклучително значајна иницијатива чија цел беше целосно укинување на проверките на внатрешните гранци, подобра контрола на надворешните граници која ќе има едни критериуми кои ќе бидат поригорозни и кои ќе имаат една конзистентност, хармонизација во делот на политиките за визи како и коридинирање во делот на азилот односно во делот на политиките поврзани со таа област.[346] Се со цел да се овозможи внатрешниот пазар на ЕУ да биде функционален односно да нема потешкотии во неговото функционирање беа креирани серија на регулативи. Поточно поконкретно се со цел да се овозможи функционирањето на Шенген зоната беше креиран Заедничкиот систем за азил на ЕУ. Со други зборови кажано креацијата на Заедничкиот систем за азил на ЕУ е причинско последично поврзана со креацијата на Шенген зоната.[347] Слободно може да се каже дека креацијата или создавањето на Заедничкиот систем за азил на ЕУ е на некој начин последица на создавањето на Шенгенскиот систем односно на усвојувањето на Шенгенскиот договор. При анализа на Заедничкиот систем за азил на ЕУ патиштата одново и одново водат до договорот од Амстердам поради неговата исклучителна важност во делот на проблематиката поврзана со азилот и бегалците. Прашањето на азилот беше трансферирано во категоријата право на заедницата односно беше ставено во првиот столб со договорот од Амстердам. Пред договорот од Амстердам пак истото ова прашање беше дел од третиот столб и беше ставено во категоријата надворешни работи и правда.[348] Договорот од Амстердам беше условно кажано пресвртница во делот на политиката за азил и миграција. Иститот тој договор ги создаде контурите за една заедничка политика во ова поле. Европската унија е всушност еден единствен и уникатен пример каде напорите за градење на една целокупна регионална политика во делот на азилот вродија со плод. Сепак сето тоа не беше еден брз процес туку напротив истиот одзеде навистина доста време. Меѓутоа важно е да се нагласи дека само ЕУ успеа во тоа да изгради една регионална политика во делот на азилот и миграцијата и покрај тоа што за истите овие прашања се говореше и во други регионални организации како НАФТА, МЕРКОСУР и АПЕК со оглед на тоа што миграциските текови најчесто имаат регионален карактер. Во своите првични проекции околу градењето на заедничкиот систем за азил на ЕУ унијата имаше зацртано како цел до мај 2004-та година да воспостави заедничка политика во делот на азилот и миграцијата која ќе опфаќа 25 држави и ќе ги уредува прашањата поврзани со менаџирањето на миграционите движења, правилата и критериумите за азил, градењето на

[346] Zimmermann, Klaus F. “Tackling the European Migration Problem.” The Journal of Economic Perspectives, vol. 9, no. 2, 1995, pp. 45–62. (Str. 59)
[347] Parkes, Roderick. “Understanding the EU’s Migration Diplomacy.” NOBODY MOVE!: MYTHS OF THE EU MIGRATION CRISIS, European Union Institute for Security Studies (EUISS), 2017, pp. 21–34. (Str. 22)
[348] Shepherd, Harold. “Towards a Common European Asylum System: Asylum, Human Rights, and European Values.” Refuge: Canada’s Journal on Refugees, vol. 22, no. 1, 2004, pp. 96–107. (Str. 97)

партнерски релации со државите на потекло како и прашањата поврзани со интеграцијата на лицата припадници на трети држави.[349] Имено Европа успеа во тоа што ниту еден друг регион во светот не успеа и е навистина еден пример за останатите региони за тоа како се гради еден регионален систем за азил. Градењето на еден регионален систем или режим е еден навистина амбициозен и сериозен потфат кој повлекува едно подолго време и бара една сериозна ангажираност и посветеност. Таков е и случајот со Заедничкиот систем за азил на ЕУ кој не настана преку ноќ туку напротив процесот на неговото градење беше долг макотрпен и исцрпувачки а патот до финалниот продукт одзеде повеќе време. Патот до една усогласена политика на ниво на целата заедница која пропишува обврски кон барателите на азил и бегалците коишто се позитивни но и негативни е финалниот епилог до кој за да се дојде беа неопходни 40 години. Еволуцијата на политиката во делот на азилот е поприлично долга па така на пример во раните 80-ти години од минатиот век истата беше од многу понизок профил и беше сведена на ниво на мала соработка на политичко ниво. Тоа што го направи заедничкиот систем за азил на ЕУ е го подобри управувањето во сегментот на азилот и даде додадена вредност на веќе изградениот меѓународен режим за бегалци како и на националните законодавства кои ја регулираа материјата поврзана со азилот. [350] Со други зборови кажано развојот или еволуцијата се одвиваше постепено и етапно во текот на изминатите децении. Практично низ годините соработката во делот на азилот и бегалците растеше во континуитет па така од едно релативно ниско ниво на соработка помеѓу државите членки се дојде до едно поприлично високо ниво на соработка. Тоа што е евидентно на европски терен е значителна промена во ситуацијата кога е во прашање азилот. Така од ситуација на криза на системот и институции кои имаат потешкотии да се справат со прашањата поврзани со азилот која ја имаме денес во минатото ситуацијата беше драматично поразлична. Така на пример ситуацијата во бројни европски држави од средината па до крајот на 80-тите години на минатиот век во делот на азилот беше поприлично мирна и стабилна.[351] Ситуацијата во поглед на миграцијата особено на присилната миграција е веројатно едно поле односно област во која во само неколку децении беа забележани значителни перипетии односно динамиката на истата таа појава во голема мера осцилира и значително се засилува како што одминува времето. Ситуацијата во тој домен трпи големи промени имено од една условно и фигуративно кажано состојба на мирно море прераснува во бура со порилично силен интензитет односно од еден поприлично голем калибар. Истото се однесува и во однос на ставот во однос на прашањето на бегалците и азилот. Така на пример потребата од ефтина работна рака во 50-тите и 60-тите години од минатиот век ги зголеми апетитите за прием на бегалци. Имено истите беа со широки раце прифатени

[349] Castles, Stephen. “The Factors That Make and Unmake Migration Policies.” The International Migration Review, vol. 38, no. 3, 2004, pp. 852–884. (Str. 875)
[350] Walter-Franke, Marie. “Building a European Asylum Regime in Discordance: Polarized Representations of Refugees in the Discursive Process of Policy-Making.” Politique Européenne, no. 60, 2018, pp. 34–71. (Str. 35)
[351] Walaardt, Tycho. “New Refugees?: Manly War Resisters Prevent an Asylum Crisis in the Netherlands, 1968-1973.” Gender, Migration and Categorisation: Making Distinctions between Migrants in Western Countries, 1945-2010, edited by Schrover, Marlou and M. Moloney, Deirdre, Amsterdam University Press, 2013, pp. 75–104. (Str. 77)

што пред се се должеше на големиот економски раст што се случуваше во Европа во тој период. Всушност по завршетокот на Втората светска војна миграцијата не беше воопшто тема што предизвикува некаква загриженост во европските земји и всушност по завршувањето на Втората светска војна расположението за бегалци беше големо. Всушност бегалците од источниот комунистички блок како и преживеаните од воените логори со широки раце беа прифатени.[352] Практично ставовите во однос на миграцијата и бегалците претрпеа големи промени односно негативните ставови во однос на тие прашања не се нешто што одсекогаш било типична карактеристика туку напротив ставовите во однос на овие прашања во одредени периоди беа поприлично позитивни. Она што вреди во оваа насока да се истражува е тоа како од ситуација на широко отворени врати за бегалците се дојде до ситуација на издигнати огради чија единствена намена е да ги одвратат бегалците и барателите на азил. Сепак ситуацијата набргу драстично ќе се смени. Па така ако раните и средните 80-ти ситуацијата беше мирна во однос на миграционото прашање и прашањето на азил и истите овие прашања не беа воопшто спорни од средината на 80-тите години на минатиот век ситацијата ќе се промени. Според Ayşen Üstübici од средината на 80-тите години е евидентен еден порестриктивен пристап и зголемени ограничувања. Според него она што е повеќе од евидентно е обид за трансферирање на проблемот со бегалците на други држави или на периферни земји. Во овој контекст Ayşen говори дека се забележува обид за креирање на условнокажано мигрантско незаконие. Според него тоа се прави на тој начин што за прв пат во историјата се воведуваат и етаблираат концепти како прва држава на азил, нерегуларно секундарно движење, транзитни и загалвени мигранти.[353] Практично со тек на времето ставовите во однос на бегалците стануваат негативни а тоа што државите членки на ЕУ го прават е обид на секој можен начин да ги одвратат бегалците и во таа насока се превземаат една цела плеада на чекори. Ако го анализираме развојот на Заедничкиот систем за азил на ЕУ ќе видиме дека постојат неколку критични точки. Една од тие точки е дефинитивно Даблинската регулатива. Она што е пресвртница условнокажано во делот на политиката поврзана со азилот и бегалците е дефинитивно Даблинската конвенција. Впрочем истата стави крај на еден поприлично сложен проблем а тоа проблемот на повеќекратни барања. Имено истата го реши тој проблем на тој начин што утврди точни и прецизни критериуми за да се одреди државата која ќе има одговорност да го разгледа конкретното барање за азил. Со даблинската конвенција во 90-тите всушност настапува една драстична промена во начинот на менаџирање на бегалските текови и во одговорот на прашањето на азилот.[354] Даблинската регулатива вушност е камен темелникот на кој подоцна ќе се гради заедничкиот систем за азил на ЕУ. Истата таа регулатива која стапи на сила во 1997-та година а беше донесена во 1990-тата година ги создаде контурите за креација на истиот тој

[352] Steinhilper, Elias. “Contentious Migration in Context: Law, Discourse and Mobilization in Germany and France.” Migrant Protest: Interactive Dynamics in Precarious Mobilizations, Amsterdam University Press, 2021, pp. 49–74. (Str. 50)
[353] Üstübici, Ayşen. “The Production of Migrant Illegality: International and Domestic Dynamics in a Comparison.” The Governance of International Migration, Amsterdam University Press, 2018, pp. 47–82. (Str. 53)
[354] Freeman, Gary P. “Migration Policy and Politics in the Receiving States.” The International Migration Review, vol. 26, no. 4, 1992, pp. 1144–1167. (Str. 1160)

систем преку етаблирање на меѓународните правни основи.[355] Даблинската регулатива на некој начин беше иницијална точка од која почнува развојот и креацијата на Заедничкиот систем за азил на ЕУ. Порастот на барањата за азил всушност беше главниот двигател за превземање на дополнителни чекори во делот на азилот. Поконкретно напливот на барања од Албанците во Италија го крена алармот. Имено поради зголемениот обем на барања Италија упати барање за состанување на тројката на Советот и на истиот тој состанок ги презентира своите барања односно побара да се превземат чекори во насока на хармонизација на политиката за азил на ниво на унијата и да се креира еден заеднички орган кој би бил задолжен за испитување на миграционите движења. Овие чекори всушност беа непосредно превземени по самото донесување на даблинската регулатива во 1991-та година.[356] Мотор на промените кои настапуваат беше зголемувањето на интензитетот односно на динамиката со која се одвиваше миграцијата односно интензитетот и динамиката на бегалските движења кои забележаа сериозно зголемување во однос на бројот како и во однос на темпото односно брзината со кои истите се одвиваа.

### 2.1 развој на заедничкиот систем за азил на европската унија

Кога го анализираме развојот на Заедничкиот систем за азил на ЕУ неминовно е да посветиме посебно внимание на договорот од Амстердам. Во епицентарот на регулативата за азил е секако договорот од Амстердам кој меѓуостантото ги детерминираше минималните стандарди за на едно лице да му биде признаено правото на азил и да стекне статус на бегалец а воедно и истиот ги утврди и процедурите за оценување на барањата за азил. Меѓутоа сепак во пошироките научни кругови постои мислење дека напредувањето или развојот во делот на политиките за азилот и миграцијата како и регулативата дека не е на едно задоволително ниво. [357] Развојот на политиките и регулативата за азил беше побавен од она што првично се проектираше. Имено само за потсетување заложбата на ЕУ беше да креира односно да ја хармонизира политиката во делот на азилот и миграцијата до 2004-тата година согласно заложбите проектирани со договорот од Амстердам од 1999-тата година.[358] Имено роковите за создавање односно креација на Заедничкиот систем за азил на ЕУ беа пробиени. Всушност иницијалните проекции детерминираа многу пократок рок меѓутоа во праксата се покажа дека е неопходно многу повеќе време за реализација на проектираното. Азилот, миграцијата и слободата на движење беа практично втемелени во договорот за Европската Унија како една посебна целина. Всушност договорот од Амстердам

---

[355] Zielke, Ingmar, and Stahl, Franziska. Flight and Asylum: A Lack of Solidarity and Growing Populism as Challenges to European Domestic Policy. Konrad Adenauer Stiftung, 2015. (Str. 3)
[356] Uçarer, Emek M. “Managing Asylum and European Integration: Expanding Spheres of Exclusion?” International Studies Perspectives, vol. 2, no. 3, 2001, pp. 288–304. (Str. 297)
[357] Boswell, Christina. “European Values and the Asylum Crisis.” International Affairs (Royal Institute of International Affairs 1944-), vol. 76, no. 3, 2000, pp. 537–557. (Str. 542, 543)
[358] Martin, Philip, and Teitelbaum, Michael. “Economic Integration and Migration: Austria, the Slovak Republic and the EU.” The International Migration Review, vol. 39, no. 4, 2005, pp. 953–961. (Str. 955)

практично востанови ново поглавје кое се однесува на таа тематика.[359] Договорот од Амстердам беше поприлично иновативен и внесе многу новини во делот на тоа како се менаџираат прашањата поврзани со азилот и бегалците. Тој тренд на иновации и подобрување на менаџирањето на прашањата поврзани со азилот и бегалците го следеа и останатите договори на ЕУ односно договорите коишто следеа по Договорот од Амстердам или поточно Лисабонскиот договор. Преку градењето на еден институционален пристап односно унифицирани правила на институционално ниво и една процедура која ќе биде идентична за целокупната заедница практично имиграционата политика беше поставена на здрави нозе од страна на лисабонскиот договор.[360] Определбата за континуирано работење на унификација на процедурите за азил како и за градење на статус на азил кој ќе биде единствен јасно произлегува од Лисабонскиот договор кој изрично и недвосмислено тоа го прокламира. Во Лисабонскиот договор практично беше имплементирана заложбата на челниците на државите на ЕУ да се изградат унифицирани процедури за азил кои ќе се имплементираат на ниво на унијата како и да се создаде единствен статус којшто исто така ќе биде валиден на нивото на унијата.[361] Лисабонскиот договор имаше една поприлично амбициозна агенда да изгради Заеднички систем за азил кој ќе биде целосно хармонизиран и унифициран. Реформирањето во делот на азилот и миграцијата всушност започнува во 1999-тата година со програмата Тампере која за свој императив ја има токму реформата на системот за азил и миграција. Истата оваа програма ги поставува контурите за креација на Заедничкиот систем за азил на европската унија. Сепак најголемите промени во сегментот на азилот и миграцијата настапуваат со договорот од Лисабон којшто условно кажано за 360 степени ја менува играта во овој сегменет односно во оваа област и го менува во голема мера начинот на менаџирање на ова прашање. Чисто за илустрација претходната кооперација помеѓу државите членки во оваа поле или во оваа област односно во областа на азилот и миграцијата се спроведуваше вон заедницата и целокупната соработка на државите членки беше во голема мера лимитирана а исто така и Судот на правдата на Европската Унија не поседуваше никакви надлежности во ова поле или област и своите одлуки ги засноваше на меко право.[362] Лисабонскиот договор е оној договор кој внесе најмногу новини во делот на управувањето на прашањата поврзани со азилот и бегалците. Сето тоа е на линија на примарната цел и визија а тоа е да се изгради систем кој во целост ќе биде усогласен. Главната цел и примарната причина поради која и беше создаден или креиран заедничкиот систем за азил на Европската Унија беше токму хармонизирањето и унифицирањето на процедурите во делот на азилот

[359] Geddes, Andrew. “The European Union’s International-Migration Relations towards Middle Eastern and North African Countries.” Migration from the Middle East and North Africa to Europe: Past Developments, Current Status, and Future Potentials, edited by Michael Bommes & Heinz Fassmann and Wiebke Sievers, Amsterdam University Press, 2014, pp. 139–158. (Str. 149)
[360] Ibid (Str. 149)
[361] https://www.cgrs.be/en/content/building-european-asylum-system-0
[362] Coninck, Joyce De & Strohal, Christian and Kieber, Stefan “The Impact of ECtHR and CJEU Judgments on the Rights of Asylum Seekers in the European Union: Adversaries or Allies in Asylum?” European Yearbook on Human Rights 2018. Ed. Benedek, Wolfgang & Czech, Philip & Heschl, Lisa & Lukas, Karin & Nowak, Manfred, Intersentia, 2018. pp. 343–372. (Str. 351)

и миграцијата.[363] Во сржта на Заедничкиот систем за азил на Европската Унија е споделената одговорност кога е во прашање третманот на барателите на азил односно во основата на овој систем е еден достоинствен третман на оние лица на кои им е неопходна меѓународна заштита. Идејата позади тоа да се креира еден систем за азил кој ќе биде заеднички и на ниво на унијата лежи во тоа да се изедначат стандардите во делот на меѓународната заштита односно токму затоа е креиран еден заеднички политичко правен конструкт. Всушност сето тоа произлегува и се надоврзува на фактот дека унијата се темели на вредности кои се заеднички и истата таа унија е една унија која поседува отворени граници каде клучен императив е слободата на движење. Поради сите погоре наведени фактори истата таа унија се труди да изгради и еден пристап во делот на азилот кој ќе биде заеднички и на ниво на унијата како и да создаде процедури во областа на азилот кои ќе бидат транспарентни, правични и ефикасни.[364] Целта е стандардите да бидат унифицирани и да се обезбеди еден фер третман на сите баратели на азил коишто заслужуваат да бидат третирани достоинствено. Всушност унијата нагласува дека прашањата со азилот не може и не смее во ниеден случај да се третира како лотарија а сите држави кои членуваат во унијата имаат заедничка обврска достоинствено да ги примат или пречекаат бегалците.[365] Токму поделбата на одговорноста помеѓу државите членки во делот на азилот и бегалците е нешто што е од суштинска важности и е нешто што е повеќе од неопходно. Во овој дел се поставува прашањето како да се дојде до практично остварување на заедничката политика и до хармонизација во делот на азилот. Имено градењето или практичното остварување на заедничката политика примарно подразбира правно унифицирање кое во голема мера е поткрпено со автентично толкување на правните норми од страна на Судот на правдата на Европската Унија.[366] Кога говориме за тоа што е примарна одговорност на државите членки во делот на азилот тоа е дефинитивно практичната примена на хармонизираните правни стандарди во националниот систем во делот на азилот и миграциајта. Всушност сетот на правила кои ги обврзуваат државите членки се комплетно исти или идентични и токму во тој дел можеме да го согледаме заедништвото додека пак самата фаза на имплементација е нешто што е оставено во рацете на државите членки. Практично усогласените правила со договорот од Лисабон во делот на азилот се плод на комбинација од повеќе варијанти од разните национални системи во делот на азилот и миграцијата.[367] Креацијата на Заедничкиот систем за азил на Европската унија течеше постепено а најзначјните

[363] Tsourdi, Evangelia (Lilian). “Holding the European Asylum Support Office Accountable for Its Role in Asylum Decision-Making: Mission Impossible?” German Law Journal, Volume 21, Special Issue 3: Border Justice: Migration and Accountability for Human Rights Violations, 2020, pp. 506 – 531. (Str. 506)
[364] https://euaa.europa.eu/asylum-report-2020/21-common-european-asylum-system-and-current-issues
[365] Foley, James & Gyollai, Daniel and Szalanska, Justyna “Revising Humanitarianism and Solidarity: Migration Management and Peripheral Europeanism in the UK, Poland, and Hungary.” Contesting Cosmopolitan Europe: Euroscepticism, Crisis and Borders, edited by James Foley and Umut Korkut, Amsterdam University Press, 2022, pp. 105–126. (Str. 108)
[366] Tsourdi, Evangelia (Lilian). “Holding the European Asylum Support Office Accountable for Its Role in Asylum Decision-Making: Mission Impossible?” German Law Journal, Volume 21, Special Issue 3: Border Justice: Migration and Accountability for Human Rights Violations, 2020, pp. 506 – 531. (Str. 509)
[367] Ibid (Str. 510)

промени беа направени по 1992-та година. Всушност најголемата трансформација настапи со договорот од Амстердам како и со Лисабонскиот договор. Крајниот епилог беше комплетна конфигурација на миграциониот систем во рамки на унијата и креирање на заедничкиот систем за азил.[368] Кога говориме токму за тоа етапно и постепено создавање на заедничкиот систем за азил на Европската Унија важно е да нагласиме дека неговото целосно конфигурирање се одвива во неколку фази или поточно во три фази. Па така во првата фаза имаме хармонизирање до одреден степен и конфигурацијата на политиките е до една одредена мера. Ист е случајот и во делот на процедурите во практиката. Втората фаза од развојот пак се одликува со една поголема кооперација во неколку бранши што примарно е евидентно во 2003-тата година кога практично се воспоставува ЕУРОДАК што претставува база на податоци каде што се чуваат отпечатоците од прсти на лицата кои побаруваат азил или признавање на статусот на бегалец или попозната како Европска дактилоскопија како и креацијата на ФРОНТЕКС во 2005-тата година чија главна задача е да води грижа за надворешните граници на унијата односно да ја подобри грижата за истата. И во третата или последна фаза на развој на овој систем која започнува во 2009-тата година имаме практична имплементација на сите тие иницијативи како и креација на Европската канцеларија за поддршка на азилот.[369] Сепак важно е да се нагласи дека националните авторитети сепак го задржаа приматот во делот на азилот и миграцијата и истите тие етнитети го имаат клучниот збор при носењето на одлуки во унијата. Меѓутоа договорот од Лисабон стави силен акцент на креацијата на една заедничка политика во делот на азилот на ниво на унијата. Во духот на Лисабонскиот договор беше и програмата од Стохлом од 2009-тата година која исто така за свој императив го има креирањето на Заедничкиот систем за азил на Европската Унија и хармонизирањето на политиките во делот на азилот и миграцијата. Со почетокот на истата оваа програма беше евидентен еден поголем фокус на пошироката јавна маса на политиките на унијата во делот на азилот и миграцијата.[370] Она што е главната замисла и кон што се стреми унијата со креацијата на еден таков систем каков што е заедничкиот систем за азил на унијата е да се дојде до имплементација на едни процедури кои ќе бидат заеднички и на ниво на унијата како и да се изгради еден единствен унифициран статус за сите оние лица на кои ќе им се признае правото на азил односно ќе бидат признаени како бегалци како и на оние на кои ќе им биде доделена супсидијарна заштита.[371] Сепак ако направиме една малку подлабинска анализа ќе дојдеме до сознание за тоа која е вистинската причина или мотив на унијата за да креира еден таков систем каков што е Заедничкиот систем за азил на Европската унија. Изненадувачки е тоа што позади завесата или официјално наведнеата причина за

---

[368] Vinciguerra, Maria Chiara "Book Review: The History of the European Migration Regime: Germany's Strategic Hegemony" International Migration Review, Volume 53, Issue 1, 2019, pp. 314-315. (Str. 315)
[369] Hatton, Tim, and Joseph Moloney. "Applications for Asylum in the Developed World: Modelling Asylum Claims by Origin and Destination." A Long Way to Go: Irregular Migration Patterns, Processes, Drivers and Decision-Making, edited by MARIE MCAULIFFE and KHALID KOSER, ANU Press, 2017, pp. 227–254. (Str. 237)
[370] Wallaschek, Stefan "The Discursive Construction of Solidarity: Analysing Public Claims in Europe's Migration Crisis" Political Studies, Volume 68, Issue 1, 2020, pp. 74-92. (Str. 82)
[371] Barbier, Cécile, & Ghailani, Dalila "European Briefing: Digest "Journal of European Social Policy, Volume 18, Issue 3, 2008, pp. 303-315. (Str. 305, 306)

креација на овој систем се крие нешто друго. Всушност иако декларативно и официјално прокламираната причина е подобрување на заштитата на лицата кои спаѓаат во категоријата на бегалци во суштината сепак други се причините. Имено преку креацијата на еден таков систем како што е Заедничкиот систем за азил на Европската унија унијата се обиде да реши два клучни проблеми кои и задаваа големи главоболки. Едниот од тие проблеми е проблемот на „бегалци во орбитата“ односно тоа се токму оние бегалци кои се оставени на милост и немилост и за кои ниту една држава не сака да поведе одговорност и вториот исто така мошне значаен проблем е проблемот на „шопинг“ или поточно таргетирањето на лицата кои побаруваат азил на оние држави кои нудат најдобри бенефиции за нив како и на оние држави до кои имаат најлесен и најбрз пристап.[372] Последниот проблем е нешто што е евидентно и е особено нагалсено во поновата историја. Тоа што практично се случува е некои држави да бидат далеку поатрактивни од други држави што пак предизвикува поголем број на бегалци да го побараат својот спас токму во тие држави. Причините за креација на заедничкиот систем за азил на Европската унија се малку подлабински од тоа што некој би помислил. Во епицентарот всушност лежи потребата да се обезбеди непречено функционирање на внатрешниот пазар на Европската унија а креацијата на еден ваков систем всушност им овозможува на државите членки нивните граници да бидат безбедни и да можат да ги остават отворени. Практично истиот овој систем е одговор на проблемот на „шопинг за азил“ или таргетирањето од страна на барателите на азил на државите кои нудат најголеми поволности за баратели на азил. Практично голем број на баратели на азил влегуваат во Шенген зоната со желба да пристапат во државата која би преставувала најповолна опција за нив односно каде истите би можеле да уживаат најголеми бенефиции. Практично со креацијата на овој систем државите членки со највисоки стандарди во делот на азилот можат полесно да дишат и да ги остават нивните граници отворени а притоа да се безбедни.[373] Целта е условнокажано да се обезбеди непречено функционирање на целокупниот систем на ЕУ како и да се заштитат државите кои се мета на бегалци. Зад параванот всушност се крие нешто друго. Имено иако деклартивно наведените причини за креација на еден систем каков што е Заедничкиот систем за азил на Европската Унија е севкупно подобрување односно подобрување во делот на односот и начинот на кој се третирани бегалците како и во сегментот на поделбата на товарот помеѓу државите членки сепак тоа се само декларативно прокламирани причини а зад параванот се крие желбата односно потребата на моќните држави да изградат заштитна бариера односно себе си да се заштитат од познатиот феномен на „шопинг на азил“.[374] Практично големите играчи како што се поголем дел од државите членки на ЕУ си ги штитат своите лични условнокажано себични интереси и се

[372] MICINSKI, NICHOLAS R. “Collaboration in EU Migration Management.” Delegating Responsibility: International Cooperation on Migration in the European Union, University of Michigan Press, 2022, pp. 49–78. (Str. 61)
[373] Parkes, Roderick. “Understanding the EU’s Migration Diplomacy.” NOBODY MOVE!: MYTHS OF THE EU MIGRATION CRISIS, European Union Institute for Security Studies (EUISS), 2017, pp. 21–34. (Str.23)
[374] MICINSKI, NICHOLAS R. “Collaboration in EU Migration Management.” Delegating Responsibility: International Cooperation on Migration in the European Union, University of Michigan Press, 2022, pp. 49–78. (Str. 61)

водат стрикно од нив. Иако лицемерно прокламираат нешто друго а зад нивните постапки се крие нешто малку поинакво. Важно е да се потенцира дека постојат критики кои се на линија на тоа дека зедничката политика на Европската Унија во делот на азилот дека не е на едно посакувано односно завидно ниво и покрај сите напори на унијата да изгради еден систем кој ќе функционира навистина добро. Во овој сегмент исто така мошне значајно е и да се спомене дека уште од 1990-тата година прашањето околу азилот е една од најгорливите теми односно тема која предизвикува горчина во устите на европските лидери или политичари кои се трудат истата да ја адресираат на еден соодветен начин и да изнајдат соодветно решение за едно навистина крупно прашање како што е прашањето поврзано со азилот и миграцијата.[375] Азилот и бегалците се всушност прашање кое им ги задава едни од најголемите главоболки на европските политичари. Најилустративен пример за потфрлањето на Заедничкиот систем за азил беше сучајот со Сирија кој на видиелина ги исфрли сите несовршености и проблеми коишто ги поседува системот. Условно кажано еден систем којшто изгледа совршено на хартија во практика и не функционира толку добро како што е замислен или со други зборови ситуацијата на теренот е далеку од розева и сето тоа го вклучува алармот и изискува неопходно внимание од сите актери дека реформата на системот е насушна потреба и дека истата е повеќе од неопходна. Во овој дел критичарите нагласуваат дека иако дел од досегашните реформи на системот дале и одредени позитивни ефекти сепак едно од клучните прашања кое се наметнува е прашањето на процедурите. Иситите тие нагласуваат дека недостигот на единствена процедура за азил ја прави имплеменацијата на системот неуспешна и условно кажано преставуа рак рана на системот или негова слаба точка на која повеќе од неопходно беше да се обрне внимание.[376] Заедничкиот систем за азил на ЕУ несомнено е далеку од совршен и истиот има низа на слабости на кои е неопходно да се обрне внимание се со цел истите тие соодветно да се адресираат. Меѓутоа и покрај сите несовршености и потфрлања на системот за азил на Европската Унија сепак истиот може да биде условно кажано инспирација и за други региони за тоа како треба да се менаџира прашањето на азилот и миграцијата и истите да ги поттикне самите да креираат еден таков систем во нивните региони. Она што е забележливо изминативе години е кршењето на копјата околу неколку покрупни прашања кога е во прашање сегментот на азилот и миграцијата како прашањето на интеграцијата на бегалците, кооперацијата со државите на потекло како и прашањето на контролата односно на нејзиното зајакнување преку создавање на заеднички гранични етнитети или заедничка гранична полициска служба.[377] Очекувањата се да има еден сличен епилог кога е во прашање стапката на признавање на правото на азил односно гарантирањето на статусот на бегалец кај бегалците кои бегаат поради околности кои се од слична природа а со оглед на тоа што државите членки на Европската Унија сите до една се потписнички на Женевската конвенција за бегалците како и истите сите партиципираат во Заедничкиот систем за азил на Европската Унија.

[375] Bilgin, A. Asli, and Harun Arikan. "The CEAS and the Europeanization of Turkey's Asylum Policy after the Syrian Crisis." European Review, Volume 29, Issue 6, 2021, pp. 828 – 841 (Str. 828)
[376] Ibid (Str. 830)
[377] Castles, Stephen. "The Factors That Make and Unmake Migration Policies." The International Migration Review, vol. 38, no. 3, 2004, pp. 852–884. (Str. 875)

Според обврските коишто ги поседуваат државите членки на ЕУ според меѓународното право како и според европското право иситите е неопходно на барателите на азил кои побаруваат азил во нивните држави да им обезбедат еден достоинствен и фер третман.[378] Важно е да се нагласи дека создавањето на еден единствен усогласен систем за азил на регионално ниво е нешто што мора да биде пофалено и истиот тој систем има донесено и значајни придобивки. Токму поради тоа таков еден пример би било добро да се следи и од останатите региони во светот. Сепак Заедничкиот систем за азил е условнокажано проект на кој останува уште многу работа во насока на негово подобрување. Постулатите на кои се потпира заедничкиот систем за азил на Европската Унија се соработката во делот на практиката во сегментот на азилот и миграцијата како и градењето на европско законодавство во делот на азилот на кое унијата во континуитет работи се со цел да го унифицира и хармонизира од 1999-тата година па наваму. Практично долгорочната визија на унијата е креација на еден заеднички систем за азил на ниво на унијата каде ќе има изедначен третман на сите баратели на азил незвисно од тоа од која трета држава тие доаѓаат или потекнуваат како и без оглед на тоа во која држава членка истите тие го поднеле барањето за азил или за меѓународна заштита.[379] Но не може а да не се каже дека постојат условно кажано пукнатини во заедничкиот систем за азил на Европската Унија. Клучниот проблем лежи во нерамномерноста на иститот тој систем. Имено напорите за унификација и хармонизација кои вклучуваа утврдување на обврски како неповратот, стандардите за прифаќање и квалификација како и процедурите во делот на азилот не вродија со плод и истите тие прашања останаа во голема мера во рацете на државите членки.[380] Регистрирањето на бегалците се наметнува како едно од најважните прашања што пак произлегува од потребата да има соодветно почитување на процедурите и нивно доследно следење а во насока на соодветна подлеба на товарот што пак преставуава еден од клучните принципи којшто државите членки на унијата треба да го почитуваат. Она што останува е државите членки да ги применат сите тековни инструменти било да се тие од финансиска или пак техничка природа а во насока на менаџирање на бегалските бранови и развој на системот за азил. Воедно истите е неопходно во иднина да работат на креација на едни поправични процедури како и на нови стандарди кои ќе донесат поголема еднаквост.[381] Државите членки беа условно кажано будно набљудувани во делот на имеплментацијата на директивите на унијата кои се составен сегемент од Заедничкиот систем за азил на Европската унија. Имено истите тие имаа обврска истите тие директиви задолжително да ги имплементираат. Воедно истите овие држави членки некаде до средината на 90-

[378] Van Wolleghem, Pierre Georges, & Sicakkan, Hakan G. "Asylum seekers in the machinery of the state: administrative capacity vs. preferences. Recognition rates in EU member states" European Union Politics, Volume 24, Issue 2, 2023, pp. 348-369. (Str. 366)
[379] https://www.cgrs.be/en/content/building-european-asylum-system-0
[380] Foley, James & Gyollai, Daniel and Szalanska, Justyna "Revising Humanitarianism and Solidarity: Migration Management and Peripheral Europeanism in the UK, Poland, and Hungary." Contesting Cosmopolitan Europe: Euroscepticism, Crisis and Borders, edited by James Foley and Umut Korkut, Amsterdam University Press, 2022, pp. 105–126. (Str. 108)
[381] Senge, Katharina. "WHO BEARS RESPONSIBILITY?: MODELS AND PERSPECTIVES OF EUROPEAN REFUGEE POLICY." MIGRATION AND REFUGEES, edited by Wahlers, Gerhard, Konrad Adenauer Stiftung, 2015, pp. 10–30. (Str. 29)

тите години од минатиот век во своите законодавни тела ја имаа ратификувано Женевската конвенција за статусот на бегалци со што истите се обврзаа на одреден сет на минимални стандарди во делот на азилот со што меѓуостанатото се уредуваше и процесирањето на барањата на барателите на азил. Сепак она што е најважно истите тие согласно Женевската конвенција мораа да се придржуваат кон обврската за невраќање или неповрат на беглаците во местото каде бегалците би биле подложни на прогон.[382] Регулативата за азил на Европската Унија е како еден мозаик изграден од мноштво на директиви. Имено тој мозаик го сочинуваат директивата за привремена заштита која ги регулира прашањата поврзани со инструментите кои нудат заштита од привремен карактер кои се применуваат во оние ситуации кога имаме мноштво на раселени лица во еден ист временски интервал на тлото на Европската Унија. Покрај оваа директива поприлично важно или значајно место зазема и Директивата за прием. Со истата таа директива всушност се детерминираат критериумите за прием на барателите на азил. Исто така исклучително значајни директиви кои се составен дел од регулативата за азил на Европската Унија се и директивата за дефиниција и директивата за процедури. Со првата всушност се утврдува или дефинира кој претставува бегалец додека пак со втората се детерминираат минималните критериуми што мора да бидат запазени во постапката за признавање на правото на азил. Сите овие директиви имаат правна важност уште од 2012 година и се клучен сегмент од правната регулатива за азил на Европската Унија поради што секоја од членките на унијата е должна да ги почитува и доследно применува.[383] Практично правната регулатива на ЕУ во однос на азилот и бегалците е збир на директиви и регулативи кои ја регулираат проблематиката поврзана со азилот и бегалците и секоја од тие директиви и регулативи регулира ореден аспект поврзан со конкретната проблематика. Главна потпора на Европската Унија во поглед на менаџирањето на миграцијата и прашањето на азил се подобрување на безбедносните аспекти преку зацврстување на надворешните граници односно подобрување на безбедноста на истите тие граници. Воедно главна потпора на ЕУ кога е во прашање справувањето со погоренаведените прашања е и имплементацијата на високи критериуми за менаџмент на заедничките гранци.[384] Прашањето на границите и нивната безбедност е практично едно од најзначајните прашања значајни за успешно справување со предизвиците кои произлегуваат од бегалските бранови. Токму во тој сегмент ЕУ беше критикувана од мноштво на критичари кои го критикуваа начинот на кој се спроведува граничната заштита. Постојат серија на обвинувања кои се упатуваат на адреса на Европската гранична агенција ФРОНТЕКС којашто Европската Унија ја создаде во 2004-тата година и на истата и даде надлежност да ги менаџира надворешните гранци на Унијата преку соработка на оперативен план. Имено обвинувањата одат на линија на тоа дека оваа агенција има еден несоодветен третман на бегалците односно дека нејзиното однесување кон истите е навредливо.

[382] Van Wolleghem, Pierre Georges, & Sicakkan, Hakan G. “Asylum seekers in the machinery of the state: administrative capacity vs. preferences. Recognition rates in EU member states” European Union Politics, Volume 24, Issue 2, 2023, pp. 348-369. (Str. 354)
[383] https://www.vluchtelingenwerk.nl/en/node/28004/common-european-asylum-system
[384] Baker-Beall, Christopher. “The Threat of the ‘Returning Foreign Fighter’: The Securitization of EU Migration and Border Control Policy.” Security Dialogue, vol. 50, no. 5, 2019, pp. 437–453. (Str.447)

Истата оваа агенција на теренот практично беше насочена кон превенција како и кон тоа да ги спречи бегалците или поточно да ги одврати бегалците да стапнат на европско тло.[385] Политиките во делот на азилот некако го изоставуваат делот на поделба на товарот еден подолг временски преиод меѓутоа сепак таа ситуација започна да се менува во изминатиов период. Имено главниот фокус на системот еден подолг временски период беше токму на подобрувањето на безбедноста на надворешните граници како и на унификација и хармонизација на политиките а притоа не се обрнуваше внимание на сегментот на поделбата на товарот помеѓу државите кои членуваат во унијата.[386] Прашањето на поделба на одговорноста или товарот е во центарот на дебатата поврзана со бегалците и азилот. Постои условно кажано немање на соработка и индивидуално постапување на национално ниво кога е во прашање азилот и носењето одлука за прием. Постои тенденција таквата ситуација да се промени но за да дојде до такви промени неопходна е едногласна одлука на Европскиот совет што пак во голема мера е тешко достижно а тоа пак прави соработката во системот за азил да биде тешка. Според проекциите на аналитичарите и експертите кои се бават со оваа тематика во иднина во срцето на Заедничкиот систем за азил на Европската Унија ќе биде токму подеблата на товарот помеѓу државите членки во поглед на приемот на бегалците односно баратели на азил. [387] За одлуките во областите поврзани со заедничката миграциона политика, менџирањето во услови на голем неочекуван прилив на бегалци, како и мерките поврзани со контролата на границите и со заедничкиот систем за азил е неопходно квалификувано мнозинство на гласови. Во насока на тоа да се изнајде решение од безизлезноста во која многу пати се најде Европската Унија токму поради носењето на одлуките со едногласност со воспостави системот на носење на одлуки со квалификувано мнозинство во рамките на Европскиот Совет во серија на области.[388] Кога е во прашање подлебата на товарот важно да се истакне дека поделбата не означува само распределба на бегалците помеѓу државите членки на Европската унија туку истото подразбира и апсорбирање односно префрлање на дел од огромниот број на бегалци кои се засолнети во Турција но и во арапските држави во државите членки на Европската унија.[389] Државите членки на ЕУ мора да изнајдат начин и да се договорат да го поделат товарот бидејќи бројот на бегалци е во пораст па во таа насока неопходна е многу поголема соработка во насока на соодветно адресирање на прашањата поврзани со азилот и бегалците. Сепак прашањето на поделбата на товарот е малку покомплексно од тоа што навидум изгледа. Имено поделбата не подразбира само распределба по квоти на бегалската популација во повеќе држави туку истата подразбира и доброволно превземање на

[385] Almustafa, Maissaa “Reframing refugee crisis: A “European crisis of migration” or a “crisis of protection”?”, Environment and Planning C: Politics and Space, Volume 40, Issue 5, 2022, pp. 1064-1082. (Str. 1075)
[386] Hatton, Timothy J. “Refugees, Asylum Seekers, and Policy in OECD Countries.” The American Economic Review, vol. 106, no. 5, 2016, pp. 441–445. (Str. 445)
[387] Czaika, Mathias “Asylum Cooperation among Asymmetric Countries: The Case of the European Union” European Union Politics, Volume 10, Issue 1, 2009, pp.89-113 (Str. 90)
[388] Shafiq, Ayesha. “POLITICAL REFORM IN EUROPEAN UNION: THE TREATY OF LISBON.” Strategic Studies, vol. 28, no. 1, 2008, pp. 85–103. (Str. 97)
[389] Fargues, Philippe. Europe Must Take on Its Share of the Syrian Refugee Burden, But How? German Marshall Fund of the United States, 2014. (Str. 3)

товарот во однос на повеќето сегменти кои се дел од целокуниот одговор во однос на прашањата поврзани со азилот и бегалците.[390] Друг сегмент кој е поприлично значаен за обезбедувањето на адекватна заштита на бегалската популација е доследното почитување на предвидените процедури. Неопходно е целосно запазување на процедурите за азил кои се предвидуваат со заедничкиот систем за азил на Европската Унија. Имено со оглед на фактот дека најголем дел од државите членки партиципираат во Заедничкиот систем за азил на Европската унија истите имаат обврска во целост да ги почитуваат правилата и процедурите коишто истиот тој систем ги предвидува. Во пракса тоа практично значи дека ниту едно барање за азил не може да биде одбиено без притоа да се почитуваат во целост процедурите а барањата за азил мора да бидат обработени во согласност со правилата и процедурите кои се предвидени со системот.[391] Меѓутоа секако еден од најважните принципи кои мора да бидат запазени кога се работи за менаџирањето на бегалските бранови е принципот на солидарност. Камен темелник врз кој почива Заедничкиот систем за азил на Европската Унија е солидарноста односно во срцето на овој систем лежи принципот на солидарност. Всушност принципот на солидарност примарно опфаќа финансиска солидарност како поделба на товарот помеѓу државите членки како и севкупна соработка во делот на азилот и миграцијата.[392] Принципот на солидарност станува се позначаен како што одминува времето. Прашањето на солидарност всушност е регулирано и во самиот договор за функционирање на Европската Унија имено истиот овој договор во членот 80 го предвидува приципот на солидарност и говори за подлебата на товарот во што спаѓа и финансискиот товар помеѓу државите членки на Европската Унија. Во овој сегмент важно е да се истакне дека политиката за азил на Европската Унија доживеа значајна еволуција. Имено истата од своите скромни почетоци во 90-тите години на минатиот век кога нејзиниот примарен фокус беше ставен на детереминирањето на националната одговорност доживеа голема трансформација. Па така денес имаме еден систем каде високо на пиедесталот е принципот на солидарност и споделувањето на товарот или одговорноста помеѓу државите членки на унијата кога е во прашање азилот и миграцијата.[393] Развојот на целокупниот систем за азил на ЕУ е навистина импозантен ако се има во предвид фактот од каде се има започнато и до кој степен на развој е истиот денес. Можеме слободно да заклучиме дека навистина поприлично крупни исчекори се направени. Членот којшто е од особено значење е членот 80 од Договорот за функционирање на Европската Унија овој член е мошне значаен бидејќи го прокламира принципот на солидарност и принципот на поделба на товарот. Имено истиот овој член прокламира солидарност како поделба на одговорноста помеѓу државите членки на Европската Унија. Кога

[390] Dennison, Susi & Janning, Josef. BEAR ANY BURDEN: HOW EU GOVERNMENTS CAN MANAGE THE REFUGEE CRISIS. European Council on Foreign Relations, 2016. (Str. 5)
[391] Karolewski, Ireneusz Pawel, and Roland Benedikter. “Europe’s Refugee and Migrant Crisis: Political Responses to Asymmetrical Pressures.” Politique Européenne, no. 60, 2018, pp. 98–133. (Str. 112)
[392] di Napoli, Ester, and Russo, Deborah. “Solidarity in the European Union in Times of Crisis: Towards ‘European Solidarity’?” Solidarity as a Public Virtue?: Law and Public Policies in the European Union, edited by Federico, Veronica and Lahusen, Christian, 1st ed., Verlagsgesellschaft mbH, Nomos, 2018, pp. 195–248. (Str. 230)
[393] Zielke, Ingmar, and Stahl, Franziska. Flight and Asylum: A Lack of Solidarity and Growing Populism as Challenges to European Domestic Policy. Konrad Adenauer Stiftung, 2015. (Str. 3)

станува збор пак за солидарноста истата меѓуостантото ги опфаќа и финансиските реперкусии односно истата прокламира дека државите членки заеднички го поднесуваат финансискиот товар. Според членот 80 од погоренаведениот договор сите политики мора да бидат во склад со принципот на солидарност како и со приниципот на поделба на товарот. Всушност при имплементацијата на политиките неопходно е да се земат во предвид овие два принципа. Значајноста на улогата која ја има принципот на солидарност кога се во прашање политиките за азил и миграцијата исто така ја истакнуваат и членовите 78 како и 79 од Договорот за функционирање на Европската Унија.[394] Фундаментот или основата врз кои почива Заедничкиот систем за азил на Европската Унија се темели на неколку дирекитви или поточно три директиви. Па така длабоко во коренот или во основата на овој систем ги имаме Директивите за квлаификација, критериуми за прием и за постапката за азил или поточно Директива 2003/9/CE, Директива 2004/83/CE и Директива 2005/85/CE. Коренот всушност лежи во членот 78 од Договорот за функционирање на Европската Унија а создавањето на минималните стандарди за азилот се врши токму преку погоренаведените директиви.[395] Солидарноста е повеќестрана категорија имено истата опфаќа финансиски, оперативни и хуманитарни аспекти односно истата може да биде финансиска, оперативна и хуманитарна или со други зборови имплементацијата на теренот на принципот на солидарност во однос на азилот и на миграцијата опфаќа хуманитарни, оперативни како и финансиски сегменти.[396] Она што е целта на процедурите за азил коишто ги предвидува Европската унија е истите да бидат конструирани на онаков начин на којшто истите ќе биде практично невозможно да се изиграат. Воедно целта на истите овие процедури е да се овозможи целокупниот процес да биде фер и ефикасен. Одговорноста за сите е буквално иста имено сите држави членки заедно односно секоја една држава членка има исти обврски а тоа е на начин кој се смета за достоинствен да ги прими бегалците или барателите на азил и на истите да им обезбеди една процедура или процес во кој истите ќе имаат третаман кој е максимално фер како и да им обезбеди процедури во кои ќе имаме во целост придржување до едни унифицирани стандарди според кои секое едно барање ќе се разгледува во подробност. Целта на сето тоа е да немаме поприлично различен епилог во различна држава односно епилогот да биде сличен независно од тоа во која држава барателот за азил го поднел своето барање.[397] Унификацијата на правилата во делот на процедурите е во насока на тоа да се избегнат двојни стандарди при постапувањето по барањата за азил. Еден од главните императиви

[394] di Napoli, Ester, and Russo, Deborah. "Solidarity in the European Union in Times of Crisis: Towards 'European Solidarity'?" Solidarity as a Public Virtue?: Law and Public Policies in the European Union, edited by Federico, Veronica and Lahusen, Christian, 1st ed., Verlagsgesellschaft mbH, Nomos, 2018, pp. 195–248. (Str. 230)

[395] Tagliapietra, Alberto. The European Migration Crisis: A Pendulum between the Internal and External Dimensions. Istituto Affari Internazionali (IAI), 2019. (Str. 4)

[396] di Napoli, Ester, and Russo, Deborah. "Solidarity in the European Union in Times of Crisis: Towards 'European Solidarity'?" Solidarity as a Public Virtue?: Law and Public Policies in the European Union, edited by Federico, Veronica and Lahusen, Christian, 1st ed., Verlagsgesellschaft mbH, Nomos, 2018, pp. 195–248. (Str. 232)

[397] https://home-affairs.ec.europa.eu/policies/migration-and-asylum/common-european-asylum-system_en

или принципи по кои се водат државите членки на Европската Унија е дефинитивно заштитата на бегалците која истите се трудат да биде на едно завидно односно највисоко можно ниво. Всушност самата унија преставува една арена каде имаме слобода на движење и држави кои веруваат во исти основни вредности. Воедно истата е место во кое границите не играат улога односно каде имаме отворени граници и каде прашањето на азилот и пристапот кон истиот е во насока на гаранција на максимална заштита на бегалската популација.[398]

### 2.2 предизвици на заедничкиот систем за азил на европската унија

Заедничкиот систем за азил на ЕУ иако навидум изгледа соврешено под површината има доста пукнатини. Целокупниот систем има бројни аномалии кои треба да бидат предмет на една посебна детална анализа. Сепак системот е далеку од идиличен и совршен. Она што навидум изгледа совршено сепак и не е толку розево. Така на пример иако еден од имепративите на кој се заснова заедничкиот систем за азил на ЕУ е поделбата на товарот односно на одговорноста сепак онака како што е концепиран системот согласно Даблинската регулатива тој принцип условно кажано се погазува. Сепак нивото на одговорноста не е исто па така некои држави како оние лоцирани на надворешните граници на унијата мораат да понесат многу поголема одговорност од некои други држави членки кои благодарение на нивната географска локација не мораат да понесат толкав товар. Сето тоа фрла дамка на приципот на поделба на товарот кој во пракса условнокажано не фунционира.[399] Со други зборови онака како што е концепирана правната рамка односно европското законодавство за азил овозможува едни држави да се буквално оставени на цедило и истите самите да треба да се снаоѓаат онака како што умеат додека пак други држави остануваат целосно поштедени и не сносат воопшто никаква одговорност. Како најголема аномалија на Заедничкиот систем за азил на ЕУ се посочува даблинската регулатива. Целта на оваа регулатива е да ја определи надлежноста кога е во прашање оценувањето на барањето на азил и на тој начин да помогне во градењето на еден систем кој има конзистентност како и којшто има еден широк опфат односно кој ги покрива сите аспекти од оваа поширока проблематика. Даблинската регулатива или поточно регулативата Даблин III се темели на членот 78 став (2) точка (д) од Договорот за функционирање на ЕУ. Даблинската регулатива всушност уредува неколку прашања истата ги детерминира критериумите како и инструментите според кои се утврдува на која држава ќе и припадне одговорност да го оцени барањето за азил односно за меѓународна заштита.[400] Даблинската регулатива е дефинитивно една од најкритикуваните регулативи и еден од најпроблематичните аспекти или сегменти на Заедничкиот систем за азил на ЕУ. Како што споменавме и претходно ситацијата е далеку од розева. Имено во практиката односно во имплементацијата се изродуваат повеќе проблеми. Имено

[398] Ibid
[399] Tsourdi, Evangelia (Lilian), and Cathryn Costello. "'Systemic Violations' in EU Asylum Law: Cover or Catalyst?" German Law Journal, Volume 24, Special Issue 6: The Systemic and the Particular in European Law, September 2023, pp. 982 – 994. (Str. 989)
[400] Wendel, Mattias. "The Refugee Crisis and the Executive: On the Limits of Administrative Discretion in the Common European Asylum System." German Law Journal, Volume 17, Issue 6: Special issue - Constitutional Dimensions of the Refugee Crisis, 2016, pp. 1005 – 1032. (Str. 1006)

Заедничкиот систем за азил на ЕУ покажува повеќе аномалии. Една од тие аномалии е постоењето на отсуство на целосна хармонизираност и унифицираност во делот на регулативата како и на практиката за азил помеѓу различните држави членки на унијата. Сето тоа резултира со тоа што еден бегалец нема да биде третиран на ист начин во сите држави членки на унијата. Оваа ситуација е во целосна спротивност со замислата што ја имал законодавецот при носењето на даблинската регулатива. Имено оваа регулатива трга од претпоставката дека државите членки на Европската Унија во делот на азилот имаат унифицирани и хармонизирани критериуми во делот на азилот па следствено на тоа истите треба да им нудат исто ниво на заштита на барателите на азил. Сепак ситацијата во практиката е малку поинаква и не содејствува со оваа претпоставка.[401] Нивото на хармонизираност и усогласеност за жал не е на она посакувано ниво и сеуште постојат одредени отстапувања помеѓу државите членки во сегментот на азилот и бегалците. Она што се случува на теренот е практично обид за префрлање на одговорноста и обид да се избегнат задолжителните обврски како што е обврската бегалците да не бидат вратени во местото каде истите би биле подложни на прогон или би биле во опасност. Всушност тоа што го прави унијата упатува на тоа дека истата се обидува топката да ја префрли на други држави кои не се членки на Европската Унија односно на нив да им ја пренесат одговорноста за барателите на азил. Воедно истата го повредува принципот на не враќање на бегалците. Сето тоа отсапува од замислата односно целта што Унијата сакаше да ја постигне со Заедничкиот систем за азил. Имено целта на истата беше да создаде еден систем чија главна карактеристика или одлика ќе биде ефикасноста како и фер третманот на бегалската популација. [402] ЕУ на некој начин се обидува да го екстернализира проблемот со бегалците во отсуство на капацитет за справување со истиот проблем или поточно во ситуација на отсуство на политичка волја за справување со проблемот со бегалците кој е дефинитивно еден од најсензитивните проблеми со кој државите кои партиципираат во ЕУ се соочени и се справуваат. Постојат две доминантни призми низ кои се набљудуваат бегалците едната од нив е како обврска или оптоварување за државата која ги згрижува. Според истата таа перцепција бегалците треба да имаат големо ниво на благодарност за се она што им се дава. Другата пак доминантна перцепција оди на линија на тоа дека бегалците се условно кажано лек за пазарот на труд на европските економии каде имаме популација која старее и неможност да се одговори на потребите кои ги има пазарот на трудот во тие држави. Сепак перцепециите и на југот и на северот во однос на бегалците се главно во еден негативен контекст. Според одредени критичари целта е истите да бидат маргинализирани што пак се должи на големото ниво на дискриминација кое за жал постои како и на присутноста на расизам кое за жал постои. Според истите критичари постои една голема неправда како и експлатација на оваа популација и во јужните и во северните региони.[403] Тоа што го говори ситуацијата на теренот или

[401] AFAQ, AHMAR, and SIROHI, NISHANT. “The New York Declaration For Refugees And Migrants: CONSENSUS TO ADDRESS THE FORCIBLY DISPLACED HUMANITY?” World Affairs: The Journal of International Issues, vol. 22, no. 1, 2018, pp. 80–97. (Str. 91)

[402] https://www.rethinkingrefuge.org/articles/rethinking-emergency-and-crisis

[403] SHUAYB, MAHA, and CRUL, MAURICE. “Reflection on the Education of Refugee Children: Beyond Reification and Emergency.” Refuge: Canada’s Journal on Refugees, vol. 36, no. 2, 2020, pp. 3–8. (Str. 6)

практиката е дека имаме една тенденција бегалците или барателите на азил да бидат задржани и за жал заедничкиот систем за азил на ЕУ не е доследен на своите прокламирани цели а тоа е на бегалците односно на барателите на меѓународна заштита да им понуди еден поправичен и ефективен процес како и една подобра заштита.[404] Функционалноста на целокупниот систем беше повеќе пати доведена во прашање и посебен акцент се ставаше на отсуството на солидарност помеѓу државите членки. Имено еден од годините во кое прашањето на солидарност доби на особено значение беше 2011-тата година кога се случи арапската пролет. Токму бранувањето на миграционите движења што настапија истата таа година со арапската пролет ја брануваа јавноста и на голема врата го отворија прашањето на солидарноста кое се покажа како е едно од најкруцијалните прашања со особено значение за адресирање на проблематиката поврзана со азилот и миграцијата.[405] Токму во кризните моменти се покажаа на виделина проблемите поврзани со функционирањето на Заедничкиот систем за азил на ЕУ. Отсуството на солидарност е нешто за што честопати се говори и е нешто што дефинитивно претставува еден од најголемите проблеми на истиот тој систем. Навистина е разочарувачко што не постои солидарност помеѓу државите членки на ЕУ во делот на азилот и миграцијата. Па така државите кои се лоцирани на надворешната граница на унијата беа оставени буквално на цедило од остантите држави членки наместо истите да превземат дел од товарот и да ја превземат одговорноста за дел од барателите на азил. Во овој контекст исто така мошне значајно да се напомене е дека под солидарност како концепт или принцип не се подразбира само финансиска солидарност туку истата опфаќа многу повеќе од тоа. Впорчем солидарноста не е само еден празен збор или неостварена идеја преточена на хартија. Истата има огромна тежина од политичко правен аспект и истата е еден од клучните сегменти кои се предвидени со договорите на Европската Унија.[406] Отсуството на солидарност е условнокажано рак рана на Заедничкиот систем за азил на ЕУ и истото тоа отсуство го доведува под знак прашалник функционирањето на заедничкиот систем за азил на унијата како и целокупниот вредносен систем на кој почива или се заснова унијата. Во практиката солидарноста опфаќа повеќе аспекти. Па така истата не значи само финансиска асистенција туку подразбира и помош во оперативниот дел како и помош од хуманитарен аспект. Со други зборови принципот на солидарност е многу посложен феномен од она што навидум изгледа односно истиот опфаќа многу повеќе аспекти иако примарната помисла при споменувањето на истиот е солидарност во однос на понесувањето на финансискиот товар.[407] Иако не сите држави во контекст на бројките на барања на азил се еднакво афектирани во иднина на подолгорночна база кога станува збор за солидарноста истите тие држави кои и не се толку многу афектирани ќе мора да

[404] https://www.rethinkingrefuge.org/articles/rethinking-emergency-and-crisis
[405] Wallaschek, Stefan "The Discursive Construction of Solidarity: Analysing Public Claims in Europe's Migration Crisis" Political Studies, Volume 68, Issue 1, 2020, pp. 74-92. (Str. 82)
[406] Koumoutsakos, Giorgos "Migration: A European Question in Need of Urgent Answers" European View, Volume 19, Issue 1, 2020, pp.6-12. (Str. 9)
[407] di Napoli, Ester, and Russo, Deborah. "Solidarity in the European Union in Times of Crisis: Towards 'European Solidarity'?" Solidarity as a Public Virtue?: Law and Public Policies in the European Union, edited by Federico, Veronica and Lahusen, Christian, 1st ed., Verlagsgesellschaft mbH, Nomos, 2018, pp. 195–248. (Str. 232)

бидат многу повеќе инволвирани иако истите немаат голем број на барања за азил односно иако истите немаат голема бегалска популација. Се очекува во иднина дебатата во однос на солидарноста да ги таргетираа токму овие држави кои не забележуваат голем број на бегалци.[408] Практично и оние држави коишто не се мета на бегалци ќе биде повеќе од неопходно да превземат и дел од товарот и да ги згрижат дел од бегалците а со тоа да им олеснат на оние држави коишто се мета на голем број на бегалци односно баратели на азил. ЕУ практично е плод на една визија за заедништво. Тоа заедништво опфаќа и еден заеднички пристап во делот на азилот и миграцијата. Всушност за реализација на идејата односно на визијата за Европа без граници есенцијално е да имаме еден заеднички пристап во делот на азилот и миграцијата. За ова говори токму Жан Моне кој го креира концептот на отворени граници. Имено во насока на реализација на оваа идеја или визија беа превземени повеќе чекори односно на линија на оваа замисла беше воспоставен Шенгенскиот систем на отворени граници а воедно во таа насока беше создаден и Заедничкиот систем за азил на ЕУ, Даблинскиот систем како и беше креирана агенцијата Фронтекс.[409] Практично за да функционира и опстојува ЕУ повеќе од неопходно е да постои заедништво и солидарност во делот на азилот и миграцијата. Без постоење на заедништво и солидарност на некој начин се загрозува и самиот опстанок на целокупната унија. Кога говориме за системот за азил мора да спомeнеме и дека честопати се прави грешка односно изедначување помеѓу мигрантите и бегалците односно не се прави една јасна паралела и дистинкција помеѓу овие две во голема мера различни категории. Од есенцијално значање е да се направи една јасна паралела помеѓу политиките кои ја опфаќаат миграцијата односно мигрантите како и оние кои се фокусирани стрикно на прашањето на азил или бегалците. Во фокусот на Заедничкиот систем за азил на ЕУ е токму азилот односно бегалците. Овој систем има всушност повеќе тенденции. Имено истиот има тенденција да ја во целост хармонизира и унифицира правната регулатива во делот на азилот на ниво на унијата. Имено меѓуостантото истиот е фокусиран на решение на клучни прашања како на градење на заеднички критериуми и подобрување на соработката како и на други клучни прашања како на пример финансиските прашања или пак прашањата за реунификација на бегласките фамилии.[410] Од она што можеше да се забележи на терен цели фамилии ги напуштаа своите држави и се упатуваа кон Европа во изминативе неколку години. Најголем дел од истите тие луѓе побарувaa политички азил а прашањето на азилот и бегалците се издигна највисоко на агендата на европската политичка сцена.[411] Она што е интересно и што вреди да се напомене е дека од сите региони во светот само Европа е таа која превзема чекори во насока на креација на унифицирана и хармонозирана политика за азил и миграција која се потпира на неколку постулати

[408] Senge, Katharina. “WHO BEARS RESPONSIBILITY?: MODELS AND PERSPECTIVES OF EUROPEAN REFUGEE POLICY.” MIGRATION AND REFUGEES, edited by Wahlers, Gerhard, Konrad Adenauer Stiftung, 2015, pp. 10–30. (Str. 29)
[409] Lahav, Gallya. “The Global Challenge of the Refugee Exodus.” Current History, vol. 115, no. 777, 2016, pp. 10–16. (Str. 11)
[410] Billström, Tobias “The End and the Beginning: The EU, Africa and the Need for a New Migration Regime” European View, Volume 16, Issue 2, 2017, pp. 201-209. (Str. 202)
[411] Seol, Dong-Hoon, and Skrentny, John D. “Why Is There So Little Migrant Settlement in East Asia?” The International Migration Review, vol. 43, no. 3, 2009, pp. 578–620. (Str. 583)

како дефинирање минимални критериуми за азил, поделба на товарот или одговорноста како и „надворешна димензија“ на истите тие политики. [412] Европскиот регион или поточно регионот на ЕУ е уникатен по регионалниот пристап и регионалното адресирање на прашањата поврзани со азилот и бегалците. Државите на ЕУ на некој начин направија преседан кој треба да биде пратен и од останатите региони во светот. Суштинскиот сегмент на Заедничкиот систем за азил на ЕУ не е ништо друго туку взаемната обврска или заедничката обврска односно правни обврски кои ги имаат државите членки на унијата едни спрема други односно обврските кои тие меѓусебно ги имаат а не само обврските кои конкретно ги имаат кон секој барател на азил индивидуално. Сепак 2015-тата година покажа дека Заедничкиот ситем на азил на ЕУ е на работ на пропаст иако истиот тој систем преставува условно кажано најсовршениот регионален систем кој е создаден со цел да обезбеди штитење на правата на бегалците.[413] Се покажа дека е доволна една таква криза од поголем калибар за да се разнишаат темелите врз кој почива заедничкиот систем за азил на ЕУ и да се доведе во опасност неговиот опстанок. Од есенцијална важност е раната детекција и подобрување на ефикасноста а тоа може да се обезбеди единствено само со креација на цивилни структури кои ќе овозможат хуманитарна асистенција. Истите тие структури би требало да бидат поткрепени финансиски од сите односно финансискиот товар е неопходно да биде поделен од сите држави членки заеднички. Воедно истите овие структури е неопходно да имаат доволно капацитет за да може да одговорат на сите предизвици кои се појавуваат во поширокото пространство брзо и ефикасно.[414] Практично постојат мноштво на чекори и низа на нешта кои може и кое е неопходно да се превземат во насока подобрување на ефикасноста на Заедничкиот систем за азил на ЕУ а во оваа насока клучно ако не и пресудно е раното детектирање. Резултатот од политиките во голема мера е детерминиран од интеракциите на државите членки коишто се во насока на менаџирање на сите оние прашања поврзани со миграцијата и азилот и истите тие интеракции се од особено значење за градењето на заедничка политика во делот азилот и миграцијата. Имено токму како резултат на тие интеракции се подобрува заедничкиот одговор односно се гради еден заеднички пристап во делот на менаџирањето на прашањата поврзани со азилот и миграцијата кај државите членки на ЕУ но и кај државите кои не дел од истата таа Унија. Европската Унија всушност успеа да создаде заедничка политика и истата преку повеќе облици од разен вид пристапи кон интеракција токму во делот на политиките поврзани со азилот и миграцијата а се со цел и во насока на решавање на бројните проблематични прашања во тоа поле. Целта на унијата беше да ја подобри соработката во низа на полиња како што се тоа границите и нивното обезбедување, реадмисијата, делот со визите како и серија на други прашања со

[412] Billström, Tobias “The End and the Beginning: The EU, Africa and the Need for a New Migration Regime” European View, Volume 16, Issue 2, 2017, pp. 201-209. (Str. 203)
[413] Byrne, Rosemary & Noll, Gregor & Vedsted-Hansen, Jens. “Understanding the Crisis of Refugee Law: Legal Scholarship and the EU Asylum System.” Leiden Journal of International Law, Volume 33, Issue 4, 2020, pp. 871 – 892. (Str. 877)
[414] Dennison, Susi & Janning, Josef. BEAR ANY BURDEN: HOW EU GOVERNMENTS CAN MANAGE THE REFUGEE CRISIS. European Council on Foreign Relations, 2016.  (Str. 6)

надворешна димензија.[415] Со договорот за функционирање на Европската Унија или поточно со членот 78(2)(г) од истиот тој договор на Унијата или поточно на нејзините законодавни тела им е доверена надлежност во делот на заедничкиот ситем за азил на унијата. Имено законодавните тела на унијата се овластени да усвојуваат мерки во делот на азилот и миграцијата а истите тие мерки меѓуостантото го опфаќаат и делот со процедурите за стекнување на право на азил и на супсидијарна заштита како и на одземање на истите тие права. Што се однесува пак на делот со контролите на границите и имиграцијата нема основ за импелментација на процедури кои ќе бидат заеднички меѓутоа правото на ефективен правен лек е содржано во бројните инструменти кои ги регулираат овие области и истите тие содржат одредби кои се специфични.[416] Формирањето на еден заеднички систем за азил на Европската Унија кој ќе биде базиран на принципот на солидарност е предвидено со општите одредби со кои материјата на азилот и миграцијата е регулирана. Поточно тоа е предвидено токму со членовите 67(2) и 78(2) од Договорот за функционирањето на ЕУ. Истите овие членови исто така предвидуваат дека заедничката политика во делот на азилот ќе биде целосно во согласност со Женевската конвенција за бегалците и со принципот на не враќање според кој ниту едно лице не би смеело да се врати во истото она место каде истото би било предмет на прогон.[417] Практично Заедничкиот систем за азил на ЕУ е замислен како систем во кој солидарноста ќе биде императив за сите држави кои партиципираат во истиот тој систем а секое остапување од тој принцип го загрозува самиот систем. Една од главните цели на заедничкиот систем за азил на Европската Унија е да ги заузда оние лица кои сакаат да го злоупотребат истиот односно тој систем всушност е креиран токму да ги детектира истите тие лица и да превенира злоупотреба на систем за азил и неговата дарежливост.[418] Системот е поставен така уште во самиот корен да ги спречи измамите и изигрувањата на самиот систем од страна на оние лица чија примарна цел е истиот да го изиграат. Според правилата кои се составен дел на Заедничкиот систем за азил на унијата точно е предвидено каде бегалците може да поднесат барање за азил и да побараат заштита. Според тие правила тоа е првата држава на унијата на чие тло истите тие ќе стапнат и со завршувањето на постапката истите тие се населуваат во истата таа држава.[419] Имено правилата се такви што не нудат големо ниво на флексибилност и на бегалците не им е оставен простор да бираат во која држава истите ќе го поднесат барањето за азил. Правилата се такви што на барателите на азил не им е условно кажано дадено дискреционо право да ја изберат државата каде истите ќе аплицираат

---

[415] Czaika, Mathias & Bohnet, Heidrun & Zardo, Federica “Categorical and spatial interlinkages within the European migration policy mix” European Union Politics, Volume 25, Issue 1, 2024, pp. 173-196. (Str. 178)
[416] Słowik, Alicja “Multiple sources of right to an effective remedy in EU migration and asylum law: Towards common standards on judicial protection?” Maastricht Journal of European and Comparative Law, Volume 31, Issue 1, 2024, pp. 27-52. (Str. 2)
[417] Tagliapietra, Alberto. The European Migration Crisis: A Pendulum between the Internal and External Dimensions. Istituto Affari Internazionali (IAI), 2019. (Str. 3)
[418] Walter-Franke, Marie. “Building a European Asylum Regime in Discordance: Polarized Representations of Refugees in the Discursive Process of Policy-Making.” Politique Européenne, no. 60, 2018, pp. 34–71. (Str.46)
[419] Bazurli, Raffaele, & Kaufmann, David “Insurgent Asylum Policies in European Cities: A Multi-Level Governance Perspective “Urban Affairs Review, Volume 59, Issue 4, 2023, pp. 1129-1159. (Str. 1142)

за азил. Напротив правилата пропишани со Шенген системот и со Даблинската регулатива мошне јасно и експлицитно наведуваат каде барателот на азил може да аплицира или со други зборови барателите на азил не можат самите да детерминираат во која држава ќе аплицираат. Во случај ако барањето за азил на барателот е одбиено во првата држава на унијата на чие тло стапнал која е и државата каде истиот има право да аплицира истиот не може да се врати или да оди во друга држава на Унијата во која истиот ќе избере.[420] Вака поставените правила секако не доаѓаат без последици. Всушност како последица на една вака дизајнирана политика и на една ваква консталација на правила имаме огромен притисок во одредени области како на приемер источниот Медитеран. Всушност првите држави на азил се токму оние кои го извлекуваат подебелиот крај во целокупната приказна. Масовната миграција со која истите се соочуваат врши енормен притисок на повеќе општествени категории како безбедноста, домувањето, образовниот систем, здравствениот систем, прехрамбениот сектор, водоснабдителниот како и на целокупниот општествен поредок генерално.[421] Некои држави се навистина сериозно засегнати со бегалските бранови поради што нивните системи условнокажано се борат да не крахираат поради тоа што бегалските бранови и бегалската популација со себе носи една цела плеада и серија на предизвици. Сепак ливадата не е еднакво зелена насекаде. Всушност имаме големи варијации во делот на бенефициите што ги добиваат бегаците. Така на пример приматот за една од државите кои нуди најголеми бенефити за бегалската популација го носи Германија којашто е дефинитивно една од најдарежливите држави во тој сегмент. Имено доколку се спореди Германија со другите европски држави ќе се увиди дека истата нуди дури за 50-тина проценти поголем бенефит од оној коишто на бегалската популација и го нуди Шведска или Велика Британија додека пак доколку ја споредиме со една Унгарија истата нуди четириструко поголеми придобивки. Токму таа голема дарежливост кон бегалската популација на германското општество ја прави Германија една од најпосакуваните дестинации за барателите на азил.[422] Практично сразмерно со бенефиците кои ги нудат за бегалците доаѓа и привлечноста на истите за бегалската популација. Всушност рака под рака одат поголемиот интерес за конкретна држава од страна на бегалците и бенефициите кои ги нуди истата. Наједноставно кажано колку поголеми бенефти толку поголема привлечност ќе има таа држава кај бегалската популација и како последица на тоа многу повеќе бегалци ќе се обидат да стигнат до таа држава и таму да го поднесат своето барање за азил. Кога говориме за Заедничкиот систем за азил на ЕУ особено значајно е да ја анализираме и практичната примена на правната регулатива на ЕУ во делот на азилот и бегалците. Имплементацијата на заедничката регулатива од судската власт односно од страна на судовите во секоја единечна држава членка е од есенцијално значење. Кога е во прашање азилот постои

[420] Abell, Nazare Albuquerque. “The Safe Third Country Concept: Deflection in Europe and Its Implications for Canada.” Refuge: Canada’s Journal on Refugees / Refuge: Revue Canadienne Sur Les Réfugiés, vol. 14, no. 9, 1995, pp. 1–7. (Str. 4)
[421] Fargues, Philippe. Europe Must Take on Its Share of the Syrian Refugee Burden, But How? German Marshall Fund of the United States, 2014. (Str. 3)
[422] WEEDE, ERICH. “GEOPOLITICS, INSTITUTIONS, AND ECONOMICS: ON THE RISE AND DECLINE OF CIVILIZATIONS.” Geopolitics, History, and International Relations, vol. 8, no. 1, 2016, pp. 177–220. (Str. 194)

тенденција или заложба на европската комисија за унифицирање во поголема мера на регулативата и практиката посебно во делот на одлуките и процедурите поврзани со азилот.[423] За да биде успешна унификацијата или хармонизацијата од исклучително значење е имплементацијата и начинот на кој се толкува регулативата на ЕУ во делот на азилот од страна на домашните судови односно од домашната судска власт. Имено заложбата за унификација и хармонизација на регулативата за азил е во тесна корелација со имплементацијата и толкувањето на истата од страна домашните судски власти на државите членки. Всушност градењето на едни принципи и норми кои ќе бидат заеднички како и на едни заеднички сваќања во однос на проблематиката поврзана со азилот и присилната миграција од страна на судските власти е исклучително важен дел од мозаикот односно без тоа не би била остварлива или не би можело да се дојде до целосна унификација и хармонизација.[424] Наједноставно кажано без усогласување и во делот на практиката не би имале целосна унификација и хармонизација во делот на азилот што пак е практично примарната и најважанта цел на Заедничкиот систем за азил на ЕУ. Со креацијата на заедничкиот систем за азил на Европската Унија односно со хармонизацијата и унификацијата на регулативата во делот на азилот и присилната миграција се креира соодветна рамка односно платформа или терен за еден дијалог од транснационален карактер помеѓу домашните судови односно помеѓу националните судски власти на кои заедничкиот дијалог им стана императив.[425] Кога говориме за судскиот систем и судските власти еден уникатен и специфичен систем е италијанскиот. Имено во италијанската регулатива не постои јасна дистинкција помеѓу правото на азил и статусот на бегалец. Всушност иако прашањето на азил е правно регулирано со уставот на Италија како и со императивите кои произлегуваат од меѓународното како и европското законодавство кое ја уредува материјата поврзана со бегалците и барателите на азил и нивната заштита во италијанскиот правен систем недостасува регулатива која ќе биде специфична и која ќе ги уредува истите тие прашања. Ситуацијата на теренот е исто така специфична. Имено оние лица кои не поседуваат документи а коишто се во исчекување на епилог по однос на нивното барање за признавање на правото на азил престојуваат во центарот за идентификација и протерување и мошне често се случува таму истите да останат еден подолг временски период односно мошне често се случува периодот на престој на истите тие лица во погоренаведената институција да трае многу подолго од тоа колку што би требало вообичаено да трае.[426] Случајот на Италија навистина е уникатен и несомнено вреди да се разгледа малку подетално. Во изминитатите години стана повеќе од евидентно дека Италија се соочува со сериозен предизвик адекватно да одговори на миграциониот прилив од медитеранот и сето тоа да биде во склад со законодавството на ЕУ. Сето тоа се

---

[423] Lambert, Hélène. “Transnational Judicial Dialogue, Harmonization and the Common European Asylum System.” *The International and Comparative Law Quarterly*, vol. 58, no. 3, 2009, pp. 519–543. (Str. 523)
[424] Ibid (Str. 519, 520)
[425] Ibid (Str. 519)
[426] Federico, Veronica, and Nicola Maggini. “Disability, Unemployment, Immigration: Does Solidarity Matter at the Times of Crisis in Italy?” Solidarity as a Public Virtue?: Law and Public Policies in the European Union, edited by Veronica Federico and Christian Lahusen, 1st ed., Nomos Verlagsgesellschaft mbH, 2018, pp. 361–394. (Str. 385)

случува и покрај тоа што политиката за азил и миграција успеа да се развие во еден контекст кој е малку поширок односно и покрај создавањето на Заедничкиот систем за азил на ЕУ кој прокламира заеднички норми во делот на легалната како и нелегалната миграција. Еден од централните проблеми кои може да се забележат или детектираат е проблемот со идентификацијата како и обработката. Всушност она што се случува на теренот е тоа голем број на лица да се обидуваат да избегнат идентификација во Италија што се должи на фактот дека добар дел од бегалците Италија ја перцепираат само како транзитна дестинација и нивна крајна цел е да стигнат до некои од државите на север кои се далеку побогати.[427] Италијанскиот случај практично на некој начин само ги илустрира и прикажува несовршеностите на Заедничкиот систем за азил кои се повеќе и повеќе излегуваат на виделина и говорат за тоа дека ситуацијата е далеку од розева. Практично беше на некој начин неминовно да се тргнат розевите очила и да се согледа реалната слика која практично говори за тоа дека режимот за бегалци на ЕУ потфрла а со тоа се загрозува и опстојувањето на Шенгенскиот систем. Шенгенскиот договор условнокажано колабира пред миграциониот притисок. Практично иако со истиот тој договор беа укинати внатрешните граници државите потписнички на истиот тој договор започнаа со условнокажано повторно враќање на истите тие граници или поточно истите воспоставија лични гранични контроли поради прецепцијата дека надворешните граници на унијата колабираа или пропаднаа. Практично тоа што се случи беше добар дел од државите членки да одбијат да примат баратели на азил од државите кои беа на првите линии на миграционите бранови или поточно од државите чија граница е медитеранот. Всушност она што се случуваше во минатиот период практично покажа дека ЕУ иако е заедница во која постои едногласност или поточно споделено мислење во практиката мошне тешко беше најпрвин да усвои правила во насока на колективно справување со прашањата поврзани со азилот и бегалците а уште помалку пак истите тие правила да ги спроведе во практиката.[428] Практично соработката во областа на азилот и миграцијата е поприлично тешка и тоа прашање е едно од најсензитивните прашања за државите кои партиципираат во ЕУ што практично ја отежнува соработката. На сето ова се накалемува и проблемот на различната интерпретација на правната регулатива за азил на унијата. Сепак и покрај усогласеноста и унифицираноста на европското законодавство оставено е на вољата на државите членки самите да одлучат како една директива ќе биде спроведена во домашниот правен систем. Како резултат на тоа имаме отстапувања и настапуваат одредени разлики од една до друга држава членка. Еден еклатантен пример за такви едни разлики можеме да забележиме во делот на периодот кој е потребно да помине пред да му се дозволи на еден барател за азил или бегалец да може да работи. Па така постојат евидентни разлики во тој дел. На пример во Германија е неопходно да помине период од три месеци, во Белгија истиот тој период е за еден месец подолг, во Холандија пак изнесува шест месеци или пак половина година додека пак во Шведска истите тие лица можат веднаш да

[427] Hermanin, Costanza. Immigration Policy in Italy: Problems and Perspectives. Istituto Affari Internazionali (IAI), 2017. (Str. 4)
[428] Martin, Susan F. & Davis, Rochelle & Benton, Grace and Waliany, Zoya. "International Responsibility-Sharing for Refugees: Perspectives from the MENA Region." Geopolitics, History, and International Relations, vol. 11, no. 1, 2019, pp. 59–91. (Str. 60)

започнат со работа или поточно веднаш по поднесувањето на барањето за азил.[429] Во делот на активацијата на пазарот на труд на бегалската популација постојат низа на препораки и мислења а една од најзначајните препораки е онаа на Европската Комисија. Препораките на европските официјални институции или поконкретно на Европската Комисија се на линија на тоа дека барателите на азил треба да добијат што побрзо пристап до пазарот на труд односно што побрзо треба да добијат можност да се активираат на истиот тој пазар. Имено комисијата препорачува периодот на чекање да не биде подолг од половина година или шест месеци.[430] Неопходни се долгорочни и одржливи решенија. Неопходно е прашањето поврзано со бегалците да се менаџира на начин кој ќе понуди решение одржливо на долг рок а се со цел и во насока на тоа Унијата да може да им помогне на што поголем број на бегалци. Всушност реалноста говори дека унијата како една единечна целина има капацитет да прифати, нахрани како и да инкорпорира на нејзиниот пазар на труд далеку поголема бројка на бегалци од таа којашто е инкорпорирана во моментов.[431] Прашањето за активација на пазарот на труд е само едно прашање од целиот спектар на прашања коишто треба да се адресираат. Па така едно од најзначајните прашања на кое треба да се посвети внимание е она за процедурите или поточно примената на т.н. забрзани процедури од страна на одредени држави кои што партиципираат во унијата. Она што во изминатиот период беше забележано како појава во одредени држави членки на унијата беше форсирањето или наметнувањето на т.н.забразни процедури за азил. Држави кај кои беше забележана ваква појава беа Холандија, Ирска и Данска кои ги форсираа таквите забрзани процедури. Впрочем стручната јавност и критичарите замеруваат во голема мера и ги критикуваат т.н забрзани процедури за азил но и на политиките за прием кои имаат еден рестриктивен карактер. Според истата таа јавност и според истите тие критичари клучниот проблем лежи во тоа што со забрзаните процедури за азил се става под знак прашалник квалитетот на одлуката за азил како и се доведува во прашања одржливоста и правичноста. [432] Она што се забележува како феномен присутен кај т.н. забрзани процедури за азил е тоа дека исходот најчесто завршува со отфрлање на барањето за азил. За жал евидентна е појавата на замена на редовните процедури за азил со т.н. забрзани процедури за азил. Имено оваа појава е евидентна во одредени западноевропски држави кои се и членки на Европската Унија односно истата појава е присутна во држави како Данска, Холандија и Ирска. Воедно она што се забележува во изминатите години особено во изминатата деценија е една тенденција политиките за азил да добиваат се порестриктивен карактер.[433] За жал како што одминуваше времето сите бевме сведоци на

[429] de Lange, Tesseltje. "Asylum Seekers' Limited Right to Work in the Netherlands." Towards a Decent Labour Market for Low Waged Migrant Workers, edited by Tesseltje de Lange and Conny Rijken, Amsterdam University Press, 2018, pp. 169–186. (Str. 171)

[430] Ibid (Str. 182)

[431] Dullien, Sebastian. PAYING THE PRICE: THE COST OF EUROPE'S REFUGEE CRISIS. European Council on Foreign Relations, 2016. (Str. 1)

[432] Kulu-Glasgow, Işık. "Quality of Asylum Decisions: Uses and Limitations of Surveys of Asylum Case Files." International Migration in Europe: New Trends and New Methods of Analysis, edited by Corrado Bonifazi, Marek Okólski, Jeannette Schoorl, and Patrick Simon, Amsterdam University Press, 2008, pp. 313–330. (Str. 313)

[433] Ibid (Str. 313)

заострување на политките за азил и политиките кон бегалците и еден порестриктивен пристап во насока на спречување и одвраќање на бегалската популација. А сето тоа пак е резултат на повеќе фактори што ќе ги елаборираме во натамошниот дел. Практично воведувањето на едни порестриктивни политики кон бегалската популација се должи во голема мера на перцепцијата и анимозитетот на европските граѓани или поточно на граѓаните на државите членки на Европската Унија кон бегалската популација. Постојат одредени стравувања кај европскиот електорат кои се директно поврзани со прашањето на бегалците и азилот. Тие загрижености во принцип се од еден економски карактер. Всушност најголемиот страв е поврзан токму со економијата. Имено електоратот во Европа стравува од пораст на стапката на невработени и од оптоварувања на инфраструктурата како и на државниот буџет на нивните држави којшто е во една реалтивно кревка позиција.[434] Една од најголемите загрижености кои постојат и кои се присутни кај пошироката јавност и кај електоратот а кога се во прашање азилот и бегалците како и миграцијата е тоа дека може да дојде до намалување на приходите или платите особено кај оние работници или вработени кои се со пониски квалификации. Овие загрижености најчесто се поткрепени со тезата дека најголем процент од луѓето кои пристигнуваат во државите на европскиот континент поседуваат пониско нивно на квалификации од она што го поседува домородното население. Сето тоа врши условнокажано притисок кај домордното население да стекне нови вештини. Сепак важно е да се нагласи дека во оние држави кои се едни од вобичаените дестинации каде имаме големо ниво на миграција не секогаш тоа е случај туку напротив имаме една комплетно спротивна ситуација.[435] Всушност реалноста говори дека сликата не е црно бела и имаме одредени варијации во најголем дел од случаите односно кај најголем дел од европските држави епилогот од миграцијата не е негативен туку напротив истиот е позитивен односно истиот има позитивен импакт врз јавните финансии.[436] Она што е евидентно е една тенденција да се намали привлечноста на државите членки на Европската Унија за бегалците и барателите на азил. Всушност ЕУ стои исправена пред искушение Заедничкиот систем за азил на Унијата да го направи помалку привлечен или поточно правата и привилегиите кои им ги гарантира на бегалците и барателите за азил да ги намали и сведе на неопходниот минимум а се со цел да ја намали атрактивноста а се со цел и во насока да не бидат поатрактивни од правата и привелегиите кои ги добиваат бегалците во другите држави надвор од ЕУ. Државите членки на Унијата всушност целат нивниот систем да го направаат далеку помалку привлечен од системот за азил кој го поседуваат државите од соседството.[437] Унијата всушност се обидува да ги одврати бегалците од идејата и од нивната намера да побараат азил во некоја од државите членки на ЕУ а сето тоа се обидува да го изведе примарно преку кратење на бенефитите

[434] Dullien, Sebastian. PAYING THE PRICE: THE COST OF EUROPE'S REFUGEE CRISIS. European Council on Foreign Relations, 2016. (Str. 1)
[435] Edo, Anthony & Ragot, Lionel & Rapoport, Hillel & Sardoschau, Sulin & Steinmayr, Andreas and Sweetman, Arthur "An Introduction to the Economics of Immigration in OECD Countries." The Canadian Journal of Economics / Revue Canadienne d'Economique, vol. 53, no. 4, 2020, pp. 1365–1403. (Str. 1383)
[436] Ibid (Str. 1383)
[437] https://www.robert-schuman.eu/en/european-issues/0400-what-type-ofreform-of-the-common-european-asylum-regime-are-we-heading-toward

коишто се предвидени за бегалската популација. Ако нурнеме малку подлабински во историјата ќе откриеме дека негативните емоции кон миграцијата не се нешто што е ново туку напротив ако се вратиме назад ќе посведочиме на поголема гранична контрола и притисок за посилни контроли на миграцијата што пак во голема мера го зауздуваше пристапот на барателите на азил како и на мигрантите во државите членки на Европската Унија. Имено доколку погледнеме само неколку децении поназад и се вратиме во 80-тите и 90-тите години од минатиот век ќе забележиме дека уште во тоа време е евидентна појавата на поригорозни миграциони политики односно на политики кои се далеку помалку благонаклони кон бегалците и барателите на азил.[438] Практично негативните емоции кон азилот и кон бегалците и рестриктивните политики кон истите се условнокажано продолжение на една долгорочна традиција и тенденција и истите не преставуваат никаков новитет. Рестриктивните миграциони политики или политки за азил со рестриктивен карактер всушност се одлика за европските држави уште од средината на 80-тите години на 20-тиот век. Всушност најсоодветно кажано постои обид кај државите членки на унијата но и кај државите на европскиот континент да го трансферираат условнокажано проблемот со бегалците и со миграцијата на периферни држави. Европските држави на некој начин се трудат преку креацијата на концепти како прва држава на азил, мигранти коишто транзитираат, секундарно движење кое е нерегуларно или пак заглавени мигранти да произведат условнокажано мигрантска нелегалност. [439] Сите трендови кои ги забележуваме и денес во делот на азилот и бегалците не се нешто ново и истите влечат корени од многу порано и практично на некој начин историјата се повторува и трендот на рестриктивни политики во однос на азилот и бегалците се повторува. Ист е случајот и со обидите за префрлање на одговорноста во однос на барателите за азил и бегалците. Со значителниот пораст на миграцијата во јужните краеви од Европа кон крајот на 80-тите како и почетокот на 90-тите години од минатиот век миграцијата и азилот стануваат едни од најзначајните теми кои успејаа да се искачат високо на врвот односно на агендата на европската политика во тоа време. Ако се навратиме наназад и направиме една анализа ќе увидиме дека особено на почетокот од 90-тите години на минатиот век евидентен е еден пораст на миграцијата во државите членки на Европската Унија. Имено овој период се одликува со поголем број на држави кои се погодени со проблематиката поврзана со миграцијата и азилот и во овој период може да се забележи зајакнување на улогата која ја има Европската Унија.[440] Неопходно е примарно да се промени начинот на кој се размислува и на кој се гледа на работите бидејќи истиот во голема мера е погрешен и несоодветен. За жал одредени држави на Европскиот континент членки на Европската Унија имаат негативни емоции и ставови во однос на бегалците и барателите на азил. Истите

---

[438] Pietsch, Juliet. “Public Opinion towards New Migration Flows in Europe and the Increasing Role of the EU.” Migration and Integration in Europe, Southeast Asia, and Australia, edited by Pietsch, Juliet and Clark, Marshall, Amsterdam University Press, 2015, pp. 45–56. (Str. 47)
[439] Üstübici, Ayşen. “The Production of Migrant Illegality: International and Domestic Dynamics in a Comparison.” The Governance of International Migration, Amsterdam University Press, 2018, pp. 47–82. (Str. 53)
[440] Pietsch, Juliet. “Public Opinion towards New Migration Flows in Europe and the Increasing Role of the EU.” Migration and Integration in Europe, Southeast Asia, and Australia, edited by Pietsch, Juliet and Clark, Marshall, Amsterdam University Press, 2015, pp. 45–56. (Str. 45)

тие држави се обидуваат да ја префрлат одговорноста за бегалците или барателите на азил на некоја друга држава членка или пак се обидуваат во корен да го спречат потенцијалниот проблем на тој начин што се обидуваат да го спречат движењето на бегалците и барателите на азил во Европската Унија. Сето тоа се коси и е во целосна спротивност со обврските коишто државите членки на Унијата ги имаат превземено со ратификувањето на Конвенцијата на Обединетите Нации во врска со статусот на бегалците или попозната како Женевската конвенција за бегалци како и сето тоа е во директна спортивност со градењето на еден Заеднички систем за азил на Европската Унија којшто кон барателите на азил ќе биде правичен или праведен.[441] Практично на некој начин државите се обидуваат да ги избегнат обврските коишто ги имаат во однос на бегалците и бегаат од соочување со конкретниот проблем односно на проблемот со бегалците и азилот на тој начин што истиот се трудат да го елеминираат уште во самиот страт или пак да го префрлат на друг актер. За да политиката за азил или за политиката кон бегалците и барателите на азил биде веродостојна неопходно е се спречи нелегалната миграција како и воедно неопходно е на барателите на азил и бегалците да им се пружи еден третман којшто ќе биде во целосна согласност со критериумите предвидени со регулативата која ја регулира оваа материја и која пропушува точно утврдени обврски на Унијата по однос на прашањата поврзани со азилот и миграцијата а кои се имплементираат од секоја една држава членка на унијата. Според бројните експерти тоа што и е повеќе од неопходно на унијата во сегментот на азилот и миграцијата е една кредибилна политика и подобро управување или менаџирање на границите. Во овој сегмент особено е важно да се нагласи дека од суштинска важност е да постои менаџирање особено на надворешните поморски гранци на унијата кое ќе биде ефикасно и кое во целост ќе се заснова на максимална почит на меѓународното право за бегалците како и на европското право или поточно на правото на Европската Унија кое ја уредува истата таа материја. Во овој сегмент исто така особено значајно е да се нагласи дека од исклучиво значење е да се почитуваат обврските кои се прокламирани со конвенцијата на Обединетите Нации во врска со статусот на бегалците или Женевската конвенција за бегалците која прокламира и налага државите во ниеден случај да не го вратат бегалецот во место каде истиот би се соочил со потенцијална опасност односно во целост истите да се придржуваат до нивната етичка обврска поврзана со правилото на спасување.[442] Унијата особено во изминатите години доби серија на критики за тоа како истата се справуваше со предизвиците кои произлегуваа од бегалските бранови. Начинот на кој Европската Унија одговори на предизвиците поврзани со азилот и миграцијата во изминатите години беше мета на критики. Имено критиките одеа на линија на тоа дека постои назадување во повеќе полиња вклучително и во делот на азилот и миграцијата или поточно во менаџирањето на прашањето поврзано со бегалците. Всушност токму тој термин назадување се почесто можеше да се забележи во изминатите години а тоа што паѓаше во очи и што можеше да се забележи е назадување во повеќе свери вклучително и во делот на азилот и миграцијата односно во контекст на бегалците

[441] https://www.iemed.org/publication/strengthening-the-common-european-asylum-system/

[442] Knaus, Gerald. “In Search of a Credible Asylum Policy.” EXPLORING EU COALITIONS, edited by Janning, Josef & Zunneberg, Christel and Klavehn, Christoph, European Council on Foreign Relations, 2017, pp. 11–17. (Str. 11)

и барателите на азил а критиките одеа во насока на тоа дека постои демократско назадување кај повеќето либерални демократии од Европа но и пошироко.[443] Сите оние јазови коишто испливуваат на површина и се присутни или постојат во европската политика во делот на азилот ја разводнуваат одговорноста што секоја една држава поединечно ја има или поседува. Сепак кога говориме за европската политика за азил примарно треба едно да ни биде јасно а тоа е дека истата претставува една комплексна конструкција која прокламира повеќе начини на кои државите од европскиот континент споделуваат одговорност. Тие начини се однесуваат на неколку сегменти односно на повеќе делови поврзани со човековите права, ефикасноста, солидарноста и способностите. Сите овие сегменти или делови се од особено значење за меѓународно заштитените права како и нивното остварување.[444] Она што е неопходно е политиката за азил на Европската Унија примарно да се темели на системот за човекови права односно истата таа политика не треба да се темели единствено само на Конвенцијата за статусот на бегалците или Женевската конвенција.[445]

### 2.3 реформа на заедничкиот систем за азил на европската унија

Заедничкиот систем за азил на Европската Унија беше предмет на реформа во изминатите декади или поточно во првата деценија од 21-виот век. Имено унијата со серија на потези или поточно со потег од исклучително значење во 2008-та година пристапи кон целосен ремонт на Заедничкиот систем за азил на ЕУ кој ги поставува контурите за правото на азил во унијата. Имено ако го анализираме овој потег на унијата да го реформира заедничкиот систем за азил ќе согледаме дека истиот тој потег е во насока на тоа да се обезбеди еден третаман кој ќе биде примарно правичен и којшто во буквална смисла на зборот ќе обезбеди доследен третман на бегалската популација или поточно на оние лица кои побаруваат азил. Исто така овој потег е во насока на обезбедување на правичен и доследен третман на децата без разлика на тоа во која од државите членки на унијата тие се лоцирани. Всушност предложената реформа во себе содржеше пет исклучително значајни компоненти и истиот тој реформиран систем даде елаборација на правата кои ги поседуваат лицата кои побаруваат азил и посебно обрна внимание на оние лица кои не се полнолетни а се без придружба како и ги елаборира нивните правата во нивната постапка за признавање на правото на азил односно за добивање на статусот на бегалец.[446] Сепак и покрај спроведените реформи сеуште постојат одредени евидентни разлики или отстапувања помеѓу националните систем односно помеѓу системите на државите членки во областа на азилот и бегалците. Впрочем и покрај сите обиди на унијата во целост да ги унифицира и хармонизира правилата односно на регулативата за азил и покрај спроведените реформи од 2008-

[443] Hudson, Ben, “Asylum Marginalisation Renewed: ‘Vulnerability Backsliding’ at the European Court of Human Rights.”, International Journal of Law in Context, Volume 20, Special Issue 1: Law, Migration and Vulnerability: From the Margins to the Centre, 2024, pp. 16 – 34. (Str. 17)
[444] Nollkaemper, André. “European Asylum Policy: Oscillating Between Shared and Individual Responsibility.” Proceedings of the ASIL Annual Meeting, Volume 107, 2013, pp. 361 – 364 (Str. 362)
[445] Ibid (Str. 362)
[446] Daugherty-Kelly, Caitlin. “Unaccompanied Asylum-Seeking Minors: An Urgent European Problem.” New Zealand International Review, vol. 42, no. 1, 2017, pp. 18–20. (Str. 18)

та година немаме помал квантум на разлики од оние што беа присутни во 1999-тата година. Во овој контекст исто така од особено значење е да се истакне дека со заедничкиот систем за азил или поточно со политиките за азил на унијата се дефинирани само минималните стандарди во делот на азилот коишто секоја една држава членка мора да ги поседува но сето тоа не им ги врзува рацете на државите членки да имплементираат и повисоки стандарди во нивните национални законодаства од оние што се пропишани како минимални стандарди кои секоја членка на унијата мора да ги има инкорпорирано во своето национално законодаство кое ја уредува проблематиката поврзана со азилот и бегалците.[447] Практично остануваат уште многу нешта да се направат и континуирано да се работи на реформа на Заедничкиот систем за азил се додека не се постигне посакуваното ниво. Реформите на Заедничкиот систем за азил на Европската Унија опфаќаа повеќе сегменти или аспекти. Па така еден од примарните сегменти кои беа опфатени со реформите беа креацијата на Агенцијата на ЕУ за азил или поточно нејзиното трансформирање од канцеларија за поддршка на азил во една агенција која ќе биде полноправна и ќе поседува поширок дијафазон на овластувања од оперативен карактер. Понатаму дел од клучните реформи опфаќаа дуплирање на Фондот за азил, миграција и интеграција на ЕУ и секако една од најзначајните реформи беше трансформација на Фронтекс или граничните сили на унијата. Имено со таа трансормација Фронтекс или поточно граничните и крајбежните сили на унијата добија поголеми овластувања и буџет и истите станаа поинтегрирани. Оваа трансформација на граничните и крајбежните сили на Унијата (Фронтекс) следеше веднаш непосредно по договорот на Европската Унија и Турција од 2016-тата година со кој се уредуваше прашањето за сириските бегалци.[448] Кога говориме пак за реалциите помеѓу Европската Унија и Турција она што условокажано ја прелеа чашата и ја подгреа атмосферата беше систуацијата со Авганистан и кризата со која истата таа држава беше соочена. Имено Турција децидно одбиваше да прифати поголем број на бегалци од Авганистан. Стравувањата коишто се јавија беа во насока на тоа дека е можно повторно отварање на пандорината кутија или поточно дека е можно да дојде до еден нов миграционен бран од поголем калибар. Сето тоа им зададе големи главоболки на европските политичари и наметна нова дебата во европската јавност што пак ја фрли во заден план дебатата за договорот помеѓу ЕУ и Турција и неговото продолжување.[449] Постојат неколку слаби точки или сегменти на кои Европската Унија мора да поработи и да ги подобри а кога е во прашање азилот и прашањето на бегалците. Примарно неопходно е подобрување на контролите кои се спроведуваат на границите и сериозна борба со нелегалната трговија со луѓе. Секундарно она на што Унијата е неопходно да обрне посебно внимание е развојот на програми кои ќе го уредат преселувањето на бегалската популација и терцијално неопходно е подобрување на можноста или способноста

[447] Beine, Michel & Boucher, Anna & Burgoon, Brian & Crock, Mary & Gest, Justin & Hiscox, Michael & McGovern, Patrick & Rapoport, Hillel & Schaper, Joep and Thielemann, Eiko "Comparing Immigration Policies: An Overview from the IMPALA Database." The International Migration Review, vol. 50, no. 4, 2016, pp. 827–863. (Str. 851)
[448] Hatton, Timothy J. "Asylum Migration to the Developed World: Persecution, Incentives, and Policy." The Journal of Economic Perspectives, vol. 34, no. 1, 2020, pp. 75–93. (Str. 90)
[449] MEŞE, ZAFER. "The New German Coalition and Its Impact on EU-Turkey Relations." Insight Turkey, vol. 24, no. 1, 2022, pp. 89–103. (Str. 99)

особено кај државите кои имаат повисок степен на развој да апсорбираат бегалци. Имено Европската унија и покрај низата од чекори коишто ги превзема во градењето на Заедничкиот систем за азил истата мора да отиде и чекор подалеку и да обрне исклучително внимание на претходно наведените области а се со цел и во насока на тоа да се изгради еден поефикасен Заеднички систем за азил.[450] Всушност ако нурнеме подлабински и го анализираме развојот на Заедничкиот систем за азил на унијата ќе дојдеме до заклучок дека напорите да се изгради еден целосно унифициран и хармонизиран систем за азил на едно европско ниво датираат уште од крајот на 90-тите години од минатиот век. Имено унијата се обиде преку една цела плеада на директиви и преку градењето на Заедничкиот систем за азил да дојде до таа цел односно до еден целосно унифициран и хармонизиран систем за азил. Сепак нивото на унифицираност и хармонизираност сеуште не е на посакуваното ниво што пак условнокажано остава вакум простор и им дава можност на државите членки на унијата да носат свои специфични правила со кои ќе ја регулираат проблематиката поврзана со азилот. И тоа што е најдраматично е што сето тоа се случува во очи на напорите за нов пакт за миграција кои датираат од не толку одамна односно од месец септември 2020-та година.[451] Новиот пакт за миграција се очекуваше да ги корегира или исправи сите недостатоци кои ги поседува системот за азил на унијата а коишто станаа евидентни во изминатите години. Кога говориме за реформите на Заедничкиот систем за азил на Европската Унија нужно е да напоменеме дека постои застој во процесот на реформирање. Тој застој во голема мера се должи на политички фактори или поточно главен виновник за овој застој во процесот на реформирање не е Европската комисија туку државите кои се членки на самата унија. Во овој сегмент исто така особено значајно да се истакне дека во делот на реформите од страна на Европската Комисија беа издвоени две области на кои е неопходно да се поработи а тоа беа правичност во однос на споделувањето на одговорноста помеѓу државите членки или товарот кој треба да го носи секоја една држава членка. Практично секоја една држава која членува во Европската Унија треба да понесе и дел од одговорноста кога се во прашање бегалците или барателите на азил. Вториот сегмент пак кој беше нагласен од Европската Комисија како приоритетен аспект што мора да биде земен предвид при реформата на заедничкиот систем за азил на ЕУ беше солидарноста или поточно потребата од постоење на поголема солидарност помеѓу државите членки по прашањата поврзани со азилот и бегалците.[452] Постои некој отпор за промени во делот на регулативата и правилата кои се однесуваат на азилот односно на барателите на азил и бегалците кај државите кои партиципираат во ЕУ а токму тоа е и најголемата кочница за реформа или ремонт на целокпуниот систем на кој му е повеќе од неопходено реформирање. Постојат држави членки кои имаат повисоки стапки на баратели на азил но и такви кои немаат толку висока стапка на барања на азил. Исто така имаме држави со различни гледишта во делот на азилот и бегалците а таа разлика е особено нагласена

[450] Hatton, Timothy J. “Refugees, Asylum Seekers, and Policy in OECD Countries.” The American Economic Review, vol. 106, no. 5, 2016, pp. 441–445. (Str. 444, 445)
[451] Brekke, Jan-Paul, Røed, Marianne, & Schøne, Pål “Family Matters: The Impact of National Policies on Asylum Destinations” International Migration Review, OnlineFirst, pp. 1-30. (Str. 3)
[452] Gotsova, Boryana. “Rules Over Rights? Legal Aspects of the European Commission Recommendation for Resumption of Dublin Transfers of Asylum Seekers to Greece.” German Law Journal, Volume 20, Issue 5, 2019, pp. 637 – 659. (Str. 651)

помеѓу државите од истокот на Европа и од западот на континентот. Сето тоа придонесува да биде практично невозможно да се постигне консензус на политичко ниво по прашањата поврзани со азилот и бегалците. Неможноста да се постигне консензус по овие прашања беше највоочлива и дојде до израз во втората деценија од 21-иот век кога целиот континент беше исправен пред голем предизвик а тоа беше предизвикот со бегалците којшто ги покажа сите аномалии и сета нефункционалност на Заедничкиот систем за азил на ЕУ како и го покажа отсуството на солидарност кое постои или поточно практично покажа до кое ниво оди таа солидарност која важно е да се нагласи дека не беше на едно завидно ниво. Па така Унијата остана практично нема на апелите за реформирање на даблинскиот систем од државите кои најсериозно беа афектирани од прашањата поврзани со азилот и бегалците. Истите тие држави кои беа навистина сериозно афектирани од големи бегалски бранови не успеаа да издејствуваат да се воспостави систем во кој ќе имаме правична поделба на одговорноста во делот на азилот или барателите на азил помеѓу државите кои членуваат во Европската Унија.[453] Областа на азилот е веројатно едно од подрачјата каде е најтешко да се изнајде заеднички јазик. Се чини секоја од државите кои партиципираат во ЕУ има свој став по однос на тоа прашање и визија за тоа како тоа прашање треба да се реши што на терен создава проблеми и го усложнува градењето на заеднички став по однос на тоа прашање. Европскиот континент дефинитивно е место каде имаме разноликост на правни култури. Имено регулативата за азил во Европа може да биде сватена како еден голем мозаик кој е изграден од повеќе парчиња како меѓународното право, европското право и националното право на државите членки кое ги уредува прашањата поврзани со азилот. Имено сите тие компоненти креираат сложен мозаик на практики во делот на одлуките за азил. Кога е во прашање проблематиката со азилот доаѓа до условнокажано кршење на копјата. Практично постои условнокажано конфликт на интереси односно од една страна државите имаат право самите да одлучат која индивидуа може да пристапи на нивна територија како и која индивидуа би можела да има престој во нивната држава а од друга страна пак евидентно е присуството на потребата особено кај западниот цивилизиран свет себе си да се претстави или да биде една заедница која споделува исти вредности и којашто особен акцент става на заштитата на човековите права вклучително и на правото на азил како и на обврската за невраќање во местото каде барателите на азил или бегалците би биле изложени на прогон.[454] Системскиот или заедничкиот пристап на Унијата за прашањата поврзани со азилот има едно условнокажано подлабинско значење бидејќи истиот е тесно поврзан со кредибилитетот на Европската Унија која самата себе си се прокламира како една заедница која почива на принципот на владеење на правото и чиј императив е целосното почитување на човековите слободи и права. Имено доколку Европската Унија не успее да изнајде начин како заеднички да одговори на прашањата поврзани со азилот коишто преставуваат едни системски

[453] Bailey-Morley, Anna, and Lowe, Christina. “Current Greek Immigration System and Approach.” Public Narratives and Attitudes towards Refugees and Other Migrants: Greece Country Profile, ODI, 2023, pp. 6–10. (Str. 9)
[454] Brown, Sasha “Bordering in the archives: An investigation into a digital archive of the Irish asylum and refugee determination“ Environment and Planning C: Politics and Space, Volume 42, Issue 6, 2024, pp. 925-940. (Str. 6)

прашања кои имаат огромна важност ризикува да го загуби кредибилитетот којшто истата го поседува.[455] Практично неуспехот за усогласување на државите кои партиципираат во ЕУ во областа на азилот дефакто би го поткопал кредибилитетот на самата унија и би ги довел под знак прашалник вредностите врз кои истата таа унија почива и е установена. Всушност потфрлањето на заедничкиот систем за азил на унијата на некој начин ги подкопа и темелите односно вредностите на кои Европската Унија и нејзините членки се засноваат или почиваат. Имено во срцето на тие вредности е почитувањето на основните човекови слободи и права или поконкретно Унијата е еден простор каде од клучно значење е токму почитувањето на човековите слободи и права па во таа насока регулативата за азил е креирана на таков начин во целост да ги почитува човековите права и да ги хармонизира правилата за азил односно националните законодаства кои се бават со таа проблематика и во таа насока беше создаден и Заедничкиот систем за азил на Унијата. Сепак тој систем во изминатите години покажа дека има безброј пукнатини кои повеќе од неопходно е да се санираат. [456] Кога говориме за хармонизацијата и унификација на регулативата или законодавството за азил на Европската Унија важно е да нагласиме дека беше оставена широка слобода за начинот на кој државите членки на унијата ќе го имплементираат тоа законодаство во своите национални системи. Сето тоа создаде терен да дојде до кршење на некои права утврдени со регулативата или законодавството на Европската Унија за азил од страна на националните етнитети односно од државите членки. За тие прекршувања говори и практиката на Судот на правдата на Европската Унија.[457] Практично дискреционото право за тоа на кој начин регулативата на ЕУ во делот на азилот ќе биде имплементирана е еден од главните хендикепи и аномалии на режимот за бегалци на ЕУ од проста причина што истиот доведува до непочитување или повреда на одредени права на барателите на азил односно на бегалската популација. За жал ниту последиците од големата криза односно од големиот бегалски бран кој затропа на вратите на Европаската Унија во втората деценија од 21-виот век не успеаа во тоа да продуцираат поголеми промени и да допринесат да дојде до поголема реформа или еден поголем ремонт на Заедничкиот систем за азил на Европската Унија.[458] Всушност дури ни самите тектонски поместувања што буквално со една силна нескротлива сила ја потресоа ЕУ и целиот европски континент не успеаа условнокажано да доведат до радикална промена во насока на обезбедување на поголеми промени во делот или областа на азилот и бегалците односно во делот на политиките во однос на тие сегменти. Потребата од реформа е

[455] Tsourdi, Evangelia (Lilian), and Cathryn Costello. "'Systemic Violations' in EU Asylum Law: Cover or Catalyst?" German Law Journal, Volume 24, Special Issue 6: The Systemic and the Particular in European Law, September 2023, pp. 982 – 994. (Str. 982)
[456] Lang, Iris Goldner. "THE EUROPEAN UNION AND MIGRATION: AN INTERPLAY OF NATIONAL, REGIONAL, AND INTERNATIONAL LAW." AJIL Unbound, vol. 111, 2017, pp. 509–513. (Str. 512)
[457] Tsourdi, Evangelia (Lilian), and Cathryn Costello. "'Systemic Violations' in EU Asylum Law: Cover or Catalyst?" German Law Journal, Volume 24, Special Issue 6: The Systemic and the Particular in European Law, September 2023, pp. 982 – 994. (Str. 989)
[458] Schimmelfennig, Frank, & Winzen, Thomas "Cascading opt-outs? The effect of the Euro and migration crises on differentiated integration in the European Union" European Union Politics, Volume 24, Issue 1, 2023, pp. 21-41. (Str. 23)

евидентна од поодамна. Имено даблинскиот систем како и Заедничкиот систем за азил на ЕУ беа мета на критки и постои еден силен притисок истите тие да се реформираат. Истиот тој притисок за реформа или за ремонт на целокупниот систем како одминува времето станува се поголем и поголем.[459] Системот се покажа дека не е во состојба да ја заврши својата задача и да биде на висина на задачата па од таа причина неизбежана е реформа. Всушност иницијалната идеја за создавањето на Заедничкиот систем за азил на ЕУ беше да се храмонизираат и унифицираат правилата за азил како и да се уредат процедурите и да се подобри пристапот до азил. Воедно идејата со креацијата на тој систем беше да се зголеми нивото на солидарност како и да се подели товарот помеѓу сите држави кои членуваат во Унијата. Сепак за жал истиот тој систем од кој даблинската регулатива е исклучително битен сегмент во пракса во голема мера се сведе само на обид да се спречи односно спречат „секундарните движења".[460] На некој начин системот не успева да одговори на целите за којшто истиот е создаден а даблинската регулатива е поприлично проблематичен сегмент кој неопходно е да биде предмет на реформирање. Кога ќе се спомене заедничкиот систем за азил најчесто најголем дел од јавноста мисли на даблинскиот режим или поточно на даблинската регулатива која е всушност најпознатиот сегмент од целокупниот систем кој го чини Заедничкиот систем за азил на Европската Унија. Критиките упатени на адреса на даблинскиот режим се во насока на тоа што истиот воопшто не го почитува принципот на солидарност со оглед на тоа што истиот тој систем не предвидува начини за тоа како да се подели товарот односно како барателите на азил да бидат прераспределени и исто така критиките одат во насока на тоа дека целокупниот даблински систем многу пати потфрла односно истиот не е функционален или на ниво на задачата.[461] Постоеше условнокажано тенденција кај раководните структури на Европската Унија да ја префрлат одговорноста или да го префрлат товарот околу миграционите прашања или истите да ги екстранилизираат на трети субјеки. За жал потезите што ги влечеше Унијата беа токму во таа насока наместо истите да бидат фокусирани на креација на еден режим за азил на унијата кој ќе биде полноправен како и кој ќе се фокусира на тоа Заедничкиот систем за азил на Унијата како и Даблинската регулатива да подлежат на ремонт или реформа.[462] Практично Унијата се обидува да го префрли проблемот наместо да ги засука ракавите и да се соочи со проблемите односно да одговори на предизвиците. Токму во таа насока беше и соработката со државите од северот на Африка. Имено зад паравнот се крише задколисната и донекаде лицемерна игра на Европската Унија на истите тие држави да им ја префрли одговорноста за барањата за азил но и за безбедноста на границите. ЕУ всушност условнокажано се обиде проблемите поврзани со бегалците да им ги пренесе на тие држави и да ги екстарнилизира

[459] Fine, Shoshana, and Torreblanca, José Ignacio. BORDER GAMES: HAS SPAIN FOUND AN ANSWER TO THE POPULIST CHALLENGE ON MIGRATION? European Council on Foreign Relations, 2019. (Str. 8)
[460] Ibid (Str. 10)
[461] Müller, Andreas Th., and Oberprantacher, Andreas. "Austria Bordering Europe: Bordering Europe: Blocking and Brokering Routes Amid a Manifold Crisis." Migration in Austria, edited by Günter Bischof and Dirk Rupnow, vol. 26, University of New Orleans Press, 2017, pp. 217–242. (Str. 237)
[462] Şenyuva, Özgehan. Turkey's Two-Level Game in the Refugee Dispute with the EU. German Marshall Fund of the United States, 2020. (Str. 3)

проблемите поврзани со азилот.[463] Со префрлање на топката и обид за бегство од одговорноста унијата преку префрлање на истата на други држави се обидуваше да го реши проблемот со бегалците. Заедничката соработка со трети држави беше условнокажано последица на неможноста на државите на Европската Унија која преставува една заедница на моќни држави да одговорат адекватно на кризата со бегалците која го зафати Европскиот континент и со кој се соочи унијата кон средината на втората деценија од 21-иот век. Имено токму тоа ја поттикна унијата лекот за настанатата ситуација да го бара или гледа во трети држави коишто беа одговорни да спроведат силни контроли на границите.[464] Она што беше односно стана кристално јасно беше тоа дека на Заедничкиот систем за азил на ЕУ му е очајно неопходна реформа а се со цел и во насока на тоа да постои распределба на сите одговорности на еден правилен односно избалансиран начин. Токму за оваа потреба од реформа јасно се говореше уште во 2017-тата година а истиот тој став беше потврден и во 2019-тата година. Се наметнаа повеќе прашања од тоа по кој пат треба да се усмери Европската Комисија па до прашањето за поврат на трансферите направени според даблинската регулатива.[465] Всушност она што се детектира како еден мошне голем проблем е тоа што Заедничкиот систем за азил на ЕУ не поседува тело кое ќе има еден наднационален карактер како и едно наднационално тело кое ќе биде одговорно за менаџирање на границите. Од такво едно тело се очекува да овозможи еден кординиран интегративен одговор на кризната ситуација со бегалците или пак да го олесни интегририраниот пристап или одговор преку вршење на притисок.[466] Еден од клучните сегменти кои имаа потреба од реформа беше токму менаџирањето на границите на унијата. Ова прашања беше од особена важност па токму затоа Европската Комисија даде свои предлози за реформа во кои особено беше нагласена важноста од реформа на контролата на границите односно на начинот на нивното менаџирање или поконкретно реформирање на Фронтекс и засилување на неговите капацитети преку дополнителен персонал од 10 000 луѓе кои ќе бидат задолжени за спроведувањето на контролата на границите а се со цел и во насока на подобрување на целокупното интегрирано гранично управување.[467] Практично подоброто менаџирање на границите би значело подобро менаџирање на мигрантските и бегалските бранови токму затоа тоа е прашање со огромна важност и е на самиот врв на приоритетите коишто ги има ЕУ. Отежнатиот пристап до азил на европскиот континент или неможноста на голем број на лица за пристап и за остварување на тоа свое право на

[463] Fine, Shoshana. ALL AT SEA: EUROPE’S CRISIS OF SOLIDARITY ON MIGRATION. European Council on Foreign Relations, 2019. (Str. 5)

[464] Estifanos, Yordanos S., and Freeman, Laura “Shifts in the Trend and Nature of Migration in the Ethiopia-South Africa Migration Corridor.” Zanj: The Journal of Critical Global South Studies, vol. 5, no. 1/2, 2022, pp. 59–75. (Str. 59)

[465] Gotsova, Boryana. “Rules Over Rights? Legal Aspects of the European Commission Recommendation for Resumption of Dublin Transfers of Asylum Seekers to Greece.” German Law Journal, Volume 20, Issue 5, 2019, pp. 637 – 659. (Str. 650, 651)

[466] Schimmelfennig, Frank, & Winzen, Thomas “Cascading opt-outs? The effect of the Euro and migration crises on differentiated integration in the European Union” European Union Politics, Volume 24, Issue 1, 2023, pp. 21-41. (Str.25)

[467] Fine, Shoshana, and Torreblanca, José Ignacio. BORDER GAMES: HAS SPAIN FOUND AN ANSWER TO THE POPULIST CHALLENGE ON MIGRATION? European Council on Foreign Relations, 2019. (Str. 10)

континентот носи свои последици. Имено како резултат на тоа се зголемува процентот на илегалната миграција и на кримичарењето односно шверцот на бегалци по морски пат но и по копнен пат. Всушност најголем дел од бегалците самите илегално мигрираат но голем дел се исто така и дел од шверцерските мрежи или поточно жртви на истите тие мрежи. Што се однесува пак до легалната миграција важно е да се нагласи дека истата е на едно ниво кое е во голема мера мало. Оние бегалци кои легално мигрираат најчесто тоа го прават авионски или со некој друг превозник којшто е официјален. Всушност постои условно кажано недостиг на правни можности за бегалците а единствен исклучок се само одредени програми за преселување кои се имплементирани од одредени држави членки и кои се единствените механизми од тој калибар.[468]Имено покрај прашањето на контролата на границите друго прашање кое е поприлчино значајно и на кое унијата мора да се фокусира и да го адресира е прашањето на кримичарењето на мигранти и бегалци. Тоа прашање навистина е алармантно и бара сериозна посветеност и ангажираност во насока не превенција и спречување на таквите кримичарења или појави. Воедно неопходно е зголемување на механизмите кои им нудат можност на бегалците истите да мигрираат по легален пат и со самото тоа да се зголеми нивото на легалната миграција а нелегалната да се намали или пак целосно елеминира. Таа нелегална миграција со себе донесе и многу жртви. Имено премините во медитеранот коишто беа правени со превозни средства кои не можеа да се оквалификуваат како безбедни и сигурни доведоа до загуба на човечки животи а добар дел од тие кои успеаа некако да го преживеат ризичното патување беа изложени на злоупотреби одкако ќе пристигнеа на европско тло. Добар дел од тие што го преживеаа ризичното патување исто така беа запоставени. Најголем процент од бегалците како и мигрантите кои го преоѓаа медитеранот доаѓаа од Африканскиот континент. Всушност огромен број на бегалци од Африка се обидуваа да го најдат светлото на крајот од тунелот и да се спасат од прогон како и од војните. Што се однесува пак до мигранитите или како што некаде во теоријата се реферираат како економски мигранти се обидуваа да го најдат спасот од сиромаштијата и гледајќи надеж за некоја подобра иднина тргнаа на еден опасен пат преку медитеранот а се со цел и во насока на тоа да стасаат до европското тло каде има богати држави кои им нудат надеж за една многу посветла иднина. Воедно во овој сегмент важно е да се нагласи дека овие бегалски и мигрантски бранови се случија во период во кој во Европа постоеше една поприлично голема поларизација.[469] Соодветното адресирање на прашањето поврзано со кримичарењето на мигранти и бегалци исто така е од огромно значење примарно поради тоа што само со соодветно адресирање на тоа прашање ќе се спречат натамошни трагедии и губење на животи на припадници на бегалската популација. Беше нагласена потребата од подобрување на процесирањето на барањата за азил и од забрзување на процедурите односно на постапките. Воедно се наметна и потреба

[468] Brandl, Ulrike & Strohal, Christian and Kieber, Stefan “Violeta Moreno-Lax: Accessing Asylum in Europe, Oxford Studies in European Law.” European Yearbook on Human Rights 2018. Ed. Benedek, Wolfgang & Czech, Philip & Heschl, Lisa & Lukas, Karin & NowakIntersentia, Manfred, 2018, pp. 609–612. Print. (Str. 610)

[469] Haugerud, Angelique. “Public Anthropology in 2015: ‘Charlie Hebdo’, Black Lives Matter, Migrants, and More.” American Anthropologist, vol. 118, no. 3, 2016, pp. 585–601. (Str. 589)

за олеснување на планирањето на унијата а во насока на тоа да се подобри одговорот. Имено унијата на некој начин беше поучена од минатите искуства кои покажаа дека бегалските бранови можат да бидат масивни како и истите да траат едно подолго време. Токму тоа го вклучи алармот за потребата од реформи кај етнитетите задолжени за креација на политиките на европско како и на национално ниво.[470] Побрзи и ефикасни постапки за азил се една од најзначајните цели на унијата а подобрувањето на ефикасноста на овие постапки е во насока на обезбедување на еден подобар и похуман третман на барателите на азил и на бегалците. Беа дадени серија на предлози во насока на реформа на Заедничкиот систем за азил на Европската Унија како и на даблинската регулатива. Всушност горливиот проблем на непостоењето на рамнотежа во распределбата на бегалците или поточно барателите на азил кои беа навистина во еден поприлично голем број креираа конфликт помеѓу државите коишто партиципираат во Европската Унија. Имено во насока на решавање на тој горлив проблем беа дадени повеќе предлози од страна на Европската Комисија. Еден од предлозите беше да се воспостави механизам за корективна распределба којшто би бил активиран во оние случаеви кога одредена држава членка ќе се соочи со огромен број на барања за азил или со број кој е непропорционален. Според овој предложен механизам од Европската Комисија секоја една држава членка која би одбила да сподели дел од одговорноста односно од товарот и да превземе дел од барателите на азил и на тој начин да им помогне на оние држави кои се условнокажано преплавени со барања за азил би била приморна да даде сооодветен паричен надоместок односно истата би требало да плати по 250.000 евра за секој еден барател којштo го нема прифатено.[471] Прашање кое не може во ниеден случај да се избегне и да остане неадресирано е прашањето на одговорноста или поточно на поделбата на истата. Токму тоа прашање ќе остане да биде каменот на сопнување во процесот на градење на еден правичен и целосно хармонизиран систем или режим за азил на ниво на Унијата. Практично се додека не се обрне внимание и не се реши тоа прашање системот ќе потфрла. Едноставно не е возможно само неколку држави да акомулираат и интегрираат огромен број на бегалци. Тоа што ги прави работите во голема мера комлексни е дека штом еднаш се воспостави државата кој е одговорна да го процесира барањето за азил не постои можност таа одговорност да биде пренесена на друга држава која е дел од Европската Унија. Тоа во практиката би значело дека доколку еден бегалец поднесе ново барање за азил во некоја друга држава членка на унијата која е различна од првата држава членка каде истиот веќе поднел барање за азил неговото барање не би било процесирано и истиот би бил вратен во првата држава членка кадешто истиот поднел барање за азил. Всушност не постои правен механизам за еден легален трансфер или транзит на барател на азил од една држава членка на унијата во друга па како резултат на сето тоа имаме една голема нееднаквост помеѓу државите членки односно истите се нееднакво оптеретени во

[470] Napierała, Joanna & Hilton, Jason & Forster, Jonathan J., Carammia, Marcello & Bijak, Jakub “Toward an Early Warning System for Monitoring Asylum-Related Migration Flows in Europe” International Migration Review, Volume 56, Issue 1, 2022, pp. 33-62. (Str. 35)

[471] Cappelen, Cornelius Wright & Sicakkan, Hakan G. & Van Wolleghem, Pierre Georges “The trade-off between admitting and paying: Experimental evidence on attitudes towards asylum responsibility-sharing” European Union Politics, Volume 24, Issue 3, 2023, pp. 470-493. (Str. 471, 472)

поглед на барањата за азил и бегалците.[472] Токму затоа е неопходна реформа во тој дел и овозможување на легален трансвер како и прифаќање и процесирање на барањата за азил од друг држава членка или поточно од државата членка која не е првата држава каде барателот на азил го поднел своето барање. Но наместо една таква реформа која е евидентно дека е повеќе од неопходна реформите на ЕУ тргнаа во една друга малку поинаква насока. Она што некако се провлекува во изминатиот период како и повеќе години наназад а што е евидентно во постапките на Европската Унија е обид да се трансферира одговорноста на трети страни. Па токму во таа насока беа и предложените реформи. Всушност предлозите за реформирање на Даблиснкиот систем беа во насока на тоа да се процени дали постои недозволивост. Тоа всушност практично значи дека согласно предложените реформи ќе биде неопходно да се направи проверка на тоа дали лицето кое побарало признавање на правото на азил и на статусот на бегалец претходно поминало или транзитирало низ некоја трета држава која е оквалификувана како безбедна. Согласно предложените реформи на лице кое ќе побара азил или признавање на статусот на бегалец во некој од државите членки на Европската унија не би му било процесирано барањето на азил односно истото не би било прифатено и тоа лице би било вратено во онаа трета држава која е оквалификувана како безбедна и во која истото тоа лице или барателот претходно поминал или транзитирал за да истото поднесе барање за азил во таа трета држава која е оквалификувана како безбедна земја.[473] Практично тоа е во насока на обидот за префрлање на одговорноста на трети страни или префрлање на топката надвор од ЕУ за што и претходно говоревме и елаборирaвме. Она што се наметнува како клучно за решавање се два поприлично значајни проблеми. Всушност големиот бран на бегалци и мигранти којшто беше карактеристика изминатиот период наметна потреба да се адресираат два исклучително значајни проблеми. Имено првиот проблем или предизвик на кој е особено значајно да се најде решение и соодветно да се адресира е прашањето на распределбата на барателите на азил односно на бегалците додека пак второто прашање кое е од суштинска важност и на кое треба да се обрне посебно внимание е прашањето на идентификацијата односно нужно се наметнува потребата да се изгради систем или капацитет за идентификација кој ќе овозможи брзо и ефективно идентификување а во насока на тоа да се обезбеди навремено идентификување на сите оние индивидуи на кои им е неопходна меѓународна заштита и помош.[474] Процесот на реформи започна во 2016-тата година. Тоа вусшност беше годината кога на ЕУ и стана кристално јасно дека нешто мора да се менува и дека работите и не функционираат баш онака како што се очекува и како што е замислено. Таа година унијата јасно го изрази својот став и подготвеност да го реформира Заедничкиот систем за азил на Европската Унија. Две години подоцна или поточно во месец јуни 2018-тата година беше дефинирано и тоа во која насока ќе бидат

[472] Müller, Andreas Th., and Oberprantacher, Andreas. "Austria Bordering Europe: Bordering Europe: Blocking and Brokering Routes Amid a Manifold Crisis." Migration in Austria, edited by Günter Bischof and Dirk Rupnow, vol. 26, University of New Orleans Press, 2017, pp. 217–242. (Str. 237, 238)
[473] Fine, Shoshana. ALL AT SEA: EUROPE'S CRISIS OF SOLIDARITY ON MIGRATION. European Council on Foreign Relations, 2019. (Str. 14)
[474] https://www.robert-schuman.eu/en/european-issues/0400-what-type-ofreform-of-the-common-european-asylum-regime-are-we-heading-toward

реформите односно што е од особено значење да се реформира или промени. Па така беше решено дека клучни нешта на што ќе се обрне внимание и на што реформите ќе бидат фокусирани дека се промена на даблинскиот систем или на даблинската регулатива која одредени држави членки на унијата ги ставаше во една многу неповолна позиција односно ги доведуваше во ситуација истите да бидат условнокажано преплавени со бегалци и истите да мора самостојно да одговорат односно да ги примат истите тие бегалци кои пак доаѓаа во големи броеви или бранови. Друг сегмент на којшто беше решено дека мора да се посвети внимание и да почне да се работи беше унификацијата на постапките за азил како и на критериумите за прием на бегалците. Всушност намерата на унијата со овие реформи беше условнокажано да го спречи или пак барем да придонесе за тоа движењата на бегалците од една држава на унијата во друга односно секундарните движења да се намалат. Имено во таа насока беа сите нови предложени правила односно целта практично беше да се искристализираат критериумите за прием како и процедурите.[475] Предложените реформи беа повеќе од неопходни и истите беа во насока на тоа да не се доведе под знак прашалник Шенген системот како и Заедничкиот систем за азил на Европската Унија. Имено Европскиот Совет уште во јуни 2018-тата година оцени и процени дека доколку не се спречат секундарните движења или движењата од една држава членка во друга на барателите на азил целиот Заеднички систем за азил како и Шенген системот можат да бидат значајно загрозени односно да биде доведен под знак прашалник нивниот интегритет.[476] На Европската Унија практично и стана јасно дека ако не превземе нешто во насока на реформа дека ризикува целокупниот систем или поточно системите на ЕУ како Шенген и системот за азил да крахираат. Обидите за реформа не се нешто ново всушност уште во минатото постоеа бројни обиди во таа насока. Имено Европската Комисија заедно со Европскиот Парламент како и самите држави членки на унијата превземаа чекори во насока на тоа да се обидат Заедничкиот систем за азил на унијата да го реформираат или променат односно да ги отстранат сите недостатоци и проблеми кои истиот тој ги поседува.[477] Не требаше долго време за аномалиите на системот да испливаат на површина. Всушност од самиот почеток односно од креацијата на Заедничкиот систем за азил на Европската Унија критичарите го критикуваа истиот тој систем и посочуваа на аномалиите на истиот тој систем. Практично брановите на бегалци чиј интензитет и обем беше навистина голем дотолку повеќе ја влошија ситуацијата и ги нагласија сите аномалии на системот. Критичарите како една од клучните аномалии коишто ги посочуваат беше лимитираноста на унификацијата или хармонизацијата. Имено според истите грешна е перцепцијата дека Заедничкиот систем за азил на ЕУ е една единствена целина односно според нивните тврдења станува за збор за 28 поеднични национални режими за азил кои не се на исто рамниште на усогласеност односно едните имаат поголемо ниво на усогласеност додека пак другите имаат помало ниво

[475] Fóti, Klára "The role of the EU in integrating asylum-seekers and refugees: limitations and opportunities"Transfer: European Review of Labour and Research, Volume 25, Issue 1, 2019, pp. 121-129. (Str. 123)
[476] https://www.epc.eu/content/publications/7_CEAS.pdf
[477] https://www.boell.de/en/2024/04/29/protecting-refugees-europe-weakened-today-hollowed-out-tomorrow

на усогласеност. Друг поприлично крупен недостаток на Заедничкиот систем за азил на ЕУ или негова аномалија којашто се посочува и за која говорат критичарите е евидентното разидување во степенот на имплементација. Всушност критичарите говорат дека ако се спореди една држава членка со друга на површината ќе испливаат разликите кои настапуваат во делот на имплементацијата. Според истите критичари правната регулатива на унијата која ја регулира материјата на азил различно се применува во практиката или поточно се имплементира на различен начин во државите кои членуваат во Европската Унија. Друга евидентна аномалија за која гласно се говори е отпорноста односно неотпорноста на стрес. Според критичарите се покажа дека системот потфрла кога се соочува со бранови на бегалци од поголем обем а друг проблематичен сегмент што е подеднакво важен и што се покажа како камен на спонување и како рак рана на системот беше и немањето на еднаквост во дистрибуцијата на бегалците или барателите на азил односно тоа што многу пати се споменува и што условнокажано е најнагласената аномалија на заедничкиот систем за азил на Европската Унија е токму нееднаквоста во делот на поделбата на одговорноста и отсуството на правичност во тој дел. [478] Она што се обидоа државите на унијата да направат е да му пристапат на проблемот и да го решат уште пред тој да се случи или поточно кажано во корен да го решат проблемот односно да влијаат на изворот на проблемот. Практично унијата се обиде преку серија на алатки и механизми да влијае на сите оние фактори кои имаат свој придонес за креирање на несигурност како и нестаблиност и кои продуцираат бегалски како и миграциони бранови од калибар кој знае да биде од поголем обем. Всушност политиките во делот на азилот и миграцијата на ниво на унијата се токму во насока на елеминирање на проблемот уште пред истиот тој да настапи. Механизмите и алатките кои ги користи унијата токму за реализација на погоренаведената мисија или за спречување на бегалски како и на миграциони бранови од поголем калибар опфаќаа дипломатски активности од еден превентивен карактер којшто се спроведуваа на сите нивоа односно од национално ниво па малку пошироко на регионално ниво како и општо генерално на меѓународно ниво. Исто така друга алатка која унијата ја користи и која е во насока на сузбивање на бегалските и миграционите бранови во нивниот корен е прибирањето на релевантни податоци и нивна анализа како и прибирање на тие податоци со една адекватна брзина односно што порано и навремено а во насока на навремено информирање и добивање на една јасна слика за она што може да следува па следствено на тоа да се знае и какви дејствија ќе биде неопходно да се превземат.[479] Поедноставно кажано унијата се обидуваше да ги превенира проблемите како и подобро да се подготви за потенцијалните проблеми односно за проблемите кои има потенцијал да настапат и кои може да ги детектира благодарение на пристапот до релевантни информации и податоци. Она што стана особено евидентно беше едно нешто кое на сите им паѓаше во очи и едноставно го одвлекуваше вниманието

[478] https://www.icmpd.org/news/archive/reforming-europe-s-common-asylum-system-will-member-states-back-it

[479] Furuseth, Rita. "From Perceptions to Policy: The European Union's Common Asylum and Immigration Policy." Creating Security through Immigration Control: An Analysis of European Immigration Discourse and the Development towards a Common EU Asylum and Immigration Policy, Norwegian Institute of International Affairs (NUPI), 2003, pp. 65–88. (Str. 71)

а тоа беше фактот што одредени држави членки беа далеку попривлечни и примамливи за бегалците од некои други држави членки. Тоа во голема мера се должеше на различните нивоа на дарежливост односно на бенефитите кои секоја една од државите членки им ги нудеше на бегалците. Поедноставно кажано имаше големи разлики во делот на условите кои им се нудат на бегалците од една во друга држава членка а исто така имаше и евидентни разлики во делот на процедурите. Тоа што се случуваше како последица на сето тоа или она што беше плод токму на таа разноликост беше токму зголемувањето на секундарните движења на бегалската популација која се насочи само кон неколку држави членки кои може да се каже дека беа условнокажано подарежливи во делот на бенефитите. Она што исто така се јавува како голем проблем и што е исто така поприлично евидентна појава е разликата што постои во делот на одобрувањето на барањата на азил односно процентот на позитивно одговорени и негативно одговорени барања. Најгласните повици за реформи всушност дојдоа кон средината на втората деценија на 21виот век кога потребите за реформи станаа повеќе од очигледни. Во тој период огромен број на недостатоции испливаа на површината. Ситуацијата во тој период навистина беше драматична. Имено имаше држави на Европската Унија кои беа условнокажано преплавени со бегалци. Ситуацијата беше најдрматична кај јужните држави членки како Грција, Италија, Шпанија итн. Сето тоа практично беше плод на усвоената правна регулатива поточно на правилата воспоставени со даблинската регулатива. Покрај тоа во тој период евидентно беше и уназадување или влошување и во други сегменти на Заедничкиот систем за азил на Европската Унија.[480] Иницијалните чекори во насока на реформа на Заедничкиот систем за азил на Европската Унија беа превземени во 2016-тата година во месец април од страна на Европската Комисија која тргна на патот да креира или да изгради еден заеднички систем за азил во кој ќе има подлеба на одговорноста помеѓу сите држави кои партиципираат во Европската Унија во однос на бегалската популација. Во насока на реформа на заедничкиот систем за азил исто така беа превземени и други дополнителни чекори како подобрување на одбрамбените капацитети во медитеранот што е особено значаен сегмент од заедничката безбедносна и одбрамбена политика на унијата како и зацврстување на позицијата на Европол а се со цел и во насока на тоа да се уништи во корен кримичарењето на луѓе.[481] Реформите беа нужни и неопходни па во таа насока Европската Комисија имаше агенда за една целосна реформа на Заедничкиот систем за азил на ЕУ како и реформа која ќе биде од еден долгорочен карактер. Всушност беше покрената дебата уште во 2016-тата година во месец април и се дискутираше за тоа што треба да се реформира и како тоа треба да се изведе или направи. Беа дадени два предлози од страна на Комисијата кои во глобала беа фокусирани на реформирање или промена на даблинскиот систем или на даблинската регулатива. Според првиот предлог за реформа даблинската регулатива таква каква што е ќе треба да биде надоградена со механизам за правичност. Имено тоа што беше замислено со оваа реформа беше во сите оние ситуации кога имаме одредена држава членка која е

[480] https://www.bertelsmann-stiftung.de/en/our-projects/making-fair-migration-a-reality/projektnachrichten/the-common-european-asylum-system-ceas
[481] Gursch-Adam, Ruth & Benková, Lívia "The Impact of Demographic Developments in Africa on Europe" European View, Volume 15, Issue 2, 2016, pp.291-304. (Str. 296)

условнокажано преплавена со бегалци или поточно кога истата има барања за азил или бегалци во број кој е за 1,5 пати поголем од она што вообичаено би било нормално или што би се сметало за разумен број би бил повлечен или активиран токму погоренаведениот механизам. Вториот предлог за реформа на Заедничкиот систем за азил на унијата од страна на Европската Комисија предвидуваше една малку порадикална реформа односно целосно напуштање на тековниот даблински систем или комплетна реформа на даблинската регулатива што во практиката би значело поделба на одговорноста односно распределување на барателите на азил или на лицата кои имаат потреба од меѓународна заштита помеѓу државите членки што пак ќе биде раководено или под палката на една централна управа на унијата задолжена за прашањата поврзани со азилот и миграцијата.[482] Раздвижувањето во делот на миграцијата и големите бегаласки бранови кои ја погодија Европа кон средината на втората деценија од 21-виот век или поточно летото 2015-та го трасираа патот за реформи. Имено токму ваквите случувања ги разбудија или ги алармираа европските политичари што пак го поплочи патот за предлогот за реформа на Заедничкиот систем за азил на унијата кој дојде само една година подоцна и беше предложен од страна на тогашниот претседател на Европската Комсија Жан-Клод Јункер. Сепак преговорите за реформирање не течеа толку мазно односно истите беа условнокажано закочени и стагнираа. Оваа стагнација беше надмината во 2020-тата година со нов возобновен реформски пакет спакуван како една целина и именуван како нов пакт за миграција и азил. Истиот тој пакт презентиран од Урсула фон дер Лајен ја смени сликата на теренот и беше еден нов моментум во однос на политиките за азил на унијата и на Брисел.[483] Она што се воспостави со реформскиот пакет и што беше најзначајна промена во делот на азилот и миграцијата или поточно на Заедничкиот систем за азил на Европската Унија беа токму промените во насока на тоа да се сопре нелегалната миграција. Всушност во 2023-тата година во месец декември или поточно на 20-ти декември беше постигнат договор од страна на Европскиот Совет како и на Европскиот Парламент во едни преговори каркатеристични по својот голем притисок и во кои доминираа и победа издвојуваа во голема мера ставовите на Европскиот Совет. Отакако истиот овој реформски пакет ќе биде ефективен односно на сила ќе настапи една цела серија или плеада на промени во делот на азилот и миграцијата. Истите тие промени во голема мера ќе ги афактираат односно ќе имаат влијание на барателите на азил како и на самите држави членки.[484] Со реформскиот пакт имаше едно прашање кое некако успеа да се постави токму во епицентарот на севкупните реформи а тоа беше токму реформата на граничните процедури или на надворешните граници на Европската Унија.[485] Прашањето на контролата на границите слободно може да се каже дека го зазема пиедесталот и се позиционира на самиот врв на реформската агенда. Конечното ефектуирање на реформскиот

[482] Krause, Christina, and Wientzek, Olaf. Lessons from the Stress Test.: What the EU Has Learned – and Still Needs to Learn – from the Refugee Crisis. Konrad Adenauer Stiftung, 2017. (Str. 11)
[483] https://eu-renew.eu/dismantling-of-refugee-protection-the-reform-of-the-common-european-asylum-system/
[484] https://www.boell.de/en/2024/04/29/protecting-refugees-europe-weakened-today-hollowed-out-tomorrow
[485] https://eu-renew.eu/dismantling-of-refugee-protection-the-reform-of-the-common-european-asylum-system/

пакет или практично неговото усвојување или прифаќање се случи дури во 2024-тата година во месец април или поточно на 10-ти април истата таа година. Сето тоа се случи без одлед на тоа што импозантен број на организации од невладиниот сектор меѓу кои и Меѓународниот комитет за спасување изразија соменж дека ќе дојде до потпишување на конечен договор. Имено на 10 април 2024-тата година беше усвоен реформскиот пакт од страна на Европскиот Параламент. Истиот тој пакт именуван како пакт на ЕУ за миграција и азил беше усвоен од Европскиот Парламент после долготраен и исцрпен процес на преговори.[486] Патот до носење на овој реформски пакет или поточно пакт насловен како Нов пакт за миграција и азил навистина не беше лесен. Всушност на неговото донесување во 2024-тата година му претходеа преговори кои траеја подолго време нешто приближно на една цела деценија или поточно осум години. Со овој реформски пакет заедничкиот систем за азил на унијата беше предвидено да опфати мноштво на инструменти кои уредуваат повеќе сементи во делот на азилот или поточно во делот на процедурите за азил. Во реформскиот пакет или поточно пакт односно како што е насловен нов пакт за миграција и азил се дефинираше кој може а кој не може да се смета за бегалец односно беше донесена регулатива за квалификација. Со оваа регулатива исто така се утврдуваше и што откако едно лице ќе добие меѓународна заштита или бегалски статус. Дополнително на тоа беа донесени регулатива за процедурите за азил како и директива за прием. Со регулативата за процедурите за азил беа уредени процедурите за оценување на барањата за азил додека пак со директивата за прием беше детерминирано кои права им следат на барателите на азил додека нивното барање за признавање на правото на азил и доделување на статус на бегалец не биде окончано. Исто така дел од овој реформски пакт односно од новиот пакт за миграција и азил беше и регулативата за управување со азил и миграција која ја утврдува надлежноста или утврдува која држава членка на унијата е надлежна да го оценува барањето за азил како и да му обезбеди заштита на лицето на кое ќе му се признае правото на азил и статусот на бегалец.[487] Реформскиот пакет или поточно реформскиот пакт насловен како Нов пакт за миграција и азил на Европската унија се очекува да има позитивен импакт во повеќе сегменти. Примарно се очекува истиот да придонесе за подобро менаџирање на надворешните граници на унијата како и да придонесе процедурите во делот на азилот како и на враќањето на барателите на азил да бидат ефективни. Новиот пакт за миграција и азил се очекува во голема мера да ја подобри заштита на барателите на азил односно да ги заштити нивните права. Со Новиот пакт за миграција очекувањата се ниту една држава членка да не биде оставена на цедило и самата да го сноси товарот на бегалските и миграционите бранови односно истиот тој пакт предвидува етаблирање на принципот на солидарност. Новиот пакт за миграција кој беше усвоен во 2024-тата година во месец мај од страна на Советот на ЕУ всушност содржи десет акти или регулативи со кои се уредуваат повеќе аспекти.[488] Сепак и покрај бројните позитивни ефекти кои се очекуваат од Новиот пакт за миграција постојат критичари кои веруваат дека истиот ќе донесе и одредени негативни ефекти. Имено според постоечките критики за истиот пакт постојат аномалии во новиот систем за азил и

[486] https://www.rescue.org/eu/article/what-eu-pact-migration-and-asylum
[487] https://rsaegean.org/en/category/common-european-asylum-system/
[488] https://intermin.fi/en/areas-of-expertise/migration/common-eu-asylum-system

миграција на Европската унија. Според критичарите новиот пакт за азил и миграција може да доведе и до повреди на човековите права односно до прекршување на истите тие права на европските граници. Воедно не се очекува дека реформскиот пакт или Новиот пакт за миграција и азил да допринесе до тоа да се намали товарот на државите кои се условнокажано во првите борбени редови односно кои се најмногу изложени на притисок од бегалските и миграционите бранови.[489] Новиот пакт за миграција и азил на Европската Унија е условнокажано прилика и можност за Европската Унија односно за нејзините членки во целост да се хармонизираат со правото на унијата кое ја уредува оваа материја како и со обврската во целост да ги штитат и почитуваат човековите права на што се обврзани со меѓународното право но и според принципите кои се дел од европската регулатива или поточно од општиот дел на истата таа регулатива. [490] Реформата на заедничкиот систем за азил на ЕУ некако во голема мера не е навремена. Она што е едвидентно и повеќе од сигурно е дека проблематиката поврзана со азилот и миграцијата ќе продолжи да биде една од најжешките теми и најтешките проблеми со кои целиот европски континент ќе биде соочен и во иднина. Неопходно е практичната имплементација на Заедничкиот систем за азил како и соодветно штитење на Шенген зоната за што пак примарно е неопходно да постои добро менаџирање на границите или поточно кажано заштита на надворешните граници на унијата кои мора да ефективно заштитени. Воедно за да имаме ефективна имплементација на Заедничкиот систем за азил на ЕУ како и заштита на Шенген зоната неопходно е и оние лица од трети држави кои не ги исполнуваат критериумите да бидат вратени назад односно политиката за враќање да биде ефикасна и да не дозволи истите тие лица да можат да останат во унијата.[491] Постои некоја условнокажано одбивност кај популацијата кога е во прашање азилот и миграцијата. Токму азилот и миграцијата се нешто што е причина за загриженост кај граѓаните на државите членки на Европската Унија. Она што всушност во голема мера ги загрижува граѓаните и јавноста во овие држави е нелегалната миграција како и безбедносните аспекти или реперкусии кои доаѓаат со миграцијата и бегалските бранови или поточно прашањето на безбедноста на нивните граници. Огромниот интензитет на луѓе кои се упатени кон Европската Унија прави да биде повеќе од неопходно и крајно нужно тоа да постои едногласност по однос на прашањата поврзани со азилот и миграцијата. Всушност особено значајно е да се изгради заедничка политика на ниво на унијата по однос на овие прашања. [492] Граѓаните на државите коишто партиципираат во ЕУ се загрижени за потенцијалните последици од миграционите и бегалските бранови истите практично стравуваат од негативни последици кои директно ќе ги афектираат и засегнат нив. Кога е во прашање азилот и миграцијата практично постои конфликт

[489] https://www.rescue.org/eu/article/what-eu-pact-migration-and-asylum

[490] Rosani, Domenico. “Unaccompanied Asylum-Seeking Children as Rights Holders: Theory and Reality in the EU Legal System.” Safeguarding Children’s Rights in Immigration Law. Ed. Klaassen, Mark & Rap, Stephanie & Rodrigues, Peter & Liefaard, Ton, Intersentia, 2020. pp. 41 – 66. (Str. 64)

[491] Düpont, Lena “EU Search and Rescue Activities in the Mediterranean” European View, Volume 19, Issue 1, 2020, pp. 13-18. (Str. 15)

[492] Pietsch, Juliet. “Public Opinion towards New Migration Flows in Europe and the Increasing Role of the EU.” Migration and Integration in Europe, Southeast Asia, and Australia, edited by Juliet Pietsch and Marshall Clark, Amsterdam University Press, 2015, pp. 45–56. (Str. 47)

на интереси кај државите. Имено од една страна постои силна одбивност за поголемо ниво на миграција кај повеќето држави коишто партиципираат во Европската Унија а од друга страна пак државите се соочени со демогравски проблеми односно опаѓање на популацијата или нејзино стареење како и со економски проблеми што пак е поврзано со недостатокот на работна сила а за сето тоа лек или мелем на рана е токму миграцијата што пак прави притисок да се зголеми миграцијата односно вратите да бидат пошироко отворени за миграционите бранови.[493] Практично постои еден условнокажано конфликт на интерес од една страна да се интегрира што поголем број на мигранти и бегалци што според некоја економска логика би го пополнила вакумот или празнината а од друга страна пак постои отпорот од страна на локалното население за интегрирање или прифаќање на поголем број на мигранти и бегалци. Грижите кај доморнодното население или кај локалната популација по однос на прашањата поврзани со бегалците и азилот се повеќедимензионални и разновидни. Сепак една од најголемите грижи која е присутна кај локалната популација е таа дека бегалците можат да бидат сериозно финансиско оптоварување за државата. Според локалната популација бегалското население би можело многу да ја чини државата бидејќи истото има потреба од засолниште, здравствена заштита, образование итн. Воедно она што ја загрижува локалната популација е дека бегалската популација може да биде дополнително оптоварување за државниот буџет поради тоа што би имало поголеми социјални трансфери наменети токму за бегалската популација која во голема мера не е активна на професионален план односно во голема мера е невработена. Овие стравувања се најсилни и застапени во државите од северот како и од западот на европскиот континент каде се лоцирани држави кои се поприлично богати и имаат поприлично дарежливи системи кои нудат големи социјални бенефиции. Токму тие големи социјални бенефити кои ги нудат овие држави ги привлекуваат бегалците како и мигрантите да се упатат токму кон овие држави. Практично целта на најголем дел од бегалците и мигрантите кои ќе пристигнат во некоја од државите кои се наоѓаат на надворешната гранична линија на унијата е да го продолжат своето патување во некоја од погоренаведените држави. Воедно една од најголемите грижи кај локалната популација е дека помеѓу таа бегалска и миграциона популација може да постојат инфилтрирани опасни поедници односно терористи кои се задскриваат во масата од бегалци.[494] Со други зборови загриженоста кај локалната популација во однос на прифќањето или интегрирањето на поголем број на бегалци е во принцип од економска природа но постојат и грижи коишто се во корелација со безбедноста. Во насока на спречување на миграцијата постоеше една цела плеада на мерки кои државите членки на унијата ги превзедоа а примарно и се со цел да ја сопрат нелегалната миграција. Истите тие мерки наидоа на жесток отпор кај активистите кои истите ги окаректизираа како премногу ригорозни. Сепак лимитираните надлежности на ЕУ во конкретните сегменти

[493] Ibid (Str. 47)
[494] Puschmann, Paul & Sundin, Ebba & De Coninck, David and d'Haenens, Leen. "Migration and Integration Policy in Europe: Comparing Belgium and Sweden." Images of Immigrants and Refugees in Western Europe: Media Representations, Public Opinion and Refugees' Experiences, edited by d'Haenens, Leen & Joris, Willem and Heinderyckx., François, Leuven University Press, 2019, pp. 21–36. (Str. 24)

практично или во превод означува дека истите тие мерки немаат правно обврзувачки ефект.[495] Државите се обидуваа да спречат влез на бегалци односно истите да ги одвратат од нивната намера да влезат на нивна територија и таму да поднесат барање за азил а за да го реализираат тоа истите се користеа со најразлични механизми. За да се даде соодветен одговор на бегалските и миграционите бранови од клучно или есенцијално значење е размената на информации меѓу државите членки. Дополнително на размената на информации која е од клучно или есенцијално значење важно е да постои подобра поврзаност на сите бази на податоци со кои располага унијата. Тие бази за податоци всушност иницијално беа креирани во насока на менаџирање на миграционото и бегалското прашање. Во насока на подобрување на целокупната состојба беше креиран и патоказ од страна на Европската Унија во 2016-тата година во месец јуни кој ја нагаласува важноста на размената на информации која моја да биде на едно задоволително ниво примарно поради тоа што истата таа размена е есенцијална за државите да можат да се справат со прашањата поврзани со азилот и миграцијата кои се навистина тешки прашања за решавање како и со други безбедносни прашања. Всушност решеавањето на сите тие прашања изискува сплотеност и соработка на сите заедно а во насока на обезбедување на соодветен одговор.[496] Информациите се исклучително важни па во таа насока размената на податоци помеѓу државите членки во делот на азилот и миграцијата е од суштинско значење и истото е пресудно за соодветен одоговор на прашањата поврзани со азилот и бегалците. Потребно е да се креира унфициран регистар кој ќе биде единствен регистар од таков тип на ниво на целата унија и каде ќе биде идентификувано населението кое е раселено а се со цел и во насока на тоа да се обезбеди неопходната асистенција на трети држави како и да се олесни процесот на прераспределба во рамки на самата Европска Унија како и надвор од истата. Всушност подобрување во делот на размена на информациите е нешто од што ќе имаат полза сите држави членки на унијата но и пошироко. Имено од подобрувањето на размената на информациите како и од подобрување на целокупната соработка бенефит ќе имаат не само државите кои партиципираат во унијата туку и партнерите на истата таа унија.[497] За да се изгради еден подобар заеднички систем или режим на азил неопходно е да се засилат усилбите за подобра размена на информации помеѓу државите членки на унијата. Во последно време се повеќе акцент се става на безбедносните аспекти кога е во прашање азилот и миграцијата. Всушност развојот на настаните во делот на азилот и миграцијата во голема мера е под влијание на безбедносни фактори. Имено токму во таа насока беа и добар дел од предлозите за реформа односно предложените реформи на Заедничкиот систем за азил на унијата од страна на Европската Комисија кои посебно беа фокусирани на даблинската регулатива и беа во насока на тоа одредени веќе постоечки механизми во рамки на заедничкиот систем за азил на унијата да бидат преформулирани условнокажано

---

[495] Boswell, Christina. “European Values and the Asylum Crisis.” International Affairs (Royal Institute of International Affairs 1944-), vol. 76, no. 3, 2000, pp. 537–557. (Str. 542)
[496] Baker-Beall, Christopher. “The Threat of the ‘Returning Foreign Fighter’: The Securitization of EU Migration and Border Control Policy.” *Security Dialogue*, vol. 50, no. 5, 2019, pp. 437–453. (Str. 447)
[497] “The European Commission’s Proposal for a Partnership Framework on Migration.” Population and Development Review, vol. 42, no. 3, 2016, pp. 580–583 (Str. 582)

односно истите да се пренасочат во насока на адресирање на безбедносните прашања и да станат безбедносни механизми со казнен капацитет кои ќе бидат насочени кон тоа миграцијата условнокажано да биде криминализирана. Позади завесата вусшност се крие одбивноста на државите да прифатат азиланти. Имено зад параванот односно иницијалната идеја за овие безбедносни механизми е да имаат протерувачки ефект. Еден еклатантен пример за таквите механизми и за овие скриени заложби на унијата беше обидот да се спречат секундарните движења во рамките на унијата на бегалците.[498] Државите на унијата се плашат за својата безбедност. Имено истите одредени безбедносни ризици ги врзуваат токму со азилантите или бегалците па во таа насока е и нивното однесување кон нив. Имено во минатото можевме да посведочиме на повеќе механизми коишто беа на линијата на одвраќање на бегалците и барателите на азил. Правната регулатива на Европската Унија во делот на азилот и миграцијата е дефинитивно нешто на што треба да се фокусираме и истото треба да го анализираме во правен контекст но и од аспект на безаконието кое е присутно во тој сегмент. Постојат критики кои се упатуваат на адреса на Европската Унија дека истата и покрај алармантниот проблем со бегалците и развојот на настаните во тој аспект што делува застрашувачки не обрнала доволно внимание на тоа прашање. Сепак критичарите нагласуваат дека прашањата поврзани со азилот и миграцијата не биле целосно заборавени и запоставени од страна на Европската Унија и дека состојбата по однос на овие прашања во останатите региони во светот е далеку од розева.[499] Практично може многу повеќе да се направи во сегментот на азилот и бегалците како и во однос на подобрувањето на регулативата која ја регулира таа материја но сепак вреди да се нотира дека одредени чекори во таа насока веќе се превземени од страна на Унијата. Потребна е реконсолидација и реобмислување на пристапот во делот на азилот и миграцијата на Европската Унија. Она што е повеќе од јасно е дека бегалските бранови се нешто што ќе треба да биде перцепирано како одлика на новото време и како нешто што е типично и нормално и истите не треба воопшто да ја изненадуваат унијата која мора да ги дочека подготвена. Со бегалските бранови не е афектирана само Унијата туку и нејзините партнери се подеднакво погодени. Сето тоа налага еден пристап кој ќе има подобрена структура и кој ќе биде подобар од системски аспект. Во оваа насока потребно е консолидирање на моќта на Унијата односно на нејзините политки и на надворешен и на внатрешен план.[500] Само со насочување на фокусот и енергијата во правилна насока ќе се постигнат зацртаните цели и системот или режимот ќе се подобри. Практично унијата треба да научи од минатите грешки и да изгради долгорчна стратегија што ќе ја направи далеку по подготвена за справување со предизвиците на модерната ера како што се оние коишто произлегуваат од присилната миграција. Тоа што беше одлика беше прифаќањето на едни политики во делот на азилот и миграцијата кои ќе бидат порестриктивни. Всушност иницијалната идеја за овие порестриктивни

[498] Carrera, Sergio “The 20 years anniversary of the Tampere programme: Securitization, intergovernmentalism and informalization. Maastricht Journal of European and Comparative Law, Volume 27, Issue 1, 2020, pp. 3-9. (Str. 6)

[499] Dikeç, Mustafa “The ‘Where’ of Asylum” Environment and Planning D: Society and Space, Volume 27, Issue 2, 2009, pp.183-189. (Str. 183)

[500] “The European Commission’s Proposal for a Partnership Framework on Migration.” *Population and Development Review*, vol. 42, no. 3, 2016, pp. 580–583. (Str. 581)

политики е кратење на трошоците кои државите членки ги имаат а кои се поврзани со грижата за бегалците. Всушност кога велиме трошоци тука се мисли на повеќе аспекти односно на економските и социјалните издатоци за грижата за бегалците како и условнокажано плаќањето на политичка цена која тие држави треба да ја платат. Сите овие политики беа и во насока на менаџирање на бројот на бегалци или баратели на азил.[501] Сепак и покрај сите напори во насока на тоа да се редуцира миграцијата и да се намали бројот на бегалци или баратели за азил беше евидентно дека трендот на големи бегалски бранови продолжува. Всушност и покрај сите напори на унијата преку имплементација на рестриктивни мерки во делот на азилот и миграцијата а во насока на тоа да ги одврати бегалците и да ја спречи миграцијата сликата на теренот не се промени. Всушност токму истите тие рестриктивни мерки од голем број критичари беа окарактеризирани како спорни и проблематични и истите посочуваат дека мерките немаат некој голем ефект.[502] Повеќе од евидентно е дека во голема мера се залудни сите усилби и заложби да се намали бројот на бегалци или баратели на азил како и истите да се одвратат или обесхрабрат да дојдат во некоја од државите членки на унијата и таму да побараат азил па поради тоа унијата треба да го промени својот пристап и покрај цената која неминовно ќе треба да ја плати и која доаѓа со тоа. Принцпите врз кои почива Европската Унија меѓукои едни од најзначајните е токму доследното почитување на човековите права како и генерално целокупниот систем на вредности беа условнокажано доведени под знак прашалник токму со големите бегалски бранови кои ја покажаа условнокажано трулоста на системот за азил на Европската Унија и сите негови недостатоци. Сето тоа е во директна спротивност со правната регулатива на Европската Унија која ја уредува материјата на азилот и која е токму во насока на унификација и хармонизација во сегментот на азилот помеѓу сите држави членки како и во насока на целосно почитување на човековите права како еден од основните императиви на кои почива Европската Унија.[503] Токму затоа доколку унијата сака да остане верна на целокупниот систем на вредности врз кои самата почива и е изградена иста мора да го подобри менаџирањето на прашањата поврзани со бегалците и барателите на азил. Се создаде условнокажано потреба кај добар дел од државите каде бегалците пристигнуваат и кои ги згрижуваат за подобра проценка и проекција на потенцијалните идни бегалски и миграциони бранови односно за проценка на нивниот интензитет и природа. Оваа потреба е всушност резултат на бројните конфликти кои се случија во изминатиот период. Чисто за илустрација во изминатиот период односно во нетолку далечното минато се случија бројни конфликти, нереди и политички кризи кои придонесоа за креација или генерирање на бегалски бранови. Такви беа конфликтите од поранешна Југославија, Сирија, Ирак, Авганистан како и Венецуела чија политичка ситуација беше навистина

---

[501] Czaika, Mathias “Asylum Cooperation among Asymmetric Countries: The Case of the European Union” European Union Politics, Volume 10, Issue 1, 2009, pp.89-113. (Str. 90)

[502] Gallagher, Dennis. “The Evolution of the International Refugee System.” The International Migration Review, vol. 23, no. 3, 1989, pp. 579–598. (Str. 593)

[503] Lang, Iris Goldner. “THE EUROPEAN UNION AND MIGRATION: AN INTERPLAY OF NATIONAL, REGIONAL, AND INTERNATIONAL LAW.” *AJIL Unbound*, vol. 111, 2017, pp. 509–513. (Str. 512)

деликатна односно државата се соочуваше со сериозна криза на политички план.[504] Важноста на имањето добри проекции за потенцијалните идни бегалски бранови лежи во можноста за подобра подготвеност за менацирање и справување со истите тие бранови што пак е од огромно значење за државите на унијата кои се детерминирани во иднина многу подобро да одговорат на предзвиците кои произлегуваат од масовната миграција. Обидот за хармонизација и унификација беше условнокажано залуден и не го даде посакуваниот резултат. Имено и покрај сите обиди во таа насока системот односно системите за азил на државите членки на Европската Унија во голема мера не се усогласени и евидентни се разлики во правната регулатива, административните практики како и во традициите на државите членки по прашањата поврзани со азилот и бегалците.[505] Сето тоа практично говори дека сеуште има многу нешта на коишто треба и е неопходно да се работи а во насока на постигнување на финалната цел целосно хармонизиран систем за азил на ниво на унијата. Практично доколку се анализира развојот на правната регулатива за азил на Европската Унија во претходните децинии ќе се дојде до заклучок дека не постои целосна посветеност за развојот на истата таа регулатива односно заложбите за развој на регулативата која ја регулира материјата за азил во Европската Унија се половични.[506] Тоа пак говори за друго нешто односно истото говори за отсуството на волја за соработка во сегментот на азилот што пак се должи на мноштво фактори и различни гледишта на конкретната проблематика. Од исклучителна важност е да се адресираат разликите кои се евидентни и кои постојат помеѓу државите членки а кои се однесуваат на прашањата поврзани со азилот како и посебно на прашањата во делот на заштитата која им е пружана на лицата кои бараат признавање на правото на азил и статусот на бегалец и на оние на кои тоа право и статус им е признаен. Токму во таа насока е неопходно многу поголема посветеност во однос на напорите за развој на Заедничкиот систем за азил на Европската Унија. Потребно е неутрализирање на тие разлики и градење на еден систем каде заштитата на погоренаведените лица ќе биде еднаква во целост во секоја една држава членка на унијата. [507] Она што беше евидентно и повеќе од очигледно е дискрапанцата во процентот на одобрени барања за азил на баратели со иста држава на потекло како и во процентот на барања кои секоја една држава членка ги има на свое конто. Исто така евидентна беше и разликата во траењето на постапките по барањата за азил од една држава членка до друга држава членка на унијата. Сето тоа пракитчно ја отсликува реалноста на теренот. Имено она што е оставено условнокажано во рацете на државите членки односно она што е нивно дискреционо право е истите да можат самостојно да ги оценуваат барањата за азил како и самостојно да одлучат дали ќе дадат позитивен или пак негативен одговор на истото тоа барање односно со други зборови заедничкиот систем за азил на

---

[504] Napierała, Joanna & Hilton, Jason & Forster, Jonathan J., Carammia, Marcello & Bijak, Jakub "Toward an Early Warning System for Monitoring Asylum-Related Migration Flows in Europe" International Migration Review, Volume 56, Issue 1, 2022, pp. 33-62. (Str. 34)

[505] Steinhilper, Elias. "Contentious Migration in Context: Law, Discourse and Mobilization in Germany and France." Migrant Protest: Interactive Dynamics in Precarious Mobilizations, Amsterdam University Press, 2021, pp. 49–74. (Str. 58)

[506] https://academic.oup.com/book/46560/chapter-abstract/407967840?redirectedFrom=fulltext

[507] Novotný, Vít "Immigration and Integration in the European Union" European View, Volume 11, Issue 2, 2012, pp. 283-284. (Str. 283)

унијата единствено што прави е уредување на минималните стандарди што треба да бидат запазени во постапката по барањето за азил од секоја една држава членка на унијата додека останато е оставено во рацете на државите членки.[508] Токму таа дискреција која им е оставена на државите е изворот на проблемот и во иднина истата ќе мора да се адресира или со други зборови ќе мора да се испеглаат разликите коишто постојат и се повеќе од евидентни. Она што дополнително ја усложнува целата ситуација со бегалците е фактот што истите мошне често беа предмет на еден погрешен наратив. Имено интенцијата на медиумите и на властите во европските држави беше да ги презентираат во едно негативно светло односно како некои кои немаат чесни намери и не ја говорат вистината и чија интенција е да се интегрираат во западниот свет. Сето тоа не ја отсликува реалноста и креира една погрешна престава кај домордното население кое не добива јасна престава дека станува збор за луѓе кои навистина се загрозени и кои бегаат од прогон и на кои навистина им е неопходна помош и заштита.[509] Токму таквото портретирање на бегалската популација во медиумскиот простор е еден од главните мотори за генерирање на негативни емоции кон истите што секако негативно се одразува на самата бегалска популација. Всушност кога говориме за медиумската преставеност на бегалците и прашањето на барателите на азил важно е да се истакне дека доминантни беа два дијаметрално спротивни наративи. Истите тие наративи беа особено евидентни во големата криза од втората деценија на 21-виот век која го зафати европскиот континент а која беше поврзана токму со бегалците. Впрочем токму во тој период евидентни беа два исклучително спротивни наративи или описи на бегалската популација од кои едниот беше во насока на поголема емпатија со бегалците и нивните страдања додека другиот беше во насока на нивно оцрнување или преставување во негативно светло. Ако ги анализираме овие два наратива малку подетално ќе увидиме дека според едниот наратив бегалците беа презентирани во едно крајно негативно светло како лица кои условнокажано се закана за начинот на живот и за целокупната заедница и како некои кои можат да влијаат негативно на благосостојбата на државата која е нивен нов дом додека пак според другиот наратив бегалците се презентирани како лица кои се присилно раселени како последица на притисоци од надвор.[510] Она што може да се извлече како заклучок кога е во прашање начинот на кој бегалците или бегалската популација беше преставена или презентирана од медиумите во европскиот етер во минатото може да се заклучи дека нивното презентирање беше поприлично лимитирано и истите беа оквалификувани како групација која е анонимна и која не поседува квалификации. Всушност интенцијата на медиумите беше истите да ги

---

[508] Jeannet, Anne-Marie & Heidland, Tobias & Ruhs, Martin “What asylum and refugee policies do Europeans want? Evidence from a cross-national conjoint experiment” European Union Politics, Volume 22, Issue 3, 2021, pp.353-376. (Str. 361)

[509] Niccolai, Marta. “Theatre and/as Solidarity: Putting Yourself in the Shoes of a Refugee through Performance.” Refuge in a Moving World: Tracing Refugee and Migrant Journeys across Disciplines, edited by Elena Fiddian-Qasmiyeh, UCL Press, 2020, pp. 193–209. (Str. 193)

[510] Astolfo, Giovanna & Caceres, Ricardo Marten & Palaiologou, Garyfalia & Boano, Camillo and Manley, Ed “The Role of Data Collection, Mapping and Analysis in the Reproduction of Refugeeness and Migration Discourses: Reflections from the Refugee Spaces Project.” Mapping Crisis: Participation, Datafication and Humanitarianism in the Age of Digital Mapping, edited by Doug Specht, University of London Press, 2020, pp. 119–142. (Str. 120)

презентираат како нешто страно.[511] Токму негативните ставови и емоции кон миграцијата и бегалците или поточно загриженоста во контекст на овие прашања беше искористена во кампањата кај одредени држави која се спротиставуваше на членство во Европската Унија. Дополнително она што беше мотив на електоратот кој ја подржува таа идеја беше контролата или можноста државата самостојно да одлучува по прашањата поврзани со менаџирањето на сопствените граници како и со менаџирањето на сопствената економија како можноста за носење на сопствена регулатива или со други зборови поголема самостојност.[512] Бегланите и барателите на азил беа жешкиот костен којшто беше максимално експлатиран од страна на националистичките движења кои се борат за поголема независност и истите беа користени за потикнување на анти ЕУ сентимент кај електоратот. Она што е типична карактеристика за азилот е тоа што преставува сегмент каде чашата се прелева или условнокажано може да се увиди конфликтот помеѓу државите кои партиципираат во унијата и самата унија како етнитет кој има еден наднационален карактер. Практично и ден денес темата за азилот и миграцијата условнокажано ја бранувaа европската јавност а прашањето за бегалците е едно од најспорните прашања со кои унијата се соочува.[513] Азилот и миграцијата се практично полиња околу кој се кршат копјата што пак креира поделба и раздор помеѓу државите коишто партиципираат во Европската Унија. Секоја една држава која партиципира во унијата се обидува на некој начин низ мала врата да ја протне својата визија за начинот на кој треба да се менаџира миграцијата и прашањето на азилот и бегалците. Сето тоа на некој начин ја моделира и правната регулатива која ја регулира токму проблематиката поврзана со азилот, бегланите и миграцијата. Имено истата е условнокажано плод токму на судирот помеѓу државите членки односно на нивниот обид да ја наметнат својата визија за тоа како треба да се регулираат тие исклучително значајни прашања.[514] Сепак токму како резултат на таа разноликост ситуацијата е таква каква што е односно имаме проблеми во усогласувањето на правилата во делот на азилот и бегалците односно државите членки на унијата мошне тешко постигнуваат компромис по однос на овие прашања. Кога се говори за негативните емоции и ставови кон бегалците неминовно е да се каже и истакне дека еден од најтипичните еклатантни примери за тоа е периодот кога во Обединетото Кралство се спроведуваше кампањата за напуштање на Европската Унија односно кампањата за Брегзит. Тоа е практично еден период кој се оквалификува со негативни емоции кон мигрантската и бегалската популација. Во тој период неретко се случува и тие негативни емоции кон мигрантите и бегалците да прераснат односно да се преточат во расизам и ксенофобија. Она што може да се извлече како заклучок од податоците со кои

[511] Niccolai, Marta. “Theatre and/as Solidarity: Putting Yourself in the Shoes of a Refugee through Performance.” Refuge in a Moving World: Tracing Refugee and Migrant Journeys across Disciplines, edited by Elena Fiddian-Qasmiyeh, UCL Press, 2020, pp. 193–209. (Str. 198)
[512] de Búrca, Gráinne. “Is EU Supranational Governance a Challenge to Liberal Constitutionalism?” The University of Chicago Law Review, vol. 85, no. 2, 2018, pp. 337–368. (Str. 340)
[513] Heschl, Lisa. “The External Dimension of the European Migration and Asylum Policy.” Protecting the Rights of Refugees Beyond European Borders: Establishing Extraterritorial Legal Responsibilities. Intersentia, 2018. pp. 13–46. (Str. 18)
[514] Ibid (Str. 18)

располагаат структурите задолжени за спроведување на јавниот ред и мир токму во тој период евидентен е пораст на делитките односно на казнивите дела насочени токму кон мигрантската и бегалската популација а кои се последица или предизвикани токму како резултат на омраза кон истите.[515] Она што им преостанува на државите членки на Унијата е тоа да продолжат да работат на надминување на сите разлики коишто постојат и кои практично се извор на голем број проблеми кои се јавуваат во процесот на менаџирање со предизвиците кои произлегуваат од бегалските бранови и присилната миграција а се со цел и во насока на градење на еден многу подобар Заеднички систем за азил на ниво на унијата кој ќе биде на висина на задачата и ќе може да одговори на сите тие предизвици.

[515] de Búrca, Gráinne. “Is EU Supranational Governance a Challenge to Liberal Constitutionalism?” The University of Chicago Law Review, vol. 85, no. 2, 2018, pp. 337–368. (Str. 343)

## III ДЕЛ МЕЃУНАРОДНИОТ РЕЖИМ ЗА ПРАВО НА БЕГАЛЦИ

### 3. структура на меѓународниот режим за право на бегалци

Проблематиката поврзана со бегалците не е нова туку напротив доколку трпеливо истражиме и обрнеме внимание на историската димензија ќе согледаме дека прашањето поврзано со бегалците влече корени од многу одамна. Имено државите уште во изминатиот век биле свесни за оваа проблематика и за потребата од адресирање на истата па поради тоа и во таа насока биле преземени низа на чекори кон градење на еден меѓународен режим што системски ќе одговори на предизвиците поврзани со бегалците. Потребата за креирање на еден таков режим била нагласена уште по Првата а дотолку повеќе и по Втората светска војна. Голем број на држави биле засегнати со оваа проблематика и затоа се јавила потребата од еден наднационален одговор во насока на успешно решавање на предизвиците поврзани со бегалците. Токму во овој временски период надзираат почетоците односно тогаш започнува да се изродува еден режим или систем за заштита на бегалците. Меѓународен режим за право на бегалци својот модерен облик всушност го добива уште во 50-тите и 60-тите години од минатиот век кога се потпишува Конвенцијата за статусот на бегалци и кога се донесува нејзиниот придружен Протокол како и кога се формира Високиот комесаријат на Обединетите нации за бегалци – УНХЦР. Токму овие претходно наведени елементи и ден денес преставуваат фундамент врз кој почива заштитата на бегалците што говори за тоа дека проблематиката поврзана со бегалците е навистина стара но од друга страна истата е поприлично релевантна и ден денес што наметнува потреба од постојана анализа на целокупниот режим за право на бегалци како и наметнува потреба од постојано вложување на напори за негово натамошно усовршување а се со цел и во насока на негово подобрување. Овој докторски труд се обидува токму преку една историска анализа да даде илустрација на режимот но во исто време да ги детектира и неговите слабости и да изнајде решение за нивно надминување. По се изгледа дека проблематиката поврзана со бегалците ќе биде релевантно и актуелно прашање уште долги години па токму затоа нашата мисија е меѓународниот режим за право на бегалци да продолжиме да го развиваме се со цел истиот да остане релевантен и да биде во состојба да одговори на предизвиците што ги носат новите времиња. Прашањето поврзано со бегалците е веројатно по актуелно од било кога до сега што се должи пред се на зголемениот број на бегалски кризи во светски рамки како и на зголемувањето на бегалската популација па токму затоа овој докторски труд ќе се обиде да дојде до проширени сознанија за меѓународниот режим за право на бегалци и да даде една поширока слика за истиот со акцентирање на неговите позитивни страни но и на неговите негативни страни а се со цел подоцна да може истиот да предложи и соодветни решенија во насока на усовршување на целокупниот режим или пак на градење на еден уште подобар режим. За да добиеме една појасна слика за меѓународниот режим за право на бегалци неопходно е пред се да ја осознаеме структурата на истиот режим односно да разбереме од што истиот е изграден или што поточно ја сочинува неговата структура. Токму затоа ќе се обидам преку една длабинска анализа на стручната литература што ја обработува оваа тематика да дадам една прецизна слика за

структурата на овој режим. Меѓународниот режим за право на бегалци всушност е режим изграден од повеќе компоненти односно истиот овој режим го сочинуваат конвенции, меѓувладини и невладини агенции, договори итн. Примарната цел на овој режим е заштита на лицата коишто бегаат од прогон или пак како резултат на војна.[516] "Според Alexander Betts меѓународниот режим за право на бегалци всушност е креиран како своевидна противтежа на неуспехот на одредени држави да им пружат адекватна заштита на сопствените граѓани."[517] "Сличен став има и Charles B. Keely според кого меѓународниот режим за право на бегалци всушност се јавува како своевидна алатка за да се санираат последиците од неуспехот на државите да им обезбедат една минимална заштита на своите граѓани."[518] Во сржта на меѓународниот режим за право на бегалци се наоѓаат Конвенцијата од 1951 година како и нејзиниот Протокол од 1967 година. А што се однесува пак до улогата или пак обврската за надзор на овој режим истата му припаѓа на Високиот комесаријат на Обединетите нации за бегалци (УНХЦР).[519] Централна категорија на Конвенцијата од 1951 година е обврската или фундаменталниот прицип на невраќање што пак во праксата значи дека државите несмеат да ги вратат беглаците во местото каде што тие се прогонувани и на истите мора да им пружат соодветна заштита на сопствената територија.[520] Конвенцијата за статусот на бегалци од 1951 година како и Статутот на УНХЦР го дефинираат поимот бегалец на еден мошне конкретен и специфичен начин односно според нив бегалец е лице кое што е надвор од земјата на националност поради основан страв од прогон поради раса, националност, религија или пак политичко мислење.[521] Со Конвенцијата се наведува и дека бегалец е секое лице кое е без националност и е надвор од земјата на неговото поранешно вообичаено живеалиште како резултат на погоре наведените настани и не е во можност или поради таков страв не е подготвено да се врати.[522] Правото за бегалците односно режимот за бегалци всушност е закотвен во вербата во статусот. Имено истиот ја рефлектира идејата дека поединците и групите може да се идентификуваат или да потпаднат во внимателно дефинирана правна конструкција како основен инструмент за матерјална безбедност на одредени лица.[523]

---

516 Keely, Charles B., The International Refugee Regime(s): The End of the Cold War Matters, Во The International Migration Review, vol. 35, no. 1, Sage Publications, Inc. on behalf of the Center for Migration Studies of New York, Inc., 2001, стр.303.
517 Betts, Alexander, Survival Migration: Failed Governance and the Crisis of Displacement, Cornell University Press, Ithaca; London, 2013, стр. 174.
518 Keely, The International Refugee Regime(s): The End of the Cold War Matters, стр.308.
519 Betts, Alexander, Institutional Proliferation and the Global Refugee Regime, Во Perspectives on Politics, vol. 7, no. 1, American Political Science Association, 2009, стр.53.
520 Bubb, Ryan - Kremer, Michael - Levine, David I., The Economics of International Refugee Law, Во The Journal of Legal Studies, vol. 40, no. 2, The University of Chicago Press for The University of Chicago Law School, 2011, стр. 367.
521 Kennedy, David, International Refugee Protection, Во Human Rights Quarterly, vol. 8, no. 1, The Johns Hopkins University Press, 1986, стр.3.
522 Gallagher, Dennis, The Evolution of the International Refugee System, Во The International Migration Review, vol. 23, no. 3, Sage Publications, Inc. on behalf of the Center for Migration Studies of New York, Inc., 1989, стр. 580.
523 Harvey, Colin – Juss, Satvinder, Editorial: Critical Reflections on Refugee Law, Во International Journal on Minority and Group Rights, vol. 20, no. 2, Brill, 2013, стр. 143.

## 3.1 историски развој на меѓународниот режим за бегалци

Во контекст на оваа тематика особено важно е да го согледаме развојот на меѓународниот режим за право на бегалци односно да видиме како истиот се развивал низ годините и на кој степен на развој е истиот денес. Во оваа насока треба да одиме етапно и чекор по чекор за да добиеме една јасна престава за историскиот развој на овој режим создаден уште во минатиот век. Во овој поглед треба да почнеме пред се со анализа на потребата од создавање на ваков еден режим односно што е она што ги натерало државите да создадат еден таков режим и кога се наметнала потребата од создавање на еден таков режим. Токму ова прашање го анализира и Gil Loescher според кого со распадот на мултиетничките империи од Европа и Азија и со појавата на огромниот број на бездомни лица своевидни жртви на Првата светска војна се наметнува и потребата од создавање на еден меѓународен режим за заштита на бегалците.[524] Во насока на создавање на режимот беа направени повеќе чекори односно пред се беа основани Високиот комесаријат за бегалци на Лигата на нации, Администрацијата на Обединетите нации за помош и рехабилитација, Меѓународната организација за бегалци како и се разбира Високиот комесаријат на Обединетите нации за Бегалци во 1951 година.[525] “Првата фаза од создавањето на еден унифициран режим за заштита на бегалците всушност започнува по Првата светска војна.”[526] “Меѓународниот режим за бегалците во времето на неговото создавање во одреден степен бил изолиран од страна на меѓународните институции. Всушност тоа е време во кое постои ограничување на институционалната соработка на државите во поглед на миграцијата и човечката мобилност.”[527] “Периодот по Првата светска војна всушност е пропратен со една порестриктивна имиграциска политика која што се јавува заедно со самото воведување на патните исправи како доказ за идентитетот.”[528] Според Beth Elise Whitaker суштината на меѓународниот режим за право на бегалци всушност лежи во една плеада од договори создадени во насока на кродинирање на самото однесување на државите кога е во прашање прекуграничното движење на барателите на азил како и во една меѓународна организација формирана во 1950-тата година односно Високиот комесаријат на Обединетите нации за бегалци (УНХЦР).[529] Во 1951 година како своевидна последица на Втората светска војна беше донесена Конвенцијата за статусот на бегалци се со цел да се изнајде соодветно решение за проблемот поврзан со огромниот број на раселени лица во

---

[524] Loescher, Gil, The International Refugee Regime: Stretched to the Limit?, Во Journal of International Affairs, vol. 47, no. 2, Journal of International Affairs Editorial Board, 1994, стр.353.

[525] Crisp, Jeff, A New Asylum Paradigm? Globalisation, Migration and the Uncertain Future of the International Refugee Regime, Во St Antony's International Review, Vol. 1, No. 1, The Future of International Cooperation (March 2005), St. Antony's International Review, 2005, стр.39.

[526] Ormsby, Eric A., The Refugee Crisis as Civil Liberties Crisis, Во Columbia Law Review, vol. 117, no. 5, Columbia Law Review Association, Inc., 2017, стр.1194.

[527] Betts, Alexander, Regime Complexity and International Organizations: UNHCR as a Challenged Institution, Во Global Governance, vol. 19, no. 1, Brill, 2013, стр. 71.

[528] Hatton, Timothy J., Asylum Migration to the Developed World: Persecution, Incentives, and Policy, Во The Journal of Economic Perspectives, vol. 34, no. 1, American Economic Association, 2020, стр.81.

[529] Whitaker, Beth Elise, Funding the International Refugee Regime: Implications for Protection, Во Global Governance, vol. 14, no. 2, Brill, 2008, стр.242.

Европа.  Во 1967 година истата оваа конвенција беше проширена со посебен протокол со што се изроди и меѓународниот режим за заштита на бегалците.[530] Некаде при крајот на 70тите години од минатиот век се разви еден релативно голем и поприлично сложен меѓународен, регионален и национален режим. Имено беа донесени околу 30 -тина меѓународни договори за бегалците и беа воведени околу 20 тина регионални инструменти како дополнение на Конвенцијата од 1951 -та година и Протоколот од 1967 -та година.[531] Денес меѓународниот режим за право на бегалци е широко прифатен а за тоа говори токму бројот на држави коишто се потписници на Конвенцијата за статусот на беглаци од 1951-та година.  Во оваа насока зборуваат и Michael A. Peters и Tina Besley кои што во нивната научна статија од 2017 –тата година со наслов The Refugee Crisis and the Right to Political Asylum говорат за тоа дека денес конвенцијата е подржана од дури 147 држави во светот за разлика од минатото односно при самото нејзино потпишување кога истата ја подржувале само 26 држави.[532]

### 3.2 предизвици на меѓународниот режим за бегалци

Во насока на подобрување на секој режим или систем неопходна е анализа пред се на предизвиците со коишто истиот се соочува па така тоа е и случајот и со меѓународниот режим за право на бегалци. Токму затоа една од примарните цели на овој докторски труд е токму тоа да ги детектира предизвиците и да даде еден приказ за критичките размислувања на стручната експертиза која што се занимава со проучување на предизвиците со коишто овој режим се соочува. “Една од честите перцепции присутни кај државите е таа дека миграцијата и азилот се клучни предизвици. Голем број од државите сметаат дека менаџирањето на бегалското прашање е условно кажано во своевидна криза.”[533] “Предизвиците врзани со бегалците на светот му се познати одамна односно уште од самите зачетоци на меѓународниот режим за бегалците во 20-тите години на минатиот век се појавуваат и поголем број на предизвици.”[534] Според Alexander Betts она што му се забележува на модерниот режим на бегалци создаден по Втората светска војна е тоа што истиот обезбедува заштита единствено на лицата коишто бараат спас од генерализирано насилство или пак индивидуализиран прогон додека истиот не опфаќа една цела плеада на нови причинители на надворешното раселување.[535]  “Одовде се наметнува потребата од еден поефикасен режим за заштита на бегалците односно режим којшто ќе го прошири својот опсег во насока на вклучување на оние коишто

[530] Bubb - Kremer - Levine, The Economics of International Refugee Law, стр.370.
[531] Gallagher, The Evolution of the International Refugee System, стр.584.
[532] Peters, Michael A. - Besley, Tina, The Refugee Crisis and the Right to Political Asylum, Во Geopolitics, History, and International Relations, vol. 9, no. 1, Addleton Academic Publishers, 2017, стр.9.
[533] El-Enany, Nadine, On Pragmatism and Legal Idolatry: Fortress Europe and the Desertion of the Refugee, Во International Journal on Minority and Group Rights, vol. 22, no. 1, Brill, 2015, стр.7,8.
[534] Milner, James, Response to Jeff Crisp: ‘A New Asylum Paradigm?’, Во St Antony's International Review, vol. 1, no. 1, St. Antony's International Review, 2005, стр. 54.
[535] Betts, Alexander, Survival Migration: A New Protection Framework, Во Global Governance, vol. 16, no. 3, Brill, 2010, стр.361.

имаат морално но не и законско право на азил."[536] "Имено модерниот меѓународен режим за бегалци всушност е создаден во еден друг историски момент и истиот го рефлектира тој временски период поради што дефиницијата за бегалец не опфаќа голем број на лица."[537] Според Agnès Hurwitz особено внимание привлекуваат две области. Според неа нов клучен предизивик којшто се наметнува е раселувањето кое што се јавува како резултат на негативните ефекти од климатските промени но исто така и прашањето за поделбата на товарот или на одговорноста коешто е подолго време присутно и е од клучно значење.[538] "Слабостите на модерниот меѓународен режим за право на бегалци или за заштита на бегалците всушност се поврзани со масовното движење и со обврската за меѓународна солидарност."[539] Во оваа насока дел од експертите се залагаат за усвојување односно за имплементирање на своевиден систем на трансфери според којшто бегалците ќе бидат префрлени од државата во која што тие првично патуваат во друга држава а за што државите домаќини би требало да бидат финансиски компензирани.[540] Исто така еден од клучните предизвици кои што денес се наметнува е и предизвикот поврзан со финансиските средства за поддршка на бегалците коишто се под потребното ниво со оглед на се позачестените кризи на коишто системот треба да одговори.[541] Токму во овој поглед говори и Beth Elise Whitaker. Според неа еден од клучните предизвици за меѓународниот режим за бегалци може да се лоцира во финансирањето на УНХЦР. Имено истата нагласува дека УНХЦР е премногу ранлив пред се поради тоа што истиот се потпира односно е поприлично зависен од доброволните прилози кои што учествуваат со дури 98 проценти од буџетот на агенцијата.[542] Она што може да се истакне е дека предизвиците со коишто е соочен Меѓународниот режим за право на бегалци се бројни и сложени поради што неопходен е голем напор и силна заложба за нивно надминување. "Но за жал реалноста говори за тоа дека реформата на меѓународниот режим за бегалци навистина е малку веројатно да се случи поради отсуството на политичка волја за еден таков чекор од страна на многу држави."[543]

### 3.3 високиот комесаријат за бегалци на обединетите нации - унхцр

Кога говориме за меѓународниот режим за право на бегалци или за меѓународниот режим за заштита на бегалците неминовно е да го споменеме и Високиот

---

[536] Ferracioli, Luara, The Appeal and Danger of a New Refugee Convention, Во Social Theory and Practice, vol. 40, no. 1, Florida State University Department of Philosophy, 2014, стр. 125.
[537] Betts, Survival Migration: Failed Governance and the Crisis of Displacement, стр.188.
[538] Hurwitz, Agnès, Norm-Making in International Refugee Law, Во Proceedings of the Annual Meeting (American Society of International Law), vol. 106, Cambridge University Press on behalf of the American Society of International Law, 2012, стр. 430.
[539] Goodwin-Gill, Guy S., Refugees: Challenges to Protection, Во The International Migration Review, vol. 35, no. 1, Sage Publications, Inc. on behalf of the Center for Migration Studies of New York, Inc., 2001, стр.133.
[540] Bubb - Kremer - Levine, The Economics of International Refugee Law, стр. 368.
[541] Martin, Susan F., The Global Refugee Crisis, Во Georgetown Journal of International Affairs, vol. 17, no. 1, Georgetown University Press, 2016, стр.7.
[542] Whitaker, Funding the International Refugee Regime: Implications for Protection, стр.243.
[543] Ferracioli, The Appeal and Danger of a New Refugee Convention, стр. 126.

комесаријат на Обединетите нации за бегалци УНХЦР како клучна карика во синџирот на заштита на бегалците. Во контекст на тематиката на овој докторски труд неопходно е низ една историска призма пред се да го проучиме неговото создавање и неговата позитивна улога но и да направиме анализа на сите негови слабости. "Имено со завршувањето на мандатот на Меѓународната организација за бегалци се наметна потребата од еден нов институционален механизам во насока на решавање на проблемите поврзани со раселените лица во Европа."[544] Во оваа насока Генералното собрание на Обединетите нации со својата резолуција 319 (IV) му додели мандат на УНХЦР кој што требаше да го преземе кормилото односно да продолжи да ја обезбедува заштита на бегалците по завршувањето на мандатот на Меѓународната организација за бегалци.[545] Примарниот фокус на УНХЦР по неговото формирање во декември 1950 -тата година беше насочен кон Европа со оглед на тоа што како резултат на Студената војна и како своевидна последица на движењата од исток кон запад токму во Европа ситуацијата со бегалците беше загрижувачка.[546] "УНХЦР уште од самите негови почетоци односно од неговото создавање станува централна организација којашто се занимава со проблематиката поврзана со бегалците."[547] "Главната задача на оваа агенција на Обединетите нации беше да соработува со државите во однос на проблематиката поврзана со бегалците."[548] "Мандатот на УНХЦР опфаќа политичка, физичка како и социјална заштита на бегалците односно неговата основна задача се состои во обезбедување на хуманитарна помош за бегалците."[549] "Според Karen Elizabeth McNamara мандатот на УНХЦР всушност се заснова на една тесна правна дефиниција за бегалец и истиот е недвосмислен."[550] "Примарната задача на УНХЦР којашто е јасно наведена во неговиот статут всушност е да обезбеди меѓународна заштита на бегалците."[551] "Долгорочните решенија за заштита на бегалците коишто влегуваат во суштината на работата на УНХЦР опфаќаат интеграција на бегалците во државата домаќин, враќање на бегалците во нивната матична држава како и

---

[544] Elie, Jérôme, The Historical Roots of Cooperation Between the UN High Commissioner for Refugees and the International Organization for Migration, Во Global Governance, vol. 16, no. 3, Brill, 2010, стр. 345, 346.

[545] Maynard, P. D., The Legal Competence of the United Nations High Commissioner for Refugees, Во The International and Comparative Law Quarterly, vol. 31, no. 3, Cambridge University Press on behalf of the British Institute of International and Comparative Law, 1982, стр.415.

[546] Loescher, Gil, The UNHCR and World Politics: State Interests vs. Institutional Autonomy, Во The International Migration Review, vol. 35, no. 1, Sage Publications, Inc. on behalf of the Center for Migration Studies of New York, Inc., 2001, стр. 34.

[547] Loescher, Gil, A Universal Mandate to Protect: The Challenges of Refugee Protection, Во Harvard International Review, vol. 31, no. 3, Harvard International Review, 2009, стр. 45.

[548] Martin, Susan F. – Davis, Rochelle - Benton, Grace – Waliany, Zoya, International Responsibility-Sharing for Refugees: Perspectives from the MENA Region, Во Geopolitics, History, and International Relations, vol. 11, no. 1, Addleton Academic Publishers, 2019, стр.61.

[549] Dryden-Peterson, Sarah, Refugee Education: The Crossroads of Globalization, Во Educational Researcher, vol. 45, no. 9, American Educational Research Association, 2016, стр. 474.

[550] McNamara, Karen Elizabeth, Conceptualizing Discourses on Environmental Refugees at the United Nations, Во Population and Environment, vol. 29, no. 1, Springer, 2007, стр. 18.

[551] Gilbert, Geoff, Spread Too Thin? The UNHCR and the New Geopolitics of Refugees, Во Harvard International Review, vol. 31, no. 3, Harvard International Review, 2009, стр. 58.

преселување."[552] "Во своите почетоци УНХЦР примарно беше сконцентриран на бегалците од државите со комунистичко уредување но неговиот регионален фокус се прошири во 50-тите и 60-тите години од минатиот век кога всушност започнува и деколонизацијата."[553] "Според Geoff Gilbert УНХЦР низ годините се развива и прераснува од организација со примарен фокус на меѓународната заштита на бегалците во еден глобален хуманитарен актер којшто е активен во сите случаи на присилно раселување."[554] "На оваа иста линија е и стојалиштето на Jeffrey Crisp според кого УНХЦР низ годините всушност стана проактивна хумантирана агенција која што ја прошири сопствената улога."[555]" УНХЦР всушност се разви во една организација со широк дострел и покрај тоа што на самите почетоци истата беше своевидна неоперативна агенција."[556] Но и покрај сите дострели и позитивни мислења за УНХЦР во теоријата можат да се најдат и низа на критики упатени кон оваа организација на Обединетите нации. Така на пример политичките реалисти или теоритичарите кои што го критикуваат УНХЦР наведуваат дека тој преставува своевидна марионета во рацете на државите и дека истиот ги заштитува интересите на капиталистите. Овие теоретичари коментираат дека УНХЦР е организација растргната помеѓу нејзините правни обврски и нејзината финанскиска зависност од западниот свет.[557] "Според Kristin Bergtora Sandvik УНХЦР всушност води борба со една организциска култура на којашто како слабост и се препишува нејасниот мандат, недостаток на финансиски средства, отсуството на одговорност на менаџментот како и една стресна работна средина."[558] "Според Astri Suhrke и Kathleen Newland клучен предизвик за УНХЦР во 21 - иот век преставува дефинирање на улогата на УНХЦР во контекст на една поширока хуманитарна помош и решавањето на конфликтните ситуации."[559] Клучен предизвик со којшто УНХЦР денес е соочен е всушност промоцијата на нормите коишто произлегуваат од неговиот мандат како и подршката на напорите за меѓународна соработка. Воедно една од главните мисии за УНХЦР денес е мисијата да ја прилагоди сопствената работа на променливиот контекст на меѓународната

[552] Hoffstaedter, Gerhard, Arrested Refugee Mobilities: Optics as Bordering Techniques in Malaysia, Во Sojourn: Journal of Social Issues in Southeast Asia, vol. 34, no. 3, ISEAS - Yusof Ishak Institute, 2019, стр. 530.
[553] Roper, Steven D. – Barria, Lilian A., Burden Sharing in the Funding of the UNHCR: Refugee Protection as an Impure Public Good, Во The Journal of Conflict Resolution, vol. 54, no. 4, Sage Publications, Inc., 2010, стр.617.
[554] Gilbert, Spread Too Thin? The UNHCR and the New Geopolitics of Refugees, стр. 59.
[555] Crisp, Jeffrey, Mind the Gap! UNHCR, Humanitarian Assistance and the Development Process, The International Migration Review, vol. 35, no. 1, Sage Publications, Inc. on behalf of the Center for Migration Studies of New York, Inc., 2001, стр. 175.
[556] Loescher, The UNHCR and World Politics: State Interests vs. Institutional Autonomy, стр. 36.
[557] Adelman, Howard, From Refugees to Forced Migration: The UNHCR and Human Security, Во The International Migration Review, vol. 35, no. 1, Sage Publications, Inc. on behalf of the Center for Migration Studies of New York, Inc., 2001, стр. 10.
[558] Sandvik, Kristin Bergtora, Blurring Boundaries: Refugee Resettlement in Kampala—between the Formal, the Informal, and the Illegal, Во Political and Legal Anthropology Review, vol. 34, no. 1, American Anthropological Association, 2011, стр. 18.
[559] Suhrke, Astri – Newland, Kathleen, UNHCR: Uphill into the Future, Во The International Migration Review, vol. 35, no. 1, Sage Publications, Inc. on behalf of the Center for Migration Studies of New York, Inc., 2001, стр. 299.

политика.[560]Структурата на меѓународниот режим за право на бегалци всушност е релативно едноставна и лесна за разбирање. Имено истата е сочинета од повеќе сегменти коишто всушност заеднички го градат целокупниот режим. Срце на истата оваа структурата или на овој режим се Конвенцијата за статусот на бегалци којашто е донесена во 1951 година како и протоколот којшто следи во 1967 година и којшто преставува нејзин придружен документ. За истиот овој режим исто така од особено значење е и Високиот комесаријат на Обединетите нации за бегалци – УНХЦР којшто преставува еден од најважните сегменти од структурата на самиот режим. Креацијата на еден ваков режим е во насока на обезбедување на заштита на лицата коишто влегуваат во категоријата на бегалци. Историските факти говорат за тоа дека корените на овој режим датираат уште од периодот по Првата светска војна кога потребата од создавање на еден таков режим којшто ќе обезбеди заштита на бегалците била особено нагласена. Во тоа време всушност се преземаат и првите чекори за креација на една таква творба којашто всушност преставува своевидна суштинска потреба којашто се наметнува уште во тој временски период. Оваа суштинска потреба станала уште понагласена по Втората светска војна поради што на тие првични чекори кон креација на еден универзален меѓународен режим за заштита на бегалците се надоврзале и дополнителни чекори коишто резултирале со создавање на модерниот меѓународен режим за право на бегалци. Овој режим создаден по Втората светска војна денес стои исправен пред бројни предизвици коишто се од најразличен карактер и се навистина во еден поголем број. Според експертите од обласа на бегалското право и миграцијата новите времиња наметнуваат потреба за проширување на дефиницијата за бегалец но воедно истите наметнуваат потреба и од едно севкупно адаптирање на самиот режим на модерниот амбиент којшто е навистина комплексен и пропратен со мноштво на сериозни предизвици. Она што останува е да се обидеме да изнајдеме соодветен одговор на овие предизвици и да го реформираме истиот овој режим се со цел истиот да остане релевантен. Имено неопходно е истиот да го усовршиме за да тој може да ја исполни сопствената мисија односно да пружи една ефективна заштита.

[560] Loescher, A Universal Mandate to Protect: The Challenges of Refugee Protection, стр. 46.

IV ДЕЛ АНАЛИЗА НА БЕГАЛСКИТЕ КРИЗИ ОД ПОНОВАТА ИСТОРИЈА

## 4.косовскиот конфликт од 1998 и 1999 година и косовската бегалска криза

Косовскиот конфликт од крајот на 20-тиот век или поточно од 1998 и 1999 година преставува симбол за едни мрачни и тажни времиња. Овој конфликт всушност е еден од најтажните настани во поновата европска историја. Имено 90-тите години на минатиот век се сметаат за едни од најтешките и најужасните години во балканската историографија. За жал тоа е период во којшто национализмот се издигнува највисоко на пиедесталот што кулмнира со создавање на конфликити коишто со себе носат сериозни последици и еден невиден хаос. Овие конфликти на Балканот направија колатерална штета и создадоа рани коишто и ден денес не се излечени. Косовскиот конфликт е еден од најтрагичните настани на балканските простори и истиот е доказ дека национализмот може да создаде невиден хаос како и да предизвика конфликт со сериозни последици. Нестававњето на маса на косовскиот проблем од страна на меѓународната заедница во раните 90-ти години всушност беше клучниот пропуст што допринесе да се развие овој конфликт. Од друга страна исто така клучни за создавањето на овој конфликт беа постапките на раководството на СР Југославија. Имено националистикот лидер на СР Југославија Слободан Милошевиќ заслепен од национализмот со своите постапки допринесе за создавање на еден од најголемите конфликти коишто модерната историја ги памети. По неуспехот на меѓународниот фактор по дипломатски пат да го разреши овој конфликт настапија воздушните напади на Нато алијансата врз СР Југославија што пак преставува една од најтажните епизоди во поновата балканска и европска историја. Постојаните судири помеѓу српските власти и косовските албанци како и нападите на Нато алијансата врз СР Југославија придонесоа за тоа огормен број на бегалци од Косово да ги напуштат сопствените живеалишта во обид да ги спасат сопствените животи и да најдат безбедно засолниште што пак создаде една хуманитарна катстрофа од големи размери. Централниот фокус на овој докторски труд ќе биде токму анализата на причините за создавање на оваа хуманитарна катастрофа како и начинот на менаџирањето на истата односно овој докторски труд ќе ги анализира причините за создавањето на косовскиот конфликт и за воената интервенција на Нато алијансата како и движењата на Косовските бегалци и начинот на менџирање на Косовската бегалска криза од 90-тите години на минатиот век.

### 4.1 историска ретроспектива на косовскиот конфликт од 1998 и 1999 година

Иземањето на косовското прашање за време на Дејтонските преговори всушност поттикна размислување кај бројни Албанци од Косово дека ќе биде возможно да го привлечат вниманието на меѓународната заедница единствено со користење на насилни методи. Косовскиот конфликт всушност беше пропратна последица на распадот и тажниот крај на Југославија а непреземањето на превентивни мерки од страна на меѓународната заедница исто така даде придонес во развојот на овој

конфликт.[561] Имено за создавањето на косовскиот конфликт придонесе нерешавањето на косовското прашање заедно со босанското прашање и Дејтонската спогодба од 1995 година како и игнорирањето на проблемот со Косово од страна на меѓународната заедница. Всушност ситуацијата на Косово беше на своевиден начин засенета од другите случувања на Балканот за време на турбулентните 90-ти години.[562] Косовскиот конфликт од 1998 и 1999 година всушност го привлече вниманието на меѓународниот фактор којшто се вклучи во неговото решавање преку интервенцијата на силите на Нато алијансата. Конфликтот на Косово е всушност конфликт во којшто лицата припадници на албанската етничка заедница го демонстрираа својот отпор кон владата на СР Југославија.[563] Промената на статусот на Косово од страна на лидерот на Србите Слободан Милошевиќ којшто го промени статусот на Косово од еден регион којшто поседуваше високо ниво на автономија во рамки на поранешна Југославија во регион којшто е под директна контрола на Српската престолнина односно на Белград всушност наиде на голем отпор кај Косовските Албанци.[564] Милошевиќ започна да им ја одзема сопственоста на Косовските Албанци во претпријатијата со заедничка сопственост како и направи промена на вршителите на бројни официјални позиции односно назначи Срби на местата на бројни Косовски Албанци. Сето тоа допринесе за создавање на вооружен бунт на албанското население коешто живеше на Косово. Овој бунт беше предводен од Ослободителната војска на Косово.[565] Во раните 90-ти како одговор на неуспехот на меѓународната заедница да одговори на ескалирачката состојба на Косово односно на тензиите помеѓу припадниците на Албанската и Српската етничка заедница беше формирана Ослободителната војска на Косово (ОВК) од страна на Косовските Албанци. Ослободителната војска на Косово (ОВК) всушност преставуваше една милитантна група којашто беше инволвирана во бунтот од 1998 година и којашто вршеше напади врз српските полициски служби и политичари коишто беа нејзин примарен таргет за напад.[566] Српските органи одговорни за спроведување на законите и Ослободителната војска на Косово (ОВК) се судрија во 1998 година односно истата таа година настапија вооружени напади помеѓу овие два субјекта. На овие настани односно на овој конфликт меѓународниот фактор или меѓународната заедница не одговори соодветно односно истата не успеа да понуди решение коешто ќе помогне во решавањето на конфликтот.[567] Како последица на конфликтот помеѓу косовските албански сили и српските воени и полициски сили во текот на 1998 година својот живот го загубија над 1.500 косовски Албанци додека пак 400.000 луѓе беа принудени да ги напушат своите домови. Сето тоа во голема мера предизвика загриженост кај меѓународниот фактор којшто стравуваше од

[561] https://reliefweb.int/sites/reliefweb.int/files/resources/F62789D9FCC56FB3C1256C1700303E3B-thekosovoreport.htm
[562] Sellis, Mark S. “The Consequences of the Kosovo Conflict on Southeastern Europe.” The International Lawyer, vol. 34, no. 4, American Bar Association, 2000, стр.1194.
[563] https://www.britannica.com/event/Kosovo-conflict
[564] https://jfcnaples.nato.int/kfor/about-us/history/conflict-background
[565] Jones, Seth G. & Hilborne, Lee H. & Anthony, C. Ross & Davis, Lois M. & Girosi, Federico & Benard, Cheryl & Swanger, Rachel M. & Garten, Anita Datar & Timilsina, Anga, “Kosovo.” Securing Health: Lessons from Nation-Building Missions, 1st ed., RAND Corporation, 2006, стр.149.
[566] https://borgenproject.org/the-kosovo-war/
[567] https://www.dw.com/en/start-of-the-kosovo-war-1999/a-16765955

ескалација на конфликтот и од потецијалните последици коишто можеше да ги донесе истиот тој конфликт како што беше проширувањето на конфликтот и во други држави од регионот.[568] Резолуцијата 1244 на Советот за безбедност на ОН којашто беше одговор на ескалацијата на состојбите односно на косовскиот конфликт на 10 јуни 1999 година ја стави под привремена администрација на Обединетите нации територијата на Косово којашто требаше да биде администрирана од страна на Обединетите нации се до наоѓањето на конечно решение за правниот статус на Косово.[569] Завршницата на Косовскиот конфликт се случи по воената интервенција од страна на НАТО алијансата. Со резолуцијата 1244 на Советот за безбедност на ОН привремената управа на Обединетите нации во Косово (УНМИК) беше поставена како цивилен администратор на Косово додека истовремено силите на КФОР ја заземаа територијата во јуни 1999 година. Истата оваа резолуција и денес сеуште останува да важи за оние држави коишто не го признаваат Косово како независна држава.[570] Во завршниот акт од Хелсинки се истакнува дека со оваа резолуција на Обединетите нации се предвидува дека формално Косово не може да бара независност односно со оваа резолуција усвоена по завршувањето на воените дејствија во јуни 1999 година беше потврдена "посветеноста на земјите - членки кон суверенитетот и територијалниот интегритет на Сојузна Република Југославија и на другите држави од регионот".[571] Всушност она што следеше по воената операција на Нато алијансата беше потпишувањето на договор помеѓу Сојузна Република Југославија и Нато алијансата на 9 јуни 1999 година. На ова потпишување му претходеа 77 денови на воздушни напади од страна на Нато алијансата.[572] По хаосот предизвикан од војната Косово доби значајна финансиска поддршка од страна на меѓународниот фактор односно од страна на меѓународната заедница. Всушност од 1999 година беа вложени значајни суми во обид да се демократизира и изгради државата којашто беше распарчена и опустошена со војна.[573] Употребата на сила на Косово во 1999 година од страна на Нато алијансата или бомбардирањето на поранешна Југославија (Србија и Црна Гора, вклучувајќи го и Косово) според меѓународното право не може да се оквалификува позитивно и како легална употреба на сила бидејќи не беше одобрена од Советот за безбедност на ОН.[574] Интервенцијата на Нато алијансата всушност останува еден навистина уникатен случај во светската историографија. Имено оваа интервенција во една голема мера ги стави под знак прашалник границите на jus ad bellum. Всушност од аспект на меѓународното право и на правото за вооружени

---

[568] https://jfcnaples.nato.int/kfor/about-us/history/conflict-background

[569] DEFREESE, MICHELLE. “KOSOVO: CULTURAL HERITAGE IN CONFLICT.” Journal of Conflict Archaeology, vol. 5, no. 1, Taylor & Francis, Ltd., 2009, стр.258.

[570] D’HONDT, FRANK. “The Transitional City: Post-Conflict Kosovo and the New Charter of Athens.” Built Environment (1978-), vol. 38, no. 4, Alexandrine Press, 2012, стр.552.

[571] Dunay, Pál. “Kosovo 1999 and Crimea 2014: Similarities and Differences.” Connections, vol. 14, no. 4, Partnership for Peace Consortium of Defense Academies and Security Studies Institutes, 2015, стр.65.

[572] Jones, Seth G. & Hilborne, Lee H. & Anthony, C. Ross & Davis, Lois M. & Girosi, Federico & Benard, Cheryl & Swanger, Rachel M. & Garten, Anita Datar & Timilsina, Anga, “Kosovo.” Securing Health: Lessons from Nation-Building Missions, 1st ed., RAND Corporation, 2006, стр.149.

[573] Bardos, Gordon N. “Containing Kosovo.” Connections, vol. 3, no. 4, Partnership for Peace Consortium of Defense Academies and Security Studies Institutes, 2004, стр. 23.

[574] Dunay, Pál. “Kosovo 1999 and Crimea 2014: Similarities and Differences.” Connections, vol. 14, no. 4, Partnership for Peace Consortium of Defense Academies and Security Studies Institutes, 2015, стр.63.

конфликти како и на законите jus in bello или поточно на меѓународните воени закони коишто ги дефинираат приликите во коишто на државите им е дозволено да употребат сила оваа воена операција не се смета за правилно однесување.[575] “Во овој контекст ставовите на клучните актери и на државите се поделени во однос на тоа дали станува збор за колктивна агресија на Нато алијансата или пак за една хуманитарна интервенција.”[576]

## 4.2 историска и правна анализа на воената интервенција на нато алијансата врз сојузна република југославија

Во обид да се натера претседателот на Сојузна Република Југославија Милошевиќ да го прифати мировниот договор за којшто се водеа разговори во Chateau de Rambouillet во близината на Париз Нато алијансата отпочна со воени дејствија против СР Југославија. Имено целта на алијансата беше да се стави крај на воените активности против Ослободителната војска на Косово односно да се спречат сите акти насочени кон етничко чистење и убивање на цивилното население или поточно на косовските Албанци.[577] Се со цел да се спречи насилството во Косово коешто добиваше се поголеми размери за што сведочеше масакрот врз 45 Косовоски Албанци од 15 јануари 1999 година како и други некои докази коишто говореа дека не се почитуваат условите од договорот за повлекување на војската ја поттикна Контакт групата да ги зголеми своите напори се со цел да се дојде до мир.[578] Клучното барање на Контакт групата составена од САД, Велика Британија, Германија, Франција, Италија и Русија беше да се оствари средба помеѓу Србите и Албанците од Косово во рамки на Конференцијата во Rambouillet и да се разговара за мировниот план на Rambouillet според којшто одговорни за одржување на мирот на Косово требаше да бидат меѓународните сили. Воедно овој мировен договор предвидуваш дека на Косово нема да му дадена независност меѓутоа ќе му биде гарантирана неговата автономија.[579] Она што го предвидуваше договорот којшто им беше понуден на Косовските Албанци и Србите од страна на Контакт групата всушност беше силите на Нато да можат слободно да дејствуваат на територијата на СР Југославија за да се гарантира правлиното спроведување на договорот. Меѓутоа по неуспехот овој договор да биде прифатен и од двете страни поради одбивањето на Белград да го потпише договорот силите на Нато ги започнаа своите воздушни напади на Косово односно на СР Југославија.[580] “Одлуката на српскиот

---

[575] Steinke, Ralph R. “A Look Back at NATO’s 1999 Kosovo Campaign: A Questionably ‘Legal’ but Justifiable Exception?” Connections, vol. 14, no. 4, Partnership for Peace Consortium of Defense Academies and Security Studies Institutes, 2015, стр.43.
[576] Dunay, Pál. “Kosovo 1999 and Crimea 2014: Similarities and Differences.” Connections, vol. 14, no. 4, Partnership for Peace Consortium of Defense Academies and Security Studies Institutes, 2015, стр.57.
[577] https://balkaninsight.com/2019/03/22/78-days-of-fear-remembering-natos-bombing-of-yugoslavia/
[578] HOSMER, STEPHEN T. “HE ASSUMED ACCEPTING RAMBOUILLET TERMS WOULD ENDANGER HIS RULE.” The Conflict Over Kosovo: Why Milosevic Decided to Settle When He Did, 1st ed., RAND Corporation, 2001, стр.7.
[579] Drnovsek, Janez. “Riding the Tiger: The Dissolution of Yugoslavia.” World Policy Journal, vol. 17, no. 1, Sage Publications, Inc., Duke University Press, 2000, стр.63.
[580] Wedgwood, Ruth. “NATO’s Campaign in Yugoslavia.” The American Journal of International Law, vol. 93, no. 4, American Society of International Law, Cambridge University Press, 1999, стр.829.

лидер Слободан Милошевиќ да не го потпише мировниот договор од Rambouillet беше всушност и клучната причина поради која државите членки на Нато алијансата решија да започнат со воздушни напади на СР Југославија."[581] Всушност како последица на случувањата во Косово и новите обиди за да се изврши етничко чистење на Косовсите Албанци од страна на српските власти Нато алијансата спроведе офанзива и ги започна своите воздушни напади на СР Југославија. Имено бомбардирањето на СР Југославија започна на 24 март 1999 година. Мета на овие воздушни напади беа позоциите на српските воени едници на Косово.[582] "Се проценува дека при бомбардирањето на Нато алијансата односно при воздушните напади извршени од страна на алијансата биле направени 38.400 летови и 10.484 напади. Во овие напади својот живот го загубија и 500 цивили."[583] Без одобрение на Советот за безбедност на Обединетите нации Нато алијансата употреби воена сила односно го започна бомбардирањето на СР Југославија со што започна и втората борбена акција којашто ја спорвела алијансата по онаа во Босна и Херцеговина во 1995 година.[584] Во насока на оправдување на оваа воена интервенција претседателот на Сад Клинтон истакна дека истата има улога да спаси животи. Имено тој истакна дека околу 2.500 луѓе го загубиле животот како последица на конфликтот помеѓу бунтовниците на ОВК предводена од Косовските Албанци и српските власти и како последица на граѓанската војна во Косово. Исто така Клинтон истакна дека приближно 10 000 луѓе од кои повеќето биле албански цивили биле убиени.[585] Обвинувањата коишто му се упатуваат на Нато се во насока на тоа дека алијансата извршила напади врз цивилна инфраструктура со умисла и дека истата го повредила правилото за пропорционалност преку водење војна со „нула жртви"за нивна страна како и дека истата имала намери да го нападне цивилното население што резултирало со голем број на цивилни жртви како и дека самата употреба на сила употребена од страна на Нато дека била нелегална.[586] За првпат во историјата без одлука на Советот за безбедност на Обединети Нации односно без никаква резолуција на овој совет којшто ја има примарната улога да биде чувар на светскиот мир и којшто има улога да ги разрешува конфликтите беше донесена одлука да биде извршена воена интервенција односно да биде бомбардирана СР Југославија.[587] Дел од државите се противеа на вакviот обид за разрешување на Косовскиот конфликт. Имено Русија, Кина, Индија, Виетнам и Јужна Африка беа гласни критичари на овој начин на разрешување на конфликтот. Овие држави гласно го осудија постапувањето на Нато без претходно одобрение на Советот за безбедност на Обединетите Нации. Всушност во Косово за првпат беше

[581] HOSMER, STEPHEN T. "HE ASSUMED ACCEPTING RAMBOUILLET TERMS WOULD ENDANGER HIS RULE." The Conflict Over Kosovo: Why Milosevic Decided to Settle When He Did, 1st ed., RAND Corporation, 2001, стр.7.

[582] https://www.history.com/this-day-in-history/nato-bombs-yugoslavia

[583] https://casebook.icrc.org/case-study/federal-republic-yugoslavia-nato-intervention

[584] https://www.politico.com/story/2019/03/24/this-day-in-politics-march-24-1231269

[585] Mandelbaum, Michael. "A Perfect Failure: NATO's War against Yugoslavia." Foreign Affairs, vol. 78, no. 5, Council on Foreign Relations, 1999, стр.2,3.

[586] https://www.icty.org/en/press/final-report-prosecutor-committee-established-review-nato-bombing-campaign-against-federal

[587] Ninan Koshy. "Sidelining the United Nations." Economic and Political Weekly, vol. 35, no. 15, Economic and Political Weekly, 2000, стр. 1243.

применета една нова доктрина во којашто беа заобиколени Обединетите нации во разрешувањето на една меѓународна безбедносна ситуација.[588] На листата на прекршоци направени при воздушните напади на СР Југославија може да се наведат употребата на недозволено оружје како и нападите на цивили и врз заштитени историски споменици. Всушност кампањата за бомбардирање на СР Југославија демонстрираше едно грубо кршење на серија на законски обврски при серијата на воздушни напади.[589]

### 4.3 историска и правна анализа на косовската бегалска криза

По почетокот на кампањата на Нато алијансата којашто вклучуваше 78 денови на бомбардирање или воздушни напади на СР Југославија огромен број на Косовски бегалци го напуштија Косово и качувајќи се во преполните возови својот спас го побараа во соседна Македонија. Исто така голем дел од Косовските албанци со возила но и без никакви возила својот спас од ужасите на конфликтот го побараа во соседна Албанија.[590] Во три временски интервали што опфаќаат различен временски период Косовските албанци го напуштија Косово односно тие три временски интервали беа од 24 март до 6 април; од 7 април до 23 април и од 24 април до 11 мај 1999 година. Всушност движењето на косовските бегалци се случуваше во периодот од месец март до месец мај 1999 година.[591] Бројката на лица раселени од Косово изнесуваше 1,4 милиони лица од кои 860.000 беа лоцирани надвор од границите на Косово односно во бегалските кампови во Македонија и Албанија. Всушност уште од самиот почеток на воздушните напади на СР Југославија дури 230.000 лица ги напуштиле сопствените живеалишта во Косово.[592] Во период од само две недели по воздушните напади на СР Југославија бројката на бегалци од Косово надмина половина милион лица коишто својот спас го побараа во соседните држави. Оваа бројка малку подоцна достигна и преку 850.000 лица. Движењето на Косовските бегалци може да се квалификува како мошне брзо и големо и истото преставува своевиден уникатен случај во контекстот на современите меѓународни политички односи.[593] Овој број на бегалци исто така

---

[588] Ibid стр. 1244.

[589] Gray, Christine, & Evans, Malcolm D. "Legality of Use of Force (Yugoslavia v. Belgium) (Yugoslavia v. Canada) (Yugoslavia v. France) (Yugoslavia v. Germany) (Yugoslavia v. Italy) (Yugoslavia v. Netherlands) (Yugoslavia v. Portugal) (Yugoslavia v. Spain) (Yugoslavia v. United Kingdom) (Yugoslavia v. United States of America): Provisional Measures." The International and Comparative Law Quarterly, vol. 49, no. 3, Cambridge University Press, 2000, стр. 735.

[590] Dhima, Mimoza, "Albania, Macedonia opened their arms to Kosovo refugees", EFE, 22 Mar 2019, Достапно на: https://www.efe.com/efe/english/patrocinada/albania-macedonia-opened-their-arms-to-kosovo-refugees/50000268-3932694

[591] Ball, Patrick & Betts, Wendy & Scheuren, Fritz & Dudukovich, Jana & Asher, Jana, Killings and Refugee Flow in Kosovo March - June 1999 A Report to the International Criminal Tribunal for the Former Yugoslavia, American Association for the Advancement of Science & American Bar Association Central and East European Law Initiative, 3 January 2002, Достапно на: https://www.icty.org/x/file/About/OTP/War_Demographics/en/s_milosevic_kosovo_020103.pdf

[592] Mandelbaum, Michael. "A Perfect Failure: NATO's War against Yugoslavia." Foreign Affairs, vol. 78, no. 5, Council on Foreign Relations, 1999, стр.3.

[593] Suhrke, Astri & Barutciski, Michael & Sandison, Peta & Garlock, Rick, "The Kosovo refugee crisis An independent evaluation of UNHCR's emergency preparedness and response", UNITED NATIONS

преставуваше една навистина голема закана за регионалната економска, социјална и политичка стабилност на државите коишто граничат со Косово односно пред се за Македонија и Албанија но и пошироко за регионот. Имено поддршката на меѓународната заедница не беше доволен гарант за стабилноста на целиот регион.[594] Исто така важно е да се напомене дека дури и пред воздушните напади на СР Југославија речиси 1,8 милиони Косовски албанци беа раселени. Од оваа бројка речиси 100.000 лица својот спас го побарале во некоја од европските држави каде што поднеле барање за азил.[595] Всушност за време на Косовскиот конфликт Нато алијансата доби улога на хуманитарна агенција. Од таа причина од исклучителна важност за алијансата беше меѓународната хуманитарна помош за косовските бегалци. Имено Косовскиот конфликт на своевиден начин делумно ја видеоизмени улогата на Нато алијансата којашто беше исправена пред предизвикот да го сочува сопствениот углед и чест.[596] Императив за Нато алијансата беше токму тоа да даде еден соодветен одговор на кризата со косовските бегалци односно еден соодветен одговор на настанатата ситуација којашто на теренот бараше хуманитарна интервенција. Имено она што беше во залог беше токму политичката репутација на Нато алијансата којашто мораше да се погрижи да им обезбеди на косовските бегалци соодветна помош и асистенција како и можност истите безбедно да се вратат во сопствените живеалишта на Косово.[597] На листата на приоритети од круцијално значење за меѓународната заедница беше обезбедувањето на услови за враќање на Косовските бегалци. Воедно една од примарните цели на меѓународната заедница беше создавање на едно демократско Косово коешто ќе има меѓуетнички карактер и каде што императив ќе биде почитувањето на правата на малцинските заедници.[598] "Во таа насока беше создаден КФОР којшто имаше за задача да го обезбеди спроведувањето на мандатот на УНМИК како и да создаде една безбедна средина што ќе овзможи враќање на косовските бегалци."[599]Всушност улогата на меѓународниот безбедносен фактор или на Нато алијансата беше токму воспоставувањето на услови коишто ќе овозможат враќање на Косовските бегалци односно создавање на едно безбедно Косово под контрола и под унифицирана команда на Нато алијансата каде што бегалците ќе може да се вратат.[600] Со прифаќањето на мировниот договор предложен од Г-8 од страна на СР Југославија сопреа воздушните напади на СР Југославија и се трасираше патот за повлекување на српските сили и распоредување на меѓународниот контингент задолжен за одржување на безбедноста во провинцијата. Со овој довор се трасира и патот за враќање на бегалците и за

---

HIGH COMMISSIONER FOR REFUGEES EVALUATION AND POLICY ANALYSIS UNIT, 2000, Достапно на: https://www.unhcr.org/3ba0bbeb4.pdf

[594] https://assembly.coe.int/nw/xml/XRef/X2H-Xref-ViewHTML.asp?FileID=8705&lang=EN

[595] https://www.msf.org/kosovo-refugees-statistics

[596] Huysmans, Jef. "Shape-Shifting NATO: Humanitarian Action and the Kosovo Refugee Crisis." Review of International Studies, vol. 28, no. 3, Cambridge University Press, 2002, стр.599.

[597] Ibid стр.615.

[598] Radeljic, Branislav. "Russia's Involvement in the Kosovo Case: Defending Serbian Interests or Securing Its Own Influence in Europe?" Region, vol. 6, no. 2, Slavica Publishers, 2017, стр.282,283.

[599] Jones, Seth G. & Wilson, Jeremy M. & Rathmell, Andrew & Riley, K. Jack, "Kosovo." Establishing Law and Order After Conflict, 1st ed., RAND Corporation, 2005, стр.46.

[600] Matos, Jerry. "The Kosovo Crisis." Insight Turkey, vol. 1, no. 2, SET VAKFI İktisadi İşletmesi, SETA VAKFI, 1999, стр.112.

започнување на разговор за иднината на Косово помеѓу Србите и Косовските албанци.[601] Во овој контекст важно е да се напомене дека по повелекувањето на српските сили од Косово коешто беше финализирано на 20 Јуни 1999 година беше воспоставен и меѓународен безбедносен контингент којшто имаше улога да го олесни враќањето на Косовските бегалци како и да го прати спорведувањето на договорот склучен помеѓу силите на Нато алијансата и СР Југославија од 9-ти Јуни 1999 година со којшто беше предвиден прекин на воените дејствија.[602] Примарната задача на Нато алијансата беше завршена. Имено Нато успеа со своите дејстивија да ги распореди сопствените сили на Косово и да преземе контрола на провинцијата. Воедно беа создадени услови коишто овозможија враќање на големо мнозинство од бегалците односно алијансата успеа во тоа ги острани сите опасности што ги спречуваа бегалците да се вратат назад.[603] Заклучно со месец август 1999 година дури 90 проценти од Косовските бегалци се имаа вратено во сопствените домови на Косово. Имено дури 480.000 бегалци тргнаа назад кон Косово уште на почетокот од месец јуни 1999 година. Со други зборови најголем дел од Косовските бегалци за еден релативно краток временски период се вратија во Косово.[604] По враќањето на голем број на бегалци во Косово во втората половина на 1999 година истите затекнаа уништени домови и уништен јавен имот. Од таа причина Високиот комесаријат за бегалци на Обединетите нации УНХЦР како и Меѓународната организација за миграција воспоставија програма за хуманитарна помош.[605] Она што е мошне значајно да се истакне е тоа дека мошне мало внимание беше посветено на српските бегалци од Косово. Имено нешто повеќе од 50.000 Српски бегалци скоро и да не добија никакво внимание од западот или поточно од Нато алијансата за разлика од бегалците Косовски албанци. Исто така неопходно е да се истакне дека воздушните напади на Нато всушност успејаа да ја создадат една од најголемите бегалски кризи коишто Европа ги памети.[606] Од Втората светска војна па наваму Косовската бегалска криза или кризата со косовските бегалци беше една од најголемите бегалски кризи или катастрофи со коишто Европа се соочила во поновата историја. Воедно кризата со косовските бегалци преставуваше и една од најсериозните хуманитрани кризи со коишто се соочиле Обединетите нации по геноцидот во Руанда од 1994 година.[607] Косовскиот конфликт од 1998 и 1999 година дефинитивно преставува доказ за тоа колку големи последици или пак штети може

[601] SINGH, S. RAJEN. “THE KOSOVO CRISIS AND THE QUEST FOR DIPLOMATIC SOLUTION.” India Quarterly, vol. 56, no. 1/2, Sage Publications, Ltd., 2000, стр.15.
[602] Rogel, Carole. “Kosovo: Where It All Began.” International Journal of Politics, Culture, and Society, vol. 17, no. 1, Springer, 2003, стр.180.
[603] Steinke, Ralph R. “A Look Back at NATO’s 1999 Kosovo Campaign: A Questionably ‘Legal’ but Justifiable Exception?” Connections, vol. 14, no. 4, Partnership for Peace Consortium of Defense Academies and Security Studies Institutes, 2015, стр.52.
[604] Jones, Seth G. & Wilson, Jeremy M. & Rathmell, Andrew & Riley, K. Jack, “Kosovo.” Establishing Law and Order After Conflict, 1st ed., RAND Corporation, 2005, стр.55.
[605] Bebler, Anton. “The Serbia-Kosovo Conflict.” “Frozen Conflicts" in Europe, edited by Anton Bebler, 1st ed., Verlag Barbara Budrich, 2015, стр.158.
[606] SINGH, S. RAJEN. “THE KOSOVO CRISIS AND THE QUEST FOR DIPLOMATIC SOLUTION.” India Quarterly, vol. 56, no. 1/2, Sage Publications, Ltd., 2000, стр.18.
[607] Ciment, James. “UN Responding Slowly to Kosovo Refugee Crisis.” BMJ: British Medical Journal, vol. 318, no. 7189, BMJ, 1999, стр.961.

да донесе национализмот како и воедно истиот преставува доказ за тоа дека игнорирањето или ненавременото преземање на дејствија од страна на меѓународната заедница може да даде еден навистина негативен епилог. Всушност нерешавањето на косовското прашање на почетокот од последната деценија на 20-тиот век во голема мера остави простор за развој на едни националистички движења коишто подоцна резултираа со развој на еден конфликт од навистина големи размери односно со развој на еден од најголемите конфликти во поновата историја на Европа и Балканот. Клучна точка во разрешувањето на овој конфликт беше интервенцијата на Нато алијансата. Имено воената интервенција на Нато алијансата беше токму она што му стави крај на овој конфликт. Истата таа воена операција на Нато алијансата според бројни автори и експерти е спорна во многу погледи односно голем број на автори ја спорат легитимноста на оваа акција на Нато алијансата. Всушност оваа воена операција на Нато алијансата и ден денес останува спорна и контраверзна во многу погледи. Според бројни експерти воената операција на Нато алијансата врз Сојузна Република Југославија во историјата ќе остане запамтена како правен преседан и како едно грубо прекршување на меѓународното право. Како последица на Косовскиот конфликт и воената интервенција на Нато алијансата огромен број на бегалци го напуштија Косово и најголем дел од нив своето засолниште го побараа во некоја од државите коишто граничат со Косово односно најголем дел од косовските бегалци засолниште најдоа во соседна Македонија и во Албанија. Всушност како последица на косовскиот конфликт и воздушните напади на Нато алијанста беше создадена една од најголемите бегалски кризи коишто Европа и Балканот ги паметат. Завршувањето на Косовскиот конфликт всушност значеше и окончување односно завршување и на Косовската бегалска криза. Имено со завршувањето на воените дејствија најголем дел од Косовските бегалци се вратија во Косово што практично го означи и крајот на една од тажни епизоди во балканската историја.

# ЗАКЛУЧОК

Миграцијата е нешто што било одлика на човештвото уште од дамнешни времиња. Ако нурнеме малку подлабински во историјата ќе одгатнеме дека миграцијата била одсекогаш присутна и истата била дел од човековата историја. Практично уште од дамнешни времиња луѓето мигрирале а причните за нивното мигрирање биле најразлични. Така на пример некои луѓе се приморани да мигрираат како резултат на војна или конфликт додека други пак мигрираат од економски побуди или примарно поради економски причини односно во потрага по еден нов и подобар живот. Исто така една од причините што денес ги на некој начин принудува луѓето да мигрираат се климатските промени и штетните или негативни ефекти од глобалното затоплување коишто навистина стануваат алармантни. Во овој сегмент мошне важно е да се истакне дека миграцијата како и секоја друга појава со текот на времето претрпува одредени измени а според историчарите најзначјните измени настануваат со појавата на националните држави. Миграцијата всушност подразбира мигрирање или напуштање на матичната или сопствената држава или пак мигрирање во рамки на сопствената држава или пак промена на вообичаеното место на живеење за оние лица кои не се државјани на ниту една држава. Во зависност од тоа дали станува збор за мигрирање надвор од матичната држава или пак во рамките на истата разликуваме внатрешна и надворешна миграција или поточно интернационална миграција. Покрај оваа подебла на миграцијата постојат уште неколку други поделби коишто се исклучително значајни и важни. Имено покрај поделбата на внатрешна и интернационална миграција имаме и поделба на доброволна и присилна. Имено доброволната миграција вообичаено се врзува со желбата на луѓето да обезбедат за себе и за своите блиски подобра економска иднина како и подобар животен стандард и истата е од доброволен карактер односно лицата доброволно одлучуваат да мигрираат односно истите не се принудени да мигрираат туку таа одлука или тој чекор го превземаат на доброволна основа. Прислината миграција пак е онаа која е врзана со фактори на присилба односно постојат одредени нешта коишто условно и фигуративно кажано ги принудуваат луѓето да мигрираат. Такви фактори на присилба се војните и конфликтите коишто во минатото како и денес беа клучната односно главната причина поради која огромен број на луѓе се принуден да мигрираат. Друга исто така поделба на миграцијата која се сретнува во теоријата е поделбата по основ на времетрањето. Имено во зависност од времетрањето на истата можеме да разликуваме неколку различни типови на миграција односно во зависност од времетрањето можеме да направиме разлика помеѓу трајна, привремена и сезонска миграција. Исто така важно е да се истакне дека причините за миграција може да се групираат во две поголеми подкатегории односно може да ги поделиме на економски и на политички причини. Едни од најчестите политички причини кои придонесуваат за миграцијата се војните и конфликтите коишто беснеаат ширум светот додека пак едни од најчестите причини од економска природа кои допринесуваат за миграцијата или ја поттикнуваат миграцијата се желбата за обезбедување на подобар животен стандард како и желбата за решавање на егзистенционалното прашање односно вработувањето. Важно е да се истакне дека миграцијата низ текот на годините има претрпено бројни промени. Всушност ако

нурнеме во историјата ќе увидиме дека миграцијата денес и онаа што постоела во минатото во голема мера се разликуваат. Најевидентната разлика може да се воочи или примети во однос на интензитетот односно големината на самата миграција. Всушност обемот на самата миграција е нешто кадешто може навистина да забележиме промени. Бројот на мигранти којшто е во константен пораст денес слободно може да се каже дека ги соборува сите можни рекорди. Постои тренд на константно зголемување на интернационалната миграција. Практично фрапнатна е разликата во однос на бројките ако се направи компарација помеѓу миграцијата денес и онаа што постоела во минатото. Ваквата ситуација односно овие рекордни бројки најмногу се должат на војните и конфликтите со коишто светот денес се соочува но исто така голем удел или поприлино големо влијание има и големата дискрапанца којашто постои во делот на животниот стандард. Имено подобриот животен стандард во одредени држави е огромна мотивација за миграција на луѓето коишто доаѓаат од држави со понизок животен стандард. Што се однесува пак до подготвеноста на државите да ги примат мигрантите во сопствената држава важно е да се истакне дека нивното расположение или подготвеност во голема мера е детерминирано или определено од тоа за какви мигранти станува збор. Имено постојат одредени мигранти коишто државите сакаат да ги привлечат како на пример оние мигранти коишто поседуваат одредени квалификации коишто недостасуваат на пазарот на труд на конкретната држава. Меѓутоа постојат и такви мигранти кои државите не се желни да ги примат и истите се обидуваат со различни орудија и средства да ги спречат или пак да ги натераат самите да се предомислат и да се откажат од идејата да мигрираат во нивната држава. Пристапот кон миграцијата во голема мера се менува на почетокот на 21-виот век или поточно со терорирстичките напади во САД. Практично тоа е настан по кој започнува на миграцијата да се гледа како на безбедносно прашање. Всушност од тој момент па наваму при анализа на самата појава на миграција огромно внимание се посветува на безбедносните ризици коишто ги носи истата. Сепак важно е да се нагласи дека на миграцијата не секогаш се гледало како една негативна појава. Напротив ако се навратиме назад во историјата ќе увидиме дека перцепцијата за миграцијата во минатото во голема мера имала позитивен предзнак. Имено на миграијата во минатото се гледало како нешто што има позитивен импакт или влијалние врз самите држави. Всушност акцентот се ставал на бенефитите коишто доаѓаат благодарение на миграцијата. Всушност постоеле бројни економски придобивки од самата миграцаија а придобивките од тоа во голема мера локалното население ги чуствувало. Секако миграцијата имала и значајни придобивки или бенефити за самите мигранти. Она што е мошне важно за да се извлечат бенефити од миграцијата е истата правилно да биде управувана. Воедно мора да се работи на пронаоѓање на суштината на проблемот односно фокусот е неопходно да се стави на изнаоѓање на причините за миграцијата за да истите да можат да бидат соодветно адресирани односно третирани. Кога се говори за миграцијата исклучително значајно е да се истакне дека по однос на оваа проблематика имаме држави коишто имаат еден конзервативен пристап како и држави коишто имаат либерален пристап. Одлика за едните се рестриктивните политки чија главна цел и интенција е одвраќањето додека одлика за другите е отворен пристап и прифаќање на мигрантската популација. Сепак треба да се спомене дека голем процент на држави

не припаѓаат во ниту еден од овие два екстрема односно истите имаат заземено некоја средишна политика која ниту е екстремно конзервативна ниту пак истата е екстремно либерална. Предвидувањата за иднината навистина се загрижувачки. Експертите коишто се добри познавачи на проблематиката поврзна со мигрантите предупреуваат дека ситуацијата во иднина ќе станува се повеќе алармантна. Кога е во прашање иднината експертската јавност е на ставот дека еден од клучните предизвици на иднината ќе биде миграцијата којашто настапува како резултат на климатските промени односно како последица на штетните или негативните ефекти од глобалното затоплување. Според експертската јавност еколошките бегалци ќе бидат едни од клучните проблеми со коишто државите ќе мора да се справат во иднина. Проекциите за иднината во контекст на миграцијата навистина не се розеви и се далеку од идеални па токму затоа примарно е неопходно е екипирање на сите оние коишто се засегнати со овие појави и соодветно адресирање на оваа проблематика. Прашањето околу миграцијата е навистина едно мошне чуствително прашање кое во голема мера е повод за конфронтација помеѓу различните политички структури кои ова прашање на некој начин го користат или пак злоупотрбуваат за да го подобрат својот политички рејтинг односно за да стекнат подобра политичка репутација и повеќе поени кај електоратот за кој прашањето на миграцијата е едно од најзначајните прашања. Прашањето за миграцијата и бегалците е едно од оние прашања што може да ги детерминираат изборите па одтаму добива и на дополнително значение и поради тоа се користи условнокажано како инструмент од страна на политичките партии за да истите дојдат до власт. На некој начин темата со миграцијата и бегалците свесно и намерно се политизира од страна на политичките елити а се со цел и во насока на тоа истите да стекнат одреден полтички капитал и да акомулираат политички поени. Најсложен тип на миграција е веројатно присилната миграција и еден од веројатно најголемите проблеми денес за огромен број на модерни општества е проблемот со бегалците. Она што светот денеска го подразбира под поимот бегалец е врзано со појавата на националните држави. Практичниот современото сваќање и разбирање на тоа што преставуваат бегалците е поврзано со појавата на концептот на национални држави. Во современ контекст под бегалец општата јавност подразбира одредено лице кое нема друг излез освен да ја напушти сопствената држава односно кое е принудено на тој конкретен чекор поради ризик од прогон и истото тоа лице е приморано да побара засолниште во одредена друга држава. Проблемот со бегалците не е нов проблем тоа е проблем којшто практично на некој начин постојано се проткајува низ историјата она што е релативно поново е свеста кај државите за потребата од системско решавање на овој проблем. Имено државите практично стануваат свесни за потребата од системско решавање на овој проблем по Првата светска војна чиј епилог меѓуостантото донел и бројни раселени лица или поточно бегалци. Тоа ги натерало државите да соработуваат на наоѓање на едно заедничко системско решение на ова прашање. Практично од тој момент државите започнуваат да работат на креирање на една рамка која ќе овозможи соодветно да се адресираат прашањата поврзани со бегалците односно со бегалските движења. За жал војните и конфликтите не се само една реликвија на минатото денес живееме во еден свет и во една ера во која за жал војните и конфликтите се една типична карактеристика а сето тоа е мотор за креирање на нови бегалци и бегалски кризи. Токму поради тоа

проблематиката за бегалците е нешто што се чини дека никогаш не ја губи својата актеуленост или слободно може да се каже дека тоа е еден хроничен проблем со кој светот се соочува во континуитет. За модерната наука која што се занимава со бегалците постојат неколку клучни детерминанти коишто се исклучително значајни за дефинирање или определување на тоа кое лице може да се смета за бегалец и на кое лице може да му се признае правото на азил. Имено една од клучните детерминанти при определување на тоа дали едно лице ги исполнува условите за признавање на статусот на бегалец и правото на азил е утврдувањето на постоење на основан страв од прогон. Практично не е возможно добивање на статус на бегалец и признавање на азил без притоа да постои и основан страв од прогон односно лицето реално да е загрозено односно да постои реална опасност за прогон на истото тоа лице. Воедно за да се исполнат критериумите за признавање на истиот статус и добивање на азил треба да имаме напуштање на матичната држава и премин во друга држава каде истото тоа лице ќе поднесе барање за азил. Исто така при определувањето на тоа дали едно лице ги исполнува критериумите за признавање на правото на азил и за добивање на статус на бегалец се обрнува внимание дали во конкретниот случај има повреда или опасност од повреда на човековите права во матичната држава на лицето кое го поднесува барањето. Она што е задолжителна обврска за државите и од која истите во ниту еден случај не би смееле да отсапат тоа е обврската за невраќање онаму каде бегалците би биле изложени на прогон. Тоа е практично задолжителна обврска за државите прокламирана со меѓународното право кое државите мораат во целост да ја почитуваат. Кога е во прашање меѓународниот режим за бегалците централната категорија секако ја имаат Обединетите нации кои имаат огромно значење за создавањето на меѓународниот режим за бегалци. Практично страшните последици кои со себе ги носи Втората светска војна ги натераа Обединетите нации кои веројатно се организацијата која ја игра и најзначајната улога во одржувањето на светскиот мир да го создадат меѓународниот режим за бегалци. Истото тој режим практично е плод на ужасите од тоа време. Целта со креација на ваков еден режим била да се одговори на предизвиците коишто постоеле во тоа време но исто така и да не се случи истите страшни слики да се повторат. Завршетокот на Втората светска војна со себе донесе и голем број на бегалци и раселени лица кои условнокажано биле во една незавидна позиција поради тоа што огромен број на држави одбивале да превземат одговорност и не им понудиле заштита на огромен број на бегалци на кои заштитата им била повеќе од неопходна. Со почетокот на втората половина на 20-тиот век практично настапуваат и најголемите промени во делот на правната регулатива за азил и во однос на регулацијата на правата и обврските за државите во сегментот на азилот. Во тој период е усвоена Конвенцијата за статусот на бегалците која преставува основен правен инструмент воедно и најважен којшто ја уредуваа проблематиката поврзана со азилот и со бегалците. Истата оваа конвенција практично се надоврзува на Универзалната декларација за човекови права донесена кон крајот на првата половина на 20-тиот век со која исто така се уредува меѓуостантото и материјата на азилот. Она што може да се забележи е тоа дека во делот на правната регулатива за азил речиси ништо не е променето и ден денес најзначјниот правен акт останува да биде Конвенцијата за статусот на бегалците донесена на почетокот од втората половина

